РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1355

Скопје, 15 јуни 2026 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Богоевски

Лектор:
Весна Илиевска-Цветановска

Техничко уредување:
Зоран Кордоски

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1355 ОД 15 ЈУНИ 2026 ГОДИНА

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Теодора Михајловска**).....8-22
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04), на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Кире Ставров**).....23-42
3. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од наставно-научната област: архитектонско проектирање (2.01.02.01), на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Теа Дамјановска**).....43-60
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од: научно подрачје – 2. инженерство и технологија, научно поле- 2.11. друго (останато) инженерство и технологии; научно потполе - 2.11.01 урбанизам; научна област – 2.11.01.01 урбанистичко и просторно планирање, на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Ана Рафаиловска и д-р Жаклина Ангеловска**).....61-102
5. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Хафије Мурати**).....103
6. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Анастасија Димитриевска, Тамара Глаткова, Димитар Поп-Стефанија, Ана Марија Мицковска, Александар Наков, Ениса Аљити, Вероника Павловска, Јане Стојаноски, Александар Манев, Сара Огненовска**).....104-105

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (2.01.01.03) геотехника, на Градежниот факултет во Скопје (**доц. д-р Бојан Сусинов**).....106-130
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (2.01.01.03) геотехника, на Градежниот факултет во Скопје (**доц. д-р Сеад Абази**).....131-155

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Катарина Гацова, Андреј Кузмановски, Сара Димовска**).....156
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Иван Остојчиќ, Билјана Лепавцова, Ана Велковска, Ружица Ѓоргиева**).....157

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во научната област производно инженерство, технологии и системи (2.03.00.01) при Институтот за производно инженерство и менаџмент, на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Ема Василеска Тутеска**).....158--176

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден асистент по предметот Педијатрија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Марија Нешковска-Шуменковска**).....177-180

2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Хипоксично-исхемична енцефалопатија кај доносени и прематурни новороденчиња** од **д-р Сања Ристовска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....181-190
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Цистатин Ц наспроти креатинин – ран предиктор во развој на хроничната бубрежна болест кај пациентите со есенцијална артериска хипертензија, дијабетес мелитус и обезитас** од **д-р Зоран Јаневски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скоје.....191-199
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Дали постои плацентарен микробиом кај здрава терминска бременост** од **д-р Катерина Мацункова**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....200-211
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Компјутеризирана томографија во тесен прозорец за постоперативна евалуција на успешноста на некрвавата репозиција на колк при развојна дисплазија на колкот** од **д-р Милена Богојевска Доксевска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....212-223
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Микросателитски нестабилни споредени со микросателитски стабилни карциноми кај пациенти оперирани од карцином на дебело црево во однос на клиничките и патолошките карактеристики** од **ас. д-р Ќемал Рушити**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....224-237

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Авторското право и сродните права и новите медиуми: заклучоци и препораки од анализата на политиките на Европската Унија** од **м-р Мартина Тодоровска**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....238-242

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од наставно-научната област хемија, на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**ас. м-р Софија Поповска Блажевска**).....243-247
2. Реферат за избор на еден асистент во наставно-научните области: географија и друго (заштита на животната средина), на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**ас. м-р Емилија Маневска**).....248-253

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на едно лице во наставно-научно звање во наставно-научната област орална хирургија, на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**в. н. сор. д-р Билјана Евросимовска**).....254-276
2. Реферат за избор на едно лице во соработничко звање – асистент од наставно-научната област детска и превентивна стоматологија, на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**ас. д-р Христо Петановски**).....277-281
3. Реферат за избор на едно лице во соработничко звање – асистент во наставно-научната област орална хирургија, на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**м-р спец. д-р Спиро Спасовски**).....282-288

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Процеси на преработка на отпадни води – аналитички методи** од авторите **вонр. проф. д-р Катерина Атковска, редов. проф. д-р Кирил Лисичков** и **д-р Ерхан Мустафа**.....289-292
2. Рецензија на ракописот **Зелена металургија** од авторот **проф. д-р Перица Пауновиќ**.....293-297
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Ружица Стевковска Стојановска**).....298
4. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Моника Спасовска**).....299

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Рецензија на ракописот **Практикум по хигиена и технологија на млеко и млечни производи** од авторката **проф. д-р Сандра Мојсова**.....300-303

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Филмски простор – од перцепција до значење** од **м-р Марија Апчевска Петровска**, пријавена на Факултетот за драмски уметности во Скопје.....304-309
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **24 моменти од животот на Роксана – естетски погледи и психолошки искуства на авторот** од **м-р Борјан Зафировски**, пријавена на Факултетот за драмски уметности во Скопје.....310-316

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Проактивна безбедност на пешаците при автономно управување на возила преку учење со поттикнување базирано на модел** од **м-р Стефан Златинов**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.....317-324
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Нецибе Сејфули – Рамадани**).....325
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Томе Трајков, Анастасија Костовска, Димитар Димитров, Симона Бежаноски, Јане Кекеновски**).....326-327

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област генетика и селекција на земјоделски култури, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Надица Сандева Атанасова**).....328-340

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски науки, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Емил Станков**).....341-361

ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ванеса Ода, Евгенија Трајковска, Михаил Паскоски, Ања Стојадиновска, Андреј Антевски, Нина Богуновиќ, Дорина Тенева, Бранко Манчев, Јована Тодороска, Михаела Јовановска Капедановска, Ена Налбатиќ, Марија Ќурчиева**).....362-363

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областа музички уметности и науки (6.04.00.05) (дисциплина: видови инструменти – пијано), на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**вонр. проф. м-р Кристијан Каровски, д-р Огненка Герасимовска**).....364-382

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област применета кинезиологија, на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје (**ас. д-р Миодраг Тодоровиќ**).....383-390
2. Рецензија на ракописот **Спортски танци** од авторот **доц. д-р Влатко Павлески**.....391-395
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на морфолошките показатели и функционалните способности врз физичкиот фитнес кај рекреативците** од **м-р Искра Бојациева Китанчева**, пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.....396-401

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Бојана Вуловска Трифуновска**).....402
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Кристина Донева, Емилија Веселиновска**).....403
3. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички трудови (**Филорета Гаши, Згим Балај**).....404
4. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички трудови (**Марија Митковска Адамовска, Ивона Цветаноска Лазареска, Марина Стојанов, Султана Шаќири, Рајна Ѓорѓиева**).....405

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Семејство со дете со попреченост** од авторката **проф. д-р Ангелка Кескинова**.....406-410
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Сумеа Рамадани, м-р Ангела Икономоска Нечаковска, м-р Дејан Богатинов**).....411
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Бојан Џамбазов, Филарета Атанасова, Владимир Симоски, Ива Ѓуровска, Снежана Шумковска**).....412

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Реферат за избор на редовен професор по шпанска книжевност, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска**)...413-432

2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Дарко Митевски, м-р Тамара Јолевска-Попов, м-р Кристијан Стефановски**).....433
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Даниела Јованоски**).....434

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Наташа Богдановска, Дајана Костовска, Борис Илиевски, Ирена Костадинова Димковска**).....435

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Зоран Стојановски**).....436

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Македонско женско поетско писмо** од **м-р Винсент Вилчник**, пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје.....437-442

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКО ИНЖЕНЕРСТВО (2.01.02.04) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечерпрес“ и „Коха“ од 22.5.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/103 од 4.6.2026, донесена на 30. седница одржана на 4.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Огнен Марина, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, и д-р Бојан Каранаков, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријави ас. д-р Теодора Михајловска.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска е родена на 12.1.1994 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во гимназијата „Јахја Кемал“, природно- математичка насока. Во учебната 2012/2013 се запишала на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, каде што магистрирала во 2018 година, со просечен успех 8,92. На 5.7.2018 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Реквалификација на фрагментирана урбана територија на градот Скопје помеѓу Градскиот трговски центар и Транспортниот центар во Скопје*.

Докторска дисертација пријавила на 7.11.2024 година на Архитектонскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Параметарско проектирање на лаци и лушпи со примена на графичка статика* ја одбранила на 27.4.2026 година, пред Комисија во состав: д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Огнен Марина, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Бојан Каранаков, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Владимир Витанов, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје, и д-р Александар Петровски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет во Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на технички науки од област на архитектура и урбанизам.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што има приложено уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска, од 2017 до 2020 година, работела во Студио 2000, каде што по нејзиното магистрирање била вработена како магистриран инженер архитект и активно учествувала како соработник проектант во изработка на проектна документација.

На 30.12.2020 година, кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска била избрана за асистент по група предмети од областите: градежни материјали (20700), градежни конструкции во ниско- и високоградбата (20702), механика на цврсто и деформабилно тело (20705) и бетонски,

армиранобетонски и преднапрегнати конструкции (20708) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје.

На 21.12.2023 година, кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска била реизбрана за асистент во научната област механика на цврсто и деформабилно тело (20705) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Во моментот е асистент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1295 од 15.11.2023 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтени бр. 1228 од 15.12.2020 година и бр. 1295 од 15.11.2023 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Архитектонски факултет – Скопје, кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска изведува вежби на интегрираните студии од прв и втор циклус на студиската програма Архитектура, на студиите од прв циклус по архитектура и на студиите од втор циклус по архитектура.

Во периодот од изборот за асистент, кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска активно е вклучена во наставата по предметите Принципи на статиката, Јакост на материјалите, Дрвени конструкции, Бетонски и армиранобетонски конструкции, Градежни материјали, Енергетска ефикасност на објекти и Архитектонски конструкции 3 при Институтот на високоградба на интегрираните студии од прв и втор циклус по архитектура. На студиите од прв циклус по архитектура, кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска е вклучена во наставата по предметите Принципи на статиката, Јакост на материјалите и носиви конструкции, како и на предметот Проектирање на конструктивни системи 1 на студиите од втор циклус по архитектура. Кандидатката во учебната 2021/2022 учествуваше во изведувањето на наставата на Архитектонско студио 3 и Архитектонско студио 4 при Институтот за проектирање. Во академската 2024/2025 година, ас. д-р Теодора Михајловска учествуваше во изведувањето на вежбите по предметот Интегративно студио: *Скопје културна престолнина урбана реупотреба – 2028*.

Во 2022 година, кандидатката учествувала во работата на Меѓународната летна школа за архитектура сесија 31, „Употребата и реупотребата на зградите низ време“.

Ангажманот на ас. д-р Теодора Михајловска во наставно-образовниот процес се одликува со посветеност, компетентност и иницијативност. Во рамки на наставно-образовниот процес треба да се истакне завидното познавање на наставната проблематика и способноста на кандидатката своите знаења на соодветен начин да им ги пренесе на студентите.

Научноистражувачка дејност

Кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска има објавено вкупно 24 научни трудови од областа на архитектонското инженерство, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 5 делови од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД индексирани во базата на податоци Scopus, 3 труда во меѓународни научни списанија индексирани во базите на податоци Web of Science и Scopus без фактор на влијание, 12 труда во зборници на резенцирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири, 1 труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор и 1 труд во стручно/научно популарно списание.

Кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска учествувала како член во 1 национален научноистражувачки проект, 3 меѓународни научни проекти и 1 ERASMUS-проект.

Ангажманот на ас. д-р Теодора Михајловска во научноистражувачката дејност се одликува со посветеност во однос на континуирано учество во меѓународни научни проекти и систематичност во однос на публикување на нејзините истражувања поврзани со предметот на нејзината докторска дисертација и актуелни теми од областа на архитектурата.

Стручно-уметничка дејност

Кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска, во делот на стручно-уметничката дејност, учествувала на 2 меѓународни конкурса од областа на архитектурата и изработила 4 идејни обликовни ентериерни решенија.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска, во делот на стручно-применувачката работа, учествувала во изработка на 2 експертски студии и 1 стратегија од областа на ризици, заштита на животната средина и одржливост.

Кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска активно е вклучена во стручно-применувачката работа на изработка на техничка документација од областа на архитектурата. Како соработник учествувала во изработка на 3 идејни архитектонски проекти и 9 основни архитектонски проекти, додека како одговорен проектант има изработено 1 основен архитектонски проект.

Кандидатката покажува активност и во дејностите од поширок интерес, при што во изминатиот период во континуитет била вклучена во работата на различни работни групи на Факултетот, како и учествувала во спроведување на различни промотивни активности на Архитектонскиот факултет во Скопје. Како член на организациониот одбор, учествувала во организацијата на меѓународниот научен собир на конференцијата City Street 6.

Кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска, во 2023 година, остварила еднонеделен студиски престој на Technische Universität München (TUM) во Минхен, Германија.

Комисијата констатира дека кандидатката несебично се вклучува во реализација на дејностите од поширок интерес, постепено градејќи го личниот и професионалниот интегритет за постигнување повисоки стандарди во професијата.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска, во континуитет, добила позитивни оценки за наставно-образовната дејност од анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Теодора Михајловска. Комисијата констатира дека кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска во целост ги исполнува условите од конкурсот. Во текот на нејзиниот досегашен ангажман во наставно-образовниот процес, кандидатката покажала способност стекнатото знаење од професијата да го имплементира во наставно-образовната дејност, давајќи придонес кон развивање на предметите од научната област во која се избира, како и нивна имплементација во текот на педагошкиот процес. Комисијата позитивно ја оценува научноистражувачката дејност на кандидатката ас. д-р Теодора Михајловска, особено нејзиниот ангажман во реализација на меѓународните проекти и објавувањето на научни трудови, како од доменот на нејзината докторска дисертација, така и од поширок опсег на научни теми и истражувања кои придонесуваат за развој на научната мисла во областа во која се избира. Во својот професионален ангажман, кандидатката покажува способност да го имплементира своето знаење во различни сегменти од професијата, а при тоа соработувајќи со многу свои колеги.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека ас. д-р Теодора Михајловска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува општите и посебните услови да биде избрана во звањето доцент во научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, ас. д-р Теодора Михајловска да биде избрана во звањето доцент во научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, претседател, с.р.
Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.
Проф. д-р Бојан Каранаков, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Теодора Стретко Михајловска
Институција: Архитектонски факултет – Скопје, Институт за високоградба
Научна област: ***АРХИТЕКТОНСКО ИНЖЕНЕРСТВО***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	**Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус** Просечниот успех изнесува 8,92 за интегрираните студии од прв и втор циклус.	**ДА**
2	**Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира** Назив на научната област: *архитектонско инженерство..* Научно поле: *градежништво.* Научно потполе: *архитектура.* Научно подрачје: *инженерство и технологија*.	**ДА**
3	**Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор**	**ДА**
3.1	**Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**	
3.1.1	1. Назив на научното списание: *Earth and Environmental Science*, vol. 1196, no. 1, doi: 10.1088/1755-1315/1196/1/012019 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: Assessment of today’s condition of Modernist architecture in Skopje in terms of energy efficiency and authentic architectural appearance using actor network theory 4. Година на објава: 2023	
3.2	**Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД**	
3.2.1	1. Наслов на книгата: *Creating a Roadmap Towards Circularity in the Built Environment* 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Швајцарија 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Springer, Cham, 2023	
3.3	**Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на**	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	
3.3.1	1. Назив на научното списание: *Journal of Applied Sciences – SUT*, vol. 10, no. 19–20, pp. 99–106, 2024. doi: 10.62792/ut.jas.v10. i19-20. p2745. 2. Меѓународен уредувачки одбор: 85 - Северна Македонија (32), Косово (21), Албанија (10), Хрватска (7), Турција (4), Босна и Херцеговина (3), Србија (2), Гватемала (1), Обединето Кралство (1), Финска (1), Грција (1), Бугарија (1), Чешка (1) *3.* Наслов на трудот: *Form-Finding of Arches* 4. Година на објава: 2024	
3.4	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	
3.4.1	1. Назив на зборникот: *Proceedings of the 16th International Scientific Conference* 2. Назив на меѓународниот собир: Integration, Novelty, Design, Interdisciplinarity, Sustainability (iNDiS 2023) 3. Имиња на земјите: Србија, Северна Македонија, Канада, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Португалија, Унгарија, Словенија, Велика Британија, Грција, Италија, Данска, Холандија, Јапонија 4. Наслов на трудот: *Adaptive Reuse of Neglected Areas in Skopje by Implementing of the Circular Economy* 5. Година на објава: 2023	
4	**Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа**	**ДА**
4.1	1. Странски јазик: *англиски Ц2 според CEFR* 2. Назив на документот: *Уверение* 3. Издавач на документот: *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“* 4. Датум на издавање на документот: *12.5.2026*	
5	**Има способност за изведување на високообразовна дејност**	**ДА**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, претседател, с.р.
Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.
Проф. д-р Бојан Каранаков, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Теодора Стретко Михајловска
Институција: Архитектонски факултет – Скопје, Институт за високоградба
Научна област: архитектонско инженерство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на вежби**	
1.1	**Јакост на материјалите**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2020 – 2021	**2,70**
1.2	**Дрвени конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2020 – 2021	**1,80**
1.3	**Бетонски и армиранобетонски конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура (2013 – 2018),* летен семестар 2020 – 2021	**0,45**
1.4	**Архитектонски конструкции 3,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2020 – 2021	**2,70**
1.5	**Архитектонско студио 4,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2020 – 2021	**2,70**
1.6	**Консултации со студенти,** летен семестар 2020 – 2021	**1,026**
1.7	**Принципи на статиката**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2021 – 2022	**2,70**
1.8	**Армиранобетонски конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2021 – 2022	**2,25**
1.9	**Архитектонски конструкции 3,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2021 – 2022	**1,80**
1.10	**Архитектонско студио 3,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2021 – 2022	**2,70**
1.11	**Консултации со студенти,** зимски семестар 2021 – 2022	**0,92**
1.12	**Јакост на материјалите**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2021 – 2022	**3,60**
1.13	**Дрвени конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2021 – 2022	**2,25**
1.14	**Бетонски и армиранобетонски конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура (2013 – 2018),* летен семестар 2021 – 2022	**0,45**
1.15	**Архитектонски конструкции 3,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2021 – 2022	**1,80**
1.16	**Архитектонско студио 4,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2021 – 2022	**2,70**
1.17	**Консултации со студенти,** летен семестар 2021 – 2022	**0,888**

1.18	**Принципи на статиката**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2022 – 2023	**5,40**
1.19	**Армиранобетонски конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2022 – 2023	**1,35**
1.20	**Енергетски ефикасни објекти,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2022 – 2023	**0,90**
1.21	**Консултации со студенти,** зимски семестар 2022 – 2023	**0,452**
1.22	**Јакост на материјалите**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2022 – 2023	**5,40**
1.23	**Дрвени конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2022 – 2023	**2,70**
1.24	**Бетонски и армиранобетонски конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура (2013 – 2018),* летен семестар 2022 – 2023	**0,45**
1.25	**Консултации со студенти,** летен семестар 2022 – 2023	**0,402**
1.26	**Принципи на статиката**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2023 – 2024	**1,80**
1.27	**Армиранобетонски конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2023 – 2024	**3,15**
1.28	**Енергетски ефикасни објекти,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2023 – 2024	**1,35**
1.29	**Проектирање на конструктивни системи 1,** *постдипломски студии од втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2023 – 2024	**0,45**
1.30	**Консултации со студенти,** зимски семестар 2023 – 2024	**0,360**
1.31	**Принципи на статиката**, *додипломски студии од прв циклус по архитектура,* летен семестар 2023 – 2024	**2,25**
1.32	**Јакост на материјалите**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2023 – 2024	**2,70**
1.33	**Дрвени конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2023 – 2024	**2,70**
1.34	**Консултации со студенти,** летен семестар 2023 – 2024	**0,452**
1.35	**Принципи на статиката**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2024 – 2025	**0,90**
1.36	**Јакост на материјалите**, *додипломски студии од прв циклус по архитектура,* зимски семестар 2024 – 2025	**1,35**
1.37	**Армиранобетонски конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2024 – 2025	**0,90**
1.38	**Енергетски ефикасни објекти,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2024 – 2025	**1,35**
1.39	**Интегративно студио,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2024 – 2025	**3,60**
1.40	**Консултации со студенти,** зимски семестар 2024 – 2025	**0,294**

1.41	**Принципи на статиката**, *додипломски студии од прв циклус по архитектура,* летен семестар 2024 – 2025	**3,60**
1.42	**Јакост на материјалите**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2024 – 2025	**1,80**
1.43	**Дрвени конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* летен семестар 2024 – 2025	**1,80**
1.44	**Носиви конструкции,** *додипломски студии од прв циклус по архитектура,* летен семестар 2024 – 2025	**1,80**
1.45	**Консултации со студенти,** летен семестар 2024 – 2025	**0,518**
1.46	**Принципи на статиката**, *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2025 – 2026	**0,90**
1.47	**Јакост на материјалите**, *додипломски студии од прв циклус по архитектура,* зимски семестар 2025 – 2026	**3,60**
1.48	**Армиранобетонски конструкции,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2025 – 2026	**0,90**
1.49	**Енергетски ефикасни објекти,** *интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2025 – 2026	**0,90**
1.50	**Проектирање на конструктивни системи 1,** *постдипломски студии од втор циклус по архитектура,* зимски семестар 2025 – 2026	**0,45**
1.51	**Консултации со студенти,** зимски семестар 2025 – 2026	**0,356**
2	**Настава во школи и работилници**	
2.1	Меѓународна летна школа за архитектура сесија 31, „Употребата и реупотребата на зградите низ време“, Архитектонски факултет – Скопје – УКИМ, 2022	**1,00**
	Вкупно	**91,718**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Учесник во национален научен проект**	
1.1	„Софтверска анализа на конструктивните системи и енергетската состојба на архитектонски објекти – САКСЕС“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет Скопје, Јануари, 2025.	**3,0**
2	**Учесник во меѓународни научни проекти:**	
2.1	COST Action CA21103, Implementation of Circular Economy in the Built Environment (CircularB), 2022 – 2026, *https://circularb.eu/participants/*	**5,0**
2.2	1FUTURE, jOiNEd For sUsTainability - bUilding climate REsilient communities in WB and EU, Project number: 101082815, European Education and Culture Executive Agency, 2022-2025, *https://1future.feut.edu.al/*	**5,0**
2.3	Young Professionals Forum 2022, Emerging skills for heritage conservation, Fondazione centro per la conservazione e il restauro dei beni culturali, 2022, *https://www.centrorestaurovenaria.it/eng/young-professionals-forum/young-professionals-forum-2022/*	**5,0**
2.4	SMACH - Sustainable management of cultural heritage in the balkans in response to climate change. best practices for adaptation and intercultural	**5,0**

	cooperation, CEI – Central European Initiative, 2021 – 2022, *https://www.heritageresearch-hub.eu/project/smach/*	
3	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:**	
3.1	L. Dimevska Sofronievska, A. Trombeva-Gavriloska, M. Cvetkovska, **T. Mihajlovska**, M. Grujic, “The role of aerogel-based insulation in sustainable renovation of cultural heritage within a circular economy framework”, *Građevinski materijali i konstrukcije / Building Materials and Structures*, vol. 69, Special Issue, 2026. doi: 10.5937/GRMK2600008S, IF = 0.6	**5,4**
3.2	**T. Mihajlovska**, A. Trombeva-Gavriloska, M. Cvetkovska, and L. Dimevska Sofronievska, “Graphic statics in the digital age: A critical review of current methods and trends”, *Građevinski materijali i konstrukcije / Building Materials and Structures*, vol. 68, no. 3, pp. 163–173, 2025. doi: 10.5937/GRMK2500009M, IF = 0.6	**5,4**
4	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:**	
4.1	L. D. Sofronievska, **T. Mihajlovska**, A. Trombeva Gavriloska, M. Cvetkovska, and O. Marina, “Assessment of today’s condition of Modernist architecture in Skopje in terms of energy efficiency and authentic architectural appearance using actor network theory”, *IOP Conference Series: Earth and Environmental Science*, vol. 1196, no. 1, Art. no. 012019, 2023. doi: 10.1088/1755-1315/1196/1/012019. **Scopus**	**/**
4.2	**T. Mihajlovska** and M. Petrova, “Lessons from Skopje 1963–2020: How to build back better?”, *Proceedings of the 5th International Conference on Structures and Architecture (ICSA 2022): Structures and Architecture: A Viable Urban Perspective?*, vol. 2, 2022, pp. 467–475. doi: 10.1201/9781003023555-56. **Web of Science**	**4,5**
4.3	M. Petrova and **T. Mihajlovska**, “Living among the clouds: From tower to texture,” *Proceedings of the 5th International Conference on Structures and Architecture (ICSA 2022): Structures and Architecture: A Viable Urban Perspective?*, vol. 2, 2022, pp. 1229–1236. doi: 10.1201/9781003023555-147. **Web of Science**	**4,5**

5	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:**	
5.1	**Т. Михајловска,** А. Тромбева-Гаврилоска, „Дефинирање на форма на лак при дејство на хоризонтален товар преку анализа на потисна линија“, *Зборник на трудови од 21. Меѓународен симпозиум на ДГКМ: „Градежно конструкторство – без ограничувања“*, Охрид, С. Македонија, 24 – 27 септември 2025, стр. 621–627.	**4,5**
5.2	**T. Mihajlovska**, A. Trombeva-Gavriloska, L. Dimevska Sofronievska, “Form-finding of arches subjected to in-plane earthquake loading using graphic statics”, *Proceedings of the IASS Annual Symposia*, vol. 2024, no. 20, pp. 1–8, Aug. 2024. doi: 10.26868/25222708.2024.009.	**4,0**
5.3	L. Dimeska Sofronieska, D. Nikolovski, B. Karanakov, A. Trombeva-Gavriloska, **T. Mihajlovska**, M. Cvetkovska, “Accuracy analysis of computer technologies for building’s energy performance simulation”, *Proceedings of the Association of Structural Engineers of Serbia Symposium*, Vrnjačka Banja, 18-20 September, 2024, pp. 541–548.	**3,0**
5.4	I. Miteska, G. Mickovski, A. Trombeva-Gavriloska, **T. Mihajlovska**, “Adaptive reuse of industrial facilities using energy efficiency principles”, *Proceedings of the Ninth International Conference civil engineering Science & Practice*, Kolašin, 5-9 March, 2024, pp. 1311–1318.	**3,0**
5.5	**Т. Михајловска**, Е. Думова-Јованоска, А. Тромбева-Гаврилоска, „Пронаоѓање на форма на лушпи со големи распони под дејство на сеизмичка сила“, *Зборник на трудови од 20. Меѓународен симпозиум на ДГКМ: Отпорни конструкции*, Скопје, С. Македонија, 28 – 29 септември 2023, стр. 661–670.	**4,0**
5.6	**T. Mihajlovska**, A. Trombeva-Gavriloska, B. Karanakov, L. Dimevska Sofronievska, “Parametric form-finding of shells subjected to seismic force loading”, *Proceedings of the Engineering Conference*, Bečići, Crna Gora, 28 – 30.8.2023.	**3,0**
5.7	A. Trombeva-Gavriloska, **T. Mihajlovska**, L. Dimeska Sofronieska, M. Cvetkovska, “Adaptive Reuse of Neglected Areas in Skopje by Implementing of the Circular Economy”, *Proceedings of the 16th International Scientific Conference “Integration, Novelty, Design, Interdisciplinarity, Sustainability” (iNDiS 2023),* Novi Sad, Serbia, Nov. 16–17, 2023, pp. 750–759.	**/**
5.8	L. Dimevska Sofronievska, M. Cvetkovska, A. T. Gavriloska, **T. Mihajlovska**, “Aerogel based materials potential in circular economy, energy efficiency and cultural heritage buildings’ renovation”, *Proceedings of the 16th International Scientific Conference “Integration, Novelty, Design, Interdisciplinarity, Sustainability” (iNDiS 2023)*, Novi Sad, Serbia, Nov. 16–17, 2023, pp. 331–337.	**3,0**
5.9	L. Dimevska Sofronievska, B.Karanakov, A. Trombeva - Gavriloska, **T. Mihajlovska**, “Transformations of the social modernist buildings during the transition in terms of their renovations for better energy efficiency”, *Book of proceedings Global village - Shelter for resilient living*, Conference, Belgrade, 2023, pp. 70-74.	**3,0**

5.10	**Т. Михајловска**, В. Витанов, А. Тромбева-Гаврилоска, „Дефинирање на енвелопа на двослојна лушпа при дејство на сеизмичка сила“, *Зборник на трудови од 19. Меѓународен симпозиум на ДГКМ: „Еврокодови-порта кон Европа“*, Охрид, С. Македонија, 27 – 30 април 2022, стр. 1258–1265.	**4,0**
5.11	A. T. Gavriloska, **T. Mihajlovska**, L. D. Sofronievska, “Parametric algorithm for form-finding of double-layered shells subjected to seismic loading”, *Book of proceedings of the XXVIII International Congress DIMK and IX Congress SIGP*, Belgrade, 2022, pp. 517–526.	**4,0**
5.12	L. D. Sofronievska, M. Cvetkovska, A. T. Gavriloska, **T. Mihajlovska**, “Building energy performance comparisons between two scenarios with different facade materials”, *Book of proceedings of the XXVIII International Congress DIMK and IX Congress SIGP*, Belgrade, 2022, pp. 517–526.	**3,0**
6	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**	
6.1	**T. Mihajlovska**, D. Nikolovski, A. Trombeva-Gavriloska, L. Dimevska Sofronievska, “Form-Finding of Arches”, *Journal of Applied Sciences – SUT*, vol. 10, no. 19–20, 2024, pp. 99–106, doi: 10.62792/ut.jas.v10.i19-20.p2745.	**/**
7	**Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД (коавтор)**	
7.1	A. Andabaka, M. Basarac Sertić, S. Yiatros, O. Nisiforou, M. De Simone, T. Tambovceva, D. Atstāja, N. Cudečka-Puriņa, R. P. Borg, V. Iordachi, N. Muntean, A. Trombeva Gavriloska, **T. Mihajlovska**, V. Tavares, A. Nadaždi, M. Laban, E. Huttmanová, J. Chovancová, C. Jiménez-Pulido, M. Sahmaran, P. Griffiths, R. Buzatu, J. Pešta, K. Tsikaloudaki, and M. Baltov, “National Policies and the Challenge of Coherence”, *Springer Tracts in Civil Engineering*, Part F1044, 2026, pp. 215–437. doi: 10.1007/978-3-032-02834-1_5.	**6,0**
7.2	**T. Mihajlovska**, A. Trombeva-Gavriloska, M. Cvetkovska, L. Dimevska Sofronievska, “Identifying Abandoned Industrial Zones in Skopje and Evaluating the Potential of Extending Their Useful Lifespan by Adaptive Reuse”, *Springer Tracts in Civil Engineering*, Part F1844, pp. 121–132, 2024. doi: 10.1007/978-3-031-45980-1_11.	**/**
7.3	O. Marina, **T. Mihajlovska**, “The Skopje Project-Building the ‘World City’”, *Towards a New European Bauhaus-Challenges in Design Education, EAAE*, Annual Conference of the European Association for Architectural Education (EAAE/AEEA), 2024, pp. 231–239. doi: 10.1007/978-3-031-40188-6_23	**6,0**
7.4	L. D. Sofronievska, M. Cvetkovska, A. Trombeva Gavriloska, **T. Mihajlovska**, “BIM for Enhancing the Energy Efficiency and Sustainability of Existing Buildings”, *Springer Tracts in Civil Engineering*, Part F1844, pp. 419–430, 2024. doi: 10.1007/978-3-031-45980-1_34.	**6,0**
7.5	L. D. Sofronievska, M. Knezevic, M. Cvetkovska, A. Trombeva Gavriloska, **T. Mihajlovska**, “Key Indicators for Evaluating the Energy Efficiency	**6,0**

	Improvement of the Renovated Building Facades", *Springer Tracts in Civil Engineering*, Part F1844, pp. 319–329, 2024. doi: 10.1007/978-3-031-45980-1_26.	
8	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание**	
8.1	Л. Димевска Софрониевска, А. Тромбева Гаврилоска, М. Цветковска, **Т. Михајловска,** „Иновативни мерки за решавање на енергетската ефикасност кај објектите од модернизмот во Скопје“, *Пресинг, Год. XI, бр. 64*, Јуни 2024, стр. 34–41.	**2,0**
9	**Учество на научен стручен собир со реферат – усна презентација:**	
9.1	Наслов на презентација: *Form-finding of Arches under Horizontal Loading Based on Thrust Line Analysis,* 21-ви Меѓународен симпозиум на ДГКМ: Градежно конструкторство без ограничувања, Охрид, Северна Македонија, 24 – 27 септември 2025 година.	**1,0**
9.2	Наслов на презентација: *Parametric Design of Arches and Shells Using Graphic Statics,* 4. Moise-архитектонски семинар – BEYOND, Црес, Хрватска, 4 – 8 септември 2024 година.	**1,0**
9.3	Наслов на презентација: *Application of Graphic Statics in Form Finding of Structures Subjected to Seismic Loading,* 3rd Moise Architectural Seminar - *PhD Research Methodology: Design, Writing, Architectural History, Heritage*, Црес, Хрватска, 4 – 6 септември 2023 година.	**1,0**
10	**Учество на научен стручен собир со реферат – постер- презентација:**	
10.1	Наслов на презентација: *Пронаоѓање на форма на лушпи со големи распони под дејство на сеизмичка сила,* 20. Меѓународен симпозиум на ДГКМ: Отпорни конструкции, Скопје, Северна Македонија, 28-29 септември, 2023 година.	**0,5**
10.2	Наслов на презентација: *Дефинирање на енвелопа на двослојна лушпа при дејство на сеизмичка сила,* 19. Меѓународен симпозиум на ДГКМ: ЕВРОКОДОВИ-Порта кон Европа, Охрид, Северна Македонија, 15 – 18 септември 2022 година.	**0,5**
	Вкупно	**111,3**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс:**	
1.1	Ohrid Watersports Club, меѓународен конкурс на ArchMedium за клуб за спортови на вода во Охрид, 2015.	**2,0**
1.2	Меѓународен конкурс за градинка во Мозамбик, ArchStorming architecture competitions, 2019.	**2,0**
2	**Идејно обликовно решение за елементи од мебел, урбана опрема и други објекти**	
2.1	Ентериер за стан на бул. „Партизански одреди“ бр. 23/1/, 2019.	**1,0**
2.2	Реконструкција на ентериер на Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“, бул. „Македонија“ бр. 52А/5 – Скопје, 2018.	**1,0**
2.3	Ентериер за стан во Градски ѕид – Кула бр. 27, 2018.	**1,0**

2.4	Ентериер за стан на бул. „Партизански одреди“ бр. 21/3/20, 2018.	**1,0**
	Вкупно	**8,0**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот:**	
1.1	Учесник во изработка на Студија за ризици од природни непогоди, ризици од технолошки хаварии, заштита и спасување: за генерален урбанистички план на град Битола 2023-2033. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет, Скопје, ноември 2023, ISBN 978-9989-118-52-4	**1,0**
1.2	Учесник во изработка на Стратегија за одржлив развој на општина Битола: за генерален урбанистички план на град Битола 2023-2033. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет, Скопје, ноември 2023, ISBN 978-9989-118-45-6	**1,0**
1.3	Учесник во изработка на Студија за заштита на животната средина - експертски елаборат, Генерален урбанистички план, град Скопје, Агенција за планирање на просторот. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет, Скопје, септември 2022.	**1,0**
2	**Соработник во идеен архитектонски проект:**	
2.1	Идеен проект за ТС 400/35 kV во Балталија, 2025.	**1,0**
2.2	Индивидуален станбен објект во Елшани, Св. Мартинија, 2020.	**1,0**
2.3	Индивидуален станбен објект во с. Мирковци – Чучер Сандево, 2020.	**1,0**
3	**Одговорен проектант на основен архитектонски проект:**	
3.1	Индивидуален станбен објект во Глуво – Бразда КП 427/3, 2020.	**4,0**
4	**Соработник во основен архитектонски проект:**	
4.1	Реконструкција и адаптација на јужно крило, Архитектонски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2021.	**2,0**
4.2	Реконструкција на санитарни јазли и подобрување на пристап за лица со попреченост на Факултет за драмски уметности – ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 22 – Скопје, 2020.	**2,0**
4.3	Реконструкција на фасада и санитарни јазли на детска градинка „Мајски цвет“ во Тафталиџе – Скопје, 2020.	**2,0**
4.4	Станбено деловен објект на ул. „Зејнел Аџдени“ бр.2 – Скопје, 2020.	**2,0**
4.5	Реконструкција на индивидуален станбен објект на ул. „Методија Андонов Ченто“ бр. 122 – Скопје, 2020.	**2,0**
4.6	Проект за реконструкција на Инфективна клиника на ул. „Мајка Тереза“ бр. 17 – Скопје, 2020.	**2,0**
4.7	Индивидуален станбен објект на ул. „Миле Поп Јорданов“ бр. 35б, Козле – Скопје, 2019.	**2,0**
4.8	Индивидуален станбен објект, месност Јазаџилница, ул. „Бр. 1“ бб, Општина Чучер Сандево, 2018.	**2,0**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
5	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир:**	
5.1	City Street 6, Архитектонски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 25 – 27 септември 2024.	**1,0**

6	**Студиски престој во странство до 3 месеци:**	
6.1	Престој на Универзитет Technische Universität München TUM во Минхен, Германија, 6 – 13.8.2023.	**0,5**
7	**Член на факултетска комисија**	
7.1	Комисија за попис на благајна на Архитектонски факултет – Скопје, 2024.	**0,5**
7.2	Комисија за попис на благајна на Архитектонски факултет – Скопје, 2023.	**0,5**
7.3	Комисија за попис на благајна на Архитектонски факултет – Скопје, 2021.	**0,5**
	Вкупно	**29,0**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**91,718**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**111,3**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**8,0**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**29,0**
Вкупно	**240,018**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, претседател, с.р.
Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.
Проф. д-р Бојан Каранаков, член, с.р.

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКО ИНЖЕНЕРСТВО (2.01.02.04) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечерпрес“ од 28.5.2026 година и „Коха“ од 29.5.2026, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04), на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/112, донесена на 8.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Димитар Папастеревски, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, претседател, д-р Страхиња Трпевски, редовен професор во пензија на Архитектонскиот факултет во Скопје, член, и д-р Анета Христова Поповска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријави д-р Кире Ставров, асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот **ас. д-р Кире Ставров** е роден на 19.4.1993 година во Неготино. Средното образование го завршил во гимназијата „Св. Кирил и Методиј“ во Неготино, во двојазична македонско-француска паралелка во природно-математичко подрачје.

Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирал со просечен успех 8,58. На 26.12.2016 година го одбранил магистерскиот труд со наслов: *Енерīетска ефикасност на īросторни и īроīрамски можности īри īроектирање објекти од јавната администрација*, под менторство на проф. д-р Страхиња Трпевски.

Своето стручно усовршување го продолжил на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Аалто“ во Хелсинки (Еспо), Финска, каде што завршил едногодишни специјалистички студии на катедрата за дрвени конструкции.

Во периодот од 2017 до 2020 година, стекнал работно искуство во областа на архитектурата, како дел од интердисциплинарни тимови во процесот на проектирањето, планирањето, градежништвото и заштитата на културното наследство, работејќи во повеќе земји, меѓу кои САД, Естонија, Австралија, Италија и Македонија.

Во академската 2021/2022 година се запишал на докторски студии по архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторска дисертација пријавил на 16.1.2025 година (Одлука бр. 08-6/12 од 16.1.2025 година), а одобрената тема е објавена во Билтенот на УКИМ бр. 1323 од 1.2.2025 година. Докторската дисертација со наслов: *Соларен īотенцијал на изīрадени īокривни īовршини за īроизводство на електрична енерīија и īостиīнување на одржливост во īрадските средини во Македонија*, од научното подрачје инженерство и технологија, научно поле: градежништво, потполе: архитектура, област: архитектонско инженерство, под менторство на проф. д-р Страхиња Трпевски, ја одбранил на 15 мај 2026 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Димитар Папастеревски (претседател), проф. д-р Страхиња Трпевски (ментор), проф. д-р Ана Тромбева Гавриловска (член), проф. д-р Огнен Марина (член) и проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев (член). Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки од областа архитектура и урбанизам.

Кандидатот поседува овластување А за изработка на проектна документација од областа на архитектурата.

На 60. седница на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, одржана на 30.12.2020 година (Одлука бр. 08-6/319 од 30.12.2020, Билтен бр. 1228 од 15.12.2020 год.), избран е во соработничко звање – асистент на група предмети: Архитектонска физика и Инсталации во архитектурата од областите: *архитектонска физика (20117)* и *инфраструктурни системи (20107),* на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на УКИМ.

На 48. седница на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, одржана на 21.12.2023 година (Одлука бр. 08-6/143 од 21.12.2023, Билтен бр. 1296 од 1.12.2023 год.), реизбран е во соработничко звање – асистент од научната област *архитектонски конструкции (20112)* на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на УКИМ.

Во моментот е асистент на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1296 од 1 декември 2023 година.

Кандидатот активно се служи со француски, англиски и руски јазик, за кои има приложено соодветни сертификати.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1228 и бр. 1296, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на неговата наставно-образовна дејност на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатот д-р Кире Ставров е ангажиран како соработник во наставата, во својство на асистент, задолжен за изведување вежби на Интегрираните петгодишни академски студии од прв и втор циклус по архитектура (2018 – 2023), како и на студиската програма Додипломски студии од прв циклус по архитектура (2023 – 2028).

Неговата наставна активност е доминантно насочена кон предмети од областа на архитектонското инженерство, особено архитектонските конструкции, архитектонската физика и техничките аспекти на проектирањето.

Од изборот за асистент до денес, учествува во наставата во делот на вежбите на задолжителните предмети: *Архитектонски конструкции 2* (III и IV сем., студиска програма 2018 – 2023), *Архитектонски конструкции 3*, *Архитектонски конструкции 4* и *Архитектонски конструкции 5* (III, IV и V сем., студиска програма 2023 – 2028), на прв циклус студии во двете студиски програми.

Во континуитет е вклучен и во наставата по предметот *Инсталации во архитектурата*, со ангажман во повеќе академски години и со различен фонд на часови. Дополнително, учествувал во наставата по предметите *Дрвени конструкции, Принципи на статиката и Архитектонска физика*, кои имаат директна поврзаност со инженерските аспекти на архитектонското проектирање и се во согласност со неговото научно поле.

Во доменот на организацијата на проектната документација и реализацијата на градежни процеси, ангажиран е и на предметот *Менаџмент и организација на инвестициска изградба* (V сем.) во повеќе последователни академски години. Исто така, учествувал во наставата по предметот *Внатрешна архитектура 1*.

Освен на матичните предмети на Институтот за високоградба, кандидатот д-р кире Ставров во изборниот период учествувал и во реализацијата на наставата на задолжителните предмети од областа на архитектонско проектирање, и тоа: *Архитектонско студио 1*, *Архитектонско студио 2* и *Архитектонско Студио 8.1*, каде што учествува во процесот на менторирање и насочување на студентите во развојот на проектантските решенија.

Покрај редовната наставна активност, д-р Кире Ставров остварил и меѓународна наставна и едукативна ангажираност. Во академската 2024/2025 година бил ангажиран како ментор на студенти од прв и втор циклус за време на есенска школа на Архитектонскиот факултет при Техничкиот универзитет во Братислава, Словачка, посветена на истражување, документација и анализа на историски дрвени покривни конструкции. Во академската 2023/2024 година, учествувал како тутор на студенти во рамките на 33-. Летна школа за архитектура во Лазарополе, организирана од Архитектонскиот факултет при УКИМ.

Покрај наставниот ангажман, кандидатот активно учествувал и во повеќе меѓународни школи, работилници и тренинг-програми поврзани со архитектурата, градежништвото, архитектонската физика и заштитата на културното наследство, меѓу кои учества во рамките на УНЕСКО-академијата за одржлив развој, програми поврзани со енергетска ефикасност и BIM-алатки, како и работилници и тренинг-активности во Италија, Чешка, Србија, Грција и Хрватска. Овие активности претставуваат значајна надградба на наставно-образовниот процес и овозможуваат интеграција на современи инженерски и истражувачки пристапи во наставата.

Ангажманот на д-р Кире Ставров во наставно-образовниот процес се одликува со исклучителна посветеност, компетентност и иницијативност, сè со цел подобрување на образовниот процес на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Конкретните активности, со датуми и пресметка, се наведени во табелата во Образец 2, согласно со член 2 од Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Кире Ставров има остварено континуирана научноистражувачка активност во областа на архитектурата и архитектонското инженерство, со фокус на енергетската ефикасност, архитектонската физика, развојот на обвивката на објектите и примената на современи методи за проектирање на градежните и архитектонските системи. Дополнително, дел од неговите истражувања се насочени кон заштита и одржливо управување со културното наследство, со примена на дигитални алатки и интердисциплинарни пристапи.

Во рамките на научноистражувачката дејност, кандидатот активно учествува во повеќе меѓународни научни проекти. Континуирано е вклучен во академската мрежа ABCD во рамките на програмата CEEPUS (2024 – 2026), под раководство на Техничкиот универзитет во Брно. Дополнително, учествувал во меѓународни проекти и истражувачки програми, како што се: ComPaRe - Complex Participatory Reconstruction of Urban Structures, GEO4CIVHIC - Geothermal Systems for Retrofitting Civil and Historical Buildings и IPERION HS - Built Heritage in Changing Environment. Дел од неговите активности се однесуваат и на истражувања поврзани со документација, анализа и конзервација на конструкивните системи, како и на примена на дигитални технологии (GIS, фотограметрија, 3D-моделирање) во областа на културното наследство.

Покрај меѓународните активности, кандидатот има учество и во повеќе национални научноистражувачки проекти, меѓу кои: „Климатските влијанија во архитектурата“ (2022), „Мониторинг на македонско православно културно наследство“ (2021 – 2023), „Примена на вернакуларните принципи на одржливост во современата архитектура“ (2019) и „Дрвените конструкции во современиот контекст на архитектурата“ (2017).

Кандидатот е автор и коавтор на повеќе научни трудови објавени во меѓународни научни списанија и зборници од меѓународни конференции. Меѓу нив се издвојуваат трудовите „The Architecture of Public Buildings as Transformative Model Towards Sustainability“ (Journal of Engineering and Applied Sciences Technology, 2024) и „The Influence of the Thermal Conduction and Detail Development Process in Architecture“ (Civil Engineering and Architecture, 2023), објавени во релевантни научни списанија. Дополнително, има објавено повеќе трудови со оригинални научни и стручни резултати во зборници од меѓународни рецензирани конференции.

Резултатите од неговите истражувања се презентирани на повеќе меѓународни научни и стручни собири, преку усни и постер-презентации, вклучително и конференции во Истанбул, Кремс, Белград и Аланија, со што се овозможува нивна континуирана научна верификација и меѓународна видливост.

Во рамките на академската активност, кандидатот одржал предавања по покана на странски универзитети, меѓу кои Техничкиот универзитет во Братислава (2024) и Универзитетот Дунав во Кремс (2025), каде што презентирал истражувања од областа на архитектонската физика, дрвените конструкции и примената на напредни методи во проектирањето и реконструкцијата, вклучително и далечинско сондирање и моделирање.

Научноистражувачката дејност на кандидатот е директно поврзана со неговата наставна и стручна работа, при што резултатите од истражувањата се применуваат во наставниот процес и во практични проектантски и аналитички активности. Истражувачкиот пристап на кандидатот придонесува кон развој на интегриран модел на работа во рамките на архитектонското инженерство, со акцент на одржливоста, архитектонската физика и техничката оптимизација на архитектонските решенија.

Стручно-уметничка дејност

Кандидатот д-р Кире Ставров, во рамките на својата стручно-уметничка дејност, има реализирано повеќе архитектонски проекти, концепти и просторни истражувања кои опфаќаат различни типологии и размери – од станбени и јавни објекти, до урбани интервенции, ентериерно обликување и пејзажни решенија.

Како автор и коавтор, изработил повеќе идејни архитектонски решенија во домашен и меѓународен контекст. Меѓу нив се издвојуваат идејни решенија за станбени градби во Фалмут и Ричмонд (Масачусетс, САД), како и проекти за станбени и јавни објекти во Република Македонија, вклучувајќи станбен објект во Скопје и олимписки базен во Свети Николе. Во доменот на јавните објекти се вбројува и идејното решение за медијатека во Велес, додека во меѓународен контекст се истакнуваат проектите за детски центар за перформативна уметност во Хелсинки и опсерваторија во Лисабон. Дополнително, кандидатот има искуство и во областа на ентериерот преку изработка на концепт за музејска поставка во Музејот на Неготино, како и во просторни и пејзажни интервенции.

Во процесот на проектирање, кандидатот посветува особено внимание на интеграцијата на техничките и инженерските аспекти во архитектонското решение, особено во однос на материјализацијата, конструктивната логика и аспектите на архитектонската физика на градбите, во согласност со неговото научно и стручно поле.

Кандидатот активно учествува на архитектонски и архитектонско-урбанистички конкурси, придонесувајќи кон развој на различни проектантски пристапи и критичко преиспитување на просторните решенија. Неговото конкурсно искуство опфаќа учество на повеќе национални и меѓународни конкурси, меѓу кои конкурси за јавни и станбени објекти. Во рамките на меѓународните и студентските конкурси се вбројуваат и учества на EASA-конкурс за дрвени конструкции во Данска, конкурсот „Опсерваторија Монсанто“ во Лисабон и конкурсот „Павилијон Баухаус“ во Скопје.

Во областа на јавната презентација на архитектонската работа, кандидатот има реализирано самостојна изложба со наслов: „Локалните климатски влијанија во архитектурата“ (Неготино, 2022), преку која се презентирани резултати поврзани со климатските аспекти и одржливоста во архитектурата. Покрај тоа, неговата работа е претставена и на повеќе групни изложби и културни манифестации во земјата и во странство, меѓу кои во Неготино, Скопје, Клуж Напока и Солун.

Преку наведените проектантски, конкурсни и изложбени активности, кандидатот ја развива својата стручно-уметничка дејност како составен дел од поширокиот професионален и истражувачки ангажман, со особен фокус на поврзување на архитектонското проектирање со техничките и инженерските барања, како и со прашањата на одржливост и перформативност на просторот.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот д-р Кире Ставров, во рамките на својата стручно-апликативна дејност, активно е вклучен во изработка и реализација на архитектонски, инженерски и конзерваторско-реставраторски проекти, како и во експертски активности поврзани со заштита и управување со културното наследство, како во домашен, така и во меѓународен контекст.

Како соработник, учествувал во изработка на повеќе проекти кои опфаќаат различни типологии – од индивидуални станбени и јавни објекти, до инфраструктурни и комерцијални објекти. Меѓу нив се издвојуваат проекти за енергетска реконструкција на градби од културно значење, како што се Volkskundemuseum и Prateratelіers во Виена (2024), како и проекти за станбени, комерцијални и општествени градби во САД, Австралија и Естонија.

Особено значаен сегмент од неговата активност претставува учеството во проекти од областа на заштитата и конзервацијата на културното наследство. Во таа насока, учествувал во изработка на конзерваторско-реставраторски проекти за објекти од сакрален карактер, како што се црквите „Св. Никола“ во с. Псача, „Света Богородица“ во с. Дабниште и „Св. Никола“ во с. Шопско Рударе, како и во изработка на заштитно-конзерваторски основи и услови за повеќе објекти, вклучувајќи ја саат-кулата во Кавадарци и објекти во рамките на урбанистичките планови (с. Лесново). Дополнително, учествувал и во проект за одржлива конзервација на археолошкиот локалитет – некрополата Ночера во Помпеја.

Во рамките на експертската дејност, кандидатот активно учествувал во мониторинг, анализа и документација на недвижно културно наследство на територијата на Скопската и Повардарската епархија, при што биле обработени вкупно 86 цркви и манастири. Оваа активност опфатила систематско теренско истражување, техничка документација и евалуација на состојбата на објектите, што претставува значаен придонес во процесите на нивна заштита и идно управување.

Покрај проектантската и експертската работа, кандидатот реализирал и повеќе студиски и истражувачки престои во странство, кои придонесуваат за унапредување на неговите професионални и научни компетенции. Меѓу нив се издвојуваат студиски престои на Техничкиот универзитет во Брно и Братислава, Универзитетот Дунав во Кремс, како и активности во научноистражувачки институции во Чешка, Италија, Естонија и Романија. Дополнително, остварил и долгорочен академски престој на Универзитетот „Аалто“ во Финска, како и повеќемесечен престој на Универзитетот во Кремс.

Кандидатот е активно вклучен и во професионални и научни организации. Поседува овластување А за изработка на проектна документација од областа на архитектурата и е член на ИКОМОС Македонија. Воедно, член е на уредувачки одбори на меѓународни научни и стручни списанија, со што учествува во процесите на научна евалуација и развој на стручната мисла.

Преку наведените активности, стручно-апликативната дејност на кандидатот се карактеризира со силна поврзаност помеѓу научното истражување, инженерскиот пристап во архитектурата, со посебен акцент на физиката на градбите, техничките перформанси и заштитата на недвижното културно наследство.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот ас. д-р Кире Ставров, во континуитет, добива позитивни оценки за наставно-образовната дејност од анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:

Кире Тасе Ставров

Институција:

Архитектонски факултет, Институт за високоградба

Научна област: ***АРХИТЕКТОНСКО ИНЖЕНЕРСТВО (2.01.02.04)***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	**Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од п,рвиот и вториот циклус *** Просечниот успех изнесува 8,58 за интегрираните студии од прв и втор циклус.	ДА
2	**Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира** Назив на научната област: *архитектонско инженерство*. Научно поле: *градежништво*. Научно потполе: *архитектура*. Научно подрачје: *инженерство и технологија*. Просечен успех за трет циклус студии: 10,00 – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија.	ДА
3	**Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор**	ДА
3.1	**Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:** 1. Назив на научното списание: *Journal of Engineering and Applied Sciences Technology. Vol.6, Issue 2, 2024. ISSN: 2634-8853 DOI: doi.org/10.47363/JEAST/2024(6)220* 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: The Architecture of Public Buildings as Transformative Model Towards Sustainability. 4. Година на објава: 2024	ДА
3.2	**Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се:**	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование: 1. Civil Engineering and Architecture Vol. 11(1), pp. 207 - 216, 2023. ISSN 2332-1091. DOI: 10.13189/cea.2023.110117 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: The Influence of the Thermal Conduction and Detail Development Process in Architecture. 4. Година на објава: 2023	
3.3	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: *Proceedings 5th International Conference on Energy Efficiency in Historic Buildings* 2. Назив на меѓународниот собир: *5th International Conference on Energy Efficiency in Historic Buildings* 3. Имиња на земјите: – *Австрија 2* – *Германија 1* – *Шведска 1* – *Белгија 2* – *Италија 1* – *Чепка 2* – *Холандија 1* – *Франција 1* 4. Наслов на трудот: *Remote sensing methodology for estimating solar potential in historic buildings-case study in Gradsko, Macedonia* 5. Година на објава: *2024*	ДА
3.4	**Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** 1. Назив на зборникот: *Global village - Shelter for resilient living BAB Conference, Belgrade, November, 2023, pp. 66-71* 2. Назив на меѓународниот собир: *BAB Balkan Architecture Biennale 2023* 3. Имиња на земјите: – *Грција 1* – *Србија 5* – *Црна Гора 1* – *Македонија 1* – *Турција 1*	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	– *Албанија 1* – *Шпанија 1* – *Франција 1* – *Италија 1* 4. Наслов на трудот: *Internal and external influences in the design development process of the building skin.* 5. Година на објава: *2023*	
4	**Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа** 5. Странски јазик: *англиски Ц1 според CEFR* 6. Назив на документот: *Уверение* 7. Издавач на документот: *Универзитет „Св. Кирил и Методиј “, Филолошки факултет „Блаже Конески “* 8. Датум на издавање на документот: *22.05.2026*	ДА
5	**Има способност за изведување на високообразовна дејност**	ДА

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

****** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Димитар Папастеревски, претседател, с.р.
Проф. д-р Страхиња Трпевски, член, с.р.
Проф. д-р Анета Христова Поповска, член, с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Кире Тасе Ставров**
Институција: **Архитектонски факултет, Институт за високоградба**
Научна област: архитектура, архитектонско инженерство (2.01.02.04)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Архитектонски конструкции 2 (стара програма, вежби) 2023-2024, зимски семестар (0+6); 2023-2024, летен семестар (0+4); 2022-2023, зимски семестар (0+6); 2022-2023, летен семестар (0+4); 2021-2022, зимски семестар (0+6); 2021-2022, летен семестар (0+4); 2020-2021, летен семестар (0+6);	36x15x0,03= 16,2
	Инсталации во архитектурата (вежби) 2025-2026, зимски семестар (0+7); 2024-2025, летен семестар (0+7); 2023-2024, летен семестар (0+10); 2022-2023, летен семестар (0+10); 2021-2022, летен семестар (0+10); 2020-2021, летен семестар (0+5);	49x15x0,03=22,05
	Архитектонски конструкции 3 (стара програма, вежби) 2024-2025, летен семестар (0+4); 2023-2024, зимски семестар (0+4); 2023-2024, летен семестар (0+4); 2022-2023, зимски семестар (0+4); 2022-2023, летен семестар (0+4);	20x15x0,03=9
	Архитектонски конструкции 3 (нова програма, вежби) 2025-2026, зимски семестар (0+6);	6x15x0,03=2,7
	Асистент на предметот Архитектонски конструкции 4 (нова програма, вежби) 2024-2025, летен семестар (0+4);	4x15x0,03=1,8
	Архитектонски конструкции 5 (нова програма, вежби) 2025-2026, зимски семестар (0+4);	4x15x0,03=1,8
	Дрвени конструкции (вежби) 2021-2022, летен семестар (0+4); 2020-2021, летен семестар (0+3);	7x15x0,03=3,15
	Принципи на статиката (вежби) 2021-2022, зимски семестар (0+2);	2x15x0,03=0,9
	Архитектонска физика (вежби) 2022-2023, зимски семестар (0+1);	5x15x0,03=2,25

	2021-2022, зимски семестар (0+4);	
	Менаџмент и организација на инвестициска изградба (вежби) 2024-2025, зимски семестар (0+6); 2023-2024, зимски семестар (0+4); 2022-2023, зимски семестар (0+4); 2021-2022, зимски семестар (0+6);	20x15x0,03=9
	Внатрешна архитектура 1 2022-2023, зимски семестар (0+4); 2021-2022, зимски семестар (0+4); 2021-2022, летен семестар (0+2);	10x15x0,03=4,5
	Архитектонско студио 1 2025-2026, зимски семестар (0+6); 2023-2024, зимски семестар (0+6); 2022-2023, зимски семестар (0+6);	18x15x0,03=8,1
	Архитектонско студио 2 2024-2025, летен семестар (0+6); 2023-2024, летен семестар (0+6); 2022-2023, летен семестар (0+6);	18x15x0,03=8,1
	Архитектонско студио 8/2 2023-2024, летен семестар (0+6)	6x15x0,03=2,7
	Учесник во настава на меѓународни школи за архитектура 2024-2025, Есенска школа, Архитектонски факултет, Технички универзитет во Братислава, Словачка; 2023-2024, Летна школа, Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија;	2x1=2
	Учесник во меѓународни школи и работилници - 2023, Меѓународна летна школа Energy Community Summer School, Белград, Србија; - 2023, Учество во меѓународна работилница “Case Study - Reconstruction of a destroyed city”, Акумоли, Италија; - 2023, УНЕСКО академија за одржлив развој, Ивреа, Италија; - 2023, Меѓународна школа “Built heritage in changing environment” во организација на институт за теоретска и применета механика при академија на науки во Телч, Чешка; - 2022, Меѓународна летна школа „Дигитални алатки за документирање и управување со културното наследство“, Атина, Грција (од далечина, online); - 2022, Меѓународна работилница за реставрација на sидни структури, Стари Град (Хвар), Хрватска; - 2022, Меѓународна работилница во рамки на форумот за професионалци во подем организирана од центарот за конзервација и реставрација “La veneria reale”, Торино, Италија (од далечина, online).	18x1=18

	- 2022, Меѓународна работилница во рамки на проектот All4R&D, модул History of architecture-UNESCO heritage sites (HAUHS2022-268) - 2021, Меѓународна работилница во рамки на проектот All4R&D, модул BIM Fundamentals (BIMF2021-147) - 2021, Меѓународна работилница во рамки на проектот All4R&D, модул Introduction to use of BIM for improved energy efficiency of buildings (BIM22021-188) - 2021, Меѓународна работилница во рамки на проектот All4R&D, модул Sustainability of the buildings (BIM22021-188) - 2019, Меѓународен тренинг курс за заштита на недвижно културно наследство од влијание на климатските промени. Институт за животна средина ИЕГЕ, Скопје, Македонија; - 2018, Меѓународна летна школа за одржлива конзервација на археолошки локалитет Помпеја, Италија; - 2016, Тренинг курс за проектирање и инженерство на nZEB градби, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија; - 2014, Меѓународна летна школа за пејсажна архитектура, Фондација Аркетипос, Бергамо, Италија; - 2014, Меѓународна работилница за дрвени конструкции. Проектирање и конструирање во размер 1:1, Доломити, Италија; - 2014, Меѓународна летна школа за дизајн од дрво, Технички универзитет, Талин, Естонија; - 2012, Меѓународна летна школа за урбано планирање, Технички универзитет, Клуж Напока, Романија.	
	Вкупно	112,25

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Учество во меѓународни научни проекти - 2025, Образовна и научноистражувачка мрежа ABCD во рамки на програмата CEEPUS за академската 2025-2026 под раководство на технички универзитет во Брно, Чешка. (CZ-1602-05-2526) https://www.ceepus.info/nw/1602-2526; - 2024, Recognition, survey, documentation and research of historical trusses. Banska Stiavnica in Renaissance-Baroque period: Trusses. Erasmus + BIP program; - 2024, Образовна и научноистражувачка мрежа ABCD во рамки на програмата CEEPUS за академската 2024-2025 под раководство на технички универзитет во Брно,	10x5=50

	Чешка. (CZ-1602-05-2425) https://www.ceepus.info/nw/1602-2425; - 2023, ComPaRe- Complex participatory reconstruction of urban structures. Истражувачки проект под раководство на Дунав универзитет во Кремс, Австрија. (2021-1-AT01-KA220-HED-000050449); - 2023, GEO4CIVHIC- Geothermal systems for retrofitting civil and historical buildings. Истражувачки проект (Horizon 2020 No. 792355) под раководство на Институт за атмосферски науки и клима - Национален истражувачки совет (CNR - ISAC). https://geo4civhic.eu/; - 2023, IPERION HS (Integrating Platforms for the European Research Infrastructure ON Heritage Science)- Built heritage in changing environment (Horizon 2020 No. 871034); - 2022, Young professionals forum. Emerging skills for heritage conservation, training institution. Истражувачки проект под раководство на центарот за конзервација и реставрација La Veneria Reale, Торино, Италија; - 2022, Дигитални алатки за документирање и управување со културно наследство: GIS, Photogrammetry, Image-based 3D Modelling, Terrestrial Laser Scanning. Истражувачки проект под раководство на The Heritage Management Organization, Атина, Грција; - 2021, All4R&D Research and development through collaborative and open innovation platform. Истражувачки проект под раководство на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија (598719-EPP-1-2018-1-MK-EPPKA2-CBHE-JP); - 2019, CULTHER - Заштита на недвижно културно наследство од влијание на климатски промени. Истражувачки проект во организација на Институт за животна средина ИЕГЕ, Скопје, Македонија; - 2018, PSPP- Pompeii Sustainable Preservation Project. Истражувачки проект под раководство на Fraunhofer institute for building physics.	
	Учество во национални научни проекти - 2022, Климатските влијанија во архитектурата. Министерство за култура; - 2021-2023, Мониторинг на македонско православно културно наследство. ИКОМОС Македонија; - 2019, Примена на вернакуларните принципи на одржливост во современата архитектура. Министерство за култура; - 2017, Дрвените конструкции во современиот контекст на архитектурата. Министерство за култура.	4x3=12
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има фактор на влијание (2.03) за 2024 во кое трудот подлежи на рецензија и кое е индексирано во следните електронски бази на списанија: EI Compendex, DOAJ, EBSCO Discovery Service, SCImago, Google Scholar,	1x8x0,8 +2,03=8,43

	OCLC WorldCat Discovery Service, ProQuest-ExLibris Primo, ProQuest-ExLibris Summon, CNKI, CLOCKSS, CNPIEC, Portico, Naver, TD Net Discovery Service. Zinoski, M., Brsakoska, J., Stavrov, K., The Architecture of Public Buildings as Transformative Model Towards Sustainability. Journal of Engineering and Applied Sciences Technology. Vol.6, Issue 2, 2024. ISSN: 2634-8853 DOI: doi.org/10.47363/JEAST/2024(6)220	
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има фактор на влијание (0.466) за 2023 во кое трудот подлежи на рецензија и кое е индексирано во следните електронски бази на списанија: Scopus, NSD - Norwegian Centre for Research Data, J-Gate, JournalTOCs, Ulrich, WorldCat, Academickeys, Google Scholar, Researchbib, Polish Scholarly Bibliography. Stavrov, K., Trpevski, S., Tasheva, A., The Influence of the Thermal Conduction and Detail Development Process in Architecture. Civil Engineering and Architecture Vol. 11(1), pp. 207 - 216, 2023. ISSN 2332-1091. DOI: 10.13189/cea.2023.110117	1x8x0,8 +0,47=6,87
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји - Stavrov, K., Trpevski, S., Papasterevski., D., Draganovski, D., Remote sensing methodology for estimating solar potential in historic buildings-case study in Gradsko, Macedonia. 5th International Conference on Energy Efficiency in Historic Buildings, October 2024, Krems, Austria; - Zinoski, M., Brsakoska, J., Stavrov, K., The Architecture of Public Buildings as Transformative Model Towards Sustainability. Places and technologies. ISBN 978-86-7924-343-0. Vol. 8 (2024), p. 648-653; - Stavrov, K., Trpevski, S., Tasheva, A., Internal and external influences in the design development process of the building skin. Global village - Shelter for resilient living Conference, Belgrade, November, 2023, pp. 66-71; - Ставров, К., Трпевски, С., Проектирање на врските на засек кај дрвените конструкции преку примерот на троножна врска. Зборник - 19. Меѓународен симпозиум. Друштво на градежни конструктори на Македонија (ДГКМ) 2022, стр. 1288-1295; - Stavrov, K., Trpevski, S., Draganovski, D., The Importance of the Thermal Aspects in Designing Public Buildings Along with Timber Structures. 4th International Conference of Contemporary Affairs in Architecture and Urbanism (ICCAUA-2021), E-ISSN: 3023-7009, DOI: 10.38027/ICCAUA2021128N5.	1x5x0,6+ 3x5x0,8+ 1x5x0,9=19,5

	Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција - Stavrov, K., Trpevski, S., Malijanska Andreeska, N., A Thermodynamic Simulation Approach for Estimating Solar Energy Potential in the Macedonian Context. ICCAUA2026-Abstract Proceeding Book May 7-8, 2026 Istanbul, TÜRKİYE ISBN: 978-625-95249-2-4 - Zinoski, M., Brsakoska, J., Stavrov, K., The Architecture of Public Buildings as Transformative Model Towards Sustainability. Book of abstracts at 8th conference of interdisciplinary research on real estate, October 2023, Belgrade, Serbia. - Stavrov, K., The Influence of the Thermal Conduction and Detail Development Process in Architecture. Abstract Proceeding Book ICCAUA2022, Alanya, Turkey, ISBN: 978-605-71006-3-4 - Stavrov, K., The Importance of the Thermal Aspects in Designing Public Buildings Along with Timber Structures. Abstract Proceeding Book ICCAUA2021, Alanya, Turkey, E-ISBN: 978-605-06780-6-2	4x1=4
	Учество на научен/стручен собир со реферат со усна презентација - 2026, 9th International Conference of Contemporary Affairs in Architecture and Urbanism, Istanbul, Turkey. - 2024, Energy Efficiency in Historic Buildings EEHB2024, Krems, Austria. - 2023, Belgrade Architecture Biennale (BAB)- International conference, Belgrade, Serbia. - 2022, 5th International Conference of Contemporary Affairs in Architecture and Urbanism, Alanya, Turkey. - 2021, 4th International Conference of Contemporary Affairs in Architecture and Urbanism, Alanya, Turkey.	5x1=5
	Учество на научен/стручен собир со реферат со постер 2022, MASE Symposium-international conference Macedonian Association of Structural Engineers.	1x0,5=0,5
	Одржани предавања по покана на референтен странски универзитет 2024, STU Bratislava, Slovakia. Risks and threats of timber structures from building physics perspectives (Banská Štiavnica in the Renaissance and Baroque period-TRUSSES). 2025, Donau University in Krems, Austria. Remote sensing approaches in modelling roofscapes in Macedonia.	2x3=6
	Вкупно	112,3

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Идејно архитектонско решение:	10x1=10

	- 2022, Идејно архитектонско решение за едно семеен објект во Фалмут, Масачусетс, САД; - 2022, Идејно архитектонско решение за едно семеен објект во Ричмонд, Масачусетс, САД; - 2020, Идејно архитектонско решение за нов станбен објект во Скопје, Македонија; - 2020, Идејано архитектонско решение за нов олимписки базен во Свети Николе, Македонија; - 2018, Идејно архитектонско решение за нова медијатека во Велес, Македонија; - 2017, Идејно архитектонско решение- детски центар за перформативна уметност A.Lava. Хелсинки, Финска; - 2016, Идејно архитектонско решение за ентериер за археолошка и историска поставка. Музеј на Неготино, Македонија; - 2015, Идејно решение за опсерваторија во Лисабон, Португалија; - 2014, Идејано просторно решение за интервенција во рурална средина, Доломити, Италија; - 2014, Идејно решение за пејзажно реобликување на плоштадот Векиа во Бергамо, Италија.	
	Учество на архитектонски конкурс: - 2022, Архитектонски конкурс за општинска зграда во населба Аеродром. - 2020, Архитектонски конкурс за нова базенска зграда во Свети Николе. - 2020, Архитектонски конкурс за нова станбена зграда во Скопје. - 2018, Архитектонски конкурс за нова библиотека во Велес. - 2017, EACA, студентски конкурс за проектирање на конструкција од дрво. Фредерика, Данска. - 2015, Меѓународен студентски конкурс „Опсерваторија Монсанто“, Лисабон, Португалија. 2014, Студентски конкурс „Павилијон Баухаус“, Скопје.	6x1=6
	Самостојна изложба - 2022, Локалните климатски влијанија во архитектурата, Неготино	1x2=2
	Групно јавно претставување на архитектонски дела - 2019, Нов културен бран, Неготино, Македонија; - 2014, Изложба од студентски конкурс „Павилијон Баухаус“, Архитектонски факултет Скопје, Македонија; - 2012, Изложба на студентски трудови од летна школа, градска галерија во Клуж Напока, Романија; - 2012, Изложба SKG_2012: ARCHITECTURE AND THE CITY IN SE EUROPE, музеј на современа уметност во Солун, Грција;	4x2=8
	Вкупно	26

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Основен проект - учесник/соработник - 2024, Основен проект за енергетска реконструкција на народен музеј Volkskundemuseum, Виена, Австрија; - 2024, Основен проект за енергетска реконструкција на Prateratelіers, Виена, Австрија; - 2022, Основен проект за едносемејна станбена градба во Фалмут, Масачусетс, САД; - 2022, Основен проект за едносемејна станбена градба во Ричмонд, Масачусетс, САД; - 2020, Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на црквата „Св. Никола“, село Псача, Македонија; - 2020, Основен проект за натстрешница за бензиска пумпа за автомобили во Австралија; - 2020, Основен проект за натстрешница за бензиска пумпа за камиони во Австралија; - 2019, Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата „Света Богородица“ во с. Дабниште, Македонија; - 2019, Заштитно-конзерваторски услови за објект „Хотел Куманово“, Македонија; - 2019, Заштитно-конзерваторски услови за изработка на конзерваторски проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата „Св. Никола“ во с. Псача, Македонија; - 2019, Основен проект за инфраструктура за изградба на примарна и секундарна гасоводна мрежа во Општина Велес, Македонија; - 2019, Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата и ѕиданиот иконостас на црквата „Св. Никола“, село Шопско Рударе, Македонија; - 2019, Заштитно-конзерваторски основи за саат-кула во Кавадарци, Македонија; - 2019, Основен проект за продавница во Австралија; - 2019, Основен проект за ресторан во Австралија; - 2018, Заштитно-конзерваторски основи за третман на недвижното културно наследство за потребите на изработка на урбанистички план за село Лесново, Македонија; - 2018, Основен проект за семеен објект Марси, Талин, Естонија; - 2018, Основен проект за семеен објект Тори, Талин, Естонија; - 2018, Основен проект за семеен објект Лапси, Талин, Естонија; - 2018, Основен проект за одржлива конзервација на архитектуата на некрополата Ночера во Попеја, Италија; - 2017, Основен проект IGI Kiosk на локално училиште во Масачусетс, САД; - 2017, Основен проект за центар за посетители во Масачусетс, САД; - 2017, Основен проект за реконструкција на куќа од историско значење во Масачусетс, САД;	23x2=46

	Студии и експертски активности - учесник/соработник Мониторинг на недвижно културно наследство на територија на Скопска и Повардарска Епархија (мониторирани 86 православни цркви и манастири): Скопје: 4-836-001/027 Р НД „Св. Спас“ – Скопје; 4-836-001/026 Р НД „Св. Димитриј“ – Скопје; 4-834-023/024 Р НД „Св. Никола Шишевски“ – Матка; 4-834-023/015 Р НД „Св.Пантелејмон“ – Горно Нерези; Сарај- Ѓорче Петров 4-834-013/012 Р НД „Св. Ѓорѓи“ – Кучково; 4-834-023/010 Р НД „Св. Богородица“ – Глумово (манастир); 4-834-023/014 Р НД „Св. Андреа“ – Матка; 4-834-023/024 Р НД „Св. Атанасиј“ – Шишево Скопска Црна Гора 4-837-001/007 Р НД „Св. Ѓорѓи“ – Бањане; 4-837-007/008 Р НД „Св. Никита“ – Горњане; „Св.Илија“-Бродец; 4-837-008/013 Р НД „Св.Архангели“ – Кучевиште (манастир); 4-837-008/012 Р НД „Св.Спас“ – Кучевиште; 4-837-012/021 Р НД „Св.Богородица“ – Побожје (манастир); 4-837-012/019 Р НД „Св.Петка“ – Побожје; Студеничани 4-835-009/004 Р НД „Св. Ѓорѓи“ – Градовци; 4-835-023/009 Р НД „Св. Богородица“ – Маркова Сушица; 4-835-023/011 Р НД „Св. Димитриј“ – Марков Манастир, Маркова Сушица; 4-835-023/006 Е-НД „Св. Архангел“ – Маркова Сушица; 4-835-006/014 Е НД „Св. Трифун“ – Говрлево; 4-835-008/016 Е НД „Св. Никола“ – Горно Соње; 4-835-012/008 Е НД „Св. Вознесение Христово“ – Добри Дол; „Св. Никола“ – Ново Село; „Св. Илија“-Таор; „Св. Ѓорѓи Победоносец“ – Блаце; Неготино 4-818-007/021 Е-НД „Св. Никола“ – Горни Дисан; 4-818-009/023 Е-НД „Св. Архангел Михаил“ – Долни Дисан; 4-818-023/030 Е-НД „Св. Ѓорѓи“ – Неготино; 4-818-023/004 Е-НД „Св. Атанасиј“ – Неготино; 4-818-028/034 Е-НД „Св. Богородица“ – Тимјаник; 4-818-021/029 Е-НД „Св. Ѓорѓи“ – Курија; Велес 4-831-003/008 Е-НД „Св. Никола“ – Башино Село; 4-831-083/038 Р НД „Св. Пантелејмон“ – Велес; 4-831-083/112 Е-НД „Св. Богородица“ – Велес; 4-831-083/022 Р НД „Св. Спас“ – Велес; 4-831-083/023 Р НД „Св. Димитриј“ – Велес; 4-831-083/024 Р НД „Св. Никола“ – Велес; 4-831-083/111 Р НД „Св. Јован“ – Велес; 4-831-083/110 Р НД „Св. Недела“-Велес;	1x1=1

	4-831-083/028 Р НД „Св. Ѓорѓи“ – Велес; Кавадарци 4-811-001/040 Е-НД „Св. Раѓање на Богородица“ – Бегниште; 4-811-020/002 Р НД „Св. Никола“- Моклишки Манастир, Ваташа; 4-811-006/048 Е-НД „Св. Успение на Богородица“ – Ваташа; 4-811-007/049 Е-НД „Св. Ѓорѓи“ – Возарци; 4-811-010/051 Е-НД „Св. Димитриј“ – Глишиќ; 4-811-013/008 Р НД „Св. Богородица“ – Дабниште; 4-811-019/035 Е-НД „Св. Димитриј“ – Дреново; 4-811-020/056 Е-НД „Св. Димитриј“ – Кавадарци; 4-811-038/068 Е-НД „Св. Архангел Михаил“ – Ресава; 4-811-031/064 Е-НД „Св. Успение Богородично“ – Марена; 4-811-001/004 Р НД „Св. Ѓорѓи“ – Полошки манастир, Бегниште; 4-811-002/042 Е-НД „Св, Кузман и Дамјан“ – Бојанчиште; 4-811-003/044 Е-НД „Св. Атанасиј“ – Бохула; 4-811-024/059 Е-НД „Св. Стефан“ – Конопиште; 4-811-032/065 Е-НД „Св. Димитриј“ – Мрежичко; 4-811-045/070 Е-НД „Св. Атанасиј“ – Страгово; 4-811-045/071 Е-НД „Св. Димитриј“ – Страгово; 4-811-048/073 Е-НД „Св. Спас“ – Чемерско; Демир Капија 4-818-008/022 Е-НД „Св. Успение на Пресвета Богородица“; 4-818-011/026 Е-НД „Св. Илија“ – Дрен; 4-818-011/055 Е-НД „Св. Никола“ – Дрен; 4-818-016/027 Е-НД „Св. Никола“ – Клисура; 4-818-026/032 Е-НД „Св. Атанасиј“ – Прждево; 4-818-008/035 Е-НД „Св. Атанасиј“ – Чифлик; Гевгелија 4-804-013/017 Е-НД „Св. Архангел Михаил“ – Грчиште; 4-804-019/020 Е-НД „Св.Петка“ – Марвинци; 4-806-003/030 Е-НД „Св. Атанасиј“ – Габрово; 4-806-009/036 Е-НД „Св. Димитириј“ – Кованци; 4-806-012/038 Е-НД „Св. Петка“ – Милетково; 4-806-013/039 Е-НД „Св. Константин и Елена“ – Миравци; 4-806-016/042 Е-НД „Св. Атанасиј“ – Негорци; 4-806-021/045 Е-НД „Св. Спас“ – Петрово; 4-806-022/046 Е-НД „Св. Петка“ – Прдејци 4-804-008/014 Е-НД „Св. Ѓорѓи“ – Брајковци; 4-806-005/033 Е-НД „Св. Раѓање на Богородица“ – Давидово; 4-806-001/002 Е-НД „Св. Атанасиј Александриски“ – Богданци; 4-806-007/035 Е-НД „Св. Успение Богородично“ – Ѓавато; 4-806-029/048 Е-НД „Св. Недела“ – Стојаково; 4-804-004/013 Е-НД „Св. Димитриј“ – Балинци; 4-804-010/015 Е-НД „Св. Димитриј“ – Валандово; 4-804-010/003 Е-НД „Св. Ѓорѓи“ – Валандово; 4-804-016/019 Е-НД „Св. Успение Богородично“ – Јосифово; 4-804-020/021 Е-НД „Св. Ѓорѓи“ – Пирава; 4-806-002/029 Е-НД „Св. Раѓање Богородично“ – Богородица; 4-806-004/031 Е-НД „Св. Спас“ – Гевгелија; 4-806-004/032 Е-НД „Св. Кирил и Методиј“ – Гевгелија.	

Дејности од поширок интерес		
	Студиски престој во странство до три месеци - 2025, Архитектонски факултет, Технички универзитет во Брно, Чешка - 2024, Архитектонски факултет, Технички универзитет во Братислава, Словачка - 2023, Универзитет „Дунав“ во Кремс, Австрија; - 2023, Лабораторија за теоретска и применета механика, Академија за науки, Телч, Чешка; - 2018, Археолошки локалитет Помпеја, Италија; - 2014, Фондација „Аркетипос“ во Бергамо, Италија; - 2014, Технички универзитет, Талин, Естонија; - 2012, Технички универзитет, Клуж Напока, Романија	8x0,5=4
	Студиски престој во странство до шест месеци - 2024-2025, Универзитет во Кремс, Австрија;	1x1=1
	Студиски престој во странство повеќе од шест месеци - 2016-2017, Алто универзитет, Архитектонски факултет, Хелсинки (Еспо), Финска;	1x2=2
	Член на орган на професионална комора - Овластување А за архитектура; - Член во ИКОМОС Македонија;	2x0,3=0,6
	Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание - 2017 Crit, американска асоцијација на студенти по архитектура - 2025, International journal of Salutogenic architecture	2x1=2
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир: - Организатор на сесија Architecture and Technology, под-сесија Education / Energy Conservation на конференцијата 9th International Conference of Contemporary Affairs on Architecture and Urbanism (ICCAUA-2026), 7-8 мај, Istanbul, Türkiye.	1x1=1
	Вкупно	57,6

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	112,25
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	112,3
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	26
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	57,6
Вкупно	308,15

Членови на Комисијата

Проф. д-р Димитар Папастеревски, претседател, с.р.
Проф. д-р Страхиња Трпевски, член, с.р.
Проф. д-р Анета Христова Поповска, член, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на асистент д-р Кире Ставров.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека асистент д-р Кире Ставров поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област Архитектонско инженерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Кире Ставров да биде избран во звањето **доцент** во научната област **Архитектонско инженерство**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Димитар Папастеревски, претседател
Проф. Д-р Страхиња Трпевски, член
Проф. Д-р Анета Христова Поповска, член

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (2.01.02.01), НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечерпрес“од 28.5.2026 и „Коха“ од 29.5.2026 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од наставно-научната област: архитектонско проектирање (2.01.02.01), на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и врз основа на Одлуката на 31. седница на Наставно-научниот совет (арх. бр. 08-6/113), донесена на 8.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Јован Ивановски (претседател), проф. д-р Мери Батакоја (член) и проф. д-р Ана Ивановска Дескова (член).

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од наставно-научната област: архитектонско проектирање (2.01.02.01), на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предвидениот рок се јави 1 (еден) кандидат: ас. д-р Теа Дамјановска.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска е родена на 26.10.1992 година во Охрид. Средно образование завршила во Основното средно училиште „Св. Климент Охридски“ во Охрид. На интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запишала во септември 2010 година, а студиите ги завршила во јуни 2017 година. Во текот на студиите, таа остварила просечен успех – 9,05, а на предметите од областа архитектонско проектирање и дизајн, нејзиниот просечен успех изнесува 9,38.

Магистерскиот труд со наслов: „Архитектонско сценарио за музеализација на стариот град во Охрид“, пријавен во рамки на темата „Архитектурата и новата музеологија: од музејска зграда до музејска територија“, под менторство на проф. д-р Мери Батакоја, успешно го одбранила во месец јуни 2017 година, со што се стекнала со стручен назив – магистер инженер архитект. Во учебната 2021/2022 година, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска се запишала на докторските студии по архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што успешно ги реализирала предвидените наставни обврски. Докторска дисертација пријавила на 10.12.2024 година (арх. бр. 1703-17/134), на Архитектонскиот факултет во Скопје, а Одлука за усвојување на извештајот за Комисијата за оценка на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд е донесена на 7.3.2025 (арх. бр. 08-6/63). Дисертацијата на тема „Архитектура и место: модернизам, регионализам и архитектурата на Охрид 1948 – 1991“ ја одбранила на 18.5.2026 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Мери Батакоја, претседател, проф. д-р Јован Ивановски, ментор, проф. д-р Марија Мано Велевска, член, проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, и проф. д-р Бојан Каранаков, член. Со тоа, по успешното завршување на докторските студии по архитектура и урбанизам, се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01).

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што поднела соодветно Уверение за познавање на англиски јазик, на ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CERF), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 26.5.2026 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1228 од 15.12.2020 година и Билтен бр. 1296 од 1.12.2023 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

2.1 Наставно-образовна дејност

Во доменот на педагошката работа, за истакнување е дека кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска има повеќегодишен ангажман на Архитектонскиот факултет во Скопје како соработник во наставата. Во учебната 2017/2018 година, таа била вклучена во реализацијата на наставата по предметите Архитектонско студио 3 и Архитектонско студио 4 на Институтот за архитектонско проектирање, а во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година била вклучена во реализацијата на наставата по предметот Урбанистичко планирање 1 при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје.

На 1 јануари 2021 година, кандидатката е избрана во соработничко звање – асистент на групата предмети Архитектонско проектирање 2 и Архитектонско студио од областа архитектонско проектирање и дизајн (20100) за време од 3 (три) години врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.11.2020 година. Во учебните 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година, таа била вклучена во реализацијата на наставата по предметите Архитектонско студио 3 и Архитектонско студио 4 на Институтот за архитектонско проектирање и во реализацијата на наставата по предметот Урбанистичко планирање 1 при Институтот за урбанизам. Во учебните 2022/2023 и 2023/2024 година, таа била вклучена во реализацијата на наставата по предметот Архитектонско проектирање 1 на Институтот за архитектонско проектирање. Во учебната 2020/2021 била вклучена во наставата на предметите Конзервација и реставрација на градителско наследство и Ревитализација на градителско наследство при Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност.

На 21 декември 2023 година, кандидатката е повторно избрана во соработничкото звање асистент од научната област архитектонско проектирање и дизајн (20100) врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет, објавен во весниците „Вечер Прес“ и „Коха“ од 5.7.2023 година. Во учебните 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 година била вклучена во реализацијата на наставата по предметите Архитектонско студио 3, Архитектонско студио 4, Архитектонските модели како проектантска алатка, Архитектонски лекции од Скопје и Архитектонски лекции од Македонија на Институтот за архитектонско проектирање. Во учебните 2022/2023 и 2023/2024 година, таа била вклучена во реализацијата на наставата по предметот Архитектонско проектирање 1 на Институтот за архитектонско проектирање.

Во рамките на наставните ангажмани, освен преку одржување на практични вежби, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска учествувала во наставата и преку предавања, методолошки објаснувања и организација на теренски посети, со што систематски ги развивала и ги унапредувала своите наставни вештини и педагошки пристапи во рамки на предметите Архитектонско студио 3, Архитектонско студио 4, Архитектонските модели како проектантска алатка и Архитектонски лекции од Македонија.

2.2 Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Научноистражувачки проекти

Во периодот од 2017 до 2026 година, кандидатката м-р Теа Дамјановска, заедно со поголем тим на истражувачи предводени од проф. д-р Јован Ивановски и проф. д-р Ана Ивановска Дескова, учествувала во следните научноистражувачки проекти:

- научноистражувачки проект: „Нови индустрии на стари локации“, проект финансиран со средства на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, 2023 година, чии резултати беа претставени во форма на јавна изложба;

- научноистражувачки проект: „Атлас на македонската модерна архитектура“, проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2022 година, финансиран од Министерството за култура на РСМ, 2022 година, чии резултати беа претставени во форма на јавна изложба;
- научноистражувачки проект: “Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality”, меѓународен проект од областа на архитектурата, финансиран од германскиот сервис за академска размена ДААД (DAAD), со учество на партнери од Техничкиот универзитет во Детмолд, Германија, Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград, Србија и Архитектонскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, 2022 година;
- научноистражувачки проект: „Улогата на жените архитекти во постземјотресната обнова на Скопје“, проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2021 година, финансиран од Амбасадата на Швајцарија во РСМ, 2021 година, чии резултати беа претставени во форма на јавна изложба;
- научноистражувачки проект: „Иднината како концепт, Доксијадис за Скопје“, меѓународен проект од областа на архитектурата, финансиран од Музејот на Град Скопје, Град Скопје и Хеленскиот институт за архитектура од Атина, Грција, 2020 година, чии резултати беа претставени во форма на јавна изложба и меѓународна публикација;
- научноистражувачки проект: „Загрозени видови“, проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2018 година, финансиран од Министерството за култура на РСМ, 2018 година, чии резултати беа претставени во форма на јавна изложба;
- научноистражувачки проект: „Скопските вертикали“, проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2017 година, финансиран од Министерството за култура на РСМ, 2017 година, чии резултати беа претставени во форма на јавна изложба и двојазична публикација.

Во рамки на делувањето на архитектонскиот колектив АРХРИД, учествувала во следниот научноистражувачки проект:

- научноистражувачки проект: „Начинот на Чипан“, проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2025 година, финансиран од Комора на архитекти и инженери и Општина Охрид, 2025 година, чии резултати беа претставени во форма на јавна изложба и двојазична публикација.

Научноистражувачки трудови

Во рамки на меѓународниот научноистражувачки проект од областа на архитектурата: “Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality”, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска учествувала во изработка на научни трудови објавени во научна/стручна публикација:

- научноистражувачки труд со оригинални научни резултати: „Approaching Extracurricular Activities for Teaching and Learning on Sustainable Rehabilitation of Mass Housing: Reporting from the Arena of Architectural Higher Education“, објавен во научно списание “Sustainability”, MDPI, кое има импакт фактор (и.ф. 3,9 за 2022 година, и.ф. 4,0 за последните 5 години), 2023 година (со група автори);
- научноистражувачки труд со оригинални научни резултати: „Rehabilitation of Mass Housing as a Contribution to Social Equality: Insights from the East-West European Academic Dialogue“, објавен во научно списание “Sustainability”, MDPI, кое има импакт фактор (и.ф. 3,9 за 2021 година, и.ф. 4,0 за последните 5 години), 2022 година (со група автори).

Во рамки на истражувањето за докторската дисертација „Архитектура и место: модернизам, регионализам и архитектурата на Охрид 1948 – 1991“, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска учествувала во изработка на научни трудови објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири:

- научноистражувачки труд со оригинални научни резултати: *Хотел „Палас“ во Охрид – олицетворение на просторниот, архитектонски и конструктивен модел на*

Модерната, објавен во Зборник на трудови на 21. Меѓународен симпозиум на ДГКМ – Градежно конструкторство – без ограничувања, 2025 година;

- научноистражувачки труд со оригинални научни резултати: „Architecture in Macedonia in the Second Half of the 20th century: The Contribution of Boris Chipan“, објавен во 10th International Academic Conference on Places and Technologies - Proceedings, 2022 година.

Дополнително, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска е коавтор и на друг рецензиран научен труд презентиран на меѓународен научен собир:

- научноистражувачки труд со оригинални научни резултати: „Health Before Profit: Civic Action and the Construction Reform in Skopje“, објавен во The Future is Resilient: Transformative Change Through Civic Engagement - book of proceedings, 2025 година.

Јавни предавања, учество на школи, конференции и симпозиуми

Во периодот од 2018 година, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска учествувала на повеќе настани и во рамки на различни активности од областа на архитектурата, меѓу кои ги издвојуваме:

- ментор на 34. сесија на меѓународната Летна школа за архитектура, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, на тема „Epigenetic La[nd]zaropole - Instructions for a conceptual artwork“, Лазарополе (гости тутори: Elisa C. Cattaneo и Lorenzo Degli Esposti), 2025 година;
- учество на меѓународна стручна конференција: „10th International Academic Conference on Places and Technologies“, Белград, 2025 година;
- ментор на 32. сесија на меѓународната Летна школа за архитектура, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, на тема „Architectural Tools for Rural Living“, Лазарополе (гостин тутор: д-р Манфредо Ди Робилант), 2023 година;
- учество на меѓународна стручна конференција „The Skopje Project“, Скопје, 2023 година;
- учесник на Третата архитектонска работилница во рамки на меѓународниот научен проект: „Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality“, насловена „Rethinking the Commons“, одржана на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2022 година;
- учество на архитектонската работилница: „Rethinking the Commons“, во рамки на меѓународниот научен проект: „Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality“, одржана на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2022 година;
- секретар и ментор на 31. сесија на меѓународната Летна школа за архитектура, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, на тема „Use and Reuse of Buildings Through Time“, Лазарополе (гостин тутор д-р Гунар Хартман), 2022 година.

Архитектонски конкурси

Во периодот од 2018 година, во тим со други колеги архитекти, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска учествувала на повеќе јавни архитектонски конкурси, меѓу кои ги издвојуваме:

- Идејно архитектонско решение за ново основно училиште во Подгорица, 2023 година;
- Идејно архитектонско решение за детска градинка „Пчелка“ во населбата Аеродром во Скопје, 2022 година;
- Идејно архитектонско решение за управна зграда за Општина Аеродром во Скопје, 2021 година;
- Идејно архитектонско решение за локалитетот на поранешната фабрика „Треска“ во Скопје, 2021 година, втора награда;
- Идејно архитектонско решение за два јавни простори во рамки на ТЦ „Бисер“ во населбата Аеродром во Скопје, 2020 година, втора награда;
- Идејно архитектонско решение за „Три летни сцени“ во рамки на Градскиот парк во Скопје, 2020 година.
- Идејно архитектонско-урбанистичко решение за парк „Универзална сала“ во населбата Центар во Скопје, 2020 година;
- Идејно урбанистичко-архитектонско решение за парк во населбата Карпош во Скопје, 2020 година, втора награда;
- Идејно архитектонско решение за паркинг за велосипеди, лоциран во рамки на Транспортниот центар во Скопје, 2020 година, прва награда и реализација;

- Идејно архитектонско решение за зоната на локалната железничка станица во Велс, Австрија, 2018 година, прва награда и реализација.

Изложбени дела

Кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска учествувала како соработник во дизајнот и реализацијата на повеќе изложбени и мултимедиски дела реализирани во повеќе национални установи од областа на културата во РСМ, помеѓу кои ги издвојуваме:

- Изложбена поставка „Начинот на Чипан”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид, 2025 година;
- Изложбена поставка „Иднината како проект, Доксијадис во Скопје”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Музеј на современата уметност, Скопје, 2023 година;
- Изложбена поставка „Скопје: нови индустрии на стари локации”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Младински културен центар, Скопје, 2023 година;
- Изложбена поставка „Атлас на македонската модерна архитектура”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Младински културен центар, Скопје, 2022 година;
- Изложбена поставка „Жените архитекти во постземјотресната обнова на Скопје”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, НУ Музеј на Македонија, Скопје, 2021 година;
- Изложбена поставка „Загрозени видови”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Природонаучен музеј на Македонија, Скопје, 2018 година;
- Изложбена поставка „Скопските вертикали”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Музеј на град Скопје, Скопје, 2018 година.

Дополнително, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска учествувала како соработник во дизајнот и реализацијата на повеќе изложбени и мултимедиски дела реализирани во меѓународни/странски институции и културни центри, вклучувајќи:

- Изложбена поставка „Жените во македонската архитектура: обновата на Скопје“, претставување на резултатите од истражувачкиот проект „Жените архитекти во постземјотресната обнова на Скопје“, Македонски културен центар во Њујорк, САД, 2025 година;
- Изложбена поставка „Страда Бруталисима”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Венециско биенале, Арсенале, Венеција, Италија, 2025 година;
- Изложбена поставка „Иднината како концепт. Доксијадис за Скопје”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Музеј Бенаки, Атина, Грција, 2018 година.

2.3 Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во периодот од 2018 година, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска го насочила својот творечки интерес и ангажман во областа на архитектонското проектирање, што може да се согледа преку мапирање на нејзиното работно искуство и нејзината разновидна проектантска активност. Во истиот период, своите проектантски знаења и вештини кандидатката ги потврдила и на меѓународниот пазар на трудот, каде што работно е ангажирана како хонорарен професионален соработник на повеќе меѓународни бироа, како „Daxaro Consulting AS“ од Консберг, Норвешка, Студио „Gordon Heuther“ од Линколн, САД, „B-Scharf Design“ од Портланд, САД и „ActGlobal“ од Остин, САД. Таа учествувала во изработка на голем број идејни архитектонски решенија и изведбена техничка документација, помеѓу кои ги издвојуваме:

- Основен архитектонски проект за нов аудиториум на Архитектонскиот факултет во Скопје (со група автори), 2021 година;
- Идејно архитектонско решение, изработка на основен проект и изведбена техничка документација за повеќесемеен станбен објект во Конгсберг, Норвешка, 2020 година;

- Идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во Сонома, Калифорнија, 2020 година:
- Идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект на ул. Аргир Маринчев, во Охрид, 2019 година.

Дејности од поширок интерес

- Студиски престој во странство на Техничкиот универзитет во Детмолд, Германија, во рамки на меѓународниот научен проект: „Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality“, финансиран од германскиот сервис за академска размена ДААД (DAAD).

- **Оценка од самоевалуација**

  Кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска, во рамки на последната постапка за самоевалуација спроведена во 2024 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Архитектонскиот факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација Рецензентската комисија заклучи дека пријавената кандидатка ас. д-р Теа Дамјановска ги исполнува и општите услови предвидени во Законот за високото образование и посебните услови за избор согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како студент на Архитектонскиот факултет во Скопје, ас. д-р Теа Дамјановска постигнала забележителен успех, а во текот на својата работа како асистент покажала висок степен на посветеност и одговорност во изведувањето на наставата на повеќе предмети од научната област архитектонско проектирање.

Периодот од 2021 до 2026 година кај кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска е особено обележан со изработката на нејзината докторска дисертација „Архитектура и место: модернизам, регионализам и архитектурата на Охрид 1948 – 1991“, преку која се истакнува нејзиниот зрел истражувачки пристап кон прашањата на архитектурата, местото и културниот идентитет. Преку систематско архивско истражување, теоретска елаборација и критичка анализа на архитектонската продукција на Охрид, кандидатката отвора значајни прашања за односот помеѓу модернизацијата, регионализмот и локалниот контекст во македонската архитектура. Нејзиниот научноистражувачки придонес е потврден и преку авторство на повеќе трудови со оригинални научни резултати објавени во референтни научни публикации, од кои 2 труда во научни списанија со фактор на влијание. Ас. д-р Теа Дамјановска активно учествувала и во повеќе меѓународни и национални научноистражувачки проекти, чии резултати биле претставени во земјата и во странство пред научна, стручна и поширока јавност.

Таа е коавтор на научноистражувачкиот и уметничкиот проект „Страда Бруталисима”, македонски национален претставник на Венециското биенале за архитектура во 2025 година.

Треба да се истакне нејзиното повеќекратно учество како ментор на меѓународната Летна школа за архитектура, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје. Дополнително, ас. д-р Теа Дамјановска е коавтор и на 10 конкурсни проекти и автор на повеќе архитектонски проекти, со што се потврдува нејзината активност и во наставната, научната и стручно-применувачката дејност.

Преку работата со студентите, посветеноста, ангажираноста и енергичното учество во бројни научноистражувачки и стручни проекти, кандидатката ас. д-р Теа Дамјановска континуирано ја потврдува својата висока оспособеност за научна и педагошка работа. Со својата непосредна и отворена комуникација, нагласена социјална интелигенција и автентична посветеност кон личното и професионалното усовршување, таа внесува нова енергија и квалитет во колективот на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека ас. д-р Теа Дамјановска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува општите и посебните услови да биде избрана во звањето доцент во научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, ас. д-р Теа Дамјановска да биде избрана во звањето доцент во научната област архитектонско проектирање (2.01.02.01).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Јован Ивановски, претседател, с.р.
Проф. д-р Мери Батакоја, член, с.р.
Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Теа Слободан Дамјановска
Институција:
Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област:
архитектонско проектирање (2.01.02.01)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: / Просечниот успех на втор циклус изнесува: / Просечниот успех изнесува 9,05 за интегрираните студии.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: архитектонско проектирање (2.01.02.01); научно потполе: архитектура (2.01.02); научно поле: градежништво (2.01); научно подрачје: инженерство и технологија (2).	ДА
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 5. Назив на научното списание: „Sustainability“, MDPI 6. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science, SCIE 7. Наслов на трудот: „Rehabilitation of Mass Housing as a Contribution to Social Equality: Insights from the East-West European Academic Dialogue“ 8. Година на објава: 2022	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.1.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: „Sustainability“, MDPI 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science, SCIE 3. Наслов на трудот: „Approaching Extracurricular Activities for Teaching and Learning on Sustainable Rehabilitation of Mass Housing: Reporting from the Arena of Architectural Higher Education“ 4. Година на објава: 2023	ДА
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: _____ 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	/
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	/
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _____	/
3.5.1	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Назив на зборникот: 10th International Academic Conference on Places and Technologies - Proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: 10th International Academic Conference on Places and Technologies 3. Имиња на земјите: Португалија, Унгарија, Романија, Австрија, Србија, Босна и Херцеговина, Турција, Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Норвешка, Италија, Хрватска, Финска, Северна Македонија 4. Наслов на трудот: „Architecture in Macedonia in the second half of the 20th century: The contribution of Boris Chipan“ 5. Година на објава: 2025	
3.5.2	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Book of Proceedings - The future is resilient: transformative change through civic engagement 2. Назив на меѓународниот собир: The Future is Resilient Conference 3. Имиња на земјите: Германија, Литванија, Кипар, Косово, Северна Македонија, Грција, Босна и Херцеговина, Швајцарија, Албанија, Словенија, Чешка, Полска, Шпанија, Србија 4. Наслов на трудот: „Health before profit: Civic action and the construction reform in Skopje“ 5. Година на објава: 2025	ДА
3.5.3	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Зборник на трудови на 21ви меѓународен симпозиум на ДГКМ 2. Назив на меѓународниот собир: 21ви меѓународен симпозиум на ДГКМ - Градежно конструкторство - без ограничувања 3. Имиња на земјите: Северна Македонија, Србија, Данска, Канада, Германија, Црна Гора, Словенија, Бугарија, САД, Хрватска 4. Наслов на трудот: *Хотел „Палас“ во Охрид – олицетворение на просторниот, архитектонски и конструктивен модел на Модерната.* 5. Година на објава: 2025	ДА
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност	/

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Наслов на преведеното капитално дело: _____ 2. Година на објава: _____ 3. Издавач, место на издавање и година: _____	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 9. Странски јазик: англиски (Ц2) 10. Назив на документот: Уверение за познавањето на англискиот јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CERF) 11. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 12. Датум на издавање на документот: 26.5.2026	ДА
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Теа Дамјановска
Институција: Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Институт за архитектонско проектирање
Научна област: архитектонско проектирање (2.01.02.01)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на вежби	**64,35**
1.	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2020/21 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
2.	Урбанистичко планирање 1 - летен семестар 2020/21 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
3.	Конзервација и реставрација на градителско наследство - летен семестар 2020/21 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
4.	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2021/22 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
5.	Урбанистичко планирање 1 - зимски семестар 2021/22 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
6.	Ревитализација на градителско наследство - зимски семестар 2021/22 (3 часа неделно - 15 недели)	1,35
7.	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2021/22 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
8.	Урбанистичко планирање 1 - летен семестар 2021/22 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
9.	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2022/23 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
10.	Архитектонско проектирање 1 - зимски семестар 2022/23 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
11.	Урбанистичко планирање 1 - зимски семестар 2022/23 (4 часа неделно - 15 недели)	1,8
12.	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2022/23 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
13.	Архитектонско проектирање 1 - летен семестар 2022/23 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
14.	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2023/24 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
15.	Архитектонско проектирање 1 - зимски семестар 2023/24 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
16.	Урбанистичко планирање 1 - зимски семестар 2023/24 (4 часа неделно - 15 недели)	1,8
17.	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2023/24 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7

18.	Архитектонско проектирање 1- летен семестар 2023/24 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
19.	Архитектонските модели како проектантска алатка - летен семестар 2023/24 (2 часа неделно - 15 недели)	0,9
20.	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2024/25 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
21.	Архитектонско проектирање 1 - зимски семестар 2024/25 (6 часа неделно - зимски семестар 15 недели)	2,7
22.	Архитектонските модели како проектантска алатка - зимски семестар 2024/25 (2 часа неделно - 15 недели)	0,9
23.	Архитектонски лекции од Македонија - зимски семестар 2024/25 (2 часа неделно - 15 недели)	0,9
24.	Архитектонско студио 4 - летен семестар 2024/25 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
25.	Архитектонско проектирање 1 - летен семестар 2024/25 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
26.	Архитектонските модели како проектантска алатка - летен семестар 2024/25 (2 часа неделно - 15 недели)	0,9
27.	Архитектонско студио 3 - зимски семестар 2025/26 (6 часа неделно - 15 недели)	2,7
28.	Архитектонски лекции од Македонија - зимски семестар 2025/26 (2 часа неделно - 15 недели)	0,9
29.	Архитектонски лекции од Скопје - зимски семестар 2025/26 (2 часа неделно - 15 недели)	0,9
	Настава во школи и работилници	**4**
30.	Ментор на 31. сесија на Меѓународната летна школа за архитектура, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, Лазарополе, 2022 година: „The Use and Reuse of Buildings through Time“ со Gunnar Hartman	1
31.	Учесник на Третата архитектонска работилница, во рамки на меѓународниот научен проект: „Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality“, насловена „Rethinking the Commons“, одржана на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2022 година, со проф. д-р Јован Ивановски и проф. д-р Ана Ивановска Дескова	1
32.	Ментор на 32. сесија на Меѓународната летна школа за архитектура, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, Лазарополе, 2023 година: „Архитектонски алатки за рурално живеење“ со Manfredo di Robilant	1
33.	Ментор на 34. сесија на Меѓународната летна школа за архитектура во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, Лазарополе, 2025 година: „Epigenetic La[nd]zaropole - Instructions for a conceptual artwork“ со Elisa C. Cattaneo и Lorenzo Degli Esposti	1
	Вкупно	**68,35**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Национални научни проекти:	**15**
1.	Учество во национален научноистражувачки проект: „За вертикалноста како концепт“, финансиран од Министерството за култура на РМ, 2018 година	3
2.	Учесник во национален научноистражувачки проект: „Загрозени видови“, финансиран од Министерството за култура на РМ, 2018 година	3
3.	Учесник во национален научноистражувачки проект: „Улогата на жените архитекти во постземјотресната обнова на Скопје“, финансиран од Амбасадата на Швајцарија во РМ, 2021 година	3
4.	Учесник во национален научноистражувачки проект: „Атлас на македонската модерна архитектура“, финансиран од Министерството за култура на РМ, 2022 година	3
5.	Учесник во национален научноистражувачки проект: „Нови индустрии на стари локации“, финансиран со средства на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2023 година	3
	Меѓународни научни проекти:	**20**
6.	Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: „The Future as a Project, Doxiadis in Skopje“, финансиран од Хеленскиот институт за архитектура од Атина, Грција, Министерството за култура на РМ, Музејот „Бенаки“ од Атина, Грција и Музејот на град Скопје, 2018 година	5
7.	Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: „Rehabilitation of Mass Housing Neighbourhoods as a Tool for Social Equality“, финансиран од германскиот сервис за академска размена ДААД (DAAD), 2022 година	5
8.	Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: „FOMA_Forgotten Masterpieces“, финансиран од страна на Креативна Европа (Creative Europe), 2022 – 2023 година	5
9.	Учесник во меѓународен научноистражувачки проект: „The Future as a Project, Doxiadis in Skopje“, финансиран од Министерството за култура на РС Македонија и Амбасадата на Република Грција, 2023 – 2024 година	5
	Објавени научни трудови:	**31,4**
10.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор (и.ф. 3,9 за 2022, и.ф. 4,0 за последните 5 години, индексирано во Scopus и Web of Science): „Rehabilitation of Mass Housing as a Contribution to Social Equality: Insights from the East-West European Academic Dialogue“, Sustainability 14(13):8106, July 2022, DOI: 10.3390/su14138106 (со група автори / 60%x8=4,8+и.ф.3,9=8,7)	8,7
11.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор (и.ф. 3,9 за 2023, и.ф. 4,0 за последните 5 години, индексирано во Scopus и Web of Science): „Approaching Extracurricular Activities for Teaching and Learning on	8,7

	Sustainable Rehabilitation of Mass Housing: Reporting from the Arena of Architectural Higher Education“, Sustainability 15(3):2476, January 2023, DOI: 10.3390/su15032476 (со група автори / 60%x8=4,8+и.ф.3,9=8,7)	
12.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: „Architecture in Macedonia in the Second Half of the 20th century: The Contribution of Boris Chipan“, 10th International Academic Conference on Places and Technologies - Proceedings, May 2025, DOI:10.18485/arh_pt.2025.10.ch66	5
13.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: *Хотел „Палас“ во Охрид – олицетворение на просторниот, архитектонски и конструктивен модел на Модерната*, Зборник на трудови – 21. Меѓународен симпозиум на ДГКМ – Градежно конструкторство – без ограничувања, септември 2025 година.	5
14.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: „Health Before Profit: Civic Action and the Construction Reform in Skopje“, The Future is Resilient: Transformative Change Through Civic Engagement - book of proceedings, март 2025 година (со двајца ко-автори / 80% x 5 = 4)	4
	Учество на научен/стручен собир со реферат	**2**
15.	Научен/стручен собир City Street 6 - Architecture as Infrastructure: Toward Sustainable, Inclusive and Beautiful City Streets во Скопје, 24 – 27 септември 2024 година, усна презентација на трудот: „From Shoreline to Street: Ohrid Lakefront’s Urban and Social Transformation“	1
16.	Научен/стручен собир 10th International Academic Conference on Places and Technologies во Белград, 22 – 23 мај 2025 година, усна презентација на трудот: „Architecture in Macedonia in the Second Half of the 20th century: The Contribution of Boris Chipan“	1
	Вкупно	**68,4**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Јавно претставено дело од областа на архитектурата и урбанизмот, во облик признат од струката:	**56**
1.	„Скопските вертикали“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Музеј на град Скопје, Скопје, 2018	8

	година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Михајло Стојановски)	
2.	„Загрозени видови“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Природонаучен музеј на Македонија, Скопје, 2018 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Михајло Стојановски)	8
3.	„Жените архитекти во постземјотресната обнова на Скопје“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, НУ Музеј на Македонија, Скопје, 2021 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Михајло Стојановски)	8
4.	„Атлас на македонската модерна архитектура“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Младински културен центар, Скопје, 2022 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Михајло Стојановски)	8
5.	„Скопје: нови индустрии на стари локации“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Младински културен центар, Скопје, 2023 година (со Горан Мицковски, Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Димитар Крстевски и Михајло Стојановски)	8
6.	„Иднината како проект, Доксијадис во Скопје“ (The Future as a Project, Doxiadis in Skopje), јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Музеј на современата уметност, Скопје, септември 2023 – април 2024 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Михајло Стојановски)	8
7.	„Начинот на Чипан“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид, 2025 година (со Стефан Назифоски, Симона Чингоска, Иво Лазароски, Филип Спасески, Стефан Жупан, Ева Зовиќ, Анастасија Ристеска)	8
	Учество на светска архитектонска и урбанистичка манифестација со национално претставување:	**24**
8.	„Иднината како концепт, Доксијадис за Скопје“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Музеј Бенаки, Атина, Грција. декември 2018 година; (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Михајло Стојановски)	8
9.	„Страда Бруталисима“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Венециско биенале, Арсенале, Венеција, мај – ноември 2025 година (со Благоја Бајкоски, Ана Рафаиловска, Невенка Манчева-Аџиевска, Марија Антиќ-Николова и Михајло Стојановски)	8
10.	„Жените во македонската архитектура: обновата на Скопје“, јавно претставен истражувачки труд/дело од областа на архитектурата, Македонски културен центар во Њујорк, САД, август 2025 година (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков и Михајло Стојановски)	8

	Наградено учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс:	**24**
11.	Првонаграден конкурсен урбанистичко-архитектонски проект за локална железничка станица во Велс, Австрија, 2018 година (со група автори)	4
12.	Првонаграден конкурсен архитектонски проект за паркинг за велосипеди во рамки на Транспортниот центар во Скопје, 2020 година (со група автори)	4
13.	Второнаграден прворангиран конкурсен урбанистичко-архитектонски проект за парк во населбата Карпош во Скопје, 2020 година (со група автори)	4
14.	Третонаграден конкурсен урбанистичко-архитектонски проект за парк „Универзална сала“ во Скопје, 2020 година (со група автори)	4
15.	Второнаграден конкурсен урбанистичко-архитектонски проект за јавен простор „Бисер“ во населбата Аеродром во Скопје, 2020 година (со група автори)	4
16.	Второнаграден прворангиран конкурсен урбанистичко-архитектонски проект за локалитетот на поранешната фабрика Треска во Скопје, 2021 година (со група автори)	4
	Учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс:	**8**
17.	Архитектонско-урбанистички проект за три летни сцени во Градски парк во Скопје, 2020 година (со група автори)	2
18.	Архитектонско-урбанистички проект за управна зграда на Општина Аеродром во Скопје, 2021 година (со група автори)	2
19.	Архитектонско-урбанистички проект за детска градинка „Пчелка“ во населбата Аеродром во Скопје, 2022 година (со група автори)	2
20.	Архитектонско-урбанистички проект за ново основно училиште во Подгорица, 2023 година (со група автори)	2
	Вкупно	**112**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Р.б	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Поглавје во книга:	**6**
1.	Автор на поглавје „Стара градска архитектура“, во рамки на книгата „Начинот на Чипан“, Здружение охридски архитектонски колектив АРХРИД, 2025 година	3
2.	Автор на поглавје „Просторен и временски контекст на феријалното одморалиште“, во рамки на книгата „Начинот на Чипан“, Здружение охридски архитектонски колектив АРХРИД, 2025 година	3
	Член на меѓународна жири-комисија:	**2**
3.	Меѓународна жири-комисија за студентски архитектонски конкурс: „Unesco Ancient Theatre”, организиран од страна на TerraViva Competitions, 2025 година	2
	Основен архитектонски проект:	**4**
4.	Учесник во изработка на основен архитектонски проект за повеќесемеен станбен објект во Конгсберг, Норвешка, 2020 година (надворешен соработник во Daxaro Consulting AS)	2

5.	Учесник во изработка на основен архитектонски проект за нов аудиториум на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2021 година (со група автори)	2
	Идеен архитектонски проект:	**2**
6,	Учесник во изработка на идеен архитектонски проект за објект за индивидуално домување на ул. „Аргир Маринчев“, Охрид, 2019 година (со група автори)	1
7.	Учесник во изработка на идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект во Сонома, Калифорнија, 2020 година (надворешен соработник во B Scharf Design)	1
	Дела од архитектонска визуелизација, мултимедиски и графички дизајн:	**10**
8.	Графичко уредување на зборник на апстракти, програма и постер за годишна конференција на докторските студии по архитектура и урбанизам, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 (10x1)	10
	Вкупно	**24**
Дејности од поширок интерес		
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир:	**1**
1.	City Street 6 во организиција на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 25 – 27 септември, 2024 година	1
	Студиски престој во странство до 3 месеци:	**0,5**
2.	Меѓународна мобилност на Техничкиот универзитет Оствестфален-Липе (TH OWL) – Универзитет за применети науки и уметности, Детмолд, Германија, 2023 година	0,5
	Член на факултетска комисија:	**2,5**
3.	Комисија за опис и попис на архивската граѓа за 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 година (5x0,5)	2,5
	Вкупно	**4**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**68,35**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА + СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**68,4+112= 180,4**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**24**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**4**
Вкупно	**276,75**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Јован Ивановски, претседател, с.р.
Проф. д-р Мери Батакоја, член, с.р.
Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД: НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ – 2. ИНЖЕНЕРСТВО И ТЕХНОЛОГИЈА, НАУЧНО ПОЛЕ- 2.11. ДРУГО (ОСТАНАТО) ИНЖЕНЕРСТВО И ТЕХНОЛОГИИ; НАУЧНО ПОТПОЛЕ- 2.11.01 УРБАНИЗАМ; НАУЧНА ОБЛАСТ – 2.11.01.01 УРБАНИСТИЧКО И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА УРБАНИЗАМ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечерпрес“ од 28.5.2026 година и „Коха“ од 29.5.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од: научно подрачје – 2. инженерство и технологија, научно поле- 2.11. друго (останато) инженерство и технологии; научно потполе - 2.11.01 урбанизам; научна област – 2.11.01.01 урбанистичко и просторно планирање, на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/111, донесена на 8.6.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Дивна Пенчиќ (претседател), проф. д-р Слободан Велевски (член) и доц. д-р Благоја Бајковски (член).

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од научно подрачје – 2. инженерство и технологија, научно поле – 2.11. друго (останато) инженерство и технологии; научно потполе – 2.11.01 урбанизам; научна област – 2.11.01.01 урбанистичко и просторно планирање на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предвидениот рок се пријавија два кандидата, д-р Ана Рафаиловска и д-р Жаклина Ангеловска.

ИЗВЕШТАЈ ЗА КАДИДАТКАТА Д-Р АНА РАФАИЛОВСКА

1 Биографски податоци и образование

V	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	
1	„Retrofitting [Industrial] Ecologies“ 1st Open-Air Cities International Conference Local & Regional Sustainable Development and Urban Reconstruction	3.00

	Harokopio University of Athens, Грција (2024) коавтор, заедно со М. Мано Велевска, Б. Бајковски, Г. Мицковски, И. Арсовски, С. Велевски https://sdct-journal.com/index.php/2015-10-18-22-23-19/2024-volume-2-b/536-retrofitting-industrial-ecologies	
2	„Adaptive Reuse vs Urban Renewal Approach of Abandoned Industrial Locations - A Case Study of Slavija Warehouse Location in Skopje, Republic of North Macedonia“ 1st Open-Air Cities International Conference Local & Regional Sustainable Development and Urban Reconstruction Harokopio University of Athens, Грција (2024) коавтор, заедно со Г. Мицковски, И. Арсовски https://sdct-journal.com/index.php/2015-10-18-22-23-19/2024-volume-1-c/524-adaptive-reuse-vs-urban-renewal-approach-of-abandoned-industrial-locations-a-case-study-of-slavija-warehouse-location-in-skopje-republic-of-north-macedonia	4.00
3	„Understanding Public Space Dynamics in Mass Housing Neighborhoods: the Case of Kapishtec, Skopje“DOCONF2025 / FACING POST-SOCIALIST URBAN HERITAGE, CONFERENCE PROCEEDINGDepartment of Urban Planning and Design Faculty of Architecture , Budapest University of Technology and Economics(2025)коавтор, заедно со Е. Андоноваhttps://doconf.architect.bme.hu/doconf2025-proceedings/	4.50
4	„Open Public Spaces Have No Alternative in Socially Interactive and Vibrant Environments: Two Naratives from Skopje“ Keeping Up with Technologies to Shape Joyful Cities, International Academic Conference on Places and Technologies University of Belgrade — Faculty of Architecture (2025) коавтор, заедно со Ј. Сиљаноска chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://raf.arh.bg.ac.rs/bitstream/handle/123456789/3032/bitstream_10993.pdf?sequence=1	4.50
VI	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно популарно списание**	
1	„Пишување архитектура. Релации помеѓу архитектурата и литературата“ Културен живот 1-2/2023, Скопје (2023) коавтор, заедно со Б. Бајковски	2.70
VII	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно-популарно списание**	

1	„Летна школа 2025: Епигенетско Лазарополе – упатства за концептуално уметничко дело“ Порта 3 бр.265, Биропрес ДОО Скопје (2025) https://www.porta3.mk/letna-shkola-2025-epigenetsko-lazaropole-upatstva-za-konceptualno-umetnichko-delo/	2.00
2	„ПЛЕТ-Обид за надополнување на културниот архипелаг на градот“ Порта 3 бр.265, Биропрес ДОО Скопје (2018) коавтор, заедно со Б. Бајковски https://www.porta3.mk/plet-obid-za-nadopolnuvanje-na-kulturniot-arhipelag-na-gradot/	1.80
VIII	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно-популарно списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**	
1	„Brutally Fractured Patterns“ Пишан труд во монографија: 99 Files. Balkan Brutalism #Skopje МСУ, Скопје (2019) коавтор, заедно со Д. Самарџиев	2.70
2	„Brutally Fractured Patterns“ Графички труд во монографија: 99 Files. Balkan Brutalism #Skopje МСУ, Скопје (2019)	3.00
IX	**Рецензија на научен/стручен труд**	
1	Рецензент на 5 научни труда за “The Future is Resilient: Transformative Change through Civic Engagement” Conference and book of abstracts & proceedings in Skopje, 2025	1.00
X	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
1	„Skopje Solidarity 2.0“ „COST - CA18126 Writing Urban Places. New Narratives of the European City“, меѓународен проект во рамките на COST-програмата на ЕУ (2019 – 2023), работилница „Skopje Brutalism Trail“, Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје (09.2022)	3
2	„Skopje, the city of Solidarity“ „COST - CA18204 - Dynamics of placemaking and digitization in Europe´s cities (DOPMADE)“, меѓународен проект во рамките на COST-програмата на ЕУ (2019 – 2023), Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје (09.2023)	3
3	„From Ottoman Mahalas to Modernism: Skopje’s Residential Evolution Across Four Turning Points“ МЕЃУНАРОДЕН ПРОЕКТ „TNE_SULIEIA“ Med_ASA Mediterranean Advanced School of	3

	Architecture Програма TNE – Транснационални едукативни иницијативи TEMA: “Space–Soil: Designing for Risk in Public Space” Архитектонски факултет-Скопје, УКИМ, Скопје (12.2025)	
XI	**Учество на научен/стручен собир со реферат** (усна презентација)	
1	5th Architecture Student Congress (ASC) „Urban Recycling", студентски конгрес со работилници и изложби во Белград, Србија, 2006 година	1.00
2	6th Architecture Student Congress (ASC) „City in Transition", студентски конгрес со работилници и изложби во Загреб, Хрватска. 2007 година	1.00
3	„From Collective to Contemporary Liveable Space: Reading the Residential Estates from The Second Half of the XX Century – Narratives from Yugoslavia“ „Годишна конференција“, во рамките на програмата за трет циклус студии (II семестар) при УКИМ, Скопје Архитектонски факултет-Скопје, УКИМ, Скопје (05.2022)	1.00
4	„Is the process of deterioration of collective open spaces in mass housing complexes from the second half of the XX reversible? Two narratives from Skopje, N. Macedonia“ Seminar Lieux et Enjeux, Evolution of Collective Spaces in Mass Housing ENSA Paris-Val de Siene, Париз, Франција (03.2022) https://www.crh.archi.fr/IMG/pdf/lieux_et_enjeux_mcmh_eu_mars.pdf	1.00
5	„Can ‘commoning’ recompose the publicness of the neighborhood unit? Repository of places for social practices - mass housing estates of Skopje from the 70s of the XXth century“ Seminar Lieux et Enjeux, Social recompositions of Mass Housing European Stories ENSA Paris-Val de Siene, Париз, Франција (06.2023) https://www.crh.archi.fr/IMG/pdf/l_e_ca18137_26_27-06-23v1.pdf	1.00
6	„Од колективен до живото-приемчив простор, читање на станбените населби од втората половина на XX век, наративи од Скопје и Љубљана“ „Годишна конференција“, во рамките на програмата за трет циклус студии (IV семестар) при УКИМ, Скопје Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје (12.2023)	1.00
7	„Retrofitting [Industrial] Ecologies“ 1st Open-Air Cities International Conference Local & Regional Sustainable Development and Urban	1.00

	Reconstruction Harokopio University of Athens, Грција (2024) https://www.openaircities.org/wp-content/uploads/2024/03/PROGRAMME-1st-Open-Air-Cities-International-Conference.pdf	
8	„Adaptive Reuse vs Urban Renewal Approach of Abandoned Industrial Locations - A Case Study of Slavija Warehouse Location in Skopje, Republic of North Macedonia“ 1st Open-Air Cities International Conference Local & Regional Sustainable Development and Urban Reconstruction Harokopio University of Athens, Грција (2024) https://www.openaircities.org/wp-content/uploads/2024/03/PROGRAMME-1st-Open-Air-Cities-International-Conference.pdf	1.00
9	„Understanding Public Space Dynamics in Mass Housing Neighborhoods: the Case of Kapishtec, Skopje“ DOCONF2025 / FACING POST-SOCIALIST URBAN HERITAGE, CONFERENCE PROCEEDING Department of Urban Planning and Design Faculty of Architecture , BME (10.2025) https://doconf.architect.bme.hu/programme-2025/	1.00
10	„Од колективен до современ животоприемчив простор: Обликовен тип и епистемолошка основа во анализата на станбени ансамбли од Скопје“ „Годишна конференција“, во рамките на програмата за трет циклус студии (VI семестар) при УКИМ, Скопје Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје (12.2025)	1.00
11	„Open Public Spaces Have No Alternative in Socially Interactive and Vibrant Environments: Two Naratives from Skopje“ Keeping Up with Technologies to Shape Joyful Cities, International Academic Conference on Places and Technologies University of Belgrade — Faculty of Architecture (05.2025) chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://raf.arh.bg.ac.rs/bitstream/id/11407/PS_PT2025_Book_of_Proceedings.pdf	1.00
12	„How everyday Spaces influence Community Resilience: a comparative Evaluation of three Case Studies in Skopje“ UPRUN Conference on Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighborhoods, Dortmund (03.2026) chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://resilient-neighborhoods.eu/wp-	1.00

	content/uploads/2026/03/Book-of-Abstracts-UPRUN-Conference-2026-.pdf	
XII	**Апстракти објавени во зборник на конференција**	
1	„Is the process of deterioration of collective open spaces in mass housing complexes from the second half of the XX reversible? Two narratives from Skopje, N. Macedonia“ Seminar Lieux et Enjeux, Evolution of Collective Spaces in Mass Housing ENSA Paris-Val de Siene, Париз, Франција (03.2022) https://www.crh.archi.fr/IMG/pdf/lieux_et_enjeux_mcmh_eu_mars.pdf	1.00
2	„From Collective to Contemporary Liveable Space: Reading the Residential Estates from The Second Half of the XX Century – Narratives from Yugoslavia“ „Годишна конференција“, во рамките на програмата за трет циклус студии (II семестар) при УКИМ, Скопје Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје (05.2022)	0.50
3	„Can ‘commoning’ recompose the publicness of the neighborhood unit? Repository of places for social practices - mass housing estates of Skopje from the 70s of the XXth century“ Seminar Lieux et Enjeux, Social recompositions of Mass Housing European Stories ENSA Paris-Val de Siene, Париз, Франција (06.2023) https://www.crh.archi.fr/IMG/pdf/l_e_ca18137_26_27-06-23v1.pdf	1.00
4	„Од колективен до живото-приемчив простор, читање на станбените населби од втората половина на XX век, наративи од Скопје и Љубљана“ „Годишна конференција“, во рамките на програмата за трет циклус студии (IV семестар) при УКИМ, Скопје Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје (12.2023)	0.50
5	„Retrofitting [Industrial] Ecologies“ 1st Open-Air Cities International Conference Local & Regional Sustainable Development and Urban Reconstruction Harokopio University of Athens, Грција (2024) коавтор, заедно со М. Мано Велевска, Б. Бајковски, Г. Мицковски, И. Арсовски, С. Велевски	1.00
6	„Adaptive Reuse vs Urban Renewal Approach of Abandoned Industrial Locations - A Case Study of Slavija Warehouse Location in Skopje, Republic of North Macedonia“ 1st Open-Air Cities International Conference Local & Regional Sustainable Development and Urban Reconstruction	1.00

	Harokopio University of Athens, Грција (2024) коавтор, заедно со Г. Мицковски, И. Арсовски	
7	„Од колективен до современ животоприемчив простор: Обликовен тип и епистемиолошка основа во анализата на станбени ансамбли од Скопје“ „Годишна конференција“, во рамките на програмата за трет циклус студии (VI семестар) при УКИМ, Скопје Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје (12.2025)	0.50
8	„Can ‘commoning’ recompose the publicness of the neighborhood unit, thus making it resilient? Repository of discontinuous spatial practices in Skopje“ Tenth International Multimedia Event „On Architecture — SHAPING THE CITY THROUGH ARCHITECTURE“ STRAND – Sustainable Urban Society Association, Belgrade, Serbia (2024) https://www.strand.rs/2024-book-abstracts/	1.00
9	„Open Public Spaces Have No Alternative in Socially Interactive and Vibrant Environments: Two Naratives from Skopje“ Keeping Up with Technologies to Shape Joyful Cities, International Academic Conference on Places and Technologies University of Belgrade — Faculty of Architecture (05.2025) chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://raf.arh.bg.ac.rs/bitstream/handle/123456789/2967/ilovepdf_merged_organized.pdf?sequence=1&isAllowed=y	1.00
10	„From Reactive to Proactive Citizenship: Data-Driven Approach for Re-Evaluatingpublic Space Design in Skopje“ The Future is Resilient: Transformative Change through Civic Engagement Conference, Skopje, RNM „Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighborhoods. Transformative Change through Civic Engagement“, Erasmus + (03.2025) https://resilient-neighborhoods.eu/wp-content/uploads/2025/04/Book-of-abstracts-The-future-is-resilient-Transformative-change-through-civic-engagement.pdf	1.00
11	„Non-linear Urban Dynamics: Skopje’s East-West Axis as a Nexus of Urban Transformation“ 7th ISUFitaly International Conference (02.2026) https://www.isufitaly.it/book-of-abstracts-7th-isufitaly-international-conference/?fbclid=IwY2xjawSGg7VleHRuA2FlbQIxMABicmlkETFrb0REZXJIcW45YmlIVmtzc3J0YwZhcHBfaWQQMjIyMDM5MTc4ODIwMDg5MgABHiSDSITOTr	1.00

	0GilWV68rzFFcluyTYfMtnm1WzGBHaAOxj1ma2CCh MFoetUEiR_aem_47xGu3W4ROpoYt9qOpQUiA	
12	„How everyday Spaces influence Community Resilience: a comparative Evaluation of three Case Studies in Skopje“ UPRUN Conference on Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighborhoods, Dortmund (03.2026) https://resilient-neighborhoods.eu/wp-content/uploads/2026/03/Book-of-Abstracts-UPRUN-Conference-2026-.pdf	1.00
	Вкупно	95.20

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
I	**Учество на светска архитектонска и урбанистичка манифестација со национално претставување**	
1	„NOW“, National pavilion of N. Macedonia 17th International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia (2021) Authors: Bekir Ademi, Ana Rafailovska, Ivana Chaloska, Jordan Shishovski, Enis Abovski, Enes Sever, Amine Ademi, Atanas Naumovski et all.	8.00
2	„Retrofitting [Industrial] Ecologies“, National pavilion of Egypt „NiLab. Nile as Laboratory“ 18th International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia (2023) Curators: Ahmed Sami Abd Elrahman, Marina Tornatora, Ottavio Amaro, Moataz Samir, Ghada Farouk Hassan Co-authors: Blagoja Bajkovski, Slobodan Velevski, Marija Mano Velevska, Goran Mickovski, Ana Rafailovska et all.	8.00
3	„STRADA BRUTALISSIMA“, National pavilion of N. Macedonia 19th International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia (2025) Authors: Blagoja Bajkovski, Ana Rafailovska, Nevenka Mancheva Adjievska, Marija Antikj Nikolova, Mihajlo Stojanovski, Tea Damjanovska, Meri Batakoja	8.00
II	**Наградено учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс**	
1	Конкурсен труд за идејно архитектонско ребликување на просторот на Мала станица „ПЛЕТ“ (2-ро место) НГМ, Мала станица, Скопје (2017) (ко-автор со Б. Бајковски)	4.00
2	Конкурсен труд за архитектонско-урбанистичко решение за уредување на ридот Кале „МОДУЛ“ (1-во место) МСУ, Скопје (2019)	4.00

	(коавтор со Н. Манчева Аџиевска, М. Антиќ Николова, Л. Ристовска)	
3	Студентски проект, „Time Capsule“Меѓународна летна школа OC-Open City -From Landscape to Exterior Design на тема „Nature in the City“, во организација на Политехничкиот факултет во Милано, со седиште во Пјаченца (Politecnico di Milano, Piacenza) (1-во место) Кампус Арата, Пјаченца, Италија(2013)(коавтор со група автори)	4.00
4	Студентски проект „Македонска филхармонија во Скопје“ Биенале на студентите по архитектура БИСТА Музеј на Град Скопје, Скопје (2006) (коавтор со Б. Бајковски, Д. Момировски, А. Петровски)	4.00
III	**Урбанистичко решение за простор од градско значење**	
1	Варијанта (заедничка со вториот 1-во награден труд) за архитектонско-урбанистичко решение за уредување на ридот Кале МСУ, Скопје (2019) (коавтор со Н. Манчева Аџиевска, М. Антиќ Николова, Л. Ристовска и др.)	4.00
IV	**Куратор на изложба од областа на архитектурата и урбанизмот**	
1	„30 години од доделувањето на наградата од БИМАС '93 за архитектонска реализација на објектот ДТЦ Мавровка“ БИМАС 2023, НГМ, Мала станица, Скопје (10. 2023)	2.00
2	Интегративното студио: „Вертикална фабрика“ БИСТА, изложба од зимски семестар 2022/2023, МСУ, Скопје, (09.2023)	2.00
3	Урбанистичко студио 8-4: „Да почнеме од зеленилото, зеленилото како генерички елемент во урбанистичкото планирање“ ИАС23, изложба од летниот семестар 2023/2024 на Архитектонски факултет-Скопје при УКИМ во Скопје (06.2024)	2.00
4	„Здравко Рафаиловски, добитник на наградата Андреа Дамјанов“ МАНУ, Скопје (02.2024)	2.00
5	„Епигенетско Лазарополе“БИСТА, изложба од 34. сесија на Меѓународната летна школа за архитектура во МСУ, Скопје(октомври, 2025 година)	2.00
V	**Изведен архитектонски проект**	
1	Станбена зграда 1, Ново Лисиче, Скопје, 2012 (коавтор со Б. Бајковски)	6.00
2	Станбена зграда 2, Ново Лисиче, Скопје, 2012 (коавтор со Б. Бајковски)	6.00
3	Станбена зграда 3, Ново Лисиче, Скопје, 2012 (коавтор со Б. Бајковски)	6.00
4	Ателје со градина, ул.Бојмија, Аеродром, Скопје, 2017	6.00

5	Станбено-деловен објект, ул.Корушка, Влае, Скопје, 2017 (коавтор со З. Рафаиловски)	6.00
6	Станбен објект, Водно, Скопје, 2019 (коавтор со З. Рафаиловски)	6.00
7	Станбен објект, Мралино, Скопје, 2020	6.00
8	Општествена градина Бостание, Н. Лисиче, Скопје, 2022 (коавтор со Л. Ристовска, Д. Самарџиев)	6.00
9	Станбен објект, Чучер Сандево, Скопје, 2024	6.00
VI	**Идејно архитектонско решение**	
1	Проектант: Општинска зграда во Аеродром, Скопје, 2012 (коавтор со Б. Бајковски, С. Јанакиевски)	4.00
2	Проектант: Типски затворен пливачки базен во Крушево/Охрид, 2012 (коавтор со Б. Бајковски, С. Јанакиевски)	4.00
3	Проектант: Станбено-деловен објект на Водњанска, 2012 (коавтор со Б. Бајковски, С. Јанакиевски)	4.00
4	Проектант: Станбено-деловен објект во Кратово, 2022 (коавтор со Б. Бајковски)	4.00
VII	**Групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела**	
1	Студентски проект „Комплекс семејни куќи“ Биенале на студентите по архитектура БИСТА Музеј на Град Скопје, Скопје (2006)	2.00
2	Студентски проект „Македонска филхармонија во Скопје“ Биенале на студентите по архитектура БИСТА Музеј на Град Скопје, Скопје (2006)	2.00
3	Студентски проект „Think Belt_Студентско домување“ Биенале на студентите по архитектура БИСТА Музеј на Град Скопје, Скопје (2008)	2.00
4	Студентски проект „Архитектонско и урбано обликување на културни патеки во Старата скопска чаршија“ Работилница „Архитектонско и урбано обликување на културни патеки во Старата скопска чаршија“, во организација на Архитектонски факултет – Скопје, во соработка со Италијанска амбасада НГМ, Мала станица, Скопје (2009)	2.00
5	Студентски проект „Железничка колонија_Прототип на станбен блок во Скопје“ Биенале на студентите по архитектура БИСТА НГМ, Мала станица, Скопје (2010)	2.00
6	Студентски проект, „Time Capsule“ Меѓународна летна школа OC-Open City -From Landscape to Exterior Design на тема „Nature in the City“, во организација на Политехничкиот факултет во Милано, со седиште во Пјаченца (Politecnico di	2.00

	Milano, Piacenza) Кампус Арата, Пјаченца, Италија (2013)	
7	Конкурсен труд за идејно архитектонско реобликување на просторот на Мала станица „ПЛЕТ“ НГМ, Мала станица, Скопје (2017)	2.00
8	„AA3“, Конкурсен труд за идејно архитектонско реобликување на просторот на Мала станица „ПЛЕТ“ XIX БИМАС: БАУКУЛТУР, ААМ Музеј на Град Скопје, Скопје (2018)	2.00
9	„AA1“, Проект за ателје со градина XIX БИМАС: БАУКУЛТУР, ААМ Музеј на Град Скопје, Скопје (2018)	2.00
10	„AA2“, Проект за станбено-деловен објект XIX БИМАС: БАУКУЛТУР, ААМ Музеј на Град Скопје, Скопје (2018)	2.00
11	„Brutally Fractured Patterns“ Пишан труд, изложба 99 Files. Balkan Brutalism #Skopje МСУ, Скопје (2018)	2.00
12	„Brutally Fractured Patterns“ Графички труд, изложба 99 Files. Balkan Brutalism #Skopje МСУ, Скопје (2018)	2.00
13	Конкурсен труд за архитектонско-урбанистичко решение за уредување на ридот Кале „МОДУЛ“ МСУ, Скопје (2019)	2.00
14	„Hiedanranta Collecta“ Изложба во рамките на интернационална работилница „Narrating Hiedanranta: Stories of Objects and Subjects of Urban Places“, Тампере, Финска, во рамки на меѓународен научен проект: CA18126 Writing Urban Places. New Narratives of the European City, COST (2022)	2.00
VIII	**Целосно ликовно и графичко обликување на монографски публикации и авторски книги за домашни издавачи (како автор).**	
1	„Здравко Рафаиловски, архитектонски дела“ (2022)	3.00
	Вкупно	155.00

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
I	**Стручна монографија**	
1	Алатки за евалуација на јавни простори, преглед на јавни простори и студии на случај - Скопје (2018-2023) (11.2023) (ко-автор со М. Докузова, П. Вељановски) chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://eden.org.mk/wp-content/uploads/2024/01/Publication-A5-WEB.pdf	8.00

2	„Здравко Рафаиловски, архитектонски дела“ финансирана од Министерството за култура на РС Македонија (2022)	8.00
II	**Учество во промотивни активности на Факултетот**	
1	Учество во промотивни активности на Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ (изложби 6 x 0,5) - ИАС21, изложба од Интегративното студио: Вертикална фабрика , од зимски семестар 2022/2023, на Архитектонски факултет – Скопје при УКИМ во Скопје, февруари 2023 година; - Изложба од Интегративното студио: Вертикална фабрика , од зимски семестар 2022/2023, на Архитектонски факултет – Скопје при УКИМ во Скопје, во рамките на БИСТА, октомври 2023 година; - ИАС23, изложба од Урбанистичко студио 8-4: Да почнеме од зеленилото, зеленилото како генерички елемент во урбанистичкото планирање, од летниот семестар 2023/2024 на Архитектонски факултет – Скопје при УКИМ во Скопје, јуни 2024 година; - Изложба од 32. сесија на Меѓународната летна школа за архитектура на Архитектонски факултет – Скопје при УКИМ во Лазарополе, јули 2023 година - Изложба од 34. сесија на Меѓународната летна школа за архитектура на Архитектонски факултет – Скопје при УКИМ во Лазарополе, јули 2025 година - Изложба од 34. сесија на Меѓународната летна школа за архитектура во МСУ, рамките на БИСТА, Скопје, октомври 2025 година	3.00
III	**Објавено дело во каталог од национална ликовна манифестација**	
1	Каталог „NOW“, National pavilion of N. Macedonia 17th International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia (2021) Editors: Bekir Ademi, Ana Rafailovska, Ivana Chaloska Authors: Bekir Ademi, Ana Rafailovska, Ivana Chaloska, Jordan Shishovski, Enis Abovski, Enes Sever, Amine Ademi, Atanas Naumovski et all.	1.00
2	Каталог „STRADA BRUTALISSIMA“, National pavilion of N. Macedonia 19th International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia (2025) Editor: Blagoja Bajkovski Authors: Blagoja Bajkovski, Ana Rafailovska, Nevenka Mancheva Adjievska, Marija Antikj Nikolova, Mihajlo Stojanovski, Tea Damjanovska, Meri Batakoja	1.00
3	„АА3“, Конкурсен труд за идејно архитектонско реобликување на просторот на Мала станица „ПЛЕТ“XIX БИМАС: БАУКУЛТУР, ААМ (2018)	1.00
4	„АА1“, Проект за ателје со градина XIX БИМАС: БАУКУЛТУР, ААМ (2018)	1.00

5	„AA2“, Проект за станбено-деловен објект XIX БИМАС: БАУКУЛТУР, ААМ (2018)	1.00
IV	**Објавено дело во каталог од меѓународна ликовна манифестација**	
1	„NOW“, National pavilion of N. Macedonia Официјален каталог на 17th International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia (84-85) (2021) Editors: F. Dolzani, G. Gasparato, E. Testori Authors: Bekir Ademi, Ana Rafailovska, Ivana Chaloska, Jordan Shishovski, Enis Abovski, Enes Sever, Amine Ademi, Atanas Naumovski et all.	2.00
2	„Hiedanranta Collecta“ Изложба во рамките на интернационална работилница „Narrating Hiedanranta: Stories of Objects and Subjects of Urban Places“, Тампере, Финска, во рамки на меѓународен научен проект: CA18126 Writing Urban Places. New Narratives of the European City, COST (2022)	2.00
3	„Retrofitting [Industrial] Ecologies“, National pavilion of Egypt „NiLab. Nile as Laboratory“ 18th International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia (2023) Curators /editors: Ahmed Sami Abd Elrahman, Marina Tornatora, Ottavio Amaro, Moataz Samir, Ghada Farouk Hassan Co-authors: Blagoja Bajkovski, Slobodan Velevski, Marija Mano Velevska, Goran Mickovski, Ana Rafailovska et all.	2.00
4	„STRADA BRUTALISSIMA“, National pavilion of N. Macedonia Официјален каталог на 19th International Architecture Exhibition La Biennale di Venezia (88-89) (2025) Editor: M. Pietragnoli Authors: Blagoja Bajkovski, Ana Rafailovska, Nevenka Mancheva Adjievska, Marija Antikj Nikolova, Mihajlo Stojanovski, Tea Damjanovska, Meri Batakoja	2.00
V	**Идеен (архитектонски) проект**	
1	Проект за објект со базен, Новоселски пат, Скопје, 2017	2.00
VI	**Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот**	
1	Експертска студија: Improving Resilience to Floods in The Polog Region, City of Tetovo and Gostivar, UNDP (2021) (учесник / соработник)	1.00
2	Експертска студија: Студија за можностите, потребите и идниот развој на градот Скопје, за ГУП на град Скопје, 2022 – 2032 (2022) (учесник / соработник)	1.00
3	Експертска студија: Студија за развој на систем на центри и јавни простори на град Скопје за ГУП, 2022 – 2032 (2022) (учесник / соработник)	1.00
4	Експертска студија: Планска програма за Генерален урбанистички план на град Скопје, 2022-2032 (2022) (учесник / соработник)	1.00

5	Експертска студија: Урбанистичка студија за одржливо планирање, ГУП Битола, 2024 (учесник / соработник)	1.00
VII	**Главен (основен архитектонски) проект**	
1	Станбена зграда 1, Ново Лисиче, Скопје, 2012 (ко-автор со Б. Бајковски)	4.00
2	Станбена зграда 2, Ново Лисиче, Скопје, 2012 (ко-автор со Б. Бајковски)	4.00
3	Станбена зграда 3, Ново Лисиче, Скопје, 2012 (ко-автор со Б. Бајковски)	4.00
4	Ателје со градина, ул. „Бојмија“, Аеродром, Скопје, 2017	4.00
5	Станбено-деловен објект, ул. „Корушка“, Влае, Скопје, 2017 (коавтор со З. Рафаиловски)	4.00
6	Станбен објект, Водно, Скопје, 2019 (коавтор со З. Рафаиловски)	4.00
7	Станбен објект, Мралино, Скопје, 2020	4.00
8	Општествена градина Бостание, Н. Лисиче, Скопје, 2022 (коавтор со Л. Ристовска, Д. Самарџиев)	4.00
9	Станбен објект, Чучер Сандево, Скопје, 2024	4.00
VIII	**Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри**	
1	„Skopje: Solidarity 2.0“ Biennial event „Pametniji grad 3.0 – feniks ili apokalipsa? Bacaci sjenki, Загреб, Хрватска КИЦ, Загреб (12.2022) https://bacaci-sjenki.hr/en/projekti/pametniji-grad-3-0-feniks-ili-apokalipsa/	0.50
IX	**Ликовно и графичко обликување на печатени публикации и амбалажа – како автор**	
1	Плакат за БИСТА, прва награда и официјален постер, изложба, 2010	0.50
2	Плакат за „30 години од доделувањето на наградата од БИМАС '93 за архитектонска реализација на објектот ДТЦ Мавровка“, изложба, 2023	0.50
3	Дизајн за печат на торба за „Skopje Brutalism Trail“, работилница, 2025	0.50
4	Плакат за „Здравко Рафаиловски, добитник на наградата Андреа Дамјанов“, изложба, 2024	0.50
5	Плакат за „Епигенетско Лазарополе“, летна школа, 2025	0.50
6	Дизајн за печат на маица за „Епигенетско Лазарополе“, летна школа, 2025	0.50
7	Дизајн на сертификат за „Епигенетско Лазарополе“, летна школа, 2025	0.50
V	**Идеен (архитектонски) проект**	
1	Проект за објект со базен, Новоселски пат, Скопје, 2017	2.00
VI	**Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот**	
1	Експертска студија: Improving Resilience to Floods in The Polog Region, City of Tetovo and Gostivar, UNDP (2021) (учесник / соработник)	1.00

2	Експертска студија: Студија за можностите, потребите и идниот развој на градот Скопје, за ГУП на град Скопје, 2022 – 2032 (2022) (учесник / соработник)	1.00
3	Експертска студија: Студија за развој на систем на центри и јавни простори на град Скопје за ГУП, 2022 – 2032 (2022) (учесник / соработник)	1.00
4	Експертска студија: Планска програма за Генерален урбанистички план на град Скопје, 2022 – 2032 (2022) (учесник / соработник)	1.00
5	Експертска студија: Урбанистичка студија за одржливо планирање, ГУП Битола, 2024 (учесник / соработник)	1.00
VII	**Главен (основен архитектонски) проект**	
1	Станбена зграда 1, Ново Лисиче, Скопје, 2012 (коавтор со Б. Бајковски)	4.00
2	Станбена зграда 2, Ново Лисиче, Скопје, 2012 (коавтор со Б. Бајковски)	4.00
3	Станбена зграда 3, Ново Лисиче, Скопје, 2012 (коавтор со Б. Бајковски)	4.00
4	Ателје со градина, ул. „Бојмија“, Аеродром, Скопје, 2017	4.00
Дејности од поширок интерес		
I	**Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир**	
1	Книга на апстракти за научна конференција „The Future is Resilient: Transformative Change through Civic Engagement“, Skopje, RNM „Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighborhoods. Transformative Change through Civic Engagement“, Erasmus + Архитектонски факултет – Скопје, Скопје (03.2025)	1.00
2	Книга на трудови произлезени од научна конференција „The Future is Resilient: Transformative Change through Civic Engagement“, Skopje, RNM „Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighborhoods. Transformative Change through Civic Engagement“, Erasmus + Архитектонски факултет – Скопје, Скопје (09.2025)	1.00
II	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**	
1	Член на организационен тим на научна конференција „The Future is Resilient: Transformative Change through Civic Engagement“, Skopje, RNM „Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighborhoods. Transformative Change through Civic Engagement“, Erasmus + Архитектонски факултет – Скопје, Скопје (03.2025)	1.00

2	Член на програмски одбор на научна конференција „The Future is Resilient: Transformative Change through Civic Engagement“, Skopje, RNM „Urban Planning for Social Resilience in Urban Neighborhoods. Transformative Change through Civic Engagement“, Erasmus + Архитектонски факултет – Скопје, Скопје (03.2025)	1.00
III	**Студиски престој во странство**	
1	Магистерски студии на Политехничкиот универзитет во Милано (Politecnico di Milano), дисперзирани студии во Пјаченца, програма: мултискаларната одржлива архитектура (2012-2014) (повеќе од шест месеци)	2.00
2	Short Term Scientific Mission (STSM) Reappropriation of Public Space: Challenging the Residential Neighborhood Scale, COST Action CA18126 Writing urban places. New Narratives for the European City Tu Delft, Delft (17.04-26.04.2023) (помалку од три месеци)	0.50
	Вкупно	**85.50**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**122,37**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**95,20**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**155,00**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**85,50**
Вкупно	**458,07**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Дивна Пенчиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Слободан Велевски, член, с.р.
Доц. д-р Благоја Бајковски, член, с.р.

II: ИЗВЕШТАЈ ЗА КАНДИДАТКАТА Д-Р ЖАКЛИНА АНГЕЛОВСКА

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Жаклина Ангеловска е родена на 27.10.1966, во Крива Паланка. Високо образование степен VII/1, петгодишни студии на Архитектонскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, завршила во 1991 година со просечен успех 7.40 и се стекнала со стручен назив – *дипломиран инженер архитект*. Д-р Жаклина Ангеловска студиите ги завршува на насока Урбанизам, остварувајќи просечен успех на предметите од областа на урбанизмот од 8.52.

Во 1998 година, кандидатката се запишала на постдипломски студии на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатката магистрирала во јануари 2007 година со просечен успех 9,60 и се стекнала со научен степен магистер на географски науки, насока просторно планирање, со магистерски труд: *Просторно-планско уредување на постојните и можните гранични премини на македонско-бугарската граница*.

Во 2011 година се запишала на докторски студии на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Промена на урбанистичко-планерската регулатива во Република Македонија по нејзиното осамостојување и последиците врз системот на урбанистичкото планирање* ја одбранила на 11.1.2019 и со тоа се стекнала со научниот степен доктор по технички науки.

Кандидатката д-р Жаклина Ангеловска има долгогодишно работно искуство од кои ги издвојуваме работата во Агенцијата за просторно планирање (1998 – 2006), Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам при Министерство за транспорт и врски (2006 – 2009), Друштвото на архитектонски дејности УРБАНКОН ДООЕЛ во Скопје (2013) и АД за Изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор Скопје (од јули 2021). Во овој период кандидатката има изработено голем број на проекти од областа на архитектурата како и планска документација (просторно и урбанистички планови) од кои ги издвојуваме: Просторен план на Република Македонија, Просторен план на Скопски Регион, Генерален урбанистички план за Град Скопје.

Д-р Жаклина Ангеловска, покрај професионалниот ангажман, од 2023 до 2026 година, била ангажирана во наставата на Факултетот за архитектура при МИТ универзитет – Скопје на предметите: Просторно планирање, Развојни стратегии во урбанизмот, Регионално и просторно планирање во ЕУ-систем и Законска регулатива во архитектура. Кандидатката била активна во научноистражувачката дејност во периодот од 2019 и 2020 година, кога има публикувано 7 (седум) труда на теми поврзани со законодавството во областа просторно и урбанистичко планирање и одржлив развој.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Жаклина Стојан Ангеловска
Институција: Архитектонски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област: урбанистичко и просторно планирање (2.11.01.01)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус (петгодишни студии по архитектура VII-1 степен) изнесува: **7,40.** Просечниот успех на втор циклус (постдипломски магистерски студии) изнесува: **9,60.**	**не**
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научните области: 2.11.01.01 урбанистичко и просторно планирање (научно подрачје – 2. инженерство и технологија, научно поле – 2.11. друго (останато) инженерство и технологии; научно потполе – 2.11.01 урбанизам; научна област – 2.11.01.01 урбанистичко и просторно планирање).	**да**
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	**не**
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1.Назив на научното списание: _____ 2. Назив на електронската база на списанија: _____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: _____	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Назив на научното списание: 5th Jubilee Internatinal Scientific Conference GEOBALCANICA 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Бугарија 3. Наслов на трудот: Sustainability of rapid changing on spatial and urban policy over transitional period in Republic of North Macedonia and their impact on invetments Година на објава: 2019	
3.4	Дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: _____ 3. Наслов на трудот: _____` 4. Издавач, година и место на издавање/објавување: ____	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: IFAU 19 2. Назив на меѓународниот собир: 3rd International Forum on Architecture and Urbanisam 3. Имиња на земјите: Албанија, Македонија, Косово, Бугарија, Србија 4. Наслов на трудот: Sustainability of Lake Ohrid Conversation a a UNESCO world heritage protected area expressed through a new systematic approach to the planning and management of water service and protection 5. Година на објава: 2019 1. Назив на зборникот: ЛШУ20 – Будучност градова и и урбанизма, ISBN: 978-86-84275-42-6 2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународен научен собир, 16 летна школа за урбанизам, Пролом Бања, Србија 3. Имиња на земјите: Србија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора 4. Наслов на трудот: Искуства законске примене е-урбанизма у Републици Северна Македонија 5. Година на објава: 2020 1. Назив на зборникот: ЛШУ20 – Будучност градова и и урбанизма, ISBN: 978-86-84275-42-6	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународен научен собир, 16. Летна школа за урбанизам, Пролом Бања, Србија 3. Имиња на земјите: Србија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора 4. Наслов на трудот: Изазови и утопија одрживог развоја и регенеративне одрживости у законском оквиру просторног и урбанистичког планирања у Републици Цеверна Македонија 5. Година на објава: 2020	
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 7. Наслов на преведеното капитално дело: _____ 8. Година на објава: _____ 9. Издавач, место на издавање и година: _____	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 17. Странски јазик: англиски (B) 18. Назив на документот: Aptis, Forward thinking English testing 19. Издавач на документот: British Council, North Macedonia 20. Датум на издавање на документот: 11.11.2020	**не**
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	**да**

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Дивна Пенчиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Слободан Велевски, член, с.р.
Доц. д-р Благоја Бајковски, член, с.р.

По разгледување на доставената документација од д-р Жаклина Ангеловска, согласно со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ број 82/2018), Комисијата утврди дека кандидатката не ги исполнува критериумите од:

- член 166, став 1, алинеја 1, што се однесува на оствареniот просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус;
- член 166, став 1, алинеја 3, што се однесува на најмалку четири објавени научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;
- член 166, став 1, алинеја 4, што се однесува на познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на универзитетот. Документот кој кандидатката го има доставено не е комплетен.

Поради горенаведеното, Комисијата констатира дека кандидатката не ги исполнува општите услови пренесени во Образец 1 за избор во наставно-научно звање – доцент, пропишани со Законот за високото образование и не пристапи кон понатамошно вреднување на научните, стручните, педагошките и други остварувања.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на разгледувањето на целокупната документација доставена од страна на двете кандидатки: д-р Ана Рафаиловска и д-р Жаклина Ангеловска, Комисијата констатира дека само кандидатката д-р Ана Рафаиловска ги исполнува законски предвидените услови за избор во наставно-научното звање доцент. Согласно со наведеното, Комисијата одлучи да подготви детален наративен извештај само за постигнувањата на д-р Ана Рафаиловска наведени во Образец 2, додека за другата кандидатка беа истакнати главните особености на нејзината работна биографија.

Комисијата високо ги цени знаењето, стекнатото искуство, ангажираноста во наставниот процес, како и обемот на професионалните активности на кандидатката д-р Ана Рафаиловска. Во досегашната работа, таа покажува високо изградени професионални и педагошки критериуми кои внимателно ги спроведува во комуникацијата со студентите и колегите.

Од увидот во доставените материјали, богатото досие, како и личното познавање и блиското следење на работата на кандидатката на Факултетот, Комисијата смета дека станува збор за кандидат со исклучителен потенцијал во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-применувачката работа, во областа на урбанистичкото и просторното планирање.

Според горенаведеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, да ја избере д-р Ана Рафаиловска во наставно-научното звање доцент на група предмети од научно подрачје – 2. инженерство и технологија, научно поле – 2.11. друго (останато) инженерство и технологии; научно потполе – 2.11.01 урбанизам; научна област – 2.11.01.01 урбанистичко и просторно планирање, на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Дивна Пенчиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Слободан Велевски, член, с.р.
Доц. д-р Благоја Бајковски, член, с.р.

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Хафије Мурати	АРХИТЕКТУРА СВЕДЕНА НА ИНСТИТУЦИОНАЛ НА ПРАКСА: ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН ВО КОНТЕКСТ НА МОДЕРНИЗАЦИЈА ТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ЈУГОСЛАВИЈА	ARCHITECTURE REDUCED TO INSTITUTIONAL PRACTICE: PRIMARY SCHOOLS IN THE POLOG REGION WITHIN THE CONTEXT OF MODERNIZATION IN SOCIALIST YUGOSLAVIA	д-р Мери Батакоја, редовен професор	08-6/105 од 4.6.2026 година

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Архитектонскиот факултет - Скопје

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Анастасија Димитриевска	СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА БОЛНИЦА ЗА ЛЕКУВАЊЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПУЛМОЛОШКИ И АЛЕРГОЛОШКИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА ВО ОХРИД	SPECIALIZED HOSPITAL FOR TREATMENT AND REHABILITATION OF PEDIATRIC PULMONARY AND ALLERGIC DISEASES IN OHRID	д-р Михајло Зиноски, редовен професор	08-6/107 од 5.6.2026
2.	Тамара Глаткова	ТРАНСФОРМАТИВЕН ХЕМИСКИ КАМПУС: АРХИТЕКТОНСКИ МОДЕЛ НА АДАПТИВЕН ОБРАЗОВЕН И СМЕСТУВАЧКИ СИСТЕМ	TRANSFORMATIVE CHEMICAL CAMPUS: ARCHITECTURAL MODEL OF ADAPTIVE EDUCATIONAL AND ACCOMMODATION SYSTEM	д-р Михајло Зиноски, редовен професор	08-6/107 од 5.6.2026
3.	Димитар Поп-Стефанија	МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ВО ОХРИД	YOUTH CULTURAL CENTER IN OHRID	д-р Михајло Зиноски, редовен професор	08-6/107 од 5.6.2026
4.	Ана Марија Мицковска	ОДРЖЛИВО УЧИЛИШТЕ НА РАБ НА ГРАДОТ КИЧЕВО	SUSTAINABLE SCHOOL ON THE EDGE OF THE CITY OF KICEVO	д-р Мери Батакоја, редовен професор	08-6/107 од 5.6.2026
5.	Александар Наков	БУТИК-ВИНАРИЈА	BOUTIQUE - WINERY	д-р Александар Радевски, редовен професор	08-6/107 од 5.6.2026
6.	Ениса Аљити	ЦЕНТАР ЗА КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ ВО ОБЈЕКТИТЕ НА ПОРАНЕШНАТА ТЕКСТИЛНА ФАБРИКА „ЕДКО“ ВО ТЕТОВО	CENTER FOR CREATIVE INDUSTRIES IN THE FACILITIES OF THE FORMER „EDKO„TEXTILE FACTORY IN TETOVO	д-р Горан Мицковски, редовен професор	08-6/107 од 5.6.2026

7.	Вероника Павловска	ОД НАПУШТЕНОСТ ДО ЈАВЕН ПРОСТОР: ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ОБЈЕКТ ВО КУЛТУРЕН ХАБ ПО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ВАРДАР ВО СКОПЈЕ	FROM ABANDONMENT TO PUBLIC SPACE: TRANSFORMATION OF A BUILDING INTO A CULTURAL HUB ALONG THE VARDAR RIVER IN SKOPJE	д-р Благоја Бајковски, доцент	08-6/107 од 5.6.2026
8.	Јане Стојаноски	УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ КАКО АЛАТКА ЗА СОЗДАВАЊЕ НОВА УРБАНОСТ: НОВО СТАНБЕНО СОСЕДСТВО НА ДЕСНИОТ БРЕГ НА РЕКАТА ВАРДАР ВО СКОПЈЕ	URABN DESIGN PROJECT AS A TOOL FOR CREATION OF NEW URBANITY: NEW RESIDENTIAL NEIGHBOURHOOD ON THE RIGHT BANK OF THE VARDAR RIVER IN SKOPJE	д-р Слободан Велевски, редовен професор	08-6/107 од 5.6.2026
9.	Александар Манев	ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО КОЧАНИ – ИНКЛУЗИВНА ОБРАЗОВНА СРЕДИНА ЗА ЛИЦА СО НАМАЛЕНА МОБИЛНОСТ	„PRIMARY SCHOOL IN KOCHANI : AN INCLUSIVE EDUCATIONAL ENVIRONMENT FOR INDIVIDUALS WITH REDUCED MOBILITY„	д-р Бојан Каранаков, редовен професор	08-6/107 од 5.6.2026
10.	Сара Огненовска	ПРИМЕНА НА АНАЛИЗА НА СВЕТЛО И СЕНКА ПРИ ПРОЕКТИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО БИТОЛА	APPLICATION OF LIGHT AND SHADOW ANALYSIS IN THE DESIGN OF A PRIMARY SCHOOL IN BITOLA	д-р Добре Николовски, доцент	08-6/107 од 5.6.2026

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (2.01.01.03) ГЕОТЕХНИКА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 23.5.2026 год., за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (2.01.01.03) геотехника, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 568. седница на Наставно-научниот совет, одржана на 3.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, проф. д-р Јосиф Јосифовски и проф. д-р Јован Папиќ.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (2.01.01.03) геотехника, во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. д-р Бојан Сусинов, дипл. инж. геот., вработен како доцент на Катедрата за геотехника при Градежниот факултет во Скопје.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Бојан Сусинов, дипл. инж. геот., е роден на 4.10.1987 година во Штип. Основното образование го завршил во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ во Радовиш. Средното образование го завршил, исто така, во Радовиш, во ДСУ „Коста Сусинов“, на природно-математичката насока со одличен успех.

На Градежниот факултет во Скопје се запишал во учебната 2006/2007 година на насоката за геотехника. Дипломирал на 13.10.2009 година, со просечен успех 9,61. Дипломската работа „Проект за подземна сообраќајница во Скопје“, ја изработил успешно под менторство на проф. д-р Васил Витанов.

Во учебната 2009/2010 година се запишал на постдипломските студии на Градежниот факултет во Скопје, на насоката за геотехника и ги положил сите предвидени предметни програми со просечен успех 9,81. Магистерскиот труд со наслов: „Стабилизација и модификација на слабоносиви почви со додатоци“ го изработил под менторство на проф. д-р Јосиф Јосифовски и успешно го одбранил на 12.6.2013 година, со што се стекнал со право на научен назив – магистер на технички науки од областа на геотехниката.

На трет циклус – докторски студии се запишал во учебната 2013/2014 година на студиската програма Градежништво на Градежниот факултет во Скопје. На 30.5.2017 година ја пријавил докторската дисертација под менторство на проф. д-р Јосиф Јосифовски со наслов: „Моделирање на хидромеханичкото однесување на незаситени почви и нестабилност на косини предизвикана од интензивни врнежи“, која успешно ја одбранил на 4.10.2021 година, со што се стекнал со право на научен назив – доктор на технички науки по градежништво.

Во 2018 година, кандидатот е избран за асистент на група предмети на Катедрата за геотехника при Градежниот факултет во Скопје.

На 510. седница на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, одржана на 22.12.2021 година, избран е во наставно-научно звање – доцент од областа на геотехниката, а рефератот е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 1250 од 1.12.2021 год.).

Кандидатот активно го владее англискиот јазик, и поседува познавање на голем број софтверски пакети, особено од најгесната стручна примена.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

2.1. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Градежниот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, кандидатот д-р Бојан Сусинов, дипл. инж. геот., изведува настава и вежби на прв и втор циклус студии на студиската програма Градежништво и студиската програма Геотехника/Геотехничко инженерство.

8	Основен проект за заштита од подземни води на објект подземна пумпна станица на Т-050 во Рафинерија ОКТА АД Скопје (соработник), 2023	2,00
9	Основен проект за фундирање на станбен објект на Г.П. 9.8, Г+П+6+Пк, ул. „Коце Металец“ бб, К.П. 631/34 К.О. Гази Баба, Скопје, соработник, 2024	2,00
10	Основен проект за точки од комбинирана геодетска мрежа (мрежа од нулти ред) на територијата на Република Северна Македонија (соработник), 2024	2,00
11	Елаборат (на ниво на основен проект) за заштита на градежна јама и соседи за станбена зграда на Г.П. 1.23 К.О. Центар 1, Општина Центар за К.П. 10547 (соработник), 2024	2,00
12	Основен прокет за Реконструкција на водовод за снабдување со вода за пиење со резервоар V=120m3 с. Присојница, Општина Мавровo и Ростуше реконструкција на водоводна мрежа и резервоар (одговорен проектант), 2023	4,0
13	Основен прокет за Реконструкција на водовод за снабдување со вода за пиење со резервоар V=160m3 с. Ростуше, Општина Мавровo и Ростуше реконструкција на водоводна мрежа и резервоар (одговорен проектант), 2024	4,0
14	Стручно мислење по барање на ТДГПТУ ИЛИНДЕН АД Струга со број 06-518/1 од 14.6.2024 поврзано со појавени деформации на дел од содржините на хотел “UNIQUE” во Охрид на К.П 5609/6 и К.П.5614/9, соработник, 2024	1,00
15	Стручно мислење за оценка на состојбата и проценка на стабилноста на дел од градежната јама при изведба на објект: А2 – домување во станбени згради на локација: ул. Титоградска бр.6, К.П.5185, Г.П.1.5, К.О. Центар 1 – Скопје, соработник, 2026	1,00

16	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Чаушица со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2022 год.	2,00
17	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Иловица со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2022 год.	2,00
18	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Мантово со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2022 год.	2,00
19	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Маркова Река со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2022 год.	2,00
20	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Новоселка со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2022 год.	2,00
21	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Турија со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2022 год.	2,00
22	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Водоча со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2022 год.	2,00
23	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Калиманци со придружните објекти и стабилноста на теренот околу браната и акумулацијата за 2022 год.	2,00
24	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Мавровица со придружните објекти и стабилноста на теренот околу браната и акумулацијата за 2022 год.	2,00
25	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Паљурци со придружните објекти и стабилноста на теренот околу браната и акумулацијата за 2022 год.	2,00
26	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Чаушица со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2023 год.	2,00
27	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Иловица со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2023 год.	2,00
28	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Мантово со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2023 год.	2,00
29	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Маркова Река со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2023 год.	2,00
30	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Новоселка со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2023 год.	2,00
31	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Турија со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2023 год.	2,00

32	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Водоча со придружните објекти и акумулацијата и за стабилноста на теренот околу браната, придружните објекти и акумулацијата за 2023 год.	2,00
33	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Калиманци со придружните објекти и стабилноста на теренот околу браната и акумулацијата за 2023 год.	2,00
34	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Мавровица со придружните објекти и стабилноста на теренот околу браната и акумулацијата за 2023 год.	2,00
35	Елаборат за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на брана Пањурци со придружните објекти и стабилноста на теренот околу браната и акумулацијата за 2023 год.	2,00
36	Ревизија на проектна документација техничко решение за усек (КМ 3+278 – 3+425) -тех.бр. 0103-94, техничко решение за усек (км 3+625 – 3+700) тех.бр. 0103-99, техничко решение за усек [km 3+525 – 3+600] -тех бр. 0103-98, техничко решение за усек (км 4+175 – 4+500)- тех.бр. 0103-96, техничко решение за усек (км 4+500 – 4+675)- тех.бр. 0103-97, експресен пат А2, делница Крива Паланка-Длабочица (дополна кон основен проект) (соработник), 2022	0,50
37	Ревизија на проектна документација техничко решение за усек (км 3+869 - 3+995), експресен пат А2, делница Крива Паланка-Длабочица (дополна кон основен проект), соработник, 2022	0,50
38	Ревизија на елаборат од геотехнички истражни работи и лабараториски испитувања за изработка на проектна документација на ниво на основен проект за рехабилитација на државен пат А2, Обиколница на Крива Паланка	0,50
39	Ревизија на проектна документација Проект за расчистување на косини на автопат А4, делница: Миладиновци – Свети Николе, Проект на изведбена состојба за расчистување на одронет материјал и олеснување на косини на автопат А4, дел.:Миладиновци – Св. Николе од км 16+662-17+954,87 (Тех.бр. 1703/2023) Одрон Ж, од км 16+634 до км 17+027 – одрон 3, од км 17+084 до км 17+289 – одрон S, од км 16+637 до км 17+954	0,50
40	Ревизија на проектна документација Основен проект за санација на зона на појава на понор на регионалниот пат Р1202 на стационажа км.49+800, во близина на село Косоврасти, тех.бр. ГП-010-07/22	0,50
41	ревизија на проектна документација Книга 8.4.2. Основен проект за изведба на насип со геосинтетички зајакнувања и лице од модуларни жичани единици на км 9+686 – км 9+783 на државен пат А2, делница Букочјани – Кичево прва фаза, подделница Црвивци - Кичево	0,50
42	ревизија на проектна документација Книга 8.4.3. Основен проект за изведба на насип со геосинтетички зајакнувања и лице од модуларни жичани единици на км 11+694 – км 11+747 на државен пат А2, делница Букочјани – Кичево прва фаза, подделница Црвивци - Кичево	0,50
43	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Основен проект за армиранобетонски потпорен ѕид од км 5+505 – КМ 5+730 на патен коридор 8 – Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Требеништа-Подмоље-Охрид, км 0+000,00 – км 10+263,26	0,50
44	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Анекс на Основен проект за Експресен пат А2, делница Ранковци – Крива Паланка, Секција Длабочица – Страцин (Чатал), Книга 4.1.21 - Мост 21 Блидеш км 13+175 (23+483)	0,50

45	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Книга 2: Елаборат од изведени геотехнички истражни работи на паралелен пристапен пат Требеништа – Охрид, со приклучок на постоечки објекти, крак 1,2,3,4,5 ТЕХ.БР. 081-09-19/077 - ГТ	0,50
46	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Елаборат од изведени геотехнички истражни работи на паралелен пристапен пат Требеништа – Охрид со приклучок на постоечки објекти, крак 6	0,50
47	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Елаборат од изведени геотехнички истражни работи на паралелен пристапен пат Требеништа – Охрид со приклучок на постоечки објекти (за потребите на изградба на патен коридор 8 Деве Баир – Ќафасан, патна делница Требеништа – Подмоље - Охрид, на стационажа од км 0+000 до км 10+263.28	0,50
48	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Основен проект за потпорен ѕид во продолжение на потпатник на км 4+492, Дополна на Основен проект за патен коридор 8 – Автопат Деве Баир – Ќафасан, патна делница Требеништа – Подмоље - Охрид, км.0+000,00 - км.10+263,26	0,50
49	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Техничко решение за измена на темелење на краен столб S2 од арм. бет. мост на река Сатеска на км.0+27.00 денивелирани патни јазли лоцирани на автопатската делница Кичево – Охрид	0,50
50	Завршен извештај од ревизија на проектната документација Елаборат за фактичка состојба на подземни рударски простории на ѕсек 9 [km 14+270 - km 14+895], експресен пат А2, делница Длабочица – Чатал (тех.бр. 0103-19)	0,50
51	Завршен извештај од ревизија на проектна документација-Основен проект за санација на свлечиште на регионален пат Р 2331 патен правец Битола – Ниже Поле, книга 1.1, книга 1.2, книга 1.3 и книга 1.4 ,(тех.бр. гп_008_06/22)	0,50
52	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Основен проект за реконструкција со рехабилитација на магистрален пат А2 делница Крива Паланка-Граничен премин Деве баир, книга 21.2.1-Основен проект за реконструкција на постоечки потпорни ѕидови - поделница 2 од км 4+381 до км 4+410.83 (тех.бр. 1704/23)	0,50
53	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Основен проект – Анекс (мислење - согласност) за реконструкција со рехабилитација на магистралниот пат А2, делница Крива Паланка – Граничен премин Деве Баир, книга 19.4 – основен проект за проширување на виѕадукт бр.4 на km, 9+114,11, КО Узем, Општина Крива Паланка поврзано со санација на темел Т2 под столб S2	0,50
54	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Елаборат од геотехнички истражни работи и лабораториски испитувања за изработка на проектна документација на ниво на Основен проект за изградба на мост над река Брегалница на Р1204 во Штип	0,50
55	Завршен извештај од ревизија на проектната документација Основен проект за изградба на нова траса на обиколница на Тетово преку клучка „Требош“ до Непроштено – Фаза 1 и Фаза 2, Книга Б4- Одлагалиште	0,50
56	Завршен извештај од ревизија на проектната документација Варијантни решенија за санација на каверни во зона на траса, стац. км.20+500 - 20+700 (тех.бр.инг 081-09-19/003/1-ГТ)	0,50
57	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Измена и Дополна на Основен проект за траса: Санација на свлечиште на стационажа км.11+753.6-км.12+000	0,50

58	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Измена и дополна на Основен проект за траса, Санација на свлечишта на косини во зона на клучка Кнежино, стационажа км.2+571-км.3+184, Книга 1: Расчистување и мерки за одводнување	0,50
59	Завршен извештај од ревизија на проектната документација Измена и дополна на Основен проект за траса: Санација на каверни во зона на траса, стац.20+553 и км.20+604 (стац. на лев коловоз)	0,50
60	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Измена и дополна на Основен проект за траса, Санација на свлечиште на стационажа км.16+620.00-17+020, Автопат А2, делница Кичево – Охрид, Секција Подвис Пресека (тех бр. ИНГ 081-09-19/096/1-ГТ)	0,50
61	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Геотехнички елаборат за санација на потпорни ѕидови и влажнење кај потпатник на стационажа km 21+840 – 21+987 (тех.бр. гт – 30/08/2023)	0,50
62	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Елаборат од геотехнички истражни работи и лабараториски испитувања за изработка на проектна документација на ниво на Основен проект за санација на мост на државен пат А2 кај Тасина чешма на км 149+050, делница: Кичево-Пресека (тех.бр. ГТ_012_02/23)	0,50
63	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Дополна на Основен проект за изградба на автопат А4,делница ГП „Блаце“ – Скопје (Клучка „Стенковец“), Подделница 1 – проширување на постојан пат А4 од ГП „Блаце“ до село Блаце до ниво на автопат и изградба на дел од автопат со клучка за поврзување со локален пат до с.Блаце – Општина Чучер Сандево, Книга 4 - Одлагалиште за вишок земјан материјал (тех. бр. ПРР/PRR 032-04-23)	0,50
64	Завршен извештај од ревизија на проектната документација Геотехнички елаборат на ниво на Основен проект за траса на Државниот пат Р2235, делница: Никифорово – Леуново – Бунец (спој со Р1202), Подделница 3, Леуново-Бунец од км.7+200,00 – км.11+799,05	0,50
65	Завршен извештај од ревизија на проектната документација Геотехнички елаборат на ниво на Основен проект за траса на Државниот пат Р2235, делница: Никифорово – Леуново – Бунец (спој со Р1202), Подделница 2, Никифорово - Леуново од км.4+200,00 – км.7+200,00	0,50
66	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Елаборат од геотехнички истражувања и испитувања за изработа на проектна документација на ниво на основен проект за санација на свлечиште на Регионален пат Р2250, делница Киселица – Луке (Тех.бр. ГТ_003_01/24/2)	0,50
67	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Измена и дополна на Основен проект за траса, решение за ѕсек на стац. км.11+200-11+498, Автопат А2, делница Кичево-Охрид,секција Пресека-Песочани	0,50
68	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Елаборат од геотехнички истражувања и испитувања за изработка на проектна документација на ниво на основен проект за санација на свлечиште на улица св.Јоаким Осоговски, Општина Крива Паланка (тех.бр. ГТ_003_01/24/3)	0,50
69	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Елаборат од геотехнички истражувања и испитувања за изработка на проектна документација на ниво на основен проект за санација на свлечиште на патен правец на Стар манастирски пат во Општина Крива Паланка	0,50

70	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Основен проект за санација на свлечиште на патен правец на Стар манастирски пат во Општина Крива Паланка (тех.бр. гт_004_01/24/1)	0,50
71	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Основен проект за санација на свлечиште на улица “Св. Јоаким Осоговски, Општина Крива Паланка", книга 1 Основен проект за изградба на потпорен ѕид во горна зона за санација на свлечиште на улица, Св.Јоаким Осоговски, Општина Крива Паланка (тех.бр. гт_004_01/24/3)	0,50
72	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Основен проект за санација на свлечиште на улица “Св. Јоаким Осоговски, Општина Крива Паланка" книга 2 Основен проект за изградба на потпорен ѕид во долна зона за санација на свлечиште на улица Св. Јоаким Осоговски, Општина Крива Паланка (тех.бр. гт_004_01/24/3)	0,50
73	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Дополна на основен проект за изградба на експресен пат на А2 Ранковце - Крива Паланка, секција Крива паланка – Длабочица, изградба на А.Б. потпорен ѕид на стационажа од km 0+873.75 -km 0+937.75	0,50
74	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Дополна на основен проект за изградба на експресен пат А2, делница Ранковце – Крива Паланка, секција Длабочица – Крива Паланка за изградба на механички стабилизиран насип на стационажа km 0+380.00 – km 0+475.00	0,50
75	Завршен извештај за техничка документација со наслов: Измена и дополна на основен проект за траса: Технички мерки за заштита на усек на km 5+450 – 5+720,тех.бр. инг 081-09-19/073/1-ГТ, Кичево-Охрид	0,50
76	Завршен извештај за техничка документација со наслов: Измена и дополна на основен проект за траса: Технички мерки за заштита на усек на km 13+327 – 13+576, тех.бр. инг 081-09-19/079/1-ГТ, Кичево-Охрид	0,50
77	Завршен извештај за техничка документација со наслов: Измена и дополна на основен проект за траса: Технички мерки за заштита на усек на km 7+130 – 7+300, техн.бр.инг 081-09-19/031/1-ГТ, Кичево-Охрид	0,50
78	Завршен извештај за техничка документација со наслов: Измена и дополна на основен проект за траса: Технички мерки за заштита на усек на км 8+242 – 8+325,тех.бр.инг 081-09-19/034/1-ГТ Кичево-Охрид	0,50
79	Завршен извештај од ревизија за техничка документација под наслов: Основен проект за изградба на државен пат за обезбедување на поврзување на магистрален пат А2 со патен коридор 8 - Деве Баир - Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00 - км 10+424,89: потпорен ѕид стационажа км 0+020,00- км 0+060,00,техн.бр. ппр/ргг 028-06-25	0,50
80	Завршен извештај од ревизија за техничка документација под наслов: Измена и дополна на Основен проект за траса: Трајна стабилизација на усек на km 15+690 – 16+114, решение со галерија техн.бр. ппр 039-08-25	0,50
81	Завршен извештај за техничка документација под наслов: Измена и дополна на Основен проект за траса: Стабилизација на свлечиште на усек на km 2+510 – 3+280 (техн.бр.ППР-065-12-25), секција 4, автопат Кичево – Охрид	0,50
82	Завршен извештај за техничка документација објект: автопат А2, делница Кичево – Охрид, Измена и дополна на Основен проект за траса: Трајна стабилизација на усек на km.17+040 – 17+460, решение со галерија (тех.бр. ППР 051-10-25)	0,50

83	Завршен извештај за техничка документација со наслов: Измена и дополна на Основен проект за траса: Санација на свлечиште на локален пат за с. Лавчани, стац. km 8+171.79–8+320, тех бр. ПРР 022-04-26	0,50
84	Завршен извештај од ревизија на проектна документација Изградба на клучка „Јурумлери“ Програма за геотехнички теренски истражувања и лабораториски испитувања на ниво на Основен проект - Проектна програма 09-10839/3 од 10.10.2025	0,50
85	Revision of Technical specifications for earth works Section 1 Tetovo – Gostivar	0,50
86	Revision of Geotechnical Designs for Overpass 7 Section 1 Tetovo - Gostivar	0,50
87	Revision of Geotechnical Design for Section 1 Highway Alignment (km 49+500 – km 53+217) Section 1 Tetovo - Gostivar	0,50
88	Revision of Geotechnical Design for Box Culverts C0462, C0463 and C0469 Section 1 Tetovo - Gostivar	0,50
89	Revision of Geotechnical Design for Tetovo Interchange in Section 1 Tetovo – Gostivar	0,50
90	Revision of Geotechnical Design for Bridges B0362 and B0362ain Section 1 Tetovo - Gostivar	0,50
91	Revision of Elaborate for GIW for Box Culverts in Section 1 Tetovo - Gostivar	0,50
92	Revision of Geotechnical Design for Waste Area 2a in Section 1 Tetovo – Gostivar	0,50
93	Revision of Geotechnical Design for Bridge B0051 in Section 2AGostivar – Bukojchani	0,50
94	Revision of Geotechnical Design for Bridge B0070 in Section 2aGostivar – Bukojchani	0,50
95	Revision of Geotechnical Design for slope protection on the Bridge B0070 in Section 2aGostivar - Bukojchani	0,50
96	Revision of Geotechnical Design of Retaining Structures in Section 2aGostivar - Bukojchani	0,50
97	Revision of Geotechnical Design for Section 2b-1 Alignment (km 11+500 – km 14+280)Gostivar - Bukojchani	0,50
98	Revision of Geotechnical Design for Underpass U0147 in Section 4Prilep – Bitola	0,50
99	Revision of Geotechnical Design of Overpass O0205 in Section 4Prilep - Bitola	0,50
100	Revision of Geotechnical Deign for Section 4 Subsection 4c (km 8+000 – km 20+800)Prilep - Bitola	0,50
101	Revision of Geotechnical Design for Bridge B0107 in Section 4Prilep - Bitola	0,50
102	Revision of Geotechnical Design for Box Culvert C0185 in Section 4 Subsection 4cPrilep - Bitola	0,50
103	Revision of Geotechnical Design for Alignment for Section 4 Subsection 4d Prilep - Bitola	0,50
104	Revision of Geotechnical Design for Bridge B0218 in Section 4 Subsection 4dPrilep - Bitola	0,50
105	Revision of Geotechnical Design for Box Culvert C0047 in Section 2Gostivar – Bukojchani	0,50
106	Revision of Geotechnical Design for Waste Area 3 (S4-WA3 in Section 4 Prilep – Bitola	0,50
107	Revision of Geotechnical Design for Bridge B0300 in Section 2cGostivar – Bukojchani	0,50

108	Revision of Geotechnical Design for Box Culvert C0024in Section 4bPrilep – Bitola	0,50
109	Revision of Geotechnical Design for Box Culvert C0010in Section 4bPrilep – Bitola	0,50
110	Revision of Retaining Wall - km 33+420 to km 33+580 in Section 4Prilep – Bitola	0,50
111	Revision of Geotechnical Design for Bridge B0279 in Section 2cGostivar – Bukojchani	0,50
112	Revision of Elaborate forGIW Bridge B0265 in Section 2c Gostivar – Bukojchani	0,50
113	Revision of Geotechnical Design for Cut at km 7+500 (phase 3) in Section 2a Gostivar - Bukojchani	0,50
114	Revision of Geotechnical Design for Box CulvertC0077 in Section 4b Prilep – Bitola	0,50
115	Revision of Elaborate forGIW Overpass O0379 in Section 4 Prilep - Bitola	0,50
116	Revision of Geotechnical Design for Waste Area 8B (S2-WA8B) in Section 2Gostivar - Bukojchani	0,50
117	Revision of Geotechnical Design for Retaining Structures (Phase 2) in Section 1 Tetotov - Gostivar	0,50
118	Revision of Geotechnical Design for Box Culvert C0052in Section 4bPrilep – Bitola	0,50
119	Revision of Geotechnical Design for Bridge B0240 in Section 4Prilep - Bitola	0,50
120	Revision of Geotechnical Geotechnical Design for Slope Protection for Bridge B0149 in Section 2b Gostivar - Bukojchani	0,50
121	Revision of Geotechnical Design for Retaining Structures from km 4+060 to km 4+200 in Section 2a Gostivar - Bukojchani	0,50
122	Revision of Geotechnical Design for Bridge B0032in Section 4Prilep - Bitola	0,50
123	Revision of Geotechnical Design for Waste Area 5in Section 4Prilep - Bitola	0,50
124	Revision of Geotechnical Design for Bridge B0292 in Section 2cGostivar – Bukojchani	0,50
125	Revision of Geotechnical Designfor Slope Protection for Bridge B0154 in Section 2b Gostivar - Bukojchani	0,50
126	Revision of Geotechnical Design for Box Culverts C0357C, C0360, C0371 and C0379Section 1 Tetovo - Gostivar	0,50
127	Revision of Geotechnical Design forBridge B0514 and B0514Ain Section 1 Tetovo - Gostivar	0,50
128	Revision of Geotechnical Design for Waste Area 10 in Section 2 Gostivar – Bukojchani	0,50
129	Revision of Geotechnical Design forUnderpass U0425 and U0425A in Section 1 Tetovo - Gostivar	0,50
130	Revision of Geotechnical Design for BridgeB0002 and B0002A in Section 2a Gostivar - Bukojchani	0,50
131	Revision of Geotechnical Design forfor Alignment and Retaining Structures(km 14+260 - km 14+758) in Section 2b-2 Gostivar - Bukojchani	0,50
132	Revision of Elaborate for GIW for Bridge B0032 in Section4Prilep - Bitola	0,50
133	Revision of Geotechnical Designfor Slope Protection Bridge B0292 in Section 2c Gostivar - Bukojchani	0,50
134	Revision of Elaborate for GIW for Box Culverts in Section 4 Subsection 4b Prilep - Bitola	0,50
135	Revision of Elaborate for GIW for Box Culverts in Section 2aGostivar – Bukojchani	0,50

136	Revision of Elaborate for GIW for Overpass O0213 in Section 4 Subsection 4dPrilep - Bitola	0,50
137	Revision of Geotechnical Design for Overpass O0213 - Geotechnical Design in Section 4 Subsection 4dPrilep - Bitola	0,50
138	Revision of Geotechnical Design for Highway Alignment (km 0+000 – km 8+000) in Section 4 Subsection 4b Prilep - Bitola	0,50

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**76,85**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**188,20**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**125,00**
Вкупно:	**390,05**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, с.р.
Градежен факултет – Скопје

Проф. д-р Милорад Јовановски, с.р.
Градежен факултет – Скопје

Проф. д-р Игор Пешевски, с.р.
Градежен факултет – Скопје

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

Ред Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Катарина Гацова	„Примена на машинското учење во предвидувањето на економскиот раст кај земјите од Западен Балкан„	"Application of Machine Learning in Predicting Economic Growth in Western Balkan Countries"	Проф.д-р Марија Трпкова-Несторовска	21.5.2026 Бр. 865_27_1
2.	Андреј Кузмановски	„Лидерство како двигател на корпоративната стратегија: донесување одлуки засновани на податоци“	„Leadership as a Driver of Corporate Strategy: Data-Driven Decision Making"	Проф.д-р Александра Јанеска Илиев	21.5.2026 Бр. 865_26_1 -
3.	Сара Димовска	„Менаџмент на спортски организации: Улогата на лидерските стилови во создавање на ефективна организациска култура и темска кохезија„	"Management of Sports Organizations: The Role of Leadership Styles in Creating an Effective Organizational Culture and Team Cohesion"	Проф.д-р Александра Јанеска Илиев	21.5.2026 Бр.865_30_1

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**Иван Остојчиќ**	**„Менаџирање на влијанието од дигиталните промени врз моделирање и развој на оптимален здравствен систем“**	**„Managing the influence of digital changes towards creating and development of optimal health-care system“**	проф. д-р Леонид Наков	04/06/2026 Бр.02-1082/39/1
2.	**Билјана Лепавцова**	**„Анализа на факторите кои влијаат на изборот на локацијата за инвестирање во меѓународниот бизнис“**	**„Analysis of the factor influencing the choise of an investment location in the international business“**	проф. д-р Љубомир Дракулевски	04/06/2026 Бр.02-1082/38/1
3.	**Ана Велковска**	**„Финансиско планирање на мултинационални компании и буџетирање на капитал во услови на валутен и политички ризик“**	**„Financial planning multinational companies and capital budgeting under conditions of currency and political risk“**	проф. д-р Александар Наумовски	04/06/2026 Бр.02-1082/37/1
4.	**Ружица Ѓоргиева**	„**Прифаќање на агентите на ВИ во генерирање и управување со потенцијални клиенти во ИТ секторот“**	**Acceptance of AI Agents in Lead Generation and Lead Management within the IT sector“**	проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска	04/06/2026 Бр.02-1082/40/1

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРОИЗВОДНО ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНОЛОГИИ И СИСТЕМИ (2.03.00.01) ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА ПРОИЗВОДНО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен на 8.5.2026 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.5.2026 година, донесе Одлука бр. 02-835/2 за формирање Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите научно-наставни звања во научната област 2.03.00.01 – производно инженерство, технологии и системи при Институтот за производно инженерство и менаџмент, во состав: д-р Валентина Гечевска, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Мите Томов, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Зоран Пандилов, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по преглед на доставената документација, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс, за избор на еден наставник во сите научно-наставни звања во научната област 2.03.00.01 – производно инженерство, технологии и системи при Институтот за производно инженерство и менаџмент, во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Ема Василеска Тутеска, дипл. маш. инж.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Ема Василеска Тутеска е родена на 18.2.1993 во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршила во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје, на природно-математичка насока (А) со одличен успех.

Во учебната 2011/2012 се запишала на додипломски академски студии (прв циклус четиригодишни студии) на Машинскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на студиската програма Мехатроника. За време на студирањето посетувала две студентски пракси во компаниите Микросам (јули – септември 2013 година) и Торакс ДОО (мај – ноември 2015 година), каде што се стекнала со знаење и искуство за работење со софтвер за тродимензионално моделирање на делови, склопови и креирање технички цртежи.

Дипломскиот труд со наслов: „Дизајн, симулација и конструкција на мехатронички уред за дозирање на густа материја во козметичка индустрија” го одбранила на 18.9.2015 година, со што ги завршила додипломските студии со просечна оценка 9,58.

За време на студиите на прв циклус, како резултат на високиот успех и постигнатите резултати, била добитник на повеќе награди, пофалници и дипломи, меѓу кои:

- Пофалница за дипломиран студент, кој во текот на додипломските академски студии постигнал одличен успех (9,58);
- Дипломска награда од Фондацијата „Проф. д-р Димитар Стамболиев“ за дипломиран студент во редовен рок, со одличен успех 9,58;
- Диплома за освоено 1-во место на European BEST Engineering Competition, Design the Future, за 2013 и 2015 година;
- Стипендија од Владата на Република Северна Македонија за време на студиите на прв циклус, за студенти кои постигнале особено високи резултати во текот на студирањето.

Во учебната 2015/2016 година, во февруари 2016 година се запишала на втор циклус двегодишни студии на Политехничкиот универзитет во Милано (Politecnico di Milano), Италија, на студиската програма: Автоматизација и инженерство на управување (Automation and Control Engineering). Кандидатката била добитник на стипендија за студирање на магистерски студии на Политехничкиот универзитет во Милано, која ја доделува Министерството за надворешни работи

и меѓународна соработка на Италија (MAECI) на студенти кои постигнале високи резултати во студирањето во времетраење од двете години на студирање (2016 – 2018). На двегодишните студии се стекнала со 120 ЕКТС-кредити, и положила 15 испити со вкупен просечен успех од 103/110 (еквивалентна просечна оценка 9,44/10 во согласност со националната евалуациска скала), од кои седум испити со највисока оценка, а два со посебна одлика, Cum Laude.

Магистерскиот труд со наслов: “Improving melt pool stability in Selective Laser Melting by empirical modelling and layer-wise control of temporal emission profile” го одбранила на 16.4.2019 година, со што се стекнала со научен назив – магистер на технички науки од областа на автоматизација и инженерство на управување. За квалитетот на истражувањата во магистерскиот труд зборува и фактот што тие се презентирани на престижната тематска конференција International Congress on Applications of Lasers & Electro-Optics (ICALEO), одржана од 7 до 10 октомври 2019 година во Орландо, Флорида, САД, на којашто кандидатката учествувала како претставник од Политехничкиот универзитет во Милано, во сесијата за Powder Bed Fusion Technology.

По завршувањето на магистерските студии, од мај до септември 2019 година работела во компанијата Adige S.P.A, BLM Group, Levico Terme, Италија. Потоа, од септември 2019 до март 2021 година била вработена како асистент истражувач (research assistant) на Политехничкиот универзитет во Милано, Италија, во Одделот за машинско инженерство, секторот Машински технологии и производство, каде што работела на научноистражувачки и апликативни проекти. Дополнително, била анагажирана и како асистент во наставна дејност за реализација на лабораториски и аудиториски предавања и вежби на предмети од втор циклус студии. Во тој период, стекнала и искуство како коментор на еден магистерски труд.

Во јануари 2021 година, кандидатката се запишала на трет циклус студии (докторски студии) на студиската програма Машинство на Машинскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Валентина Гечевска. Изработката на истражувањата за докторската теза во рамки на нејзините докторски студии е спроведена на Политехничкиот универзитет во Милано со заедничко менторство, каде што коментор е проф. д-р Барбара Превитали, согласно со Одлуката бр. 02-582/5 од 26.4.2022 година на Машинскиот факултет во Скопје. Политехничкиот универзитет во Милано за 2026 година се наоѓа во 100-те најдобри универзитети во светот на ранг-листата на QS World University Rankings, на 14-тото место во светот за најдобри универзитети во областа на машинското инженерство, додека на 5-тото место во Европа (извор: https://www.topuniversities.com/university-rankings). Во текот на докторските студии има реализирано пет (5) студиски престои на Политехничкиот универзитет во Милано. Докторската дисертација ја одбранила на 25.11.2025 на Машинскиот факултет во Скопје.

Со одлуките на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр. 02-479/1 од 25.3.2021 година и бр. 02-1383/6 од 7.12.2023 година, избрана е два пати за соработник во соработничко звање – асистент во научната област 21403 – производно машинство, технологии и системи, што ја покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент, каде што активно учествува во реализација на вежбите на повеќе наставни предмети од прв циклус студии, на повеќе студиски програми на Машинскиот факултет во Скопје.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик, ниво C1 (Level C1) (Cambridge ESOL Level 3 Certificatein ESOL International), одлично го познава италијанскиот јазик и на основно ниво го владее германскиот јазик.

Кандидатката континуирано продожила да ги надградува и проширува своите знаења од областа на производното инженерство, со акцент на барањата кои ги наметнува концептот на „Инсустрија 4.0”, потпирајќи се на изучување и примена на алгоритми за вештачка интелигенција и машинско учење применети во производство.

Д-р Ема Василеска Тутеска успешно ги користи следниве софтверски пакети: MATLAB & Simulink, Python, C Language, LabView, CATIA, SolidWorks, Autodesk Inventor, MiniTab, пакетот на Microsoft Office.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

2.1. Наставно-образовна дејност

Кандидатката д-р Ема Василеска Тутеска, во текот на студиите од прв циклус во учебните 2013/2014 и 2014/2015 година, била ангажирана како демонстратор по предметите Кинематика и динамика и Конструирање и CAD.

Од септември 2019 до март 2021 година, кандидатката била ангажирана како асистент истражувач (research assistant) на Политехничкиот универзитет во Милано, Италија (University Politecnico di Milano), во Одделот за машинско инженерство, секторот Машински технологии и производство, а во зимските семестри на учебните 2019/2020 и 2020/2021, била ангажирана и како асистент во настава. Притоа, била вклучена во реализација на аудиториски и лабораториски предавања и експериментални вежби за повеќе предмети во Одделот за машинско инженерство, секторот Машински технологии и производство, на Политехничкиот универзитет во Милано.

Во учебната 2019/2020, држела лабораториски предавања и вежби за предметот Дизајн и анализа на експерименти (Design and Analysis of Experiments) и аудиториски предавања и вежби за предметот Напредни производни процеси (Advanced Manufacturing Processes) од втор циклус студии, на теми кои вклучувале: дизајн на експеримент, статистичка анализа на експериментални податоци, ласерско сечење, роботско заварување, процеси за адитивно производство на метали и придобивки на Индустрија 4.0 кон зголемување на ефикасноста на производството и намалување на дефектите на финалниот производ, со трансформација на традиционалните во „паметни“ машини, преку примена на сензори и вештачка интелигенција.

Во зимскиот семестар од учебната 2020/2021, држела аудиториски и лабораториски предавања и вежби за предметите: Напредни обработувачки процеси – лабораторија (Advanced Manufacturing Processes Laboratory) и Компјутерско поддржано производство (Computer Aided Manufacturing) од втор циклус студии.

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Машински факултет – Скопје, од 25.3.2021 кандидатката д-р Ема Василеска Тутеска, дипл. маш. инж., изведува вежби на прв циклус студии на предмети кои ги покрива Институтот за производно инженерство и менаџмент при Машинскиот факултет во Скопје. Кандидатката е континуирано ангажирана како соработник асистент по следниве предмети: Производни технологии, Компјутерски интегрирани процеси (CIP), Инженерска економика, Основи на теорија на режење, Менаџмент и контрола на квалитет, Проект, Неконвенционални методи на обработка, Менаџмент на развој на нови производи, Проектирање технолошки процеси, Метрологија и мерни системи, Менаџмент на квалитетот, Координатна мерна техника, Адитивно производство, Системи за квалитет, Примена на вештачка интелигенција и машинско учење.

Во рамки на наставно-образовната дејност, кандидатката има изработено интерни скрипти за одржување вежби по предметите: Производни технологии (дел на обработки со симнување на материјал), Инженерска економика, Менаџмент на развој на нови производи и Примена на вештачка интелигенција и машинско учење. Била организатор и спроведувач на теренска настава на студенти од Институтот за производно инженерство и менаџмент со времетраење 1 – 3.11.2023 год. Кандидатката учествувала како член во комисија за одбрана на шестнаесет (16) дипломски труда.

Дополнително, кандидатката е активна и во одржување на настава во неформалното образование, во облик на работилници и обуки. Во рамки на апликативниот проект ФабЛаб Скопје, кандидатката била ангажирана за одржување на настава во работилницата на ФабЛаб Скопје, за реализирање на пет (5) обуки за технологијата на ласерско сечење/гравирање.

2.2. Научноистражувачка дејност

Кандидатката д-р Ема Василеска Тутеска има објавено дваесет и еден (21) научен труд во научни списанија, од кои десет (10) во списанија со импакт-фактор индексирани во Web of Science и/или Scopus (на осум (8) од нив е прв автор), три (3) во списанија без импакт-фактор индексирани во Scopus, пет (5) во меѓународни списанија, еден (1) во зборници на трудови од меѓународни конференции, еден (1) во списание објавено во земја членка на Европската Унија и

еден (1) апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција. Кандидатката има реализирано четиринаесет (14) учества на научни/стручни собири, од кои четири (4) со постер-презентации, девет (9) со усни презентации и едно (1) секциско предавање. Дополнително, рецензент е на повеќе трудови за осум (8) научни списанија, од кои шест (6) списанија се со импакт фактор.

Научниот придонес на кандидатката во областа на производното инженерство, со примена на методи од Индустрија 4.0, се потврдува преку објавените рецензирани трудови во еминентни списанија со импакт-фактор, како и преку нивната цитираност од страна на светски водечки образовни и истражувачки институции во областа на истражување. Дополнителен показател за препознатливоста и континуираното влијание на нејзината научна работа е тоа што кандидатката во моментот на пишување на рецензијата има *h-index=7* согласно Google Scholar.

Во однос на научноистражувачките проекти, кандидатката учествува во реализација на дваесет и три (23) научноистражувачки проекти, каде што е раководител на три (3) проекти, учесник на деветнаесет (19) проекти, и член на Менаџмент-одборот (Management committee) на 1 проект од COST-асоцијацијата. Од тие дваесет и три (23) проекти, осум (8) се национални, од кои пет (5) во Република Македонија и три (3) во Италија, четири (4) се проекти од COST-асоцијацијата, четири (4) се проекти од CEEPUS-програмата, два (2) се финансирани од Erasmus+ програмата на Европската Унија, два (2) се финансирани од Европскиот институт за иновација и технологија на Европската Унија, два (2) се финансирани од Министерството за образование и наука на Р Македонија и еден (1) е финансиран од Норвешкиот истражувачки центар за технологија на хидроенергија.

Дополнително, додека била вработена на Политехничкиот универзитет во Милано, кандидатката била коментор на магистерски труд на тема: „Тековно следење на позицијата на фокусот во процесот на ласерско сечење со детекција на широчината на фронтот на сечење”, одбранет на 29.4.2020.

2.3. Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

Кандидатката д-р Ема Василеска Тутеска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за производно инженерство и менаџмент при Машинскиот факултет во Скопје, УКИМ. Нејзиниот ангажман опфаќа учество во подготовка и реализација на проектни апликации, одобрени од Фондот за иновации и технолошки развој, како и од Регионалниот фонд за предизвици, насочени кон инвестирање во современа опрема и подобрување на лабораториската инфраструктура. Преку овие активности, таа придонесува кон значително осовременување на лабораториите на Институтот со современа технолошка опрема.

Кандидатката учествува во активности за промоција и унапредување на Машинскиот факултет – Скопје, вклучувајќи отворени денови (учебни години 2021/20022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026) и свечени промоции на дипломирани и магистрирани студенти (2022, 2023, 2024 година). Во текот на своето работење на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатката се труди да направи симбиоза помеѓу академијата и индустријата. Така, на 27.12.2022, во Europe House Skopje организира и одржува студентски хакатон „Launch Me“, каде што студентски тимови ги претставиле своите бизнис-идеи на кои напорно работеле во текот на семестарот, во рамки на вежбите за предметот Инженерска економика, пред публика сочинета од искусни локални претприемачи, претставници од индустријата и академијата.

Во делот на експертски активности за компании, кандидатката има реализирано четири (4) активности, од кои три (3) за Торакс ДОО – Скопје и една (1) за ADIGE – BLM Group, Италија. Активностите опфаќаат изработка на стручни мислења, технички анализи и извештаи од областа на производните процеси, технолошките капацитети, дигитализацијата на производството и контролата на квалитет.

Кандидатката постојано се стреми да го надоградува своето знаење од областа на производното машинство со примена на Индустрија 4.0. Била избрана како учесник на престижната Летна докторска школа на European Institute of Innovation and Technology – Manufacturing (EIT Manufacturing), на тема: “The way to smart manufacturing” во септември 2021 година, во времетраење од 50 часа, каде што дополнително се здобила со пракса од Европската Унија за потребните вештини, практично знаење, ставови и вредности за да се задоволат

сложените барања во околината на Индустријата 4.0. Била добитник на прво место за најдобар проект за индустриски предизвик на Летната докторска школа на EIT Manufacturing, со презентација на идеен проект пред комисија од европски компании.

Кандидатката била координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма верифицирана од страна на ЈУ Центар за образование на возрасните, Оператор на компјутерско управувани (CNC) машини за обработка на метал, во времетраење од три години, почнувајќи од јуни 2022 година.

Како дел од алумните на платформата “Piattaforma Alumni Farnesina per ex-borsisti MAECI” (Платформа за алумни на Farnesina за поранешни стипендисти на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Италија (MAECI)), кандидатката е вклучена во активности за поттикнување и збогатување на културните, социјалните и економските односи помеѓу Република Северна Македонија и Италија.

Во рамки на научноистражувачката работа за докторската дисертација, кандидатката има остварено пет (5) студиски престои на Политехничкиот универзитет во Милано, Италија, во Одделот за машинско инженерство, секторот Машински технологии и производство. Добитник е и на стипендија/грант за мобилност во рамки на програмата Еразмус+ за реализирање практична обука во странство (Erasmus+ programme for traineeship), спроведена во периодот јули – септември 2023 година на Политехничкиот универзитет во Милано, Оддел за машинско инженерство, Италија. Престоите се одвивале со следниве времетраења: (i) 9.4.2022 – 16.4.2022, (ii) 20.6.2022 – 30.7.2022, (iii) 7.9.2022 – 16.9.2022, (iv) 3.7.2023 – 31.7.2023, (v) 4.9.2023 – 29.9.2023.

Дополнително, кандидатката учествувала во подготовка и пријавување на вкупно дваесет и еден (21) научно-образовен проект, од кои пет (5) национални и шеснаесет (16) меѓународни проекти. Од нив, таа е носител на изготвувањето на еден (1) национален и шест (6) меѓународни проекти.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката континуирано добива позитивни оценки и коментари од анонимно спроведените анкети на студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Ема Василеска Тутеска, дипл. маш. инж., во целост ги исполнува општите и посебните услови и критериуми предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Според изнесените податоци, Комисијата позитивно ја вреднува целокупната активност на кандидатката и заклучува дека кандидатката д-р Ема Василеска Тутеска поседува квалитети и професионалност за да се изгради во солиден наставен и научноистражувачки кадар, кој ќе придонесува за развојот на научната област и академската средина.

Според наведеното, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Ема Василеска Тутеска, дипл. маш. инж., да ја избере во наставно-научното звање доцент во научната област 2.03.00.01 – производно инженерство, технологии и системи.

Рецензентска комисија

Д-р Валентина Гечевска, редовен професор, Машински факултет – Скопје, с.р.

Д-р Мите Томов, редовен професор, Машински факултет – Скопје, с.р.

Д-р Зоран Пандилов, редовен професор, Машински факултет – Скопје, с.р.

О Б Р А З Е Ц 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ема Влатко Василеска Тутеска**
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,**
Машински факултет – Скопје,
Институт за производно инженерство и менаџмент
Научна област: **2.03.00.01 – производно инженерство, технологии и системи**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,58. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 103/110, еквивалентно на 9,44/10.* *Согласно со Решение за признавање и еквиваленција на странска високообразовна квалификација бр. УП1 24-1944 од 22.10.2020, издадено од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.	**ДА**
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Научна област: производно инженерство, технологии и системи; поле: машинство.	**ДА**
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	**ДА**
3.1	Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование Ред. бр. 1 1. Назив на научното списание: Academic journal of manufacturing engineering 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: Applying Liu's method for characterizing melt dimensions and fluence threshold in LPBF 4. Година на објава: 2025 Ред. бр. 2 1. Назив на научното списание: Advanced Engineering Letters 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: Effect of longitudinal and cross feed on flatness and surface roughness in flat grinding 4. Година на објава: 2025	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.2	Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови Ред. бр. 1 1. Назив на научното списание: Advanced technologies and materials 2. Наслов на трудот: Energy input adaptation according to part geometry in selective laser melting through empirical modelling of thermal emission 3. Година на објава: 2022 4. Уредувачки одбор: меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат 25 членови од 19 земји, најмногу од Србија и тоа 5 членови, 5/25=0,2<0,67)	
3.3	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји Ред. бр. 1 1. Назив на зборникот: Proceedings of 15th International scientific conference MMA 2024 – Flexible Technologies 2. Назив на меѓународниот собир: 15th International scientific conference MMA 2024 – Flexible Technologies, Novi Sad, Serbia 3. Имиња на земјите: Србија, Словенија, Русија, Германија, Босна и Херцеговина, Турција, Чешка, Македонија, Португалија, Бугарија, Словачка, Романија, Австрија, Хрватска, Соединети Американски Држави, Италија, Полска, Шведска, Грција 4. Наслов на трудот: Experimental determination of fluence threshold and melt size with d-squared method in laser powder bed fusion 5. Година на објава: 2024	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски јазик, Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) 2. Назив на документот: Уверение бр. 03-1051/2 3. Издавач на документот: Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 21.4.2026	**ДА**
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	**ДА**

Рецензентска комисија

Д-р Валентина Гечевска, редовен професор, Машински факултет – Скопје, с.р.
Д-р Мите Томов, редовен професор, Машински факултет – Скопје, с.р.
Д-р Зоран Пандилов, редовен професор, Машински факултет – Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ема Влатко Василеска Тутеска**
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, Институт за производно инженерство и менаџмент**
Научна област: **2.03.00.01 – производно инженерство, технологии и системи**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1. Одржување на настава - од втор циклус студии		
1.1	Advanced Manufacturing Processes (на Политехничкиот универзитет во Милано) (Учебни години: зимски семестар 2019/2020) (2x2x0.05) x 1	0.2
1.2	Computer Aided Manufacturing (на Политехничкиот универзитет во Милано) (Учебни години: зимски семестар 2020/2021) (2x2x0.05) x 1	0.2
2. Одржување на вежби		
2.1	Менаџмент на развој на нови производи (Учебни години: летни семестри 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026) (2x15x0.03) x 6	4.92
2.2	Производни технологии (Учебни години: зимски семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026) (4x7x0.03) x 3 + (8*7*0.03) x 2	5.88
2.3	Компјутерски интегрирани процеси (CIP) (Учебни години: зимски семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025) (2x15x0.03) x 4	3.6
2.4	Инженерска економика (Учебни години: зимски семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2025/2026) (2x15x0.03) x 4	3.6
2.5	Основи на теорија на режење (Учебни години: зимски семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026) (2x15x0.03) x 5	4.5
2.6	Менаџмент и контрола на квалитет (Учебни години: зимски семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026) (2x15x0.03) x 5	4.5
2.7	Проектирање технолошки процеси (Учебни години: летни семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026) (2x15x0.03) x 5	4.5
2.8	Метрологија и мерни системи (Учебни години: летни семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026) (2x15x0.03) x 5	4.5
2.9	Координатна мерна техника (Учебни години: летни семестри: 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026) (2x15x0.03) x 3	2.7
2.10	Менаџмент на квалитетот (Учебни години: летни семестри 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026)	2.7

	(2x15x0.03) x 3	
2.11	Проект (Учебни години: зимски семестри 2024/2025) (2x15x0.03) x 1	0.9
2.12	Адитивно производство (Учебни години: летни семестри 2024/2025) (2x2x0.03) x 1	0.12
2.13	Системи за квалитет (Учебни години: летни семестри 2024/2025) (2x15x0.03) x 1	0.9
2.14	Неконвенционални методи на обработка (Учебни години: зимски семестри 2025/2026) (2x15x0.03) x 1	0.9
2.15	Примена на вештачка интелигенција и машинско учење (Учебни години: зимски семестри 2025/2026) (2x15x0.03) x 1	0.9
2.16	Advanced Manufacturing Processes Laboratory (на Политехничкиот универзитет во Милано) (Учебни години: зимски семестри 2020/2021) (3x9x0.03) x 1	0.81
2.17	Advanced Manufacturing Processes (на Политехничкиот универзитет во Милано) (Учебни години: зимски семестри 2019/2020) (3x6x0.03) x 1	0.54
2.18	Design and Analysis of Experiments (на Политехничкиот универзитет во Милано) (Учебни години: зимски семестри 2019/2020) (3x8x0.03) x 1	0.72
3. Подготовка на нов предмет - вежби		
3.1	Примена на вештачка интелигенција и машинско учење – летен семестар 2025/2026	0.5
4. Настава во школи и работилници - раководител		
4.1	Обука за работа со CO2 ласер за сечење – раководител – 3.2.2023	1.5
4.2	Обука за работа со CO2 ласер за сечење – раководител – 10.2.2023	1.5
4.3	Обука за работа со CO2 ласер за сечење – раководител – 17.2.2023	1.5
4.4	Обука за работа со CO2 ласер за сечење – раководител – 10.3.2023	1.5
4.5	Обука за работа со CO2 ласер за сечење – раководител – 17.3.2023	1.5
5. Консултации со студенти		
5.1	Учебна година 2020/2021: 37 (37 x 0.002)	0.074
5.2	Учебна година 2021/2022: 372 (372 x 0.002)	0.744
5.3	Учебна година 2022/2023: 325 (325 x 0.002)	0.65
5.4	Учебна година 2023/2024: 340 (340 x 0.002)	0.68
5.5	Учебна година 2024/2025: 325 (325 x 0.002)	0.65
5.6	Учебна година 2025/2026: 353 (353 x 0.002)	0.706
6. Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа		
6.1	(16 x 0.1)	1.6
7. Интерна скрипта од вежби		
7.1	Интерна скрипта за спроведување на вежби по предметот Инженерска економика	3

7.2	Интерна скрипта за спроведување на вежби по предметот Производни технологии – обработки со симнување на материјал	3
7.3	Интерна скрипта за спроведување на вежби по предметот Менаџмент на развој на нови производи	3
7.4	Интерна скрипта за спроведување на вежби по предметот Примена на вештачка интелигенција и машинско учење	3
8. Одржување на теренска настава		
8.1	Теренска настава на студенти од Институтот за производно инженерство и менаџмент со времетраење 1 – 3.11.2023 год.	0,04
Вкупно		**72.7**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1. Коментор на магистерски труд		
1.1	Тема: „In-process monitoring of focus position in laser cutting process by kerf width detection“ (на Политехничкиот универзитет во Милано). Трудот може да се најде на интернет-страницата https://www.politesi.polimi.it/handle/10589/165365	1
2. Раководител на национални научни проекти		
2.1	Employment of sensor fusion and machine learning for tool wear monitoring in turning process (2023-2024). Финансиран од Студентското собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.	6
2.2	Real-time control in laser cutting by means of coaxial process emission monitoring (Controllo qualita' taglio – Laser CUT 2), Adige S.P.A. and Politecnico di Milano (2019-2021). Финансиран од BLM Group, Италија.	6
2.3	Modelling of the quality of the laser cutting process and optimization - Politecnico di Milano (2019-2021). Финансиран од BLM Group, Италија.	6
3. Национален координатор на меѓународен научен проект		
3.1	COST Action CA22151 - Cyber-Physical systems and digital twins for the decarbonisation of energy-intensive industries - CYPHER (2022-2027). Финансиран од European Cooperation in Science and Technology (COST)	6
4. Учесник во национални научни проекти		
4.1	Development of a Digital Image Correlation and Machine Learning System for Characterization of Material Deformability (2025 – 2026); координатор: д-ц д-р Огнен Тутески, Машински факултет – Скопје, УКИМ. Финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ).	3
4.2	Investigation of blade design through numerical and experimental methods for enhanced wind turbine performance (2024 – 2025); координатор: доц. д-р Марија Лазаревиќ, Машински факултет – Скопје, УКИМ. Финансиран од Универзитетот„ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ).	3
4.3	Piezoelectric strip elements for generating electrical energy (2024 – 2025); координатор: доц. д-р Маја Аначкова, Машински факултет – Скопје, УКИМ. Финансиран од Машински факултет – Скопје, УКИМ	3
4.4	Design and Development of Vehicle Independent 4 Wheel Steer-by-Wire System (2023 – 2024); координатор: доц. д-р Васе Јорданоска, Машински факултет – Скопје, УКИМ. Финансиран од Машински факултет – Скопје, УКИМ.	3
4.5	Studio di una strategia di controllo nel processo laser SLM, Politecnico di Milano, Италија (2018 – 2019), координатор: проф. д-р Barbara Previtali, Univeristy Politecnico di Milano. Финансиран од Italian Ministry of Education, University and Research (Project Department of Excellence LIS4.0 - Lightweight and Smart Structures for Industry 4.0) (Италија)	3
5. Учесник во меѓународен научен проект		
5.1	Future-proofing European HEIs for regional and global leadership in deep tech - TECHSIGHT (2025 – 2027); координатор: проф. д-р Hüseyin Üvet, Faculty Of Mechanical Engineering, Yildiz Technical University. Финансиран од Европскиот институт за иновација и технологија – European Institute of Innovation and Technology (EIT).	5

5.2	COST Action CA22124 - EU Circular Economy Network for All: Consumer Protection through reducing, reusing, repairing - ECO4ALL (2023 – 2027); координатор: Olsea Plotnic, Association Henri Capitant of Legal Culture Moldova. Финансиран од European Cooperation in Science and Technology (COST).	5
5.3	COST Action CA23141 - Managing Artificial Intelligence in Archaeology - MAIA (2024 – 2028); координатор: проф. д-р Gabriele Gattiglia, University of Pisa, Italy. Финансиран од European Cooperation in Science and Technology (COST)	5
5.4	COST Action CA22129 - Using Image-based AI for Insect Monitoring & Conservation – InsectAI (2023 – 2027); координатор: Tom August, UK Centre for ecology and hydrology, UK. Финансиран од European Cooperation in Science and Technology (COST).	5
5.5	CEEPUS RS-0507-00-2526 – Research, Development and Education in Precision Machining (2025 – 2026 и 2026 – 2027); координатор: проф. д-р Borislav Savkovic, University of Novi Sad.	5
5.6	CEEPUS RS-2020-01-2526 - Computer-Aided Design in Engineering Training and Practice Improvement in Industry 4.0 - CADET&PI4.0 (2025 – 2026 и 2026 – 2027) ; координатор: проф. д-р Milos Matejic, University of Kragujevac.	5
5.7	CEEPUS BA-2103-01-2627 - Advanced Power Transmission Systems for Robotics and E-Mobility (APT-RE) (2026 – 2027); координатор: проф. д-р Tihomir Mackic, University of Banja Luka.	5
5.8	CEEPUS PL-0007-20-2425 - Metronet - network for modern measuring and manufacturing technologies (2024 – 2025); координатор: Krzysztof Stepien, Kielce University of technology.	5
5.9	Innovation and Entrepreneurship in the domains of Digital Transformation, Circular Economy and Sustainable Development - PROMETHEUS (2021 – 2023); координатор: проф. д-р Yannis Charalabidis, University of the Aegean. Финансиран од Европскиот институт за иновација и технологија – European Institute of Innovation and Technology (EIT).	5
5.10	Surveillance and optimization of Pelton turbines for future flexible operation (2022-2025); координатор: Nirmal Acharya, NTNU-Norway. Финансиран од Norwegian research centre for hydro power technology.	5
5.11	DigiTS-ME - Lean Industry 4.0 for more competitive production and maintenance in the SMEs (2022 – 2023); координатор: проф. д-р Бојан Јованоски, Машински факултет – Скопје. Финансиран од Министерство за образование и наука на Р Македонија.	5
5.12	Integration of IoT and Blockchain technology into PLM strategy-based food quality management and traceability, Faculty of Mechanical Engineering UKIM and Yantai University in Beijing (2020 – 2021); координатор: проф. д-р Валентина Гечевска, Машински факултет – Скопје. Финансиран од Министерство за образование и наука на Р Македонија.	5
5.13	Save Life: Reorganizing Basic/Advanced Life Support Training Through the Use of Innovative Digital Materials (2023 – 2025)); координатор: проф. д-р Hüseyin Üvet, Faculty Of Mechanical Engineering, Yildiz Technical University. Финансиран од Erasmus+ програмата на Европската Унија.	5
5.14	European VET Excellence Platform for Green Innovation – GREENOVET (2020 – 2024); координатор: Bojan Jovanovski, FH Joanneum University. Финансиран од Erasmus+ програмата на Европската Унија.	5
6. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование		
6.1	**E. Vasileska,** L. Caprio, A.G. Demir, B. Previtali, V. Gechevska, “Defect classification and dimensional estimation in single point exposure laser powder bed fusion of lattice struts using optical emission spectroscopy”; Progress in Additive Manufacturing; 9177–9193 (2025). https://doi.org/10.1007/s40964-025-01184-4; (Импакт-фактор согласно со Web of Science IF = 5.6) (8+5.6) x 0.6	8.16

6.2	**E. Vasileska,** A. Argilovski, M. Tomov, B. Jovanoski and V. Gecevska, "Implementation of Machine Learning for Enhancing Lean Manufacturing Practices for Metal Additive Manufacturing," in IEEE Transactions on Engineering Management, vol. 71, pp 14836 – 14845 (2024), https://doi.org/10.1109/TEM.2024.3459645; (Импакт-фактор согласно со Web of Science IF = 5.7) (8+5.7) x 0.6	8.22
6.3	**E. Vasileska,** O. Tuteski, B. Kusigerski, A. Argilovski, M. Tomov, V. Gecevska; Statistical analysis and machine learning-based modelling of kerf width in CO2 laser cutting of PMMA; Manufacturing Technology, 24(6):960-968 (2024), https://doi.org/10.21062/mft.2024.095; (Импакт-фактор согласно со Web of Science IF = 1.6) (8+1.6) x 0.6	5.76
6.4	**E. Vasileska,** A.G. Demir, B.M. Colosimo, B. Previtali, “A novel paradigm for feedback control in LPBF: layer-wise correction for overhang structures”, Advances in Manufacturing, 10, 326–344 (2022). https://doi.org/10.1007/s40436-021-00379-6 (Импакт-фактор согласно со Web of Science IF = 5.2) (8+5.2) x 0.6	7.92
6.5	**E. Vasileska,** M. Pacher, B. Previtali, “In-line monitoring of focus shift by kerf width detection with coaxial thermal imaging during laser cutting”, The International Journal of Advanced Manufacturing Technology, 118, 2587–2600 (2022). https://doi.org/10.1007/s00170-021-07893-8 (Импакт-фактор согласно со Web of Science IF = 3.5) (8+3.5) x 0.8	9.2
6.6	**E. Vasileska,** A.G. Demir, B.M. Colosimo, B. Previtali, “Layer-wise control of selective laser melting by means of inline melt pool area measurements”, Journal of Laser Applications, 32-022057 (2020). https://doi.org/10.2351/7.0000108 (Импакт-фактор согласно со Web of Science IF = 2.1) (8+2.1) x 0.6	6.06
6.7	M. Tomov, V. Gecevska, **E. Vasileska,** “Modeling of multiple surface roughness parameters during hard turning: A comparative study between the kinematical-geometrical copying approach and the design of experiments method (DOE)”. Advances in Production Engineering & Management, 17 (1), 75–88 (2022). https://doi.org/10.14743/apem2022.1.422. (Импакт-фактор согласно со Web of Science IF = 3.4) (8+3.4) x 0.8	9.12
6.8	G. Ivanova, V. Gecevska, **E. Vasileska** et al.; "Basic/Advanced Life Support Training for Healthcare Professionals in the European Union" (poster); Resuscitation; 203:S119; 2024; DOI: 10.1016/S0300-9572(24)00532-X (Импакт фактор согласно Web of Science IF = 4.6) (8+4.6) x 0.6	7.56
6.9	**E. Vasileska**, L. Caprio, A.G. Demir, V. Dukovski, V. Gecevska, B. Previtali, "Spectral emission characteristics of single point exposure LPBF process", Procedia CIRP, Volume 124, Pages 291-294, ISSN 2212-8271, 2024; https://doi.org/10.1016/j.procir.2024.08.120 (Source Normalized Impact per Paper (SNIP) согласно Scopus = 0.934) (8+0.934) x 0.6	5.36
6.10	**E. Vasileska,** Z. Pandilov, M. Tomov, V. Gecevska; "Applying Liu's method for characterizing melt dimensions and fluence threshold in LPBF"; Academic journal of manufacturing engineering, 23 (1), 2025, https://doi.org/10.5281/zenodo.15181199 (Source Normalized Impact per Paper (SNIP) согласно Scopus = 0.239) (внесено во Образец 1 - Општи услови за избор)	0
7. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и		

Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование		
7.1	H. Zisov, D. Milkov, A. Cangulski, **E. Vasileska**, O. Tuteski, B. Kusigerski, J. Caloska; Effect of longitudinal and cross feed on flatness and surface roughness in flat grinding; Advanced Engineering Letters, Vol.4, No.1, pp.14-20, 2025, https://doi.org/10.46793/adeletters.2025.4.1.2 (внесено во Образец 1 - Општи услови за избор)	0
7.2	**E. Vasileska,** V. Gecevska, O. Cukaliev, “Crop yield forecasting with climate data using PCA and Machine Learning”, IEEE Xplore (IEEE 12th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO)), pp. 1-4, 2023, doi: 10.1109/MECO58584.2023.10155083 (5 x 0.8)	4
7.3	**E. Vasileska**, M. Tomov, Z. Xiaoshuan, V. Gecevska; “In-Situ Optical Emission Spectroscopy for Process Monitoring and Material Identification in Laser Powder Bed Fusion”; IEEE Xplore (IEEE International Conference Automatics and Informatics (ICAI)), pp. 608-613; (2025), doi: 10.1109/ICAI63388.2024.10851538 (5 x 0.6)	3
8. Трудови со оргинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови		
8.1	**E. Vasileska**, A.G. Demir, B.M. Colosimo, V. Gecevska, B. Previtali, “Energy input adaptation according to part geometry in selective laser melting through empirical modelling of thermal emission”, Advanced technologies and materials vol. 47, no. 1, 11 - 17 (2022), DOI: 10.24867/ATM-2022-1-003. (Списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат 25 членови од 19 земји, најмногу од Србија, и тоа 5 члена, 5/25=0,2<0,67) (внесено во Образец 1 - Општи услови за избор)	0
8.2	**E. Vasileska,** V. Gecevska, B. Gerazov, O. Cukaliev, “Employment of machine learning techniques for crop yield forecasting based on climate parameters”, Mathematical Modelling, year vi, issue 3, 86-89 (2022) (Списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат 60 членови од 29 земји, најмногу од Русија, и тоа 16 члена, 16/60=0,27<0,67) (5 x 0.6)	3
8.3	A. Argilovski, **E. Vasileska**, O. Tuteski, B. Kusigerski, B. Jovanoski, M. Tomov, “Bridging the gap: Qualitative comparative analysis of Industry 4.0 and Industry 5.0”, Mechanical Engineering-Scientific Journal; 42(1):61-66; 2024 (Списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат 18 членови од 10 земји, најмногу од Србија, и тоа 5 члена, 5/18=0,28<0,67) (5 x 0.6)	3
8.4	A. Argilovski, **E. Vasileska**, B. Jovanoski, “Enhancing manufacturing efficiency - A Lean Industry 4.0 approach to retrofitting”, Mechanical Engieneering-Scientific Journal; 41(2):123-129; 2023 (Списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат 18 членови од 10 земји, најмногу од Србија, и тоа 5 члена, 5/18=0,28<0,67) (5 x 0.8)	4
8.5	M. Cvetkovska, D. Stamenkova, A. Lefkova, **E. Vasileska**, O. Tuteski, B. Kusigerski, G. Vrtanoski, “Experimental analysis of the influence of process parameters on cylindricity in turning process”, Mechanical Engieneering-Scientific Journal, Vol. 43 No. 1; 2025 (Списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат 18 членови од 10 земји, најмногу од Србија, и тоа 5 члена, 5/18=0,28<0,67) (5 x 0.6)	3
9. Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји		
9.1	**E. Vasileska**, Z. Pandilov, V. Gecevska, M. Tomov; Experimental determination of fluence threshold and melt size with d-squared method in laser powder bed fusion;	0

	Proceedings of 15th International scientific conference Novi Sad, Serbia; 2024 (Конференција со меѓународен научен комитет со членови од следните земји: Србија, Словенија, Русија, Германија, Босна и Херцеговина, Турција, Чешка, Македонија, Португалија, Бугарија, Словачка, Романија, Австрија, Хрватска, Соединети Американски Држави, Италија, Полска, Шведска, Грција) (внесено во Образец 1 – Општи услови за избор)	
10. Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД		
10.1	**E. Vasileska**, O. Cukaliev, V. Gecevska, “Crop yield forecasting based on machine learning in North Macedonia” - "Enlargement and Integration Workshop “Digital Transformation, Data and AI in the Western Balkans", Publications Office of the European Union, Luxembourg, 2022, doi:10.2760/863985, JRC129903. (5 x 0.8)	4
11. Апстракт објавен во зборник на конференција – меѓународна		
11.1	M. Lazarevikj, M. Uler-Zefikj, I. Zdravkovska, **E. Vasileska**, V. Iliev, R. Filkoski; Optimized blade design through numerical analysis for enhanced wind turbine performance; proceedings of International Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems (SDEWES), Дубровник, Хрватска (2025) (Конференција со меѓународен научен комитет со членови од следните земји: Хрватска, Данска, Чиле, Македонија, Соединети Арапски Емирати, Италија, Германија, Кипар, Бразил, Аргентина, Португалија, Белгија, Колумбија, Кина, Турција, Босна и Херцеговина, Шпанија, Србија, Австралија, Полска, Унгарија, Албанија, Мороко, Словенија)	1
12. Учество на научен/стручен собир со реферат – постер		
12.1	**E. Vasileska**, V. Gecevska, A. Uzunov, “Computer Vision Techniques for Automatic Detection of Tropilaelaps Mites in Honey Bee Colonies (Apis mellifera)”, International Symposium for Agriculture and Food, Охрид, Р Македонија, 2025.	0.5
12.2	**E. Vasileska**, A.G. Demir, B.M. Colosimo, B. Previtali, “A novel paradigm for feedback control in LPBF: layer-wise correction for overhang structures”, Joint Research Centre (JRC) of the European Commission INFO DAY, Машински факултет – Скопје, Скопје, Р Македонија, 2025.	0.5
12.3	**E. Vasileska**, M. Tomov, Z. Xiaoshuan, V. Gecevska; In-Situ Optical Emission Spectroscopy for Process Monitoring and Material Identification in Laser Powder Bed Fusion, Joint Research Centre (JRC) of the European Commission INFO DAY, Машински факултет – Скопје, Скопје, Р Македонија, 2025.	0.5
12.4	**E. Vasileska**, “Мехатронички уред за дозирање на густи материи во козметичката индустрија”, Research and Education in Mechanical Engineering and Mechatronics for Building Engineering Resources (RE-MEMBER), Скопје, Р Македонија, 2024.	0.5
13. Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација		
13.1	International Congress on Applications of Lasers & Electro-Optics (ICALEO) - октомври 2019, Орландо, Флорида, Соединети Американски Држави, тема: "Layer-wise control of selective laser melting by means of inline melt pool area measurements"	1
13.2	ММА 2021 – Flexible Technologies – септември 2021, Нови Сад, Србија, тема: "Energy input adaptation according to part geometry in Selective Laser Melting through empirical modelling of thermal emission”	1
13.3	Digital Transformation, Data and AI in the Western Balkans – Joint Research Centre of European Commission – декември 2021, Скопје, Р Македонија, тема: "Crop yield forecasting by machine learning in North Macedonia”	1
13.4	VII International Scientific Conference INDUSTRY 4.0 - декември 2022, Боровец, Бугарија, тема: "Employment of machine learning techniques for crop yield prediction based on climate parameters”	1
13.5	IEEE - 12th Mediterranean Conference on Embedded Computing - јуни 2023, Будва, Црна Гора, тема: "Crop yield forecasting with climate data using PCA and Machine Learning”	1

13.6	13th CIRP Conference on Photonic Technologies [LANE 2024] - септември 2024, Фуртх, Германија, тема: "Spectral emission characteristics of single point exposure LPBF process”	1
13.7	MMA 2024 – Flexible Technologies - септември 2024, Нови Сад, Србија, тема: "Experimental determination of fluence threshold and melt size with d-squared method in laser powder bed fusion”	1
13.8	IEEE - International Conference Automatics and Informatics 2024 (ICAI'24) – октомври 2024, Варна, Бугарија, тема: "In-Situ Optical Emission Spectroscopy for Process Monitoring and Material Identification in Laser Powder Bed Fusion”	1
13.9	Research and Education in Mechanical Engineering and Mechatronics for Building Engineering Resources (RE-MEMBER) – септември 2024, Скопје, Р Македонија, тема: “In-situ implementation of optical emission spectroscopy for process monitoring in metal additive manufacturing”	1
14. Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество		
14.1	Национална конференција за италијанскиот јазик во Република Македонија, одржана на 8.5.2023, на тема: „Италијанскиот како јазик на можности на академски план“.	2
15. Рецензија на научен/стручен труд		
15.1	Рецензент на научното списание IEEE Xplore - 12th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO) – 2023 (1 x 0.2)	0.2
15.2	Рецензент на научното списание Optics and Laser Technology – 2023 и 2024 (2 x 0.2)	0.4
15.3	Рецензент на научното списание Int. J. of Mechatronics and Manufacturing Systems – 2023 (1 x 0.2)	0.2
15.4	Рецензент на научното списание Surface & coatings technology – 2024, 2025, 2025 (3 x 0.2)	0.6
15.5	Рецензент на научното списание Measurement – 2024 (1 x 0.2)	0.2
15.6	Рецензент на научното списание International Journal of Thermophysics – 2025 (1 x 0.2)	0.2
15.7	Рецензент на научното списание IEEE Transactions on Engineering Management – 2026 (1 x 0.2)	0.2
15.8	Рецензент на научното списание Mechanical engineering - Scientific journal – 2025 (1 x 0.2)	0.2
Вкупно		**217.6**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1. Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма		
1.1	Програмски координатор на посебна програма верифицирана од страна на ЈУ Центар за образование на возрасните, Оператор на компјутерско управувани (CNC) машини за обработка на метал, во времетраење од три години, почнувајќи од јуни 2022 година.	1
2. Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија		
2.1	Технички извештај за претставување на резултатите и финализирање за проектот "Controllo qualita' taglio LASER CUT 2" за ADIGE – BLM Group (10.02.2021) – одговорен автор	1
2.2	Стручно мислење и извештај за „Воведување дигитална евиденција на работни налози и следење на статус на изработка на ауминиумски и стаклени елементи“ за Торакс ДОО – Скопје (3.3.2025 – 30.4.2025)	1

2.3	Стручно мислење и извештај за „Анализа на производствени капацитети, технолошки можности и потенцијална искористеност на CNC ласерска машина за сечење метални елементи“ за Торакс ДОО – Скопје (14.7.2025 – 8.8.2025)	1
2.4	Стручно мислење и извештај за „Проектирање на технолошки процес за изработка и монтажа на ротирачка алуминиумска стаклена врата на метална конструкција“ за Торакс ДОО – Скопје (17.2.2026 – 1.4.2026)	1
3. Главен (основен) проект - учесник/соработник		
3.1	Предизвик за воспоставување на лаборатории за производство FAB LABS - Младите создаваат. Проект и формирање на лабораторија FabLab Skopje, во рамките на Машинскиот факултет во Скопје. Финансиран од Фонд за иновации и технолошки развој (2021 – 2023).	2
3.2	"Advanced skills for competitive manufacturing", Регионален фонд за предизвици (RCF) за инвестиции во опрема, инфраструктура и спроведување кооперативна обука, поддржан од Германската инвестициона банка KFW, за опремување лаборатории и спроведување кооперативни обуки на Машинскиот факултет во Скопје (добиен 2023 год.)	2
4. Учество во промотивни активности на Факултетот		
4.1	Учебни години: 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026 (5 x 0.5)	2.5
4.2	Организирање и одржување на студентски хакатон „Launch me“, на 27.12.2022, во Europe House Skopje, каде што студентски тимови ги претставија своите бизнис-идеи на кои напорно работеа во текот на семестарот пред публика сочинета од искусни локални претприемачи, претставници од индустријата и академијата.	0.5
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
5. Меѓународна награда за научни и уметнички постигнувања – учесник во тим		
5.1	Најдобар проект за индустриски предизвик на Летната докторска школа на European Institute of Innovation and Technology – Manufacturing (EIT Manufacturing); септември 2021 година	4
6. Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект – носител		
6.1	Employment of sensor fusion and machine learning for tool wear monitoring in turning process (2023 – 2024); координатор: д-р Ема Василеска Тутеска, Машински факултет – Скопје, УКИМ. Аплициран на повик од страна на Студентското собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – носител (одобрен за финансирање)	1
6.2	Studio di una strategia di controllo nel processo laser SLM, Politecnico di Milano, Италија (2018 – 2019); координатор: проф. д-р Barbara Previtali, University Politecnico di Milano. Аплициран на повик од Italian Ministry of Education, University and Research (Project Department of Excellence LIS4.0 - Lightweight and Smart Structures for Industry 4.0) (Италија) (одобрен за финансирање).	1
7. Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - соработник		
7.1	Development of a Digital Image Correlation and Machine Learning System for Characterization of Material Deformability (2025 – 2026); координатор: д-ц д-р Огнен Тутески, Машински факултет – Скопје, УКИМ. Аплициран на повик од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) (одобрен за финансирање)	0.5
7.2	Investigation of blade design through numerical and experimental methods for enhanced wind turbine performance (2024 – 2025); координатор: доц. д-р Марија Лазаревиќ, Машински факултет – Скопје, УКИМ. Аплициран на повик од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) (одобрен за финансирање)	0.5
7.3	Design and Development of Vehicle Independent 4 Wheel Steer-by-Wire System (2023 – 2024); координатор: доц. д-р Васе Јорданоска, Машински факултет – Скопје, УКИМ. Аплициран на повик од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) (одобрен за финансирање).	0.5
8. Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект – носител		
8.1	Future-proofing European HEIs for regional and global leadership in deep tech - TECHSIGHT (2025-2027); координатор: проф. д-р Hüseyin Üvet, Faculty Of	2

	Mechanical Engineering, Yildiz Technical University. Аплициран на повик од страна на Европскиот институт за иновација и технологија - European Institute of Innovation and Technology (EIT) (одобрен за финансирање)	
8.2	AI-Driven Mechatronics Education Digitization: Modernizing Engineering Education for Industry 5.0 (AIMED); координатор: проф д-р Niloofar Parisa, Syddansk Universitet. Аплициран на повик од страна на програмата Erasmus+, 2026 (во постапка на евалуација)	2
8.3	Leadership in Eco Awareness and Fostering Sustainable Activities in Higher Education Institutions (LEAFS); координатор: проф. д-р Sánchez-García Eduardo, Universidad de Alicante. Аплициран на повик од страна на програмата Erasmus+, 2026 (во постапка на евалуација)	2
8.4	Improving digital fabrication in steel construction (STEEL3D); координатор: Vittoria Laghi, Alma Mater Studiorum – Universita di Bologna. Аплициран на повик од страна на програмата COST, 2024 (не е одобрен за финансирање)	2
8.5	AI-driven process optimisation and control platform for high-efficiency and Low-Emission Laser manufacturiNg (AILEEN); координатор: проф. д-р Ali Gokhan Demir, University Politecnico di Milano. Аплициран на повик од страна на програмата Horizon Europe, 2026 (во постапка на евалуација)	2
8.6	Recycling and Valorisation of Electronic Waste for Strategic Resource Efficiency (REVALUE); координатор: проф. д-р Bayraktar Ertugrul, Yildiz Technical University. Аплициран на повик од страна на програмата Horizon Europe, 2026 (во постапка на евалуација)	2
9. Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект – соработник		
9.1	Innovation and Entrepreneurship in the domains of Digital Transformation, Circular Economy and Sustainable Development - PROMETHEUS (2021-2023); координатор: проф. д-р Yannis Charalabidis, University of the Aegean. Аплициран на повик од страна на European Institute of Innovation and Technology (EIT) (одобрен за финансирање)	1
9.2	Twinning for research excellence in ai-enabled digital twins for resilient and resource-efficient production systems (TwinResPro); координатор: проф. д-р Валентина Гечевска, Машински факултет – Скопје, УКИМ. Аплициран на повик од страна на програмата Horizon Europe, 2026 (во постапка на евалуација)	1
9.3	Surveillance and optimization of Pelton turbines for future flexible operation (2022-2025); координатор: Nirmal Acharya, NTNU-Norway. Финансиран од Norwegian research centre for hydro power technology (одобрен за финансирање)	1
9.4	Save Life: Reorganizing Basic/Advanced Life Support Training Through the Use of Innovative Digital Materials (2023-2025); координатор: проф. д-р Hüseyin Üvet, Faculty Of Mechanical Engineering, Yildiz Technical University. Аплициран на повик на програмата Erasmus+ (одобрен за финансирање)	1
9.5	Optical Reconstruction and Acoustic Characterization for Life-science Excellence (ORACLE); координатор: проф. д-р Hüseyin Üvet, Faculty Of Mechanical Engineering, Yildiz Technical University. Аплициран на повик од страна на програмата Horizon Europe, 2026 (во постапка на евалуација)	1
9.6	Synergising programmes for transnational deep tech ecosystems enhancement (SYNAPSE); координатор: проф. д-р Jana Erina, Daugavpils Universitate. Аплициран на повик од страна на програмата Horizon Europe, 2025	1
9.7	Deep Tech Lab-to-Market Competences (Deep2Market); координатор: Kocaeli University, Turkey. Аплициран на повик од страна на програмата Erasmus+, 2026 (во постапка на евалуација)	1
9.8	Neuro-Inclusive Resilience in the Age of Generative AI (SENSEMAKERS); координатор: Antalia Bilim University, Turkey. Аплициран на повик од страна на програмата Erasmus+, 2026 (во постапка на евалуација)	1
9.9	Piloting Scalable and Inclusive Approaches to Knowledge Valorisation for Academic Startups and Spinoffs (EXPERA); координатор: STARTUP Leiria, Аплициран на повик од страна на програмата Horizon Europe - WIDERA, 2026 (во постапка на евалуација)	1
9.10	Connecting investment ecosystems for digital transformation and deep tech scale-up (FINDINGxEU); координатор: Yildiz Teknopark, Turkey. Аплициран на повик од	1

	страна на програмата Horizon Europe - European Innovation Ecosystems, 2026 (во постапка на евалуација)	
10. Член на факултетска комисија		
10.1	Помошна комисија за спроведување на Конкурсот за запишување студенти во прва година 2025/2026	0.5
11. Студиски престој во странство		
11.1	На Политехничкиот универзитет во Милано, Италија, во Одделот за машинско инженерство, секторот Машински технологии и производство, во периодот 9 – 16.4.2022	0.5
11.2	На Политехничкиот универзитет во Милано, Италија, во Одделот за машинско инженерство, секторот Машински технологии и производство, во периодот 20.6. – 30.7.2022	0.5
11.3	На Политехничкиот универзитет во Милано, Италија, во Одделот за машинско инженерство, секторот Машински технологии и производство, во периодот 7 – 16.9.2022	0.5
11.4	На Политехничкиот универзитет во Милано, Италија, во Одделот за машинско инженерство, секторот Машински технологии и производство, во периодот 3 – 31.7.2023	0.5
11.5	На Политехничкиот универзитет во Милано, Италија, во Одделот за машинско инженерство, секторот Машински технологии и производство, во периодот 4 – 29.9.2023	0.5
Вкупно		**44.5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**72,7**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**217,6**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**44,5**
Вкупно	**334,8**

Рецензентска комисија

Д-р Валентина Гечевска, редовен професор, Машински факултет – Скопје, с.р.

Д-р Мите Томов, редовен професор, Машински факултет – Скопје, с.р.

Д-р Зоран Пандилов, редовен професор, Машински факултет – Скопје, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ПЕДИЈАТРИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 12.3.2026 година, за избор на еден асистент по предметот Педијатрија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2450/6 од 15.4.2026 година, донесена на XXX редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Константина Кузевска-Манева, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Аспазија Софијанова, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, и д-р Николина Здравеска, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент по предметот Педијатрија, во предвидениот рок се пријави ас. д-р Марија Нешковска-Шуменковска.

АС. Д-Р МАРИЈА НЕШКОВСКА-ШУМЕНКОВСКА

Биографски податоци и образование

Кандидатката ас. д-р Марија Нешковска-Шуменковска е родена на 31.5.1976 година, во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала на 26.12.2001 година, со среден просек 9,13. За време на петтата студиска година остварила едномесечен престој во болницата „St.Luca`s Hospital“ на Малта, во рамки на студентска размена.

По вработувањето на Клиниката за детски болести во Скопје, ја започнала специјализацијата по предметот Педијатрија. Специјалистичкиот испит го положила на 3.3.2008 година, со што се стекнала со називот специјалист педијатар, по што е распределена на Одделот за ревмокардиологија. На Одделот за ревмокардиологија, редовно е вклучена во секојдневната работа, дијагностика, следење и третман на пациенти со ревматолошки заболувања во детската возраст, како и на пациенти со вродени и стекнати срцеви заболувања.

Постдипломските студии ги завршила со просек 9,8, а на 13.7.2015 година го одбранила магистерскиот труд насловен „Тотална парентерална исхрана и болести на жолчното ќесе“ и се стекнала со академскиот назив магистер на медицински науки.

На трет циклус – докторски студии се запишала во учебната 2017/2018, а на 24.12.2025 година ја одбранила својата докторска теза „Клинички и епидемиолошки карактеристики на пациентите со јувенилен идиопатски артритис (ЈИА)“, и се стекнала со звањето доктор по медицински науки од областа на клинички студии/педијатрија.

Кандидатката редовно со успех ги посетила школите за доедукација во областа на ревматологијата – Ултразвук на мускулно-скелетен систем, како и ехокардиографски школи и работилници.

Реализирала краток престој во Клиничкиот центар во Љубљана, Оддел за ревматологија со имунологија и алергологија, во периодот од 5 до 11.2023 година.

Член е на Здружението на педијатри на Македонија.

Активно го владее англискиот јазик. Поседува сертификат Б2, издаден на 30.1.2026 година, за познавање на англискиот јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) од Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Северна Македонија. Располага и со солидни компјутерски познавања на MS Office (Word, Excel, Power Point, internet explorer).

Наставно-образовна дејност

На 18.4.2018 година, кандидатката е избрана за асистент докторанд со што активно се вклучува во изведувањето на практичната настава (вежби) на студентите по медицина и стоматологија.

На 12.9.2023 е избрана во звањето асистент.

Исто така, успешно изведува едукација на специјализантите по педијатрија и семејна медицина, како и на супспецијализантите по педијатриска кардиологија, преку клинички презентации и предавања на семинарите за континуирана медицинска едукација и практична ехокардиографска едукација.

Научноистражувачка дејност

Како истражувач, учествува во 3 проекти:

1. Инциденца и етиологија на анемии кај деца на возраст до 5 години на ЈЗУ УК за детскиболести, со фокус на дефицит на витамин Б12
2. Аускиолошка и нутритивна проценка на деца со хронични состојби
3. Асоцијација на експираторен индекс на варијабилност со ризикот од појава на астма, визинг и тежината на акутна бронхоопструктивна атака кај деца во предучилишна возраст.

Автор и коавтор е на 29 труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор и конгреси кои се рецензирани во медицински билтен бр. 1163 од 15.2.2018 година (реден број 1 – 19) и од 20 до 29 во Билтен бр. 1288 од 15.7.2023 година.

За овој избор за асистент, кандидатката го приложува следниов труд:

1. Neskovska-Sumenkovska Марија, Sofijanova Aspazija, Kuzevska-Maneva Konstandina, Jovanovska Valentina, Petlickovski Aleksandar, Kirijas Meri, Ljubinka Damjanovska. Association of HLA-B and HLA- drb1 loci and inflammatory cytokines with the clinical presentation of patients with juvenile idiopathic arthritis. Acad Med J 2024;4(3):26-35.

Во овој труд се прикажани 35 пациенти со јувенилен идиопатски артитис, дијагностицирани и третирани на Универзитетската клиника за детски болести во Скопје, на Одделот за ревматологија, во периодот од 2018 до 2024 година. Сите пациенти ги исполниле ILAR-инклузоните критериуми за влез во студијата. Кај пациентите била реализирана генотипизација за HLA-B и HLA-DRB1 локусите. Исто така, било реализирано и мерење на цитокинското ниво за IL-1, IL-6 и TNF-alfa во две временски точки пред започнување на третманот и 6 месеци по терапија. Анализите се реализирани на Институтот за имунобиологија и хумана генетика при Медицинскиот факултет во Скопје. Меѓу HLA-B алелните групи кај пациентите било нотирано дека најфреквентни се HLA-B*27,B*35 и B*18, додека во HLA-DRB1 најфреквентни биле DRB1*11,*01,*04,*16. Цитокинските нивоа кај пациентите се намалиле по спроведување на терапијата.

На крајот, авторите заклучуваат дека HLA-типизацијата е важна за одредување на различни суптипови на болеста, додека одредувањето на проинфламаторните маркери помога во тераписките одлуки за третман на пациентите со јувенилен идиопатски арититис.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат : Марија Методија Нешковска-Шуменковска
Институција: ЈЗУ Клиника за детски болести, Медицински факултет – Скопје
Научна област: педијатрија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,13. Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,8.	Да
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение, ниво Б2 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 30.1.2026.	Да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Константина Кузевска-Манева, с.р.
Проф. д-р Аспазија Софијанова, с.р.
Проф. д-р Николина Здравеска, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната и научноистражувачката дејност на ас. д-р Марија Нешковска-Шуменковска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека ас. д-р Марија Нешковска-Шуменковска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови повторно да биде избрана во звањето асистент по предметот Педијатрија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Марија Нешковска-Шуменковска да биде повторно избрана во звањето асистент по предметот Педијатрија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Константина Кузевска-Манева, с.р.
Проф. д-р Аспазија Софијанова, с.р.
Проф. д-р Николина Здравеска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ХИПОКСИЧНО-ИСХЕМИЧНА ЕНЦЕФАЛОПАТИЈА КАЈ ДОНОСЕНИ И ПРЕМАТУРНИ НОВОРОДЕНЧИЊА“ ОД Д-Р САЊА РИСТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 и бр. 458/2021 – анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата редовна XXXI седница одржана на 20.5.2026 година, формираше Комисија за одбрана на докторскиот труд на кандидатката д-р Сања Ристовска со наслов: „Хипоксично-исхемична енцефалопатија кај доносени и прематурни новороденчиња“, во состав: проф. д-р Аспазија Софијанова (претседател), проф. д-р Зоран Гучев (ментор), проф. д-р Силвана Наунова Тимовска (член), проф. д-р Николина Здравеска (член) и проф. д-р Христина Манџуковска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатката д-р Сања Ристовска, со наслов: „Хипоксично-исхемична енцефалопатија кај доносени и прематурни новороденчиња“, содржи 207 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви – 12, 404 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 9 глави, и тоа: вовед, мотив, цели, пациенти и методи, статистичка анализа, резултати, дискусија, заклучок и референци. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава од докторскиот труд е насловена **Вовед**. Воведниот дел на докторскиот труд претставува концепциски цврсто поставена и научно аргументирана синтеза на современите сознанија за хипоксично-исхемичната енцефалопатија (ХИЕ), интегрирајќи епидемиолошки, етиолошки, патофизиолошки и клиничко-терапевтски и невропротективни аспекти во единствена, кохерентна целина.

Кандидатката демонстрира солидно познавање на хронологијата на болеста и нејзината еволуција, разгледувајќи ја хипоксично-исхемичната енцефалопатија од социодемографски и претконцепциски аспект преку перипартални/интрапартални ризици и генетски етиолошки фактори. Предложениот текст претставува обемен тематски комплексен и научен релевнатен труд кој ја обработува хипоксично-исхемичната енцефалопатија кај доносените и прематурните новороденчиња како јавноздравствен проблем од повеќе аспекти и како една кондиција со виока стапка на морталитет и морбидитет.

Обработени и образложени се скалите за одредување на тежината на ХИЕ, модифицирана Sarnat&Sarnat класификација за тежината на ХИЕ и Томпсоновиот

скоринг-систем за тежината на ХИЕ, кој ја дефинираат благата, умерена и тешка форма на хипоксично-исхемична енцефалопатија кај доносените и доцно прематурни новороденчиња. При тоа, кандидатката дава јасна потврда за потребата од мултимодален пристап во одредувањето на тежината на ХИЕ кај прематурните новороденчиња поради спецификата на незрелоста и нерелевантноста и применливоста на постојните тестови кај нив.

Во понатамошниот текст, кандидатката ја опишува комплексната патофизилогија на ХИЕ преку три последователни фази: фаза на примарен недостаток на енергија, фаза на секундарна енергетска инсуфициенција и фаза на хронично воспаление. Исто така, ги објаснува главните патохистолошките разлики во мозочните структури кај донесените и прематурните новороденчиња со ХИЕ и различните типови на мозочни повреди.

Тука воведот прави добар премин кон современите imaging и неврофизиолошки дијагностички алатки. Кандидатката добро ја потенцира нивната улога во раната идентификација на новороденчињата со најголем ризик за нарушен невроразвој, бидејќи некои можат да покажат само благи симптоми на церебрална повреда во првичниот период по хипоксично-исхемичниот настан.

Особено иновативен и научен е делот за потенцијалните биомаркери од плацентата и постнаталните за рана детекција на хипоксично-исхемичната енцефалопатија, како и за можна стратификација на тежината на ХИЕ и потенцијалниот невролошки исход кај новороденчето.

Прецизно се наведени современите терапевстките модалитети за ХИЕ кај доносените новороденчиња, преку добро дефинирани критериуми, јасни патофизиолошки механизми на делување и придобивки, како и единствената супортивна терапевтска можност кај прематурните новороденчиња со ХИЕ. Дополнително се обработени и аргументирани невропротективните стратегии и агенси кои во комбинација со терапевтската хипотермија би биле најефикасни.

Во целина, воведот е научно зрел, концепциски кохерентен и рефлектира значајно ниво на познавање во хипоксично-исхемичната енцефалопатија кај новороденчињата. Кандидатката демонстрира способност за критичка синтеза на литературата и за интеграција раликите меѓу хипоксично-исхемичните промени кај доносените и прематурните новороденчиња.

Во **втората глава** на докторскиот труд е опишан **мотивот на истражувањето.** Мотивот на овој труд е јасно дефиниран и научно оправдан, произлегувајќи од фактот дека и покрај намалувањето на перинаталната и неонаталната смртност во нашата држава, останува висок доенечкиот морталитет и морталиетот кај деца под 5 години. Истакнато е дека нема доволно податоци за неонаталната хипоксично-исхемична енцефалопатија кај прематурните и доносените новороденчиња во нашата држава, што дополнително ја нагласува оригиналноста и потенцијалниот научен придонес. Посебна вредност претставува фактот на идентификување на високоризичните доносени и прематурни новороденчиња, нивните коморбидитети и започнувањето на рана интервенција во текот на првата година од животот, со цел спречување и минимизирање на тешките невробихејвиорални нарушувања кај детето. Овој компаративен пристап придонесува за балансирана и критичка перспектива, карактеристична за академско размислување. Со ова, мотивот на трудот ја надминува дескриптивната рамка и добива јасна клиничко-апликативна димензија.

Во **третата глава** се опишани **целите** на студијата. Целите на овој труд се јасно структурирани, меѓусебно логично поврзани и методолошки доследни на поставениот истражувачки концепт. Кандидатката поставува јасно дефинирани и меѓусебно поврзани цели кои придонесуваат кон сеопфатно согледување на примарната цел на

разликте меѓу доносените и прематурни новороденчиња со хипоксично-исхемична енцефалопатија. Набројаните секундарни цели демонстрираат аналитички пристап во одрдување на разликите во ризик-факторите кај мајката, новороденчето и плацентата, класифицирање на тежината на ХИЕ, анализа и влијание на коморбидитетите. Дополнителната анализа на последиците на ХИЕ во однос на физичкиот и менталниот статус и инциденцата на овие промени со примена на психометриски тестови на возраст од една година, ја засилува прогностичката димензија на трудот и ја потврдува неговата клиничка применливост во контекст на современата неонатологија и развојна педијатриска грижа.

Во **четвртата глава** на докторскиот труд се обработени **дизајнот, пациентите и методите на студијата.** Кандидатката во овој дел демонстрира високо ниво на научна дисциплина и истражувачка прецизност. Делот за материјали и методи е јасно структуриран, методолошки конзистентен и остава впечаток на добро осмислено клиничко истражување. Дизајнот како ретроспективно-проспективна опсервациска студија е соодветен за поставените цели, а примерокот од 110 новороденчиња со хипосично-исхемична енцефалопатија овозможува солидна репрезентативност и релевантност на резултатите. Критериумите за инклузија и ексклузија се јасно дефинирани и логично поставени, што придонесува за хомогеност на испитуваната група и ја минимизира можноста за пристрасност. Поделбата на пациентките во групи на доносени и прематурни и стратификација на прематурните новороденчиња во четири подгрупи се јасно дефинирани. Изборот на варијабли опфаќа демографски, антропометриски, клинички, лабораториски и imaging-параметри кој го опфаќаат антепарталниот, перипарталниот и неонаталниот период. Сите се добро одредени со соодветни критериуми и методи на работа. Употребата на скалите за тежината на хипоксично-исхемичната енцефалопатија кај доносените и доцно прематурните новороденчиња, овозможува прецизно степенување на ХИЕ и избор на соодветен третамн и следење. Вклучувањето на психодинамското следење кај децата на возраст од 1 година со Griffiths Mental Development Scales, внесува дополнителна прогностичка димензија во студијата и можност за евалуација на исходот кај овие високо ризични новороденчиња. Етичките аспекти се соодветно регулирани, со експлицитно наведено одобрение од релевантните институционални комисии и примена на принципите на Декларацијата од Хелсинки, што ја потврдува усогласеноста со меѓународните стандарди за истражување кај човечки субјекти. Севкупно, делот за материјали и методи е квалитетно изработен, детално разработен и во согласност со современите научни стандарди, обезбедувајќи цврста основа за валидна анализа и интерпретација на резултатите.

Во **петтата глава** е прикажана **статистичката обработка** на податоците. Делот за статистичка анализа е добро структуриран, методолошки прецизен и во согласност со современите стандарди за биомедицински истражувања. Употребата на софтвер како SPSS Statistics обезбедува сигурна и валидна обработка на податоците, што дополнително ја зајакнува доверливоста на резултатите. Извршена е проверка на нормалноста на дистрибуцијата преку Kolmogorov-Smirnov и Shapiro-Wilk тестовите, што овозможува правилен избор на понатамошните статистички методи. Приказот на податоците е соодветен и јасен, со користење на апсолутни и релативни фреквенции за категориските варијабли, како и со дескриптивни статистики (просек, минимални и максимални вредности, стандардна варијација, медијана и интерквартилен ранк) за квантитативните варијабли. За споредување меѓу групите во однос на квалитативните податоци беа користени Chi-square и Fisher's exact test, квантитативните варијабли меѓу четирите групи новороденчиња се споредувани со Analysis of Variance (post-hoc Tukey

honest test) и Kruskal-Wallis test (post-hoc Mann-Whitney U test), во зависност од дистрибуцијата на податоците. Јасното дефинирање на нивото на статистичка значајност ($p<0.05$) обезбедува транспарентност и конзистентност во интерпретацијата на резултатите. Севкупно, статистичкиот дел е темелно и стручно разработен, со соодветен избор на аналитички методи, што обезбедува цврста основа за валидна интерпретација и висока научна вредност на истражувањето.

Шестата глава ги опфаќа **резултатите.** Делот „Резултати“ е поставен со јасна методолошка хиерархија и претставува комплетна аналитичка рамка за кохортата од 110 новороденчиња со хипоксично-исхемична енцефалопатија прикажана низ логички секвенци кои започнуваат со дескрипција на перипарталните и интрапарталните ризик-фактори, клиничката состојба, биохемиските анализи, коморбидитетите, класификација на тежината на ХИЕ и невроразвојниот исход. Ваквата структура е соодветна за докторски труд што има цел да идентификува ризик-факторите, клиничката презентација и исходот кај испитуваните новороденчиња со ХИЕ и при тоа се избегнува мешање на подгрупите, а се овозможува синтетичко читање на резултатите како целина. Овој сегмент не претставува само дескриптивна презентација на резултатите, туку интегрирана анализа која овозможува нивна интерпретација во клинички и епидемиолошки контекст, што е особено значајно за докторски труд од областа на неонатологијата.

Во анализираната корохра од 110 новороденчиња со ХИЕ, 20 % се доносени (≥37 г.н.), 38,18 % се доцно прематурни (33-36 г.н.), 30 % се многу прематурни (28-32 г.н.) и 11,81 % се екстремно прематурни (<28 г.н.). Во периодот од три години, вкупната фереквенција на ХИЕ е 9.2 на 1000 живородени.

При компаративната анализа на перипартилните ризик-фактори меѓу прематурните и доносените новороденчиња во однос на социодемографските каратеристики кај мајките, периперталните ризик-фактори и коморбидитети не беше најдена статистички сигнификантна разлика ($p>0.05$).

Во делот на испиувањето на интрапарталните ризик-фактори за одбележување е начинот на породување кој сигнификантно се разликуваше породени со многу прематурни и доцно прематурни во однос на доносените новороденчиња ($p=0.004$ и $p=0.012$, соодветно). Исто така, брзината на завршување на раѓање беше сигнификантно почесто кај многу и доцно прематурните во однос на доносените новороденчиња ($p=0.0076$ и $p=0.0418$, соодветно). Околуплодовата вода имаше сигнификантно различна содржина меѓу групите породени <28 и ≥37 г.н. ($p=0.046$) и 28 – 32 и ≥37 г.н. ($p=0.0004$). Плацентарните абнормалности сигнификантно се разликуваа меѓу групите на екстремно прематурни ($p=0.0007$) и доцно прематурни ($p=0.039$) во споредба со доносените. Абрупција на плацента најчесто е детектирана во групата 33-36 г.н. (40,48 %), следено со 28-32 г.н. (27,27 %) и ≥37 г.н. (18,18 %). Феталниот дистрес статистички сигнификантно се разликуваше меѓу екстремно прематурните и доносените новороденчиња ($p=0.013$).

Во анализата на неонатлните каратеристики на испитаниците во групита на прематурни и доносени новороденчиња со ХИЕ сигнификантно се разликуваа во родилната тежина ($p<0.0001$). Apgar score во првата и петтата минута сигнификантно се разликуваше меѓу групите многу прематурни и доносени новороденчиња ($p=0.0036$ и $p=0.029$, соодветно).

Просечниот pH на раѓање изнесуваше 6.97 ± 0.18 кај екстремно прематурните новороденчиња, 7.07 ± 0.17 кај многу прематурните, 7.02 ± 0.16 кај доцно прематурните, 7.02 ± 0.16 кај доносените новороденчиња, со вкупна статистичка сигнификантна разлика меѓу групите од $p=0.00027$. Во останатите параметри на ацидо-базниот статус

на раѓање меѓу испитуваните групи беше потврдена статистичка сигнификантна разлика во вредноста на pCO_2 (p=0.000074), HCO_3 (p=0.018), BE (p=0.0007), лактати (p=0.0009), но не и за pO_2(p=1.0).

Метаболитичка ацидоза во првите 24 часа по раѓање имаа почесто прематурните новороденчиња, а специфичниот морталитет поради метаболитичка ацидоза кај испитуваните новороденчиња со ХИЕ е 18,70 %.

Хипокапнеата покажа сигнификантна разликата меѓу групите на доцно прематурни и доносени новороденчиња (p=0.0124). Специфичниот морталите на новороденчињата со ХИЕ и хипокапнеа е 3,74 %. Во проспективната анализа е најдено дека од овие деца со хипокапнеа на возраст од една година 19,04 % имаат церебрална парализа.

Хипогликемија имаа сигнификантно почесто екстремно прематурните во однос на доносените новороденчиња (76,92 % vs 27,27 %, p=0.0044) и многу прематурните споредено со доносените новороденчиња (60,61 % vs 27,27 %, p=0.015).

Во делот што ги обработува коморбидитетите кај новороденчињата со ХИЕ се потврди дека инфекциите доминираат кај сите испитувани групи, но без статистичка значајност во зачестеноста и типот на инфекцијата меѓу недоносените и доносените новороденчиња (p>0.05). Вкупната инциденца на респираторен дистрес синдром (РДС) кај сите испитувани новороденчиња со ХИЕ е 57,27 %. РДС имаа сигнификантно почесто екстремно прематурните (p=0.00002) и многу прематурните споредено со доносените (p=0.0001), како и сигнификантно почеста беше употребата на сурфактант кај екстремно прематурните (p=0.00012) и многу прематурните новороденчиња (p=0.007). Анемија имаа почесто екстремно прематурните новороденчиња (p=0.0042) и многу прематурните во однос на доносените новороденчиња (p=0.000003). Со скринингот за прематурна ретинопатија (ROP), проблем со видот и некаков степен на ROP беше детектиран само кај недоносените новороденчиња, 30,77 % екстремно прематурни, 57,58 % многу прематурни и 40,48 % доцно прематурните новороденчиња. Конвулзии беа регистрирани кај 30,77 % екстремно прематурни, 18,18 % многу прематурни, 7,14 % доцно прематурните и 13,64 % доносени новороденчиња, со специфичен морталитет поради конвулзии кај сите новороденчиња со ХИЕ од 11,22 %. На граница на статистичка сигнификантност беше разликата во дистрибуција на новороденчиња со/без MOF(multi-organ failure) меѓу групите екстремно прематурни и доносени новороденчиња (p=0.05). Со кранијална ултрасонографија се детектираше дека екстремно прематурните новороденчиња имаат најчесто IVH gr.IV (15,38 %), многу прематурни IVH gr.II (21,88 %), доцно прематурни, исто така, IVH gr.II (19,05 %), додека церебрален едем беше најчест наод кај доносените новороденчиња.

Недоносените и доносените новороденчиња не се разликуваа сигнификантно во однос на типот на механичка вентилација, но потребата од FiO_2 имаше сигнификантно различна вредност меѓу анализираните групи во сите испитувани временски точки (p=0.0013, p=0.0021 и p=0.0073, соодветно 1 час, 6 часа и 1 ден). Должината на хоспитализација беше сигнификантно различна меѓу анализираните групи (p=0.0002).

Во анализата на класификацијата на тежината на хипоксично-исхемичната енцефалопатија кај доцно прематурните и доносените новороденчиња согласно со модифицираниот Sarnat&Sarnat скор, лесен степен почесто имаа доцно прематурните (71,43 %); умерен и тежок степен на ХИЕ имаа почесто терминските новороденчиња (31,82 %, 13,64 % соодветно), што беше идентично и со Томпсоновиот скор (лесен степен 78,57 % доцно прематурни, умерен степен 18,18 % и тежок степен 13,64 доносени новороденчиња).

Вкупниот морталитет кај сите испитувани новороденчиња со ХИЕ изнесува 29,93 %. Во споредба со доносените новороденчиња, екстремно прематурните новороденчиња починаа сигнификантно почесто (61,54 % vs 9,09 %, p=0.0017).

Кај новороденчињата со ХИЕ на возраст од 1 година со Griffiths Mental Development Scales се најде дека инциденцата на церебрална парализа е 7,27 % од сите случаи со ХИЕ.

Сумирано, резултатите се презентирани во концепциски правилна форма за докторски труд со коректно документирање на значајните и незначајните наоди.

Седмата глава на докторскиот труд е **дискусијата.** Кандидатката врши детална, систематска и критичка анализа на добиените резултати, со нивна споредба со релевантни сознанија од современата светска литература. Дискусијата е логично структурирана и претставува една од најквалитетните целини на трудот, бидејќи овозможува правилна интерпретација на добиените наоди и нивно поставување во контекст на современите научни и клинички сознанија за хипоксично-исхемичната енцефалопатија кај новороденчињата.

Кандидатката критички ги анализира факторите на ризик, тежината на клиничката презентација и исходот кај доносените и прематурните новороденчиња со ХИЕ, при што укажува на значајните разлики помеѓу овие две групи пациенти. Посебно внимание е посветено на влијанието на гестациската зрелост врз ранливоста на централниот нервен систем, тежината на мозочното оштетување и невролошкиот исход.

Во дискусијата детално се обработуваат перинаталните ризик-фактори, улогата на параметрите од ацидо-базниот статус, метаболитичката ацидоза, ниските Апгар-скорови, потребата од механичка вентилација и присуството на мултиорганска дисфункција како показатели за потежок клинички тек и неповолен исход. Добиените резултати се споредувани со резултатите од повеќе релевантни меѓународни студии, при што кандидатката покажува добро познавање на современите научни ставови и способност за критичка научна анализа.

Дискусијата е научно аргументирана, критички поставена и методолошки конзистентна. Кандидатката успешно ги поврзува сопствените резултати со податоците од литературата и правилно ги интерпретира нивните клинички импликации. Преку ваквиот пристап, дискусијата претставува значаен научен сегмент на докторската дисертација и потврдува дека кандидатката поседува способност за самостојно научно размислување, анализа и синтеза на научните сознанија.

Во **осмата глава** од докторската дисертација, кандидатката прецизно и систематски ги формулира **заклучоците** кои директно произлегуваат од добиените резултати и поставените цели на истражувањето. Заклучоците се научно аргументирани, логично поврзани со анализираните параметри и претставуваат синтеза на најзначајните сознанија добиени во текот на истражувањето.

Кандидатката заклучува дека хипоксично-исхемичната енцефалопатија претставува сериозна клиничка состојба поврзана со значителен ризик за морбидитет, морталитет и долгорочни невролошки последици. Истражувањето потврдува дека постои значајна поврзаност помеѓу ризик-факторите како плацентарните абнормалности, околуплодовадата вода, феталниот дистрес и перинаталната хипосија-исхемија, метаболитичката ацидоза, ниските Апгар-скорови и развојот на потешки форми на ХИЕ.

Дополнително, кандидатката укажува дека одредени клинички и лабораториски параметри имаат значајна прогностичка вредност во проценатa на тежината и исходот на заболувањето. Во студијата се истакнуваат и почестите коморбидитети кај

прематуните новороденчиња со ХИЕ кои дополнително ја комплицираат состојбата на веќе критичното новороденче.

Заклучоците имаат значајна научна и практична вредност, бидејќи овозможуваат подобро разбирање на факторите на ризик, клиничкиот тек и прогнозата на ХИЕ кај новороденчињата. Добиените сознанија можат да придонесат за подобрување на раната дијагностика, навременото препознавање на високо ризичните пациенти и оптимизација на неонаталниот интензивен третман.

Осмата глава е јасно структурирана, научно конзистентна и целосно усогласена со резултатите и дискусијата од истражувањето. Формулираните заклучоци претставуваат значаен придонес во областа на неонатологијата и ја потврдуваат научната и клиничката вредност на докторската дисертација.

Деветтата глава од докторскиот труд ја содржи приложената литература, која е актуелна, сеопфатна, обемна, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

Предмет на истражување

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е хипоксично-исхемичната енцефалопатија кај доносени и прематурни новороденчиња. Истражувањето е насочено кон анализа на перинаталните и неонаталните ризик-фактори кои доведуваат до хипоксично-исхемично оштетување, како и кон процена на невролошките и системските последици кај новороденчињата. Особено значајно е што трудот ги опфаќа прематурните новороденчиња, популација која значајно поретко е обработувана во однос на доносените новороденчиња со ХИЕ. Ваквиот избор на тема е научно оправдан, клинички релевантен и истражувачки функционален, бидејќи овозможува подобро разбирање на механизмите, ризик-факторите и прогнозата на хипоксично-исхемичната енцефалопатија.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд

Хипоксично-исхемичната енцефалопатија претставува една од најзначајните и најтешки компликации во неонаталниот период и е водечка причина за неонатален морбидитет, морталитет и долгорочен невроразвоен инвалидитет кај новороденчињата. И покрај значајниот напредок во перинаталната и неонаталната медицина, ХИЕ и понатаму претставува сериозен клинички и јавноздравствен проблем, особено во земјите во развој и во центрите со висок број на високоризични бремености и предвремени породувања. Оваа докторска дисертација е работена во научно подрачје кое е високо актуелно, клинички значајно и недоволно истражено, особено во однос на прематурната популација, и води до подобро разбирање на ризик-факторите, клиничката презентација и исходот на ХИЕ кај различни гестациски групи на новороденчиња и со значајна примена во современата клиничка практика и неонаталната интензивна нега.

Краток опис на применетите методи

Студијата е конципирана како ретроспективно-проспективна аналитичка кохорта од 110 новороденчиња со ХИЕ, поделени во групи на прематурни (доцно, многу и екстремно прематурни) и доносени новороденчиња. Применет е клиничко-епидемиолошки и аналитички истражувачки пристап, со цел процена на факторите на ризик, клиничката презентација, тежината и исходот на хипоксично-исхемичната енцефалопатија кај доносени и прематурни новороденчиња. Истражувани се демографските, перинаталните, клиничките, лабораториските и невролошките параметри. За процена на тежината на ХИЕ се користени модифицираниот Sarnat&Sarnat и Thompson Score за доцно прематурните и доносените новороденчиња. Направена е анализа на клиничките и невролошките критериуми, лабораториски анализи, параметри од гасни анализи, како и податоци за потребата од респираторна и интензивна терапевтска поддршка. Анализирани се и перинаталните ризик-фактори, метаболитичка

ацидоза, конвулзии, мултиорганска дисфункција, коморбидитетите и други компликации поврзани со ХИЕ. Добиените податоци се статистички обработени со примена на соодветни дескриптивни и аналитички статистички методи. Применетата методологија е соодветна на поставените цели и овозможува добивање релевантни, сигурни и научно валидни резултати.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето покажуваат дека хипоксично-исхемичната енцефалопатија претставува сериозна клиничка состојба поврзана со значителен ризик од неповолен неонатален исход, како кај доносените, така и кај прематурните новороденчиња. Добиените резултати покажуваат значајна поврзаност помеѓу перинаталната ацидоза, ниските Апгар-скорови, хипогликемијата и појавата на потешки форми на хипоксично-исхемична енцефалопатија. Анализата покажува дека прематурните новороденчиња имаат поголема ранливост и почеста појава на компликации поврзани со незрелоста на органските системи, додека кај доносените новороденчиња почесто се регистрираат потешки невролошки манифестации и потреба од интензивна респираторна поддршка. Утврдена е и значајна поврзаност помеѓу тежината на ХИЕ и неповолниот краткорочен исход. Статистичката анализа потврдува дека одредени клинички и лабораториски параметри имаат прогностичка вредност во проценатa на тежината и исходот на заболувањето.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Сања Ристовска, со наслов „Хипоксично-исхемична енцефалопатија кај доносени и прематурни новороденчиња“, претставува оригинален, современ и научно заснован труд кој во целост ги исполнува критериумите за докторска дисертација од областа на неонатологијата и перинаталната медицина.

Трудот обработува високо актуелна и клинички значајна проблематика. Особена вредност на дисертацијата претставува компаративниот пристап во анализата на доносените и прематурните новороденчиња, што овозможува подлабоко разбирање на специфичностите во клиничката презентација, тежината и исходот на заболувањето кај различни гестациски групи.

Докторската дисертација е методолошки правилно поставена, со јасно дефинирани цели, соодветно поставени хипотези и прецизно избрани методи на истражување. Испитуваната проблематика е систематски обработена, а добиените резултати се јасно презентирани, статистички обработени и научно интерпретирани.

Кандидатката покажува високо ниво на теоретско знаење, способност за самостојно научноистражувачко работење, критичка анализа на литературните податоци и правилна интерпретација на добиените резултати. Прегледот на литературата е обемен, актуелен и соодветно интегриран во дискусијата, што укажува на добро познавање на современите научни сознанија од областа.

Заклучоците се јасно формулирани, научно аргументирани и директно произлегуваат од резултатите на истражувањето. Трудот претставува значаен придонес во областа на неонатологијата и претставува солидна основа за понатамошни клинички и научни истражувања.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Ristovska S. Respiratory Distress Syndrome (RDS) in Newborns with Hypoxic-Ischemic Encephalopathy (HIE). Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2024; 45(1):19-30.

[2]. Ristovska S, Gucev Z, Dukovska V. Neurodevelopment of Critical ILL Neonates at the Age of 12 Months. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2024; 45(3):25-36.

[3]. Ristovska S, Stomnaroska O, Danilovski D. Hypoxic Ischemic Encephalopathy (HIE) in Term and Preterm Infants. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2022; 43(1):77-84.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата оценува дека докторскиот труд претставува значаен придонес во областа на неонатологијата, со јасна научна цел, методолошка зрелост и клиничка применливост, и ги исполнува критериумите за академски компетентен докторски труд. Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд на кандидатката д-р Сања Ристовска со наслов: „Хипоксично-исхемична енцефалопатија кај доносени и прематурни новороденчиња“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Аспазија Софијанова, претседател, с.р.
Проф. д-р Зоран Гучев, ментор, с.р.
Проф. д-р Силвана Наунова Тимовска, член, с.р.
Проф. д-р Николина Здравеска, член, с.р.
Проф. д-р Христина Манџуковска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЦИСТАТИН Ц НАСПРОТИ КРЕАТИНИН – РАН ПРЕДИКТОР ВО РАЗВОЈ НА ХРОНИЧНАТАБУБРЕЖНА БОЛЕСТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ЕСЕНЦИЈАЛНА АРТЕРИСКА ХИПЕРТЕНЗИЈА, ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС И ОБЕЗИТАС“ ОД Д-Р ЗОРАН ЈАНЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицински факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 458/2019 и број 458/2021-анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје (бр.425 од 28.06.2019), и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Наставно-научниот совет, на својата **XXXI** редовна седница одржана **20.5.2026**, година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина, донесе

ОДЛУКА

за формирање на Комисија за оцена/одбрана на докторски труд

Комисијата за оцена/одбрана на докторски труд со наслов: **ЦИСТАТИН Ц НАСПРОТИ КРЕАТИНИН – РАН ПРЕДИКТОР ВО РАЗВОЈ НА ХРОНИЧНАТАБУБРЕЖНА БОЛЕСТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ЕСЕНЦИЈАЛНА АРТЕРИСКА ХИПЕРТЕНЗИЈА, ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС И ОБЕЗИТАС** на кандидатот **д-р Зоран Јаневски,** е во состав:

1. проф. д-р Ирена Рамбабова Бушлетиќ, претседател
2. проф. д-р Весна Ристовска, ментор
3. проф. д-р Петар Дејанов, член
4. проф. д-р Лада Трајческа, член
5. проф. д-р Саша Ј. Мишевска, член.

Комисијата, во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд кандидатот д-р Зоран Јаневски, со наслов: **ЦИСТАТИН Ц НАСПРОТИ КРЕАТИНИН – РАН ПРЕДИКТОР ВО РАЗВОЈ НА ХРОНИЧНАТА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ЕСЕНЦИЈАЛНА АРТЕРИСКА ХИПЕРТЕНЗИЈА, ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС И ОБЕЗИТАС,** содржи 122 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, 61 табела, 28 слики, 216 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународни препораки и интернет-ресурси. Трудот обработува актуелна научна и клиничка проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен така и од клинички аспект. Начинот на презентирање е концизен, јасен и лесно разбирлив.

Насловот на докторскиот труд е јасен, репрезентативен и концизен, и во целост одговара на содржината и предметот на докторската дисертација.

Првото поглавје од докторскиот труд претставува **Вовед**, кој е правилно структуриран и понатаму е поделен во неколку точки, односно тематски единици. Во првото поглавје, детално се опишани градбата и функцијата на бубрегот, значењето на раното откривање на бубрежното заболување, како и се дава детално објаснување за тоа што преставува гломеруларната филтрациона рата, нејзиното точно пресметување и значењето во начинот на нејзиното пресметување во одос на бубрежното заболување. Се обрнува внимание на хроничната бубрежна болест, објаснувајќи ја нејзината дефиниција, како присуство на нарушена структура и/или функција на бубрезите подолго од 3 месеци со наодна минимум еден од двата критериуми: ГФР<60ml/min/1,73m2 и параметар за бубрежно оштетување (албуминурија, хематурија, морфолошки промени на бубрезите). Објаснети се и причините за развој на хроничната бубрежна болест. Се говори исто така и за серумскиот креатинин, неговата градба, дијагностичка употреба и дијагностичка важност.

Потоа се дефинира градбата на серумскиот цистатин Ц, како и неговите улоги во медицината и надвор од неа

Во **второто поглавје** од докторскиот труд е опишан **мотивот** за изработка на оваа студија, кој е јасно дефиниран. Мотивот на докторскиот труд е одредување на гломеруларната филтрациона рата базирана на цистатин Ц (CKD-EPI-цистатин Ц) со цел да се овозможи одредување на ГФР која не зависи од возраста и мускулната маса на испитаникот, споредено со ГФР базирана на серумскиот креатинин (CKD-EPI-креатинин), и рана детекција на ризикот за развој на ХББ кај пациентите со артериска хипертензија, дијабет, и обезност.

Во **третото поглавје** од докторскиот труд, кандидатот ги презентира **целите на истражувањето,** кои се јасно дефинирани и одредени.

Примарна цел: одредување на серумскиот цистатин Ц и ГФР-цистатин Ц (CKD-EPI-цистатин Ц) кај пациентите со артериска хипертензија, дијабет и обезност и неговата улога во раното откривање на ризикот од развој на хронична бубрежна болест.

Секундарна цел: да се спореди вредноста на ГФР базирана на цистатин Ц (CKD-EPI-цистатин Ц), ГФР базирана на серумски креатинин(CKD-EPI-креатинин) и ГФР базирана на серумски креатинин и цистатин Ц (CKD-EPI-креатинин/цистатин Ц).

Во **четвртото поглавје**, кандидатот ги прикажува **пациентите и методите**, каде што систематски се претставени одредени компоненти на методологијата на испитување за нивно полесно следење. Во ова поглавје, кандидатот јасно го дефинира дизајнот на студијата како проспективна, кохортна, клиничка студија. Студијата се изработи во ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија – Скопје. Во периодот од 2024 до 2025 година биле вклучени повеќе 150 испитаници со точно одредени вклучувачки и исклучувачки критериуми. Испитаниците биле поделени во 4 групи: група 1, со испитаници со артериска хипертензија, група 2, со испитаници со дијабетес мелитус, група 3, испитаници со обезност и контролна група на здрави испитаници без артериска хипертензија, дијабетес мелитус и/или обезност. Секоја вклучувала минимум 30 испитаници.

Вклучувачки критериуми за групата 1, испитаници со артериска хипертензија:

- возраст од 18 до 60 години,
- со претходно дијагностицирана артериска хипертензија на секундарно и/или терцијарно здравствено ниво, и

- отсуство на ХББ * (CKD-EPI-креатинин>60mL/min/1,73m2, без наод на албуминурија и без наод за други параметри за бубрежно оштетување присутни во период подолг од 3 месеци).

Вклучувачки критериуми за групата 2, испитаници со дијабетес мелитус:

- возраст од 18 до 60 години,
- со претходно дијагностициран дијабетес мелитус на секундарно и/или терцијарно здравствено ниво и
- отсуство на ХББ * (CKD-EPI-креатинин>60mL/min/1,73m2, без наод на албуминурија и без наод за други параметри за бубрежно оштетување присутни во период подолг од 3 месеци).

Вклучувачки критериуми за групата 3, испитаници со обезност:

- возраст од 18 до 60 години,
- со претходно дијагностицирана обезност (индекс на телесна маса над 30 kg/m2) на секундарно и/или терцијарно здравствено ниво, и
- отсуство на ХББ *(CKD-EPI-креатинин>60mL/min/1,73m2, без наод на албуминурија и без наод за други параметри за бубрежно оштетување присутни во период подолг од 3 месеци).

Вклучувачки критериуми за групата 4, контролни здрави испитаници:

- возраст од 18 до 60 години,
- без артериска хипертензија, дијабетес мелитус и обезност, и
- отсуство на ХББ * (CKD-EPI-креатинин>60mL/min/1,73m2, без наод на албуминурија и без наод за други параметри за бубрежно оштетување присутни во период подолг од 3 месеци).

*Дефиниција според КИДГО 2024

Исклучувачки критериуми за испитаниците на студијата:

- возраст над 60 години,
- акутна бубрежна болест,
- акутно бубрежно оштетување,
- хронична бубрежна болест (CKD-EPI-креатинин<60mL/min/1,73m2, и/или наод на албуминурија и/или наод на други параметри за бубрежно оштетување присутни во период подолг од 3 месеци),
- со заболување на тироидната жлезда (тироидните хормони интерферираат со анализата на цистатин Ц),
- терапија со кортикостероиди (кортикостероидите влијаат на нивото на цистатин Ц во крвта).

Сите испитаници биле иследувани во две точки, на почетокот на студијата и по 1 година. Кај сите испитаниции се одредувани:

- телесна тежина и висина, за да се пресмета индексот на телесна маса (БМИ) според формулата: тежината во килограм (Kg) поделена со висината во квадратен метар (kg/m2),
- вредноста на крвниот притисок и пулс,
- лабораториски анализи на крв (крвна слика, гликемија, HbA1c% уреа, креатинин, мочна киселина, електролити, протеински статус, липиден статус),
- серумско ниво на цистатин Ц,
- анализа на присуство на албумини во урина,
- ГФР базирана на цистатин Ц, ГФР базирана на креатинин и ГФР базирана на креатинин-цистатин Ц со равенките CKD-EPI-цистатин Ц, CKD-EPI-креатинин, CKD-

EPI-креатинин/цистатин Ц (https://www.mdcalc.com/calc/3939/ckd-epi-equations-glomerular-filtration-rate-gfr)

Протоколот од истражувањето е прикажан во **петтото поглавје.** Тука се опишани сите параметри кои биле испитувани, како што се: **телесна тежина и висина**, за да се пресмета индексот на телесна маса (БМИ) според формулата: тежината во килограм (Kg) поделена со висината во квадратен метар (kg/m2); висината и тежината на секој учесник била измерена со помош на вага со прикачена висина (сека). Вагата за мерење била калибрирана со користење на позната тежина – грамови, килограми. За секое мерење, вагата се враќала на вредност нула, при што биле земени две отчитувања и просекот бил пресметан. Учесниците добивале инструкции да носат лесна облека, да ги извадат чевлите, капа (доколку има), пред да се качат на вагата. Телесната тежина пресметувана со учесникот кој ќе стоел исправено на вагата, главата исправена и потпирајќи се на мерачот. Висината се мерела со помош на стадиометар калибриран со позната должина (милиметри, сантиметри, метри). Мерењата се направени во точката што одговара на круната на главата. Била иследувана **вредноста на крвниот притисок и пулс**, пресметувана со електронски апарат за притисок во mm/Hg кој покажува веднаш измерен крвен притисок и пулс (пулсот мерен во удари/min). Земани се 2 отчитувања и е земан просек на вредноста за параметрите. На гладно се земала **венска крв, 2 епрувети** по 5мл (една епрувета ЕДТА со хепарин за HbA1c% и ККС и друга епрувета за останатите анализи без хепарин) и се испитуваа: лабораториски анализи на крв [крвна слика (РБЦ-10*12/Л, ХГБ-g/L,Леукоцити-10*9/Л, тромбоцити-10*9/Л,МЦВ-fL,лимфоцити-%) гликемија-mmol/L, уреammol/L, креатинин-mmol/L, мочна киселина-mmol/L, електролити (натриум, калиум и калциум- mmol/L, протеински статус(вк протеини и албумини-g/L), липиден статус(Вк холестерол, триглицериди, ЛДЛ холест., ХДЛ-холестерол, за сите во мерна единица mmol/L]. Испитувано **серумското ниво на цистатин Ц-mg/L.** Лабараториска **анализа на урина** со квалитатитивно одредување на протеини и односот на албумин/креатинин. Пресметувана **вредноста на ГФР-mL/min/1.73m2** базирана на лабораториските параметри според формулите на за CKD-EPI серумски креатинин, CKD-EPI серумски цистатин Ц и CKD-EPI креатинин-цистатин Ц.

Во **шестото поглавје** е опишана статистичката обработка. Тука кандидатот дава краток опис на кој начин се пресметани добиените резултати, како и опис на програмата за нивна обработка.

Резултатите од истражувањето се прикажани во **седмото поглавје.** Кандидатот тука опишува: **испитаници со хипертензија.** Кај испитаниците со хипертензија, на број од 41 испитаник, половата структура на пациентите со хипертензија ја сочинувале 25 (56,82 %) пациенти од женски пол и 19 (43,18 %) машки пациенти. Кандидатот опишува дека просечната возраст на пациентите со хипертензија во 2024 година била 52.8 ± 6.5 години, пациентите во 2025 година се со просечна возраст од 53.6 ± 6.4 години. Од 13 пациенти со стадиум 2 според равенката CKD-EPI -K, 7 пациенти биле во стадиум 2 според равенката CKD-EPI-заедничка, 3 пациенти во стадиум 1 и 3 во стадиум 3а. Од 28 пациенти со стадиум 2 според равенката CKD-EPI -C, 25 пациенти биле во стадиум 2 според равенката CKD-EPI -заедничка, 3 пациенти во стадиум 1. **ROC-анализата за рана предикција на бубрежно оштетување кај пациенти со хипертензија** во овој докторски труд укажува дека **плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот креатинин** во предикција на бубрежно оштетување има вредност од 0.767(AUC=0.767, CI 95%0.972-1.0), што укажува дека **овој маркер е добар предиктор** во разграничување на пациенти со/без бубрежно оштетување кај пациенти со хипертензија. Cut off вредноста на серумскиот

креатинин на оваа група пациенти изнесувала 70.5 µmol/L,со сензитивност од 65,9 % и специфичност од 69,6 %. **Плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот цистатин Ц** со вредност од 0.960(AUC=0.960, CI 95%0.907-0.998), што укажува дека **овој маркер е одличен предиктор** во разграничување на пациенти со/без бубрежно оштетување кај пациенти со хипертензија. Cut off вредноста на серумскиот цистатин Ц на оваа група пациенти изнесувала 0.795 mg/L,со сензитивност од 95,5 % и специфичност од 95,7 %. Посочено е дека комбинацијата на серумски креатинин и цистатин Ц во предикција на бубрежно оштетување кај пациенти со хипертензија има плоштина под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) од 0.964 (AUC=0.964, CI 95%0.918-0.998). **ROC-анализа за предикција кон хронична бубрежна болест кај пациенти со хипертензија** во овој докторски труд укажува дека **плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот креатинин** има вредност од 0.478 (AUC=0.478, CI 95%0.296-0.660), што укажува дека **овој маркер има недоволна дискриминаторска способност** во разграничување на пациенти со/без хронична бубрежна болест кај пациенти со хипертензија. **Плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот цистатин Ц** имала вредност од 0.949 (AUC=0.949, CI 95%0.886-1.0), што укажува дека **овој маркер е одличен предиктор** во разграничување на пациенти со/без хронична бубрежна болест кај пациенти со хипертензија. Cut off вредноста на серумскиот цистатин Ц на оваа група пациенти изнесувала 0.985 mg/L,со сензитивност од 88 % и специфичност од 89,5 %. Комбинацијата на серумски креатинин и цистатин Ц во предикција на хронична бубрежна болест кај пациенти со хипертензија има плоштина под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) од 0.992(AUC=0.992, CI 95%0.974-1.0). Кандидатот посочува вредностите на серумскиот креатинин сигнификантно се разликувале во зависност од полот на пациентите со хипертензија во 2024 и 2025 година (p=0.000415, p=0.0016; соодветно); Мажите имале сигнификантно повисоки вредности на креатинин во серум споредено со жените. Од друга страна пак, полот на пациентите со хипертензија немал сигнификантно влијание на вредностите на серумскиот цистатин Ц во анализираните години (p=0.337 и p=0.25, соодветно). Мажите и жените имале несигнификантно различни вредности на цистатин Ц. Не било најдена сигнификантна корелација помеѓу возраста на пациентите и серумскиот цистатин Ц (p=0.46 и p=0.94,соодветно во 2024/25 година). **Испитаници со обезност.** Во групата со обезност, кандидатот анализирал 31 пациент, од кои 15 (48,39 %) од женски пол и 16 (51,61 %) машки пациенти. Обезните пациенти во 2024 година биле со просечна возраст од 50.1±7.8 години, во 2025 година со просечна возраст од 50.9±7.9 години. Од 7 пациенти со стадиум 2 според равенката CKD-EPI -K, 4 пациенти припаѓале во стадиум 2 според равенката CKD-EPI i-заедничка, 2 пациенти во стадиум 1 и 1 пациент во стадиум 3а. Од 22 пациенти со стадиум 2 според равенката CKD-EPI -C, 18 пациенти биле во стадиум 2 според равенката CKD-EPI - заедничка, 4 пациенти во стадиум 1. Кандидатот говори **дека ROC-анализа за рана предикција на бубрежно оштетување кај пациенти со обезност** во докторскиот труд укажува **плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот креатинин** во предикција на бубрежно оштетување има вредност од 0.823(AUC=0.823, CI 95%0.726-0.92), што укажува дека **овој маркер е многу добар предиктор** во разграничување на пациенти со/без бубрежно оштетување кај пациенти со обезност.Cut off вредноста на серумскиот креатинин на оваа група пациенти изнесувала 71.5 µmol/L,со сензитивност од 74,2 % и специфичност од 21,7 %. **Плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот цистатин Ц** имала вредност од 0.941(AUC=0.941, CI 95%0.864-1.0), што укажува дека **овој маркер е одличен предиктор** во разграничување на пациенти со/без бубрежно оштетување кај пациенти

со обезност.Cut off вредноста на серумскиот цистатин Ц на оваа група пациенти изнесувала 0.795mg/L,со сензитивност од 93,5 % и специфичност од 95,7 %. Од друга страна, пак, комбинацијата на серумски креатинин и цистатин Ц во предикција на бубрежно оштетување кај пациенти со обезност имала плоштина под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) од 0.963(AUC=0.963, CI 95%0.913-1.0). **ROC-анализа за предикција кон хронична бубрежна болест кај пациенти со обезност** во овој докторски труд укажува дека **плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот креатинин** имала вредност од 0.399 (AUC=0.399, CI 95%0.190-0.608), што укажува дека **овој маркер има недоволна дискриминаторска способност** во разграничување на пациенти со/без хронична бубрежна болест кај пациенти со обезност. **Плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот цистатин Ц** имала вредност од 0.926 (AUC=0.926, CI 95%0.837-1.0), што укажува дека **овој маркер е одличен предиктор** во разграничување на пациенти со/без хронична бубрежна болест кај пациенти со обезност.Cut off вредноста на серумскиот цистатин Ц на оваа група пациенти изнесува 0.995 mg/L,со сензитивност од 82,4 % и специфичност од 78,6 %. Комбинацијата на серумски креатинин и цистатин Ц во предикција на хронична бубрежна болест кај пациенти со обезност имала плоштина под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) од 0.983(AUC=0.983, CI 95%0.949-1.0). Обезните мажи имале сигнификантно повисоки вредности на серумски креатинин од обезните жени, во 2024 (p=0.0036) и 2025 година (p=0.009). Кандидатот опишува серумскиот цистатин Ц во анализираните години, 2024 и 2025 година, не се разликува сигнификантно во зависност од полот на обезните пациенти (p=0.236 и p=0.183, соодветно). Возраста на обезните пациенти не корелирала сигнификантно со серумскиот креатинин и цистатин Ц (p=0.561 и p=0.312, соодветно во 2024 година), (p=0.578 и p=0.589соодветно во 2025 година). **Испитаници со дијабетес мелитус.** Половата структура на 34-те пациенти со дијабетес мелитус ја сочинувале 19 (55,88 %) пациенти од женски пол и 15 (44,12 %) машки пациенти. Просечната возраст на пациентите со дијабетес мелитус во 2024 година била 52.0±8.3 години, пациентите во 2025 година биле со просечна возраст од 52.9±8.3 години. Од 9 пациенти со стадиум 2 според равенката CKD-EPI -K, 5 пациенти биле во стадиум 2 според равенката CKD-EPI -C, 2 пациенти во стадиум 1 и 2 пациенти во стадиум 3б. Од 21 пациент со стадиум 2 според равенката CKD-EPI-C, 19 пациенти биле во стадиум 2 според равенката CKD-EPI -заедничка, 2 пациенти во стадиум 1. Опишаната **ROC-анализа за рана предикција на бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус во овој докторски труд** укажува дека **плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот креатинин** во предикција на бубрежно оштетување имала вредност од 0.754 (AUC=0.754, CI 95%0.642-0.865), што укажува дека **овој маркер е добар предиктор** во разграничување на пациенти со/без бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус. Cut off вредноста на серумскиот креатинин на оваа група пациенти изнесувала 70.5 μmol/L,со сензитивност од 67,6 % и специфичност од 69,6 %. **Плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот цистатин Ц** имала вредност од 0.941(AUC=0.941, CI 95%0.865-1.0), што укажува дека **овој маркер е одличен предиктор** во разграничување на пациенти со/без бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус.Cut off вредноста на серумскиот Цистатин Ц на оваа група пациенти изнесувала 0.77mg/L,со сензитивност од 91,2 % и специфичност од 91,3 %. Комбинацијата на серумски креатинин и цистатин Ц во предикција на бубрежно оштетување кај пациенти со дијабетес мелитус имала плоштина под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) од 0.937(AUC=0.937, CI 95%0.865-1.0). **ROC-анализа за предикција кон хронична бубрежна болест кај пациенти со дијабетес мелитус во овој докторски труд** укажува,

плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот креатинин има вредност од 0.518(AUC=0.478, CI 95%0.296-0.660), што укажува дека **овој маркер е слаб предиктор** во разграничување на пациенти со/без хронична бубрежна болест кај пациенти со дијабетес мелитус, со сензитивност од 42,1 % и специфичност од 53,3 %. **Кандидатот укажува плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за серумскиот цистатин Ц** има вредност од 0.918(AUC=0.918, CI 95%0.821-1.0), што укажува дека **овој маркер е одличен предиктор** во разграничување на пациенти со/без хронична бубрежна болест кај пациенти со дијабетес мелитус.Cut off вредноста на серумскиот Цистатин Ц на оваа група пациенти изнесувала 1.005mg/L,со сензитивност од 78,9 % и специфичност од 80 %. Комбинацијата на серумски креатинин и цистатин Ц во предикција на хронична бубрежна болест кај пациенти со дијабетес мелитус имала плоштина под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) од 0.958(AUC=0.958, CI 95%0.899-1.0). Вредностите на серумскиот креатинин сигнификантно се разликувале во зависност од полот на пациентите со дијабетес мелитус во 2024 и 2025 година (p=0.04, p=0.0195; соодветно); Мажите имале сигнификантно повисоки вредности на креатинин во серум споредено со жените. Возраста на пациентите со дијабетес мелитус и серумскиот цистатин Ц несигнификантно корелирале (p=0.6 и p=0.38, соодветно во 2024/2025 година).

Осмото поглавје на докторскиот труд е **Дискусија**. Кандидатот во ова поглавје ги коментира резултатите од сопственото истражување, кои се концизно и јасно објаснети. Потоа, ги споредува своите резултати со достапни податоци од литературата. Кандидатот прави детална анализа на резултатите од студијата, правејќи споредба со досега објавените стручни и научни трудови во интернационални рамки, голем број мета-анализи и водичи и препораки што се однесуваат на оваа проблематика.

Во **деветтото поглавје**, врз основа на анализата на податоците и добиените резултати од истражувањето, кандидатот ги формулира **заклучоците** од истражувањето. Во студијата е извршено одредување на серумскиот цистатин Ц и ГФР-цистатин Ц (CKD-EPI-цистатин Ц) кај пациентите со артериска хипертензија, дијабетес и обезност и неговата улога во раното откривање на ризикот од развој на хронична бубрежна болест.

Исто така, споредена е вредноста на ГФР базирана на цистатин Ц (CKD-EPI-цистатин Ц), ГФР базирана на серумски креатинин (CKD-EPI-креатинин) и ГФР базирана на серумски креатинини цистатин Ц (CKD-EPI-креатинин/цистатин Ц).

Кандидатот заклучува дека во споредба со контролната група, кај пациентите кои биле испитувани се докажува дека цистатинот Ц е подобар предиктор во развојот како на бубрежното заболување, така и на хроничната бубрежна болест, за разлика од серумскиот креатинин. За разлика од серумскиот креатинин, со употребата на цистатинот Ц се избегнува влијанието на возраста и полот, мускулната маса врз проценката на бубрежното оштетување.

Последната, **десетта глава** од докторскиот труд ја содржи приложената **литература**, која е обемна, со соодветни трудови, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатот д-р Зоран Јаневски, со наслов: ЦИСТАТИН Ц НАСПРОТИ КРЕАТИНИН – РАН ПРЕДИКТОР ВО РАЗВОЈ НА ХРОНИЧНАТАБУБРЕЖНА БОЛЕСТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ЕСЕНЦИЈАЛНА АРТЕРИСКА ХИПЕРТЕНЗИЈА, ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС И ОБЕЗИТАС, претставува актуелно истражување во клиничката медицина од областа на ортопедијата.

Докторскиот труд е изработен по сите принципи на едно научно истражување. Во согласност со мотивот на студијата, дефинирани се и целите на истражувањето, научниот пристап е оригинален и внимателно избран, а методологијата на испитување е современа. Поставените цели се во целина реализирани, а добиените резултати се адекватно обработени, интерпретирани и дискутирани во согласност со нивната научна и клиничко применета вредност.

Главната цел на докторската дисертација беше да се утврди дали одредувањето на гломеруларната филтрациона рата на бубрезите базирано на серумската вредност на цистатин Ц претставува ран предиктор за развој на хронична бубрежна болест кај пациентите со ризик-фактор за развој на хронична бубрежна болест. Докторскиот труд на кандидатот д-р Зоран Јаневски ги исполнува пропишаните услови и стандарди за подготовка на докторски труд согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. THE ASSOCIATION OF SERUM CYSTATIN-C WITH THE DEVELOPMENT OF CHRONICKIDNEY DISEASE IN PATIENTS WITH TYPE 2 DIABETES MELLITUS.

ПОВРЗАНОСТА НА СЕРУМСКИОТ ЦИСТАТИН-Ц СО РАЗВОЈОТ НА ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2.

Zoran Janevski, Vladimir Pushevski, Julijana Usprcov, Pavlina Dzekova Vidimliski, Stefan Filipovski, Svetlana P. Kuzmanoska, Gjorgji Trajkovski, Andrijana J. Trpkovska, Brane Trpkovski and Vesna Ristovska.

2. ASSOCIATION BETWEEN CYSTATIN C AND HYPERTENSION AS ONE OF THE MAIN CAUSES OF CHRONIC KIDNEY DISEASE.

РЕЛАЦИЈА НА ЦИСТАТИН Ц КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ХИПЕРТЕНЗИЈА КАКО ЕДНА ОД ГЛАВНИТЕ ПРИЧИНИ ЗА ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ.

Zoran Janevski, Oliver Ristov, Njomza X Bilalli, Vlora Sadiku, Dario Taleski, Benjamin Kamberi,Kristina Petrova, Ema Atanasova, Vesna Ristovska, Stefan Filipovski, Irena R. Busljetic, Zaklina S.Markovska and Arta Tafa.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд на **д-р Зоран Јаневски, со наслов: ЦИСТАТИН Ц НАСПРОТИ КРЕАТИНИН – РАН ПРЕДИКТОР ВО РАЗВОЈ НА ХРОНИЧНАТА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ЕСЕНЦИЈАЛНА АРТЕРИСКА ХИПЕРТЕНЗИЈА, ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС И ОБЕЗИТАС,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

Главен научен придонес на докторската дисертација е можноста од клиничка апликативна примена на резултатите по нивна извршена анализа. Студијата покажа дека употребата на цистатинот Ц има голема важност за рана предикција и развој на хроничната бубрежна болест.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскот труд на кандидатот **д-р Зоран Јаневски со наслов: ЦИСТАТИН Ц НАСПРОТИ КРЕАТИНИН – РАН ПРЕДИКТОР ВО РАЗВОЈ НА ХРОНИЧНАТА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ЕСЕНЦИЈАЛНА АРТЕРИСКА ХИПЕРТЕНЗИЈА, ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС И ОБЕЗИТАС.**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Ирена Рамбабова Бушлетиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Весна Ристовска, ментор, с.р.
Проф. д-р Петар Дејанов, член, с.р.
Проф. д-р Лада Трајческа, член, с.р.
Проф. д-р Саша Ј. Мишевска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДАЛИ ПОСТОИ ПЛАЦЕНТАРЕН МИКРОБИОМ КАЈ ЗДРАВА ТЕРМИНСКА БРЕМЕНОСТ“ ОД Д-Р КАТЕРИНА МАЏУНКОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458-/2,19 и бр. 458/2.21 – анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје (бр.425 од 28.6.2019) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата на запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Наставно-научниот совет, на својата XXX редовна седница одржана на 15.4.2026 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторски труд со наслов: „Дали постои плацентарен микробиом кај здрава терминска бременост“ на докторантката д-р Катерина Маџункова, во следниов состав: проф. д-р Ана Данева Маркова (претседател), проф. д-р Марјан Стојовски (ментор), проф. д-р Викторија Јовановска (член), проф. д-р Миле Тантуровски (член) и проф. д-р Гордана Јанкоска (член). Комисијата со внимание го разгледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд „Дали постои плацентарен микробиом кај здрава терминска бременост“ обработува една од најактуелните, најкомплексните и најконтроверзните теми во современата перинатална медицина, молекуларна микробиологија, имунологија и репродуктивна биологија. Прашањето дали интраутеринатa средина е целосно стерилна или содржи микробни сигнали со потенцијално биолошко значење претставува значајна научна дилема која во последните две децении предизвика интензивен интерес и бројни научни расправи во светската литература.

Развојот на концептот за човечкиот микробиом суштински го промени разбирањето на односот помеѓу човекот и микроорганизмите. Денес е добро познато дека микробиомот има клучна улога во одржувањето на хомеостазата, метаболизмот, созревањето на имунолошкиот систем и заштитата од патогени микроорганизми. Во таа насока, сè поголем број истражувања се насочени кон утврдување на времето кога започнува микробната колонизација на човековиот организам и кои фактори влијаат врз формирањето на раната неонатална микробиота. Традиционалниот концепт за „стерилна матка“ со децении претставуваше основна парадигма во репродуктивната медицина. Според овој модел, фетусот се развива во стерилна интраутерина средина, а првата значајна микробна експозиција започнува дури при раѓањето, преку контакт со вагиналната микробиота на мајката, кожата, околината и доењето. Овој концепт долго време беше поддржан од класичните микробиолошки културни методи, кои кај физиолошки бремености не детектираа микроорганизми во плацентата, амнионската течност или феталните мембрани. Плацентата традиционално се смета за високоспецијализиран орган кој обезбедува размена на кислород, хранливи материи и метаболити помеѓу мајката и фетусот, истовремено претставувајќи важна имунолошка бариера што го штити плодот од потенцијално штетни агенси од мајчиниот организам. Поради оваа специфична улога, прашањето за евентуалното присуство на микроорганизми во плацентарното ткиво има особено значење, бидејќи директно се

поврзува со разбирањето на мајчино-феталната интеракција и механизмите на феталниот развој.

Со развојот на современите молекуларни и култура-независни техники, особено 16S rRNA секвенционирањето, shotgun метагеномиката, next-generation sequencing технологиите и real-time PCR анализата, започнаа да се појавуваат студии кои пријавуваа присуство на бактериска ДНК во плацентарното ткиво, амнионската течност, феталните мембрани и мекониумот, дури и кај здрави термински бремености. Овие наоди доведоа до појава на нова хипотеза дека плацентата можеби содржи ултраниско ниво на микробни сигнали или ограничена микробна заедница, која потенцијално би можела да учествува во имунолошкото програмирање на фетусот и подготовката за постнатална микробна колонизација.

Особено значајно влијание врз оваа научна дебата имаа студиите кои пријавуваа присуство на бактериски таксони типични за оралната, вагиналната и кожната микробиота во плацентарните примероци. Овие резултати ја отворија можноста за постоење на потенцијален хематоген или асцендентен пренос на микробни компоненти од мајката кон плацентата и фетусот. Истовремено, се развија хипотези според кои дури и минимални количества на микробни антигени, нуклеински киселини или метаболити можат да влијаат врз созревањето на феталниот имунолошки систем, формирањето на имунолошка толеранција и подготвеноста на новороденчето за адаптација кон екстраутериниот живот. Потенцијалното постоење на интраутерина микробна експозиција има далекусежни импликации не само за разбирањето на почетокот на човечката микробна колонизација, туку и за современите концепти поврзани со алергиските заболувања, автоимуните болести, метаболичките нарушувања и невроразвојните процеси. Поради тоа, прашањето за постоењето на плацентарен микробиом е значително повеќе од микробиолошка дилема и претставува фундаментално прашање за развојната биологија и перинаталната медицина. И покрај значителниот број објавени научни трудови во оваа област, современата литература сè уште не дава единствен и јасно дефиниран научен консензус во однос на постоењето на плацентарен микробиом. Новите истражувања, кои се спроведуваат со примена на значително построги стерилни протоколи, повеќекратни негативни контроли и современи методи за детекција и исклучување на контаминација, во најголем дел не успеваат да потврдат постоење на стабилна, конзистентна и репродуцибилна микробна заедница во плацентарното ткиво. Во тој контекст, дел од претходно објавените позитивни наоди денес се предмет на критичка ревизија и во голема мера се интерпретираат како последица на надворешна контаминација, која може да потекнува од лабораториски реагенси, работната средина или од самиот процес на земање и обработка на примероците во перипарталниот период. Оваа проблематика е особено изразена кај примероци со исклучително ниска микробна биомаса, кај кои и минимални количини на егзогена ДНК можат значајно да влијаат врз добиените резултати и нивната интерпретација.

Овој проблем е особено изразен кај примероци со ниска микробна биомаса, какво што е плацентарното ткиво, каде што и минимални количини на екзогена ДНК можат значително да влијаат врз конечните резултати и нивната интерпретација. Поради тоа, истражувањата во оваа област бараат исклучително строги методолошки стандарди, внимателно земање и обработка на примероците, ригорозни контроли на сите фази од анализата и комбинирање на повеќе аналитички техники со цел да се минимизира ризикот од лажно позитивни наоди. Истражувањето на докторантката има особена научна и методолошка важност. Примената на real-time PCR-технологија за детекција на микробни сигнали во плацентарно ткиво, амнионска течност и верникс кај здрави

термински бремености претставува современ, прецизен и научно оправдан пристап кој овозможува дополнително разјаснување на една од најзначајните дилеми во современата перинатална микробиологија. Дополнителна вредност на истражувањето претставува фактот што анализата е спроведена кај физиолошки, некомплицирани термински бремености, без клинички или хистопатолошки знаци на инфекција. Со тоа се создава можност за објективна проценка на потенцијалното присуство на микробни сигнали во услови кои најдобро ја претставуваат нормалната биологија на бременоста. Актуелноста на трудот е дополнително нагласена од можните импликации врз современото разбирање на феталниот развој, имунолошкото созревање, мајчино-феталната комуникација и раната неонатална адаптација. Доколку постои интраутерина микробна експозиција, дури и на ниво на микробни компоненти или транзиторни сигнали, тоа би можело значително да ги промени досегашните концепти за почетокот на човечката микробна колонизација и за улогата на мајчиниот микробиом во програмирањето на здравјето на новороденчето.

Истражувањето има и значајна национална научна вредност. Во Република Северна Македонија досега нема објавени систематски истражувања кои со примена на современи молекуларни методи директно го испитуваат прашањето за постоењето на плацентарен микробиом кај здрави термински бремености. Оттука, овој докторски труд претставува пионерски придонес во домашната научна литература и создава основа за понатамошен развој на истражувањата во областа на перинаталната молекуларна микробиологија, неонатологијата и репродуктивната медицина. Во таа насока, предметот на истражувањето е јасно дефиниран и научно прецизно поставен, со фокус на испитување на присуството на микробни сигнали во плацентарното ткиво, амнионската течност и верниксот кај здрави термински бремености. Ваквата поставеност овозможува сеопфатен пристап кон истражувачкото прашање и создава услови за објективна проценка на можната интраутерина микробна експозиција во физиолошки услови. Дополнителна вредност на трудот претставува фактот што истражувањето не се ограничува само на детекција на микроорганизми, туку ги анализира и потенцијалните патишта на нивно пренесување, како и влијанието на начинот на породување врз раната микробна изложеност на новороденчето. Со тоа, трудот ја надминува рамката на класично микробиолошко испитување и се позиционира во поширокиот контекст на мајчино-феталната интеракција, неонаталната адаптација и формирањето на раниот микробиом.

Комисијата особено ја истакнува оригиналноста на истражувачкиот пристап, имајќи предвид дека темата сè уште претставува предмет на интензивни научни дискусии на меѓународно ниво. Во услови кога резултатите од светската литература често се контрадикторни, секое методолошки добро дизајнирано истражување има значајна вредност во процесот на разјаснување на оваа научна дилема. Оттука, докторскиот труд претставува релевантен придонес кон акумулацијата на докази во една област која сè уште е во фаза на активно научно преиспитување.

Изборот на оваа тема ја потврдува способноста на кандидатката да препознае современи научни предизвици и да ги обработи преку примена на актуелни молекуларно-дијагностички методи. Истражувањето е концепциски усогласено со современите трендови во перинаталната медицина и молекуларната биологија, каде што сè поголемо внимание се посветува на улогата на микробните фактори во текот на бременоста и нивното можно влијание врз здравјето на новороденчето.

Согласно со наведеното, Комисијата оценува дека изборот на темата е целосно оправдан од научен, методолошки и клинички аспект и дека истражувањето претставува

солидна основа за добивање релевантни сознанија кои можат да придонесат кон понатамошниот развој на оваа област.

Предметот на истражувањето е јасно дефиниран, научно аргументиран и методолошки добро поставен. Кандидатката прецизно го насочува истражувачкиот фокус кон анализа на плацентарното ткиво, амнионската течност, вагиналните брисеви кај мајката и верниксот кај новороденчето, со цел да се процени можноста за постоење на микробни сигнали во услови на физиолошка, некомплицирана терминска бременост. Ваквиот пристап овозможува истовремено испитување на повеќе потенцијални извори на микробна експозиција и создава можност за подобро разбирање на потенцијалната врска помеѓу мајчиниот микробиом и раната неонатална колонизација. Предметот на истражувањето е поставен во контекст на најсовремените сознанија од областа на перинаталната микробиологија и молекуларната дијагностика, што му обезбедува јасна научна и клиничка оправданост.

Целите на студијата се логично формулирани, јасно дефинирани и меѓусебно усогласени. Основната цел е насочена кон утврдување на присуството или отсуството на детектабилни микробни сигнали во плацентарното ткиво кај здрави терминski бремености со примена на современи молекуларни техники. Покрај тоа, преку споредба на примероци добиени од вагинално породување и породување со царски рез, истражувањето настојува да ја процени улогата на начинот на породување во иницијалната микробна експозиција на новороденчето. Специфичните цели дополнително ја прошируваат научната вредност на трудот преку анализа на можната поврзаност помеѓу вагиналната микрофлора на мајката и детектираните микроорганизми кај новороденчето, како и преку проценка на можните механизми на рана микробна трансмисија.

Материјалите и методите се детално, јасно и систематски прикажани. Истражувањето е дизајнирано како студија на пресек, спроведена кај здрави трудници со терминска бременост и нивните новороденчиња. Испитаниците се поделени во две групи според начинот на породување – вагинално породување и породување со царски рез, што овозможува компаративна анализа на присуството на микробни сигнали во плацентарното ткиво, амнионската течност, вагиналните брисеви и верниксот кај новороденчето. Ваквиот дизајн е соодветен за поставените истражувачки цели и овозможува директна споредба на добиените резултати, како и проценка на потенцијалното влијание на породувањето врз микробната експозиција на новороденчето.

Инклузионите критериуми се соодветно дефинирани и вклучуваат трудници со единечна терминска бременост, без знаци на инфекција, без акушерски компликации и со клинички уреден тек на бременоста. Вклучувањето исклучиво на физиолошки бремености овозможува добивање порепрезентативни резултати за нормалните биолошки процеси и минимизирање на влијанието на патолошките состојби врз испитуваните параметри.

Ексклузионите критериуми се внимателно избрани и опфаќаат присуство на клиничка или лабораториска инфекција, предвремено породување, предвремено прскање на плодовите обвивки, повеќеплодна бременост, употреба на антибиотска терапија во периодот пред породувањето, како и други состојби кои би можеле да влијаат врз составот на микробиотата или да претставуваат потенцијален конфузен фактор. Ваквиот пристап придонесува за создавање хомогена испитувана популација и ја зголемува валидноста на добиените резултати.

Особено позитивен аспект претставува детално разработениот протокол за земање, транспорт и обработка на биолошките примероци. Авторката покажува високо

ниво на методолошка прецизност преку примена на строги асептични услови при земањето на плацентарните примероци и амнионската течност, со што се минимизира ризикот од контаминација. Овој сегмент има особено значење, имајќи ја предвид ниската микробна биомаса на испитуваните материјали и добро познатите предизвици поврзани со интерпретацијата на резултатите во вакви истражувања.

Сите примероци се собирани со стерилни стапчиња за брис и веднаш поставувани во соодветен транспортен медиум (RVS, Fisher BioReagents), со цел обезбедување на оптимални услови за зачувување на биолошкиот материјал и минимизирање на ризикот од контаминација. По земањето, примероците се транспортирани до лабораторијата во контролирани услови на температура, согласно со стандардните процедури за клинички материјал, по што следела нивна понатамошна обработка. Екстракцијата на ДНК е изведувана со користење на STARMag 96×4 Universal Cartridge Kit (Seegene Inc.) на целосно автоматизирана платформа Seegene Microlab NIMBUS, со што се обезбедува висока степен на стандардизација, репродуктивност и значително намалување на ризикот од вкрстена и лабораториска контаминација. Примената на автоматизиран систем е особено значајна при анализа на примероци со ниска микробна биомаса. За детекција на таргетните микроорганизми е користен комерцијален мултиплекс real-time PCR кит — Allplex™ Vaginitis Screening Assay (Seegene Inc.), со кој се опфатени следниве микроорганизми: *Candida spp.*, *Candida albicans*, *Trichomonas vaginalis*, *Lactobacillus spp.*, *Gardnerella vaginalis*, *Atopobium vaginae* и *Mobiluncus spp*. Изборот на овој панел се базира на претпоставената поврзаност помеѓу потенцијалната интраутерина микробна експозиција и мајчината вагинална микробиота. Амплификацијата и детекцијата се изведувани на CFX96™ Real-Time PCR систем (Bio-Rad), додека интерпретацијата на резултатите е спроведувана со софтвер Seegene Viewer (V3). Применетиот real-time PCR-систем овозможува висока аналитичка чувствителност, специфичност и репродуктивност, со истовремена амплификација и детекција во затворен систем, со што се минимизира ризикот од постамплификациска контаминација. Методот овозможува и квантитативна проценка базирана на Ct-вредности, што е од особено значење при анализа на примероци со ниска биолошка маса, каде што количината на детектирана ДНК може да биде на граница на аналитичка детекција. Примената на мултиплекс пристап овозможува истовремена анализа на повеќе таргети, со што се зголемува ефикасноста на методот и се намалува времето и потрошувачката на реагенси. И покрај високата аналитичка вредност, методологијата има и ограничувања, пред сè поврзани со зголемената чувствителност на контаминација, што претставува особено важен фактор при анализа на нискобиомасни примероци како плацентарното ткиво. Поради тоа, резултатите бараат внимателна интерпретација во контекст на применетите контроли и лабораториски услови.

Комисијата смета дека применетата лабораториска методологија е адекватно избрана и целосно усогласена со поставените цели на истражувањето. Употребата на современи молекуларни дијагностички техники овозможува високо ниво на сигурност при анализата на испитуваните примероци и претставува значајна методолошка предност на ова истражување. Избраните методи се соодветни за испитување на биолошки материјали со ниска микробна биомаса, какви што се плацентарното ткиво и амнионската течност, при што се овозможува детекција на микробни сигнали со висока аналитичка прецизност. Особено позитивно се оценува фактот што кандидатката покажува добро разбирање на методолошките предизвици поврзани со истражувањето на плацентарниот микробиом, област во која ризикот од контаминација и појава на лажно позитивни резултати претставува еден од најголемите научни предизвици. Во трудот е посветено соодветно внимание на контролата на можните извори на

контаминација при земањето, транспортот и лабораториската обработка на примероците, што дополнително придонесува за валидноста и веродостојноста на добиените резултати.

Кандидатката критички пристапува кон применетата методологија и соодветно ги разгледува нејзините предности и ограничувања, покажувајќи зрело научно размислување и добро познавање на современите концепти во областа на молекуларната микробиологија. Ваквиот пристап овозможува добиените резултати да бидат интерпретирани во согласност со актуелните научни стандарди и дополнително ја зајакнува научната вредност на истражувањето. Методолошката поставеност во целина остава впечаток на внимателно планирано, добро организирано и стручно спроведено истражување, способно да обезбеди релевантни и научно оправдани одговори на поставените истражувачки прашања.

Поставените хипотези во студијата се јасно дефинирани, логично структурирани и произлегуваат од современите научни контроверзии поврзани со прашањето за постоењето на интраутерин микробиом. Кандидатката соодветно ги позиционира хипотезите во контекст на актуелната литература, при што се опфатени трите клучни аспекти на истражувањето: можната присутност на микробни компоненти во плацентарното ткиво, потенцијалната интраутерина започнатост на неонаталната микробна колонизација, како и можноста за постоење на структурирана микробна заедница во форма на т.н. плацентарен микробиом. Ваквата поставеност овозможува јасна насоченост на истражувањето и создава основа за интерпретација на добиените резултати во поширок биолошки и клинички контекст.

Особено позитивно се оценува фактот што хипотезите се формулирани на начин кој овозможува нивна проверливост преку примена на современи молекуларно-дијагностички методи, со што се обезбедува научна релевантност и методолошка оправданост на студијата. Истовремено, тие се доволно конкретни за да овозможат јасно дефинирање на истражувачките исходи, но и доволно широки за да ја опфатат комплексноста на проблематиката.

Во делот на статистичката обработка, применети се соодветни дескриптивни и инферентни статистички методи, кои се во согласност со карактерот на податоците и поставените истражувачки цели. Дескриптивната анализа опфаќа правилна употреба на фреквенции, пропорции и мерки на централна тенденција и дисперзија, што овозможува јасен и прегледен приказ на основните карактеристики на испитуваната популација.

Инферентната статистика е соодветно структурирана и вклучува примена на Student-ов t-тест за споредба на континуирани променливи со нормална распределба, χ^2-тест за анализа на категорички податоци, како и Fisher-ов екзактен тест при мали очекувани фреквенции. Дополнително, предвидената примена на ANOVA и регресиони модели во мултиваријатни анализи укажува на соодветно методолошко ниво и способност за комплексна статистичка обработка на податоците.

Особено значајно е тоа што е дефинирано ниво на статистичка значајност ($\alpha = 0,05$), како и користење на 95 % интервали на доверба, што е во согласност со меѓународните стандарди за биомедицински истражувања. Ваквиот пристап придонесува за транспарентност, репродуктивност и интерпретабилност на резултатите.

Во целина, статистичката методологија е правилно избрана, јасно образложена и соодветна на дизајнот на студијата, при што овозможува валидна анализа и интерпретација на добиените податоци. Овој дел од трудот укажува на добро познавање на основните и напредни статистички принципи и придонесува кон научната кредибилност на истражувањето.

Поглавјето „Резултати“ е систематски, јасно и логично структурирано, при што податоците се презентирани на начин кој овозможува нивна лесна интерпретација и споредба помеѓу испитуваните групи. Вкупно се вклучени 73 пациентки со терминска бременост, распределени во две хомогени групи според начинот на породување (вагинален пат и царски рез), што претставува соодветна основа за компаративна анализа.

Демографската анализа покажува статистички значајна разлика во просечната возраст меѓу двете групи, при што пациентките породени вагинално се постари во однос на групата со царски рез. Овој наод е правилно статистички обработен и јасно прикажан со примена на t-тест, што укажува на адекватна примена на инферентна статистика. Воедно, резултатите за неонаталната тежина покажуваат статистички значајна разлика меѓу групите, со повисоки вредности кај новороденчињата родени со царски рез, што претставува наод во согласност со познатите клинички варијации поврзани со гестациски и акушерски фактори.

Во однос на неонаталниот ацидо-базен статус, вредностите на pH се во рамките на физиолошките граници и без статистички значајна разлика меѓу групите, што укажува на стабилен неонатален адаптациски статус независно од начинот на породување. Овој резултат е клинички релевантен, бидејќи потврдува дека испитуваните групи се споредливи во однос на основните неонатални параметри.

Анализата на социодемографските карактеристики (етничка припадност и ниво на образование) покажува дека не постојат статистички значајни разлики меѓу групите, што дополнително ја поддржува нивната хомогеност и ја намалува можноста за влијание на конфузни фактори врз резултатите.

Во однос на телесната маса (BMI), кај поголемиот дел од испитуваните пациентки е присутна прекумерна телесна тежина, при што не е утврдена статистички значајна асоцијација помеѓу BMI и начинот на породување. Овој наод укажува дека оваа варијабла не претставува значаен фактор на диференцијација меѓу испитуваните групи.

Најзначајниот дел од резултатите се однесува на анализата на микробните наоди во плацентарните примероци, амнионската течност и верниксот. Во плацентарните примероци се забележува низок број позитивни наоди за *Candida spp.*, без статистичка значајност, додека кај вагинално породените пациентки се детектира присуство на *Lactobacillus spp.* и *Gardnerella vaginalis* со висока статистичка значајност. Овие резултати укажуваат на потенцијална поврзаност помеѓу начинот на породување и присуството на микробни сигнали на плацентарната површина, при што вагиналното породување може да биде поврзано со поголема изложеност на вагиналната микробиота.

Сепак, добиените наоди треба да се интерпретираат со претпазливост, имајќи ја предвид чувствителноста на применетата PCR-методологија и можноста за контаминација кај примероци со ниска микробна биомаса. Авторката правилно укажува на оваа методолошка ограниченост и дава критичка интерпретација на резултатите.

Особено значаен е наодот дека во ниту еден примерок од амнионска течност не е детектирана микробна ДНК, независно од начинот на породување. Овој резултат силно укажува на отсуство на детектибилна микробна експозиција во амнионската средина кај здрави термински бремености и претставува важен придонес во актуелната научна дебата за стерилноста на интраутеринатa средина.

Најизразената разлика е забележана во анализата на неонаталниот верникс, каде што кај новороденчињата родени вагинално е детектирана значајна фреквенција на микробна ДНК, за разлика од групата со царски рез, каде што не се утврдени позитивни наоди. Овој резултат јасно ја поддржува хипотезата за улогата на перипарталната

експозиција при минување низ родилниот канал и претставува важен наод во контекст на раната неонатална микробна колонизација.

Во целина, поглавјето „Резултати“ е методолошки коректно, статистички адекватно обработено и јасно презентирано. Податоците се логично организирани, со соодветна примена на табеларен и графички приказ, што придонесува за нивна транспарентност и научна веродостојност. Поглавјето остава впечаток на научна зрелост, бидејќи кандидатката не ги претставува резултатите само дескриптивно, туку покажува и критички пристап при нивната интерпретација, особено во делот каде што се дискутира можноста за контаминација кај изолирани позитивни плацентарни примероци.

Резултатите претставуваат солидна основа за понатамошна дискусија и извлекување на релевантни научни заклучоци.

Дискусијата претставува сеопфатна, научно конзистентна и добро аргументирана интерпретација на добиените резултати, со јасно поставување во контекст на современата литература и актуелната научна дебата за постоењето на плацентарен и фетален микробиом. Успешно е демонстрирана кохерентна поврзаност помеѓу резултатите од трите анализирани биолошки примероци – плацента, амнионска течност и верникс – при што се гради единствена и логична хипотеза дека детектираната микробна ДНК најверојатно потекнува од перипартална експозиција или контаминација, а не од стабилна интраутерина колонизација.

Резултатите од микробната детекција во плацентата се јасно и убедливо презентирани, со значајни разлики во зависност од начинот на породување. Повисоката застапеност на *Lactobacillus spp*. и *Gardnerella vaginalis* кај вагинално породените жени, во споредба со речиси целосното отсуство на микробна детекција кај царски рез, претставува силен аргумент во корист на хипотезата за механички трансфер на микроорганизми за време на породувањето. Овие наоди се во согласност со современите сознанија од литературата, кои сè повеќе ја оспоруваат идејата за физиолошки плацентарен микробиом, особено во студии кои користат строги контроли за контаминација и анализи на ниско-биомасни примероци. Дополнително, правилно е нагласена биолошката веројатност дека плацентата, како високо специјализирано имунолошки активно ткиво, не поддржува стабилна микробна колонизација во физиолошки услови, што дополнително ја зајакнува интерпретацијата на резултатите.

Делот посветен на амнионската течност дополнително ја засилува централната теза на студијата, при што целосното отсуство на микробен раст и негативните молекуларни анализи во 73 термински бремености силно укажуваат на функционална стерилност на интраамнионската средина. Овие резултати се конзистентни со голем број современи истражувања кои покажуваат дека, кога се применуваат ригорозни методолошки контроли, претходно пријавените микробни сигнали во амнионската течност најчесто исчезнуваат или не се разликуваат од позадинската контаминација. Важна е и јасната диференцијација помеѓу физиолошка состојба и патолошки ентитети како микробна инвазија на амнионската шуплина, каде што навистина постои јасна асоцијација со воспалителен одговор и клинички компликации. Со тоа, авторите правилно ја позиционираат амнионската течност како средина со исклучително ниска микробна биомаса во нормална бременост, каде што детектираните сигнали, доколку постојат, најверојатно претставуваат технички артефакти.

Анализата на верниксот ја зајакнува хипотезата за перипартална микробна експозиција, при што јасната и статистички значајна разлика помеѓу вагинално породување и царски рез претставува еден од најсилните наоди во студијата. Високата застапеност на микробна ДНК кај вагинално родените новороденчиња, во комбинација

со целосното отсуство кај царски рез, убедливо укажува дека детекцијата на микроорганизми во верниксот не е резултат на ин утеро колонизација, туку на директен контакт со мајчината вагинална микробиота за време на породувањето. Овие резултати се во согласност со современите концепти за рана постнатална колонизација и улогата на родилниот канал како клучен извор на иницијална микробна експозиција. Дополнително, правилно се нагласува дека верниксот не е само пасивна структура, туку биолошки активен слој со потенцијална улога во селективната колонизација и имунолошката модулација на новороденчето.

Особено значајна е конзистентноста помеѓу трите анализирани системи, која создава унифицирана и логички заокружена слика: плацентата покажува минимална и веројатно контаминирана микробна детекција, амнионската течност останува конзистентно негативна, а верниксот јасно рефлектира перипартална експозиција. Оваа тријада на резултати силно ја поддржува современата научна позиција дека фетусот се развива во функционално стерилна средина, а првата значајна микробна колонизација се случува при или веднаш по породувањето.

Методолошките аспекти се адекватно обработени, со правилно идентификување на клучните ограничувања на студијата, особено неможноста за разликување помеѓу жива и нежива микробна ДНК и високата чувствителност на PCR-базираните методи на контаминација во средини со ниска биомаса. Истовремено, силна страна на студијата е вклучувањето на строги стерилни контроли, како и споредбата помеѓу различни начини на породување, што значајно ја зголемува внатрешната валидност на резултатите. Предлозите за идни истражувања, особено насочени кон RNA-базирани и функционални методи, се соодветни и научно оправдани.

Севкупно, дискусијата претставува солидно научно изграден текст кој доследно и аргументирано ја поддржува тезата дека детектираната микробна ДНК во плацентата и поврзаните ткива најчесто не претставува вистинска интраутерина колонизација, туку резултат на перипартална експозиција или техничка контаминација. Истовремено, текстот успешно ја интегрира сопствената студија во поширокиот научен контекст и придонесува кон современиот консензус дека интраутеринатa средина кај здрави термински бремености е функционално стерилна, а почетната микробна колонизација на новороденчето започнува доминантно при породувањето.

Заклучоците и препораките од оваа студија претставуваат јасна, логички уредена и научно заснована синтеза на добиените резултати и нивната интерпретација во контекст на современата литература од областа на перинаталната микробиологија. Тие се доследно изведени од анализираните податоци и ја одразуваат целокупната евалуација на трите биолошки матрикси – плацента, амнионска течност и верникс.

Во заклучоците јасно се издвојува основната теза на истражувањето дека интраутеринатa средина кај здрави термински бремености е функционално стерилна. Детектираната микробна ДНК во плацентарното ткиво најверојатно претставува резултат на перипартална експозиција или лабораториска контаминација, а не доказ за вистинска ин утеро колонизација. Овој наод е во согласност со современите научни сознанија и укажува на потреба од внимателна интерпретација на микробните сигнали во средини со ниска биомаса.

Посебна вредност на заклучоците претставува нивната интегративност, бидејќи резултатите од плацентата, амнионската течност и верниксот се разгледани како дел од единствен биолошки контекст. Разликите помеѓу вагиналното породување и царскиот рез се правилно идентификувани како клучен фактор за присуството на микробна ДНК, што ја поддржува хипотезата за перипартален трансфер на микроорганизми. Воедно, се

нагласува дека клиничките и демографските карактеристики немаат значајно влијание врз резултатите, што ја зајакнува интерната валидност на студијата.

Заклучоците се усогласени со актуелната литература и ја рефлектираат современата научна дебата за постоењето на плацентарен микробиом. Посебно се истакнува потребата од разликување помеѓу присуство на микробна ДНК и вистинска биолошки активна инфекција, како и важноста на строгите методолошки контроли во истражувања со ниска микробна биомаса.

Препораките се современи, јасни и практично ориентирани. Тие нагласуваат потреба од мултиомски пристапи, ригорозни методолошки контроли и дополнителни техники за проценка на виталноста на микроорганизмите, со цел подобро разбирање на нивната вистинска биолошка релевантност. Посебно се истакнува и значењето на стандардизација на земањето примероци и користење на негативни контроли, што е клучно за намалување на ризикот од контаминација и лажно позитивни резултати.

Во клинички контекст, препораките ја нагласуваат важноста на перинаталната микробна експозиција за раниот имунолошки развој на новороденчето, како и значењето на практики како контакт кожа – на – кожа и рано доење. Во исто време, особено се потенцира дека начинот на породување треба да се базира исклучиво на медицински индикации, при што вагиналното породување треба да биде приоритет кога нема контраиндикации, додека царски рез треба да се изведува само кога постои јасна акушерска или медицинска индикација. Овој пристап е во согласност со современите клинички препораки и придонесува за оптимален баланс помеѓу мајчината и неонаталната безбедност и физиолошките процеси на рана микробна колонизација.

Севкупно, заклучоците и препораките се јасни, научно аргументирани и логички конзистентни. Тие успешно ги интегрираат резултатите од студијата со современата литература и даваат значаен придонес кон разбирањето на раната микробна експозиција, како и кон унапредување на идните истражувања и клиничката пракса во оваа област.

Референтниот список во оваа студија претставува исклучително солидна, обемна и научно релевантна основа која соодветно ја поддржува целокупната истражувачка работа. Изборот на литература е внимателно селектиран и вклучува голем број високо цитирани и реномирани извори од водечки меѓународни списанија, што укажува на високо ниво на научна зрелост и темелно познавање на областа.

Особено позитивно се оценува фактот што референците опфаќаат и класични фундаментални трудови за човечкиот микробиом, како и современи студии кои ги рефлектираат најновите научни дебати и контроверзии околу постоењето на плацентарен и интраутерин микробиом. На овој начин се демонстрира способност за критичка анализа на развојот на научната мисла и за интеграција на различни, понекогаш и спротивставени, научни гледишта во кохерентна целина.

Дополнително, значајна предност на референтниот список е вклучувањето на клучни автори и истражувачки групи кои се водечки во областа на микробиомот и перинаталната микробна експозиција, што значително ја зголемува научната тежина и кредибилитетот на трудот. Присуството на публикации од високорангирани научни списанија дополнително ја потврдува актуелноста и релевантноста на користената литература.

Референците се јасно и логично поврзани со содржината на истражувањето и обезбедуваат силна научна поддршка за интерпретацијата на резултатите, особено во делот што се однесува на споредбата помеѓу вагинално породување и царски рез, како и во дискусијата за стерилноста на интраутеринатa средина.

Во целина, библиографијата претставува стабилна, квалитетна и добро балансирана научна основа која значајно придонесува кон веродостојноста, сериозноста и академската вредност на целиот труд.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во структурата, методолошката поставеност и реализацијата на предвидените цели на докторскиот труд, Комисијата оценува дека трудот изработен од кандидатката претставува научно зрело, систематски разработено и методолошки конзистентно истражување со висока актуелност и значајна клиничка и научна релевантност.

Трудот се издвојува по јасно дефинирани цели, соодветно избран материјал и примена на адекватни истражувачки методи, како и по квалитетна анализа и интерпретација на добиените резултати. Заклучоците и препораките се логички изведени од наодите и се во согласност со современите научни сознанија во областа.

Посебно се истакнува значајниот придонес на трудот во современата научна расправа за перинаталната микробна експозиција и улогата на начинот на породување во раната неонатална микробна колонизација, што му дава дополнителна научна и практична вредност.

Имајќи го сето тоа предвид, Комисијата дава позитивна оценка на докторскиот труд „Дали постои плацентарен микробиом кај здрава терминска бременост“, изработен од д-р Катерина Маџункова, и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати оваа рецензија и да овозможи понатамошна постапка за јавна одбрана на докторскиот труд.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Данева Маркова (претседател), с.р.
Проф. д-р Марјан Стојовски (ментор), с.р.
Проф. д-р Викторија Јовановска (член), с.р.
Проф. д-р Миле Тантуровски (член), с.р.
Проф. д-р Гордана Јанкоска (член), с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,,КОМПЈУТЕРИЗИРАНА ТОМОГРАФИЈА ВО ТЕСЕН ПРОЗОРЕЦ ЗА ПОСТОПЕРАТИВНА ЕВАЛУАЦИЈА НА УСПЕШНОСТА НА НЕКРВАВАТА РЕПОЗИЦИЈА НА КОЛК ПРИ РАЗВОЈНА ДИСПЛАЗИЈА НА КОЛКОТ“ ОД Д-Р МИЛЕНА БОГОЈЕВСКА ДОКСЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 и бр. 458/2021 – анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Наставно научниот совет на Факултетот, на својата XXXI редовна седница одржана на **20.5.2026** година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина донесе Одлука за формирање на Комисија за одбрана на докторскиот труд на кандидатката д-р Милена Богојевска Доксевска со наслов: „Компјутеризирана томографија во тесен прозорец за постоперативна евалуција на успешноста на некрвавата репозиција на колк при развојна дисплазија на колкот“, во состав: проф. д-р Зоран Божиновски (претседател), проф. д-р Милан Самарџиски (ментор), проф. д-р Марта Фотева (член), проф. д-р Даниела Георгиева (член) и проф. д-р Роза Џолева Толевска (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени докторскиот труд, и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатката д-р Милена Богојевска Доксевска, со наслов: „Компјутеризирана томографија во тесен прозорец за постоперативна евалуција на успешноста на некрвавата репозиција на колк при развојна дисплазија на колкот“, содржи 127 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред, големина на букви 12, 112 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги. Трудот има апстракт на македонски и англиски јазик и е структуриран во 10 глави, и тоа: вовед, мотив за изработка на докторската дисертација, цели на истражувањето, хипотеза, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучок, литература и прилози. Текстот е збогатен со 33 табели и 24 слики, а деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Трудот обработува актуелна научна и клиничка проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен така и од клинички аспект. Начинот на презентирање е концизен, јасен и лесно разбирлив.

Насловот на докторската дисертација е јасен, репрезентативен и концизен, и во целост одговара на содржината и предметот на докторската дисертација.

Првото поглавје од докторската дисертација претставува **Вовед**, кој е правилно структуриран и понатаму е поделен во 6 точки, односно тематски единици: Анатомија на колкот, Ембриологија на колкот со потточка Концепт на ембриопатија и фетопатија, Патолошка анатомија на диспластичен колк со потточките: Патолошка анатомија на ацетабулумот и Патолошка анатомија на проксималниот дел на фемурот. Кандидатката во овој дел ги опишува анатомските карактеристики на здравиот и патолошкиот колк, промените поврзани со природниот тек на болеста и нивна модификација при третман. Обрнато е внимание и дадено е точно образложение на термините „развојна дисплазија на колк“, како и точна дефиниција на анатомските

здрави и патолошки структури – лабрум, лимбус и неолимбус. Следни тематски единици се: Дијагностика, Третман на вродената дисплазија на колкот со потточките: „A la carte“ третман на развојна дисплазија на колкот, Некрвава репозиција – златен стандард на третманот на РДК, Евалуација на успешноста од некрвавата репозиција на колкот во кои детално се обработуваат принципите и начинот на избор на најсоодветен третман кај пациентите со развојна дисплазија на колкот, како и суштината на дисертацијата – избор на најсоодветен метод за евалуација на успешноста на репозицијата со натамошни потточки за компјутеризирана томографија во тесен прозорец за евалуација на успешноста на некрвавата репозиција на колкот и ALARA-принцип при КТ на колковите кај деца со развојна дисплазија на колкот. Тука, кандидатката јасно ги разграничува придобивките и препреките за употреба на компјутеризирана томографија за пострепозициска евалуација, укажувајќи на принципот As low as reasonably achievable (ALARA) за минимална експозиција на зрачење на пациентите од педијатриска возраст. Последно поглавје во воведот е: Компликации на некрвавата репозиција на колкот, кое опфаќа потточки со наслови: Непосредни компликации и Доцни компликации, каде што се зборува за компликациите според временскиот период на појавување и начин на нивно превенирање.

Во **второто поглавје** од докторската дисертација е опишан **мотивот** за изработка на оваа студија, кој е јасно дефиниран. Кандидатката ги потенцира ограничувањата на нативната радиографија во проценката на успешноста на некрвавата репозиција на колкот кај развојна дисплазија на колкот (РДК), со осврт за наметнувањето на потребата од прецизирање на пострепозицискиот дијагностички пристап со цел навремено и сигурно потврдување на постигнатата анатомска положба. Иако нативната радиографија и понатаму претставува широко прифатена и рутински применувана метода во многу ортопедски центри, нејзината информативна вредност е ограничена, особено во услови на гипсена имобилизација и недоволна визуелизација на односот помеѓу феморалната глава и ацетабулумот. Од друга страна, компјутеризираната томографија овозможува значително попрецизна и посензитивна радиолошка евалуација преку јасно прикажување на скелетните структури и дел од меките структури, овозможувајќи сигурна проценка на положбата на колкот непосредно по репозицијата. Дополнително, современата достапност на КТ во клиничката пракса ја прави оваа метода реално применлива во секојдневниот третман на пациентите со РДК. Оттука, мотивот за изработка на оваа дисертација произлегува од потребата за дефинирање на оптимален пострепозициски радиолошки протокол и проценка на оправданоста за воведување на компјутеризираната томографија како рутинска метода за потврда на успешноста на некрвавата репозиција, со крајна цел рано препознавање на несоодветната позиција на колкот, навремена корекција на третманот и намалување на ризикот од идни компликации.

Во **третото поглавје** од докторската дисертација, презентирани се **хипотезите и целите на истражувањето,** кои се јасно дефинирани и одредени. Во оваа дисертација се поаѓа од претпоставката дека компјутеризираната томографија (КТ), изведена во тесен прозорец на ниво на трирадијатната ’рскавица на ацетабулумот, претставува посензитивна и попрецизна метода за проценка на успешноста на некрвавата репозиција на колкот кај пациенти со развојна дисплазија на колкот, во споредба со конвенционалната нативна радиографија која традиционално се користи во пострепозициската евалуација. Основната хипотеза се темели на очекувањето дека ваквиот таргетиран КТ-пристап ќе овозможи попрецизно утврдување на

положбата на феморалната глава во ацетабулумот, при истовремено минимизирање на изложеноста на јонизирачко зрачење кај детската популација. Главната цел на истражувањето е да се оцени клиничката и дијагностичката вредност на компјутеризираната томографија во тесен прозорец како метода за непосредна пострепозициска проценка на успешноста на некрвавата репозиција кај развојна дисплазија на колкот. Притоа, посебен акцент се става на можноста оваа техника да овозможи рано откривање на нецелосна репозиција, перзистентна сублуксација или резидуална дисплазија, како фактори кои можат да влијаат врз понатамошниот клинички исход и потребата од дополнителен хируршки третман. Во рамки на дисертацијата, дополнително е анализирана способноста на КТ-параметрите да предвидат појава на потенцијални компликации, особено аваскуларна некроза на главата на фемурот, како една од најзначајните несакани последици од третманот. Испитувана е и нивната поврзаност со предоперативните и непосредните постоперативни радиолошки карактеристики, со цел идентификување на рани прогностички показатели за неповолен исход. Како дополнително истражување, направена е и проценка на успешноста на некрвавата репозиција како терапевтска метода и анализа на можноста за предвидување на потребата од понатамошни реконструктивни интервенции, како остеотомии на ацетабулумот и/или фемурот. Дефинирани се очекувани вредности на клучните морфолошки параметри, меѓу кои антериорниот и постериорниот ацетабуларен индекс, ацетабуларниот индекс, ацетабуларната верзија, ширината на зглобниот простор и аголот на абдукција, со цел нивна употреба како потенцијални прогностички индикатори. Дополнително, испитана е сигурноста и репродуцибилноста на мерењата преку анализа на интраопсерверската согласност во различни временски интервали. Истражувањето ја опфаќа и улогата на демографските карактеристики, возраста при поставување на дијагнозата, како и клиничкиот интраоперативен наод (репониран или нерепониран колк) врз конечниот клинички исход и потребата од дополнителни интервенции. Посебно внимание е посветено на поврзаноста помеѓу параметрите добиени од предоперативната радиографија и непосредната постоперативна КТ со валидираните клинички и радиолошки исходи според McKay и Tönnis-Kuhlmann критериумите. Конечно, анализирано е влијанието на подоцнежното дијагностицирање, особено кај деца постари од една година, врз очекуваниот третмански исход и долгорочната прогноза.

Четвртото поглавје ги прикажува **материјалот и методите**, каде што систематски се претставени одредени компоненти на методологијата на испитување за нивно полесно следење. Ова поглавје има шест потточки. Ова истражување претставува клиничка опсервациска студија спроведена на Клиниката за ортопедски болести, со цел проценка на успешноста на пострепозициската евалуација кај пациенти со развојна дисплазија на колкот (РДК) третирани со некрвава репозиција. Истражувањето е насочено кон споредбена анализа на дијагностичката вредност на компјутеризираната томографија (КТ) во тесен прозорец и конвенционалната нативна радиографија при проценка на позицијата на колкот непосредно по интервенцијата, како и нивното влијание врз понатамошниот клинички исход.

Студијата е спроведена според однапред дефиниран протокол кој ги опфаќа фазите на селекција на пациентите, оперативен третман, постоперативна радиолошка

евалуација и едногодишно следење на пациентите. Кај сите испитаници е изведена затворена (некрвава) репозиција на колкот, по што е спроведено снимање со КТ и стандардна радиографија во текот на истиот или наредниот ден. Истражувањето е реализирано согласно етичките принципи за клинички студии. Родителите или законските старатели на пациентите биле детално информирани за целите на студијата, користените дијагностички методи, можната изложеност на јонизирачко зрачење и употребата на медицинските податоци за научни цели, по што доброволно потпишале информирана согласност. Во делот Материјал, кандидатката појаснува дека во студијата биле вклучени вкупно 44 пациенти со дијагностицирана развојна дисплазија на колкот кај кои бил применет третман со некрвава репозиција. Критериумите за вклучување биле строго дефинирани со цел обезбедување на хомогена испитувана група. Во студијата биле опфатени деца од новороденечки период до четиригодишна возраст со клинички, ултразвучно или радиографски потврдена луксација или сублуксација на колкот. Според ултрасонографската класификација по Граф, биле вклучени пациенти со тип III и тип IV колкови, додека според радиографската класификација биле опфатени пациенти од IHDI група II до IV. Дополнителен услов за вклучување било некрвавата репозиција да претставува примарен терапевтски пристап и родителите да дадат писмена согласност за учество. Од студијата биле исклучени пациенти со придружни невромускулни заболувања, тератолошки форми на дислокација поврзани со генетски синдроми или артрогрипоза, пациенти со претходни оперативни интервенции на колкот и случаи со нецелосна медицинска документација. Претходна употреба на ортози (Павлик, Хилгенрајнер или Тубинген) не претставувала причина за исклучување. Сите пациенти биле следени најмалку една година. Контролите биле организирани на секои три месеци, со комбинација од клинички, ултразвучни и радиографски проценки. Пациентите кои не ја завршиле предвидената програма за следење биле исклучени од финалната анализа. Во делот методологија на интервенцијата и дијагностичката проценка кандидатката појаснува дека во Република Северна Македонија постои организиран скрининг за рано откривање на развојна дисплазија на колкот кај новороденчиња и доенчиња. Скринингот се базира на клинички и ултразвучен преглед, со дополнително радиографско следење кај пациентите кај кои се утврдуваат патолошки промени. Кај поголемиот дел од пациентите, третманот започнува конзервативно со употреба на ортози. Кај пациенти со потешки форми (Граф III–IV), кога конзервативниот пристап не обезбедува стабилна репозиција, се пристапува кон некрвава репозиција. Предоперативната подготовка опфаќала анализа на радиографските параметри, вклучувајќи ги ацетабуларниот индекс и IHDI-класификацијата. Ацетабуларен индекс над 30° бил дефиниран како изразена дисплазија, додека вредности над 35° укажувале на тешка дисплазија. Самата процедура на репозиција се изведувала под општа анестезија. Со внимателни движења на абдукција, елевација и флексија се постигнувала репозиција на главата на фемурот во ацетабулумот. Интраоперативно се оценувала стабилноста на колкот и се одредувала т.н. „безбедна зона по Ремзи“, која го претставува опсегот на движење во кој колкот останува стабилно репониран. Кај пациенти со ограничена стабилна зона била изведувана перкутана тенотомија на аддукторите. По успешната репозиција следувала гипсена имобилизација од ниво на абдоменот до глуждовите.

Пострепозициски, кај сите пациенти се изведувале КТ и нативна радиографија. КТ-испитувањето било оптимизирано за минимална изложеност на радијација преку ограничување на скенирачкото поле и користење аксијални пресеци со ширина од 10 mm, што овозможувало добивање само на неколку репрезентативни слики за анализа. За проценка на успешноста на репозицијата биле анализирани повеќе морфолошки и функционални параметри кои кандидатката ги дефинира како варијабли, поделени во неколку категории: Првата група варијабли се однесува на квалитетот на репозицијата и опфаќа: контакт помеѓу главата на фемурот и трирадијатната ′рскавица; морфологија на

ацетабулумот; ширина на зглобниот простор; интегритет на модифицираната Шентон-Менард линија; постериорна линија на вратот на фемурот. Овие параметри овозможувале проценка дали постои адекватна централизација на колкот или перзистира сублуксација/дислокација. Втората група варијабли била насочена кон проценка на ацетабуларната анатомија и предвидување на резидуална дисплазија. Анализирани биле: антериорен ацетабуларен индекс (AAI), постериорен ацетабуларен индекс (PAI), аксијален ацетабуларен индекс (AxAI), ацетабуларна антеверзија (AV). Овие параметри биле добиени преку мерење на агли во однос на модифицираната Хилгенрајнерова линија и овозможувале детална просторна проценка на ацетабуларната морфологија. Дополнително бил мерен аголот на абдукција на колкот како индикатор за ризик од развој на аваскуларна некроза (АВН), бидејќи прекумерната абдукција може негативно да влијае врз васкуларизацијата на главата на фемурот. Крајниот исход од третманот кандидатката го оценува преку комбинација од клинички и радиолошки параметри во текот на едногодишното следење. Клиничката проценка била изведувана според критериумите на McKay, кои ја анализираат: присутноста на болка, стабилноста на колкот, присуство на накривување, Тренделенбургов знак. Радиографската проценка вклучувала следење на: ацетабуларниот индекс, класификацијата по IHDI, знаци на аваскуларна некроза според Tönnis и Kuhlmann. Овие параметри овозможуваат проценка не само на непосредниот успех на репозицијата, туку и на долгорочниот развој на колкот, присуството на резидуална дисплазија и потребата од дополнителни реконструктивни интервенции. За анализа биле користени две временски точки: периодот непосредно пред и за време на интервенцијата и финалната проценка една година по третманот, што овозможува споредување на раниот и доцниот исход од лекувањето.

Во **петтото поглавје,** покажана е статистичката анализа на податоците, која е направена во статистичките програми IBM SPSS Statistics (верзија 31) и jamovi (верзија 2.3). Континуираните варијабли беа прикажани како средна вредност ± стандардна девијација и медијана, а категориските како апсолутни и релативни фреквенции. Дијагностичката точност на радиографијата е оценета преку сензитивност, специфичност, позитивна и негативна предвидувачка вредност и вкупна ефикасност, при што КТ е користена како златен стандард, со пресметка на 95% довербени интервали. За споредба на двата метода е применет McNemar тест, додека согласноста е проценета со Cohen’s kappa коефициент. Дискриминативната способност е анализирана со ROC-анализа и AUC, а клиничката применливост преку likelihood ratio и Fagan-номограм. Интраопсерверската веродостојност е проценета со ICC и Bland-Altman анализа. За споредба меѓу независни групи користени се t-тест и Mann-Whitney U тест, а статистичката значајност е поставена на $p < 0,05$.

Резултатите од истражувањето се прикажани во **шестото поглавје**. Во истражувањето беа анализирани вкупно 44 пациенти и 60 диспластични колкови, при што е применет пристапот „per hip analysis“, односно секој колк е анализиран како независна единица. Овој пристап овозможува подетална проценка на радиолошките параметри и поголема статистичка моќ, особено кај билатералните случаи, при што е земена предвид можната зависност помеѓу колковите кај ист пациент. Демографската анализа во трудот покажува изразена доминација на женскиот пол (93,2 %), што е во согласност со познатата епидемиолошка распределба на развојната дисплазија на колкот. Средната

возраст на пациентите изнесува 14,4 ± 10,1 месеци, а најголем број пациенти се родени во есенскиот период. Поголем дел од пациентите потекнуваат од рурална средина, додека унилатералната зафатеност е почеста од билатералната. Предоперативно, најголем дел од колковите се класифицирани како целосна луксација според IHDI, со просечен ацетабуларен индекс од 36,8°, што укажува на изразена дисплазија кај испитуваната популација. Во однос на третманот, кај мал дел од пациентите била применета тракција или тенотомија, додека кај најголем дел интраоперативно е постигната задоволителна ретенција. Постоперативната КТ-анализа покажува успешна репозиција кај 85 % од колковите, што ја потврдува високата ефикасност на некрвавата репозиција како примарна терапевтска метода. По интервенцијата е забележано значајно подобрување на радиографските параметри, со намалување на ацетабуларниот индекс и подобрување на IHDI-класификацијата. Компјутеризираната томографија овозможува подетална проценка на успешноста на репозицијата преку анализа на контактот помеѓу главата на фемурот и ацетабуларната рскавица, морфологијата на ацетабулумот, ширината на зглобниот простор и интегритетот на модифицираната Шентон-Менард линија. Најголем дел од колковите покажуваат нормална позиција според овие параметри, што дополнително ја потврдува точноста на КТ во непосредната постоперативна проценка. Во споредбата помеѓу КТ и нативната радиографија, КТ е користена како златен стандард за проценка на успешноста на репозицијата. Радиографијата покажа висока специфичност (98,1 %) и висока вкупна точност (91,7 %), но ограничена сензитивност (50 %), што укажува дека методата има добра способност да потврди успешна репозиција, но е помалку сигурна во откривање на нерепонирани колкови. McNemar тестот во овој тест покажува статистички значајна разлика помеѓу двата метода, а Cohen’s kappa покажува многу ниска согласност, што ја нагласува супериорноста на КТ како метод за непосредна пострепозициска евалуација. При анализата на предвидувачката вредност на КТ-параметрите утврдено е дека антериорниот ацетабуларен индекс (AAI) и ацетабуларната верзија (AV) имаат статистички значајна поврзаност со присуство на резидуална латерализација и сублуксација, што укажува дека овие параметри може да имаат прогностичко значење за понатамошниот тек на заболувањето. Дополнително, утврдена е силна позитивна корелација помеѓу ацетабуларниот индекс и ацетабуларната верзија, што укажува на нивната потенцијална улога како маркери за проценка на резидуална дисплазија. Клиничкиот исход по една година генерално е поволен во оваа серија на пациенти. Според критериумите на McKay, кај повеќе од четири петтини од колковите постигнат е одличен резултат, додека мал процент покажале задоволителен исход. Знаци на аваскуларна некроза се детектирани кај ограничен број пациенти. Анализата на ризик-факторите покажува дека единствено повисокиот предоперативен ацетабуларен индекс е поврзан со поголем ризик за развој на оваа компликација, додека КТ-параметрите не покажуваат независна предвидувачка вредност. Понатамошните анализи покажуваат дека возраста има ограничено влијание врз морфолошкото подобрување, но може да влијае врз степенот на подобрување на позицијата на колкот. Анализата на епидемиолошките фактори покажува дека потеклото на пациентите нема значајно влијание врз исходот, додека сезоната на раѓање упатува кон ограничена поврзаност со времето на започнување на третманот и со веројатноста за успешна репозиција. Конечно, анализата на

интраопсерверската веродостојност кај кандидатката покажува одлична репродуцибилност на сите КТ-параметри, со високи ICC-вредности и добра согласност според Bland-Altman анализата. Овие резултати ја потврдуваат сигурноста и применливоста на предложените мерења во клиничката проценка и научната анализа на пациентите со развојна дисплазија на колкот.

Седмото поглавје на докторската дисертација е **Дискусија**. Кандидатката во ова поглавје ги коментира резултатите од сопственото истражување, кои се концизно и јасно објаснети. Потоа, ги споредува своите резултати со достапни податоци од литературата. Кандидатката прави детална анализа на резултатите од студијата, правејќи споредба со досега објавените стручни и научни трудови во интернационални рамки, голем број на трудови, книги и препораки што се однесуваат на ова проблематика. Резултатите од ова истражување ја потврдуваат високата ефикасност на некрвавата репозиција како иницијален метод за третман на развојна дисплазија на колкот, но истовремено ги истакнуваат ограничувањата на конвенционалната радиографија во непосредната пострепозициска евалуација. Иако радиографијата покажала висока специфичност и вкупна дијагностичка точност, ниската сензитивност укажува дека значителен број нерепонирани колкови остануваат недетектирани. Клинички, ова претставува сериозно ограничување бидејќи негативен радиографски наод не може сигурно да ја потврди успешноста на репозицијата. Во оваа серија бил забележан случај на недијагностицирана дислокација за време на гипсената имобилизација, што резултирало со продолжен неефикасен третман, дополнително нагласувајќи ја потребата од попрецизна постоперативна проценка. Овие резултати се во согласност со претходни студии кои покажуваат ограничена сигурност на радиографијата и препорачуваат употреба на понапредни методи за проценка. Магнетната резонанца претставува точна алтернатива, но нејзината ограничена достапност и потребата од седација ја намалуваат практичната примена. Од друга страна, ултразвучните техники покажуваат добри резултати и отсуство на јонизирачко зрачење, но нивната репродуцибилност и зависност од искуството на операторот остануваат ограничувачки фактор. Во тој контекст, КТ во тесен прозорец претставува компромис кој овозможува сигурна проценка со контролирана изложеност на зрачење. Во однос на ефективноста на третманот, некрвавата репозиција довела до значајно подобрување и на ацетабуларниот индекс и на IHDI класификацијата, што укажува на подобрување на ацетабуларната покриеност и стабилизација на позицијата на феморалната глава. Овие резултати се усогласени со долгогодишни серии од литературата кои покажуваат дека некрвавата репозиција обезбедува добри функционални резултати и долгорочно зачувување на колкот. Иако во оваа серија пациентите биле со релативно повисока просечна возраст, возраста немала значајно влијание врз морфолошкото подобрување, иако кај постарите пациенти била забележана тенденција кон помало подобрување на позицијата на колкот. Анализата на КТ-параметрите покажа дека одредени морфолошки показатели, особено антериорниот ацетабуларен индекс и ацетабуларната верзија, имаат поврзаност со радиографскиот исход и со присуството на резидуална дисплазија. Сепак, нивната дискриминативна способност останала ограничена, а ниту еден параметар самостојно не покажал доволна предвидувачка вредност за долгорочниот клинички исход. Овие наоди укажуваат дека КТ обезбедува важни анатомски информации, но не треба да се користи изолирано за носење

прогностички одлуки. Наместо тоа, неопходен е интегриран пристап кој ги комбинира радиолошките, клиничките и интраоперативните параметри. Во однос на компликациите, појавата на аваскуларна некроза се покажала како мултифакторски процес. Иако предоперативниот ацетабуларен индекс бил поврзан со ризикот за појава на АВН, ниту еден КТ-параметар не се покажал како независен предиктор. Сепак, аголот на абдукција покажал тренд кон поголема клиничка релевантност, што е во согласност со претходни истражувања. Особено значајна била улогата на интраоперативната стабилност – пациентите кај кои не беше постигната адекватна репозиција имале полош клинички исход, поголема стапка на компликации и поголема потреба од дополнителни интервенции. Дополнително, анализата на интраопсерверската веродостојност покажала одлична репродуцибилност на сите КТ-параметри, што ја потврдува нивната сигурност за истражувачка и потенцијално клиничка употреба. Иако не била утврдена значајна разлика помеѓу здравите и патолошките колкови за повеќето параметри, добиените морфолошки трендови ја поддржуваат улогата на КТ во деталната проценка на ацетабуларната архитектура. Ограничувањата на студијата, како релативно малиот примерок и анализата по колк, укажуваат дека идните истражувања треба да вклучат поголеми серии и мултифакторски модели за подобрување на предвидувачката точност.

Во **осмото поглавје**, врз основа на анализата на податоците и добиените резултати од истражувањето, кандидатката ги формулира **заклучоците** од истражувањето. Резултатите од оваа дисертација покажуваат дека радиографијата има значајни ограничувања во проценката на успешноста на некрвавата репозиција кај развојната дисплазија на колкот и не може со доволна сигурност да ја прикаже реалната позиција на феморалната глава. Споредбата со компјутеризираната томографија, како златен стандард, потврдува дека потпирањето исклучиво на радиографски наоди може да доведе до погрешна клиничка проценка, поради што КТ претставува метод на избор за постпроцедурална евалуација. Иако одредени КТ-параметри, особено ацетабуларната верзија, покажуваат поврзаност со радиографскиот исход, нивната самостојна прогностичка вредност е ограничена. Овие наоди укажуваат дека проценката на пациентите треба да се базира на мултифакторски пристап кој ги интегрира радиолошките, клиничките и интраоперативните параметри. Некрвавата репозиција се потврди како високо ефикасен метод за лекување на развојната дисплазија на колкот, со значително подобрување на позицијата и стабилноста на колкот, како и со позитивно влијание врз морфолошкото ремоделирање на ацетабулумот. Особено значајно е што методот, во оваа дисертација, покажува добри резултати и кај пациенти со доцна презентација, по проодувањето, што укажува дека може успешно да се применува во различни возрасни категории. Сепак, подобрите резултати кај помладите пациенти ја нагласуваат важноста на раната детекција и организираниот скрининг. Не била утврдена статистички значајна разлика во возраста при започнување на третманот помеѓу урбаната и руралната популација, што укажува на релативно еднаков пристап до лекување. Од друга страна, поголемата застапеност на пациенти од рурални средини укажува на потреба од подобрување на скринингот и раното препознавање на заболувањето. Сезоната на раѓање се покажала како фактор поврзан со возраста при започнување на третманот, при што децата родени во летните месеци започнувале терапија подоцна.

Успешноста на иницијалната репозиција, потврдена со КТ и интраоперативниот наод, се покажа како клучен фактор за понатамошниот исход од лекувањето. Пациентите со задоволителна репозиција имаат подобри резултати и помала зачестеност на аваскуларна некроза, што дополнително ја потврдува важноста на прецизната постпроцедурална евалуација. Иако КТ обезбедува значајни информации за текот и прогнозата на лекувањето, нејзините параметри треба да се толкуваат во контекст на поширока клиничка проценка и да се користат како дел од интегриран пристап при донесувањето терапевтски одлуки.

Последната, **деветта глава** од докторската дисертација ја содржи приложената **литература**, која е обемна, со трудови од понов датум, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

Предмет на истражување

Предмет на ова истражување е улогата и дијагностичката вредност на компјутеризираната томографија во тесен прозорец при постоперативната евалуација на успешноста на некрвавата репозиција на колкот кај пациенти со развојна дисплазија на колкот. Истражувањето е насочено кон споредба на КТ со конвенционалните дијагностички методи, радиографијата, во проценката на положбата на феморалната глава, квалитетот на репозицијата, предвидувањето на исходот од лекувањето и можноста за рана детекција на компликации. Посебен акцент е ставен на утврдување на супериорноста на КТ како сигурна и прецизна метода за донесување оптимални терапевтски одлуки кај пациентите со развојна дисплазија на колкот.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Развојната дисплазија на колкот (РДК) претставува едно од најчестите заболувања во педијатриската ортопедија и значајна причина за долгорочен морбидитет кај детската популација. Современите скрининг-програми овозможуваат рано откривање и навремен третман на најголем дел од пациентите, но и понатаму постојат случаи со доцна дијагноза и потреба од посложени терапевтски постапки. Некрвавата репозиција е широко прифатен и ефикасен метод за лекување на дислоцираните колкови кај пациенти кај кои конзервативниот третман не дал резултати или кај кои дијагнозата е поставена подоцна. Еден од најголемите предизвици во оваа област е сигурната постоперативна проценка на успешноста на репозицијата. Во клиничката практика, традиционално, најчесто се користи радиографијата, иако нејзината дијагностичка вредност е ограничена поради недоволната визуелизација на рскавичните структури и присуството на артефакти од гипсената имобилизација. Во последните години, сè поголемо значење добива компјутеризираната томографија, која овозможува попрецизна проценка на положбата на феморалната глава, односот со ацетабулумот и рано откривање на потенцијални компликации. Сепак, во литературата сè уште постојат ограничени податоци за нејзината прогностичка вредност и за можноста да се користи како стандардна метода за проценка на успешноста на некрвавата репозиција. Поради тоа, постои потреба од дополнителни клинички истражувања кои ќе ја евалуираат улогата на компјутеризираната томографија во тесен прозорец, нејзината супериорност во однос на конвенционалните дијагностички методи и нејзиното значење во предвидувањето на исходот од лекувањето кај пациентите со развојна дисплазија на колкот.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето е спроведено како клиничка опсервациска студија кај пациенти со развојна дисплазија на колкот третирани со некрвава репозиција. Кај сите испитаници

е извршена постоперативна евалуација со компјутеризирана томографија во тесен прозорец, а добиените наоди се споредени со резултатите од клиничкиот преглед, ултрасонографијата и радиографијата. Анализирани се параметри поврзани со квалитетот на репозицијата, морфологијата на ацетабулумот, појавата на компликации и конечниот клинички исход. Податоците се обработени со соодветни статистички методи со цел проценка на дијагностичката и прогностичката вредност на КТ во евалуацијата на успешноста на некрвавата репозиција на колкот.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето покажуваат дека компјутеризираната томографија во тесен прозорец има значително поголема дијагностичка точност во споредба со радиографијата при проценката на успешноста на некрвавата репозиција кај развојната дисплазија на колкот. Компјутеризираната томографија овозможува прецизна проценка на положбата на феморалната глава, идентификација на несоодветна репозиција и рано откривање на потенцијални компликации. Анализата потврди дека успешната иницијална репозиција е клучен фактор за поволен понатамошен исход од лекувањето, додека неуспешната репозиција е поврзана со поголем ризик од појава на аваскуларна некроза и резидуална дисплазија. Дополнително, резултатите ја потврдија високата ефикасност на некрвавата репозиција како метода на лекување, вклучително и кај пациенти со доцна презентација на заболувањето.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Милена Богојевска Доксевска, со наслов: „Компјутеризирана томографија во тесен прозорец за постоперативна евалуција на успешноста на некрвавата репозиција на колк при развојна дисплазија на колкот“, претставува актуелно истражување во клиничката медицина од областа на ортопедијата. Докторската дисертација е изработена по сите принципи на едно научно истражување. Во согласност со мотивот на студијата, дефинирани се и целите на истражувањето, научниот пристап е оригинален и внимателно избран, а методологијата на испитување е современа. Поставените цели се во целина реализирани, а добиените резултати се адекватно обработени, интерпретирани и дискутирани во согласност со нивната научна и клиничко применета вредност. Сумирајќи ги концизно резултатите од оваа студија и заклучоците кои произлегуваат, докторантката ја евалуира дијагностичката и клиничката вредност на компјутеризираната томографија во тесен прозорец при постоперативната проценка на успешноста на некрвавата репозиција кај пациенти со развојна дисплазија на колкот, и ја утврдува нејзината супериорност во однос на конвенционалните радиолошки методи. Дополнително, истражувањето има за цел да ја испита можноста КТ-параметрите да се користат за предвидување на исходот од лекувањето и појавата на потенцијални компликации. Очекуваниот научен придонес се состои во обезбедување нови сознанија за улогата на компјутеризираната томографија во современиот третман на развојната дисплазија на колкот, потврдување на нејзината дијагностичка прецизност во проценката на квалитетот на репозицијата и дефинирање на нејзиното место во алгоритмите за следење на овие пациенти. Резултатите од истражувањето придонесуваат кон унапредување на клиничката практика, подобрување на раното препознавање на неуспешната репозиција и компликациите, како и кон оптимизирање на терапевтските одлуки и долгорочниот исход од лекувањето.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Милена Богојевска Доксевска, со наслов: „Компјутеризирана томографија во тесен прозорец за постоперативна евалуција на успешноста на некрвавата репозиција на колк при развојна дисплазија на колкот“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор или автор за кореспонденција, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Bozinovski Z, Bogojevska Doksevska M (Corresponding author), Tokmakova KP. Closed Reduction in Developmental Dysplasia of the Hip in Patients Older than One Year. Folia Med (Plovdiv). 2020 Jun 30;62(2):276-281. doi: 10.3897/folmed.62.e48212. PMID: 32666761.

[2]. Bogojevska Doksevska M, Popovska D, Bundovska Kocev S, Jordanoski K, Lazarova B. Obturator Dislocation During Pavlik Harness Treatment for Developmental Dysplasia of the Hip: A Rare Complication and Its Clinical Course. Cureus. 2026 Apr 5;18(4):e106492. doi: 10.7759/cureus.106492. PMID: 42099348; PMCID: PMC13144667.

[3]. Doksevska MB, Bozinovski Z, Georgieva D, Tolevska RD, Foteva M, Atanasov N, Velkovski V, Shabani I, Samardziski M. Comparison of the efficacy of native radiography and computed tomography in the evaluation of the closed reduction in developmental dysplasia of the hip. Folia Med (Plovdiv) 2026;68(3):e182430. doi: 10.3897/folmed.68.e182430.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на д-р Милена Богојевска Доксевска, со наслов: „Компјутеризирана томографија во тесен прозорец за постоперативна евалуција на успешноста на некрвавата репозиција на колк при развојна дисплазија на колкот“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

Систематската анализа на клинички, радиографски и компјутеризирано-томографски параметри обезбедува оригинален научен придонес во валоризацијата на компјутеризираната томографија во тесен прозорец како супериорна метода за постоперативна евалуација на некрвавата репозиција кај развојната дисплазија на колкот и нејзината улога во предвидувањето на исходот од лекувањето и појавата на компликации. Подрачјето на примена и ограничувањата се следните: резултатите од истражувањето имаат директна примена во педијатриската ортопедија и детската радиологија, особено при следењето на пациентите со развојна дисплазија на колкот, при што нивното пошироко генерализирање е ограничено од големината на примерокот и комплексната мултифакторска природа на клиничките исходи.

Понатамошните истражувања треба да бидат насочени кон мултицентрични проспективни студии со поголем број пациенти, вклучување на дополнителни радиолошки и клинички предиктори, како и споредба на компјутеризираната томографија со современи методи на визуелизација со цел развој на пообјективни модели за предвидување на долгорочниот исход и персонализирање на третманот кај пациентите со развојна дисплазија на колкот.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд на кандидатката **д-р Милена Богојевска Доксевска** со наслов: **Компјутеризирана томографија во тесен прозорец за постоперативна евалуција на успешноста на некрвавата репозиција на колк при развојна дисплазија на колкот.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Божиновски, претседател, с.р.
Проф. д-р Милан Самарџиски, ментор, с.р.
Проф. д-р Марта Фотева, член, с.р.
Проф. д-р Даниела Георгиева, член, с.р.
Проф. д-р Роза Џолева Толевска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ: „МИКРОСАТЕЛИТСКИ НЕСТАБИЛНИ СПОРЕДЕНИ СО МИКРОСАТЕЛИТСКИ СТАБИЛНИ КАРЦИНОМИ КАЈ ПАЦИЕНТИ ОПЕРИРАНИ ОД КАРЦИНОМ НА ДЕБЕЛО ЦРЕВО ВО ОДНОС НА КЛИНИЧКИТЕ И ПАТОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД АС. Д-Р ЌЕМАЛ РУШИТИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 и бр. 458/2021 – анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019 година) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје формираше Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот ас. д-р Ќемал Рушити со наслов: „Микросателитски нестабилни споредени со микросателитски стабилни карциноми кај пациенти оперирани од карцином на дебело црево во однос на клиничките и патолошките карактеристики“, во состав: проф. д-р Светозар Антовиќ (претседател), проф. д-р Никола Јанкуловски (ментор), проф. д-р Рецеп Сељмани (член), проф. д-р Гордана Петрушевска (член) и проф. д-р Елизабета Зафирова (член).

Комисијата, во наведениот состав, детално го разгледа доставениот докторски труд, ги анализираше научниот пристап, методологијата, добиените резултати и нивната научна и клиничка вредност, по што на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторскиот труд на кандидатот ас. д-р Ќемал Рушити, со наслов: „Микросателитски нестабилни споредени со микросателитски стабилни карциноми кај пациенти оперирани од карцином на дебело црево во однос на клиничките и патолошките карактеристики “, содржи 127 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви – 12, 100 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 11 глави, и тоа: вовед, мотив на истражување, цели, хипотеза, материјали и методи, статистичка анализа, резултати, дискусија, заклучоци, придонес и референци. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Општ научен контекст на истражувањето

Карциномот на дебелото црево претставува едно од најзначајните малигни заболувања на современото општество и е меѓу водечките причини за смртност поврзана со малигни болести во светски рамки. Во последните децении, и покрај напредокот во дијагностиката, хирургијата и онколошкиот третман, ова заболување и понатаму претставува сериозен јавноздравствен проблем. Неговата комплексна биологија, хетерогеност и различен клинички тек кај пациентите создаваат потреба од постојано унапредување на молекуларната дијагностика и индивидуализираниот пристап кон третманот.

Современата медицина сè повеќе се насочува кон молекуларна класификација на туморите, со цел подобро разбирање на нивното биолошко однесување и развој на прецизни терапевтски стратегии. Во тој контекст, микросателитската нестабилност претставува еден од најзначајните молекуларни механизми во канцерогенезата на аденокарциномот на дебелото црево. MSI-туморите се карактеризираат со специфичен молекуларен профил, различен клинички тек и различен одговор на терапија во споредба со микросателитски стабилните карциноми.

Значењето на микросателитската нестабилност дополнително се зголемува со развојот на имунотерапијата и современите таргетирани терапии. Денес, MSI-статусот претставува не само прогностички, туку и предиктивен биомаркер кој директно влијае врз изборот на терапевтскиот пристап. Воедно, неговото определување има значајна улога во идентификацијата на пациенти со наследни форми на карцином на дебелото црево, особено Lynch-овиот синдром.

Докторската дисертација на кандидатот се вклопува во најсовремените трендови на молекуларната онкологија и претставува значаен придонес во насока на подобро разбирање на клиничко-патолошките и молекуларните карактеристики на MSI и MSS-карциномите. Особено е значајно што истражувањето е спроведено врз голем број пациенти и обезбедува релевантни податоци за нашата популација.

Во трудот е евидентен сериозен научен пристап, добра методолошка поставеност и јасно дефинирана истражувачка цел. Кандидатот покажува способност да ги интегрира клиничките, патолошките и молекуларните аспекти на болеста во една сеопфатна научна анализа.

Анализа на воведниот дел

Во воведниот дел, кандидатот детално ги обработува анатомијата и физиологијата на дебелото црево, со посебен акцент на васкуларизацијата, лимфната дренажа и инервацијата, што е особено значајно за разбирање на патофизиологијата и хируршките аспекти на колоректалниот карцином.

Особено позитивен впечаток остава деталната обработка на патогенезата на аденокарциномот на дебелото црево. Кандидатот ги објаснува молекуларните механизми на канцерогенеза, вклучувајќи:

- хромозомска нестабилност (CIN);
- микросателитска нестабилност (MSI);
- дефекти во DNA mismatch repair системот;

- улогата на гените APC, KRAS, TP53, MLH1, MSH2, MSH6 и PMS2.

Во теоретскиот дел, детално се обработени и методите за детекција на MSI, како immunohistochemistry (IHC) и polymerase chain reaction (PCR), што укажува на добро познавање на современите молекуларни дијагностички техники.

Кандидатот покажува одлично познавање на современата литература и способност за критичка селекција и интерпретација на научните податоци. Воведниот дел е напишан на високо научно ниво и претставува добра основа за понатамошниот тек на истражувањето.

Цели и хипотеза на истражувањето

Целите на истражувањето се јасно дефинирани, прецизно поставени и научно оправдани, при што целосно кореспондираат со современите тенденции во молекуларната патологија и онколошките истражувања. Главната цел на студијата е детекција на микросателитска нестабилност кај пациенти оперирани од карцином на дебелото црево со примена на PCR-анализа, како и детална анализа и компарација помеѓу микросателитски нестабилните (MSI) и микросателитски стабилните (MSS) карциноми. Во рамките на истражувањето се анализирани и споредени повеќе значајни клинички, патолошки и молекуларни параметри, вклучувајќи ги возраста и половата дистрибуција на пациентите, локализацијата на туморот, TNM-стадиумот, лимфниот статус, присуството на метастази, степенот на диференцијација на туморот, лимфната и васкуларната инвазија, како и статусот на ресекционите маргини. Поставената хипотеза е научно оправдана, логично структурирана и во согласност со современите научни сознанија за биолошкото однесување, клиничките карактеристики и прогностичкото значење на MSI-туморите кај пациентите со карцином на дебелото црево.

Детална оценка на литературниот преглед

Литературниот преглед е обемен, систематски структуриран и научно добро обработен. Кандидатот користи современи научни извори и релевантна литература од областа на хирургијата, гастроентерологијата, молекуларната биологија и онкологијата.

Во литературниот преглед, кандидатот детално ги разработува анатомските и физиолошките карактеристики на дебелото црево, патогенетските механизми на аденокарциномот, улогата на генетските и епигенетските промени, како и значењето на микросателитската нестабилност во современата онкологија. Посебно внимание е посветено на DNA mismatch repair системот и неговата улога во одржувањето на геномската стабилност. Кандидатот јасно ги објаснува механизмите преку кои дефектите во MMR-системот доведуваат до акумулација на мутации и развој на микросателитска нестабилност.

Во текстот, детално се анализираат и различните патишта на канцерогенеза, со посебен осврт на хромозомската нестабилност и MSI-патиштата. Кандидатот успешно ги потенцира биолошките разлики помеѓу овие молекуларни поттипови и нивното влијание врз клиничкото однесување на туморите, прогнозата и одговорот на терапија.

Литературниот преглед е напишан со добра научна логика и овозможува читателот постепено да се воведе во проблематиката што претставува предмет на истражување.

Материјали и методи

Методолошкиот пристап во докторската дисертација е јасно дефиниран, современо конципиран и целосно усогласен со поставените цели на истражувањето. Кандидатот применил ретроспективно-проспективен дизајн на студија, што овозможува систематска и сеопфатна анализа на клиничките, патохистолошките и молекуларните карактеристики кај пациентите со аденокарцином на дебелото црево. Истражувањето е спроведено на Клиниката за дигестивна хирургија и Институтот за патологија, две високо релевантни институции со долгогодишно искуство во дијагностиката и третманот на колоректалниот карцином, што дополнително ја зголемува научната и клиничката вредност на студијата.

Во студијата се опфатени вкупно 599 пациенти постари од 18 години, оперирани во периодот од 1 јануари 2020 до 31 декември 2024 година, што претставува значителен примерок и обезбедува висока статистичка релевантност на добиените резултати. Селекцијата на пациентите е прецизно дефинирана преку јасно поставени инклузиони и ексклузиони критериуми, со што е обезбедена хомогеност на испитуваната популација и минимизирање на можните конфузни фактори. Посебно значајно е што од студијата се исклучени пациенти со карцином на ректум, синхрони тумори, пациенти третирани со неоадјувантна хемотерапија, како и итно оперирани пациенти поради опструкција или перфорација, што придонесува за поголема веродостојност и компарабилност на резултатите.

Кандидатот анализирал широк спектар на клинички и патохистолошки варијабли, вклучувајќи возраст, пол, локализација на туморот, TNM-стадиум, лимфен статус, присуство на метастази, степен на диференцијација, лимфна и васкуларна инвазија, како и статус на ресекционите маргини. Овој мултидимензионален пристап овозможува детална проценка на биолошкото однесување на микросателитски нестабилните (MSI) и микросателитски стабилните (MSS) карциноми и создава солидна основа за клиничка и научна интерпретација на резултатите.

Особено значајна вредност на ова истражување претставува примената на современа молекуларна метода за детекција на микросателитска нестабилност со RT-PCR техника. Анализата е изведена на валидирана дијагностичка платформа за квантитативна PCR во реално време, со автоматизирана масивна паралелна фрагмент анализа и интегриран софтвер за детекција и интерпретација на MSI-мутации. Употребата на повеќе мононуклеотидни маркери (BAT25, BAT26, NR21, NR22, NR24, NR27, CAT25 и MONO27) овозможува висока сензитивност и специфичност во детекцијата на MSI-статусот, што е во согласност со современите меѓународни препораки и стандарди во молекуларната патологија. Дополнително, анализата на ДНК, добиена од формалин фиксирани и парафински вклопени примероци со автоматска изолација на геномска ДНК, претставува технички софистициран и високо репродуцибилен методолошки пристап.

Во методолошки аспект, трудот покажува високо ниво на научна прецизност и стандардизација. Патохистолошката обработка е изведена според препораките на Ackerman, додека класификацијата на туморите е направена согласно со критериумите на Светската здравствена организација и осмото издание на TNM-класификацијата на AJCC/UICC, што овозможува споредливост на резултатите со светската литература.

Начинот на дефинирање на MSI-H статусот, преку присуство на нестабилност кај најмалку два од петте стандардни маркери, е научно оправдан и целосно прифатен во современата онколошка практика.

Од етички аспект, студијата е реализирана со претходно обезбедени согласности од стручниот колегиум на Клиниката за дигестивна хирургија, директорот на Институтот за патологија и Етичката комисија при Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, што укажува на професионален и одговорен пристап во реализацијата на истражувањето.

Севкупно, делот „Материјали и методи“ е детално, систематски и научно квалитетно обработен. Кандидатот покажува одлично познавање на современите дијагностички, патохистолошки и молекуларни методи, како и способност за правилно дизајнирање и спроведување на комплексно клиничко истражување. Применетата методологија обезбедува висока сигурност, валидност и репродуктивност на добиените резултати и претставува цврста основа за понатамошната анализа и научна интерпретација на истражувањето.

Резултати и нивна анализа

Резултатите од истражувањето се прикажани систематски, јасно и прегледно, преку детални табеларни и графички прикази кои овозможуваат лесна интерпретација и споредба на податоците. Кандидатот покажува високо ниво на прецизност при обработката и презентацијата на резултатите, што претставува значајна вредност на трудот.

Докторската дисертација претставува сеопфатен, оригинален и научно високо вреден труд, во кој авторот детално ги анализира клиничките, патохистолошките и молекуларните карактеристики на микросателитски нестабилните (MSI) и микросателитски стабилните (MSS) аденокарциноми на колонот кај пациенти оперирани на Клиниката за дигестивна хирургија во периодот 2020 – 2024 година. Студијата е реализирана на голем примерок од 599 пациенти, што овозможува добивање на статистички релевантни и клинички значајни резултати. Од вкупниот број испитаници, 533 пациенти (88,98 %) имале MSS-карцином, додека 66 пациенти (11,02 %) биле со MSI-карцином, при што преваленцата на MSI-карциномите од 11,02 % претставува значаен податок кој корелира со светските епидемиолошки податоци.

Во анализираната кохорта доминирале пациенти од машки пол – 391 (65,23 %), додека 208 пациенти (34,72 %) биле жени. Просечната возраст на пациентите изнесувала 64.0 ± 10.0 години, со минимална возраст од 28 и максимална возраст од 84 години, додека медијаната изнесувала 65 години. Во однос на возрасната распределба, 534 пациенти (89,15 %) биле постари од 50 години, а само 65 пациенти (10,85 %) биле помлади или на возраст од 50 години. Авторот успешно покажува дека MSI-карциномите се статистички сигнификантно поврзани со помлада возраст. Просечната возраст кај MSI-пациентите изнесувала 61.7 ± 11.9 години, наспроти 64.3 ± 9.8 години кај MSS-пациентите ($p=0.049$). Дополнително, MSI-карциномите биле значително почести кај пациенти ≤50 години (21,21 %), во споредба со MSS карциномите (9,57 %), со висока статистичка сигнификантност ($p=0.0041$). Овие резултати имаат значајна клиничка импликација и упатуваат на можната улога на генетските и наследните фактори кај помладата популација со MSI-фенотип.

Во однос на локализацијата на туморот, 371 карцином (61,94 %) биле локализирани во левиот колон, додека 228 карциноми (38,06 %) биле локализирани во десниот колон. Сепак, MSI-карциномите статистички сигнификантно почесто биле локализирани во десниот колон – 47 од 66 пациенти (71,21 %), наспроти 181 од 533 MSS-пациенти (33,96 %), со $p<0.0001$. Левострана локализација била значително почеста кај MSS-пациентите (66,04 % vs 28,79 %). Овој резултат претставува една од најзначајните карактеристики на MSI-карциномите и е целосно во согласност со современите молекуларно-патолошки сознанија.

Анализата на pT-стадиумот покажува дека најголем дел од пациентите биле дијагностицирани во напреднат локален стадиум на болеста. T3-стадиум бил регистриран кај 291 пациент (48,58 %), а T4-стадиум кај 250 пациенти (41,74 %). Само 7 пациенти (1,17 %) биле во T1-стадиум и 20 пациенти (3,34 %) во T2-стадиум. Споредбата меѓу MSI и MSS-групите покажала статистички сигнификантна разлика во T-класификацијата ($p=0.041$). MSI-карциномите значително почесто биле дијагностицирани во T3-стадиум (65,63 % vs 49,4 %; $p=0.014$), додека MSS-карциномите почесто биле T4-тумори (45,44 % vs 32,81 %; $p=0.055$). Особено е значајно што кај MSI-пациентите не биле регистрирани T2-карциноми.

Во однос на лимфниот статус, најголем дел од пациентите биле во N0-стадиум – 258 пациенти (43,07 %), додека 181 пациент (30,22 %) биле во N1-стадиум и 122 пациенти (20,67 %) во N2-стадиум. Компаративната анализа покажала исклучително значајни разлики меѓу MSI и MSS-карциномите. MSI-пациентите статистички сигнификантно почесто немале метастази во регионалните лимфни јазли (71,43 % vs 42,43 %; $p<0.0001$), додека MSS-пациентите значително почесто имале N1-стадиум (33,47 % vs 20,63 %; $p=0.0395$) и N2-стадиум (23,31 % vs 7,94 %; $p=0.005$). Овие резултати јасно покажуваат дека MSI-карциномите имаат помал лимфоген метастатски потенцијал и поповолна биолошка прогноза.

Во анализата на далечните метастази, M1-стадиум бил присутен кај 65 пациенти (10,85 %), додека само 15 пациенти (2,51 %) биле без далечни метастази (M0). Значајно е што кај 519 пациенти (86,64 %) метастазите не можеле да се проценат. Меѓутоа, споредбата меѓу MSI и MSS-карциномите покажала статистички сигнификантна разлика ($p=0.00073$). MSS-пациентите значително почесто имале далечни метастази (11,44 % vs 6,06 %), додека MSI-пациентите почесто биле без далечни метастази (9,09 % vs 1,69 %; $p=0.0003$). Овој наод дополнително ја потврдува подобрата прогностичка вредност на MSI-статусот.

Во однос на степенот на диференцијација, најголем број пациенти имале G2, односно средно диференциран карцином – 462 пациенти (77,13 %), додека G3-стадиум бил присутен кај 54 пациенти (9,01 %). Не била потврдена статистички сигнификантна разлика помеѓу MSI и MSS-карциномите во однос на pG-стадиумот ($p=0.68$). Сепак, G3-карциноми биле нешто почести кај MSI-пациентите (12,5 % vs 10,13 %).

Во анализата на лимфатичната инвазија, L1-стадиум бил присутен кај 384 пациенти (64,11 %), што укажува на висока зачестеност на лимфатична инвазија во анализираната популација. Статистички сигнификантна разлика била потврдена помеѓу MSI и MSS-карциномите ($p<0.0001$). Лимфатична инвазија била регистрирана кај 72,76 % од MSS-пациентите, но само кај 28,13 % од MSI-пациентите, што повторно говори во прилог на поповолниот биолошки профил на MSI-карциномите.

Венска инвазија била присутна кај 131 пациент (21,87 %), без сигнификантна разлика меѓу MSI и MSS-групите (20,31 % vs 23,89 %; p=0.53). Во однос на нуклеарниот градус, NG2-стадиум бил присутен кај 359 пациенти (59,93 %), додека NG3-стадиум бил присутен кај 52 пациенти (8,68 %). Не била потврдена статистички сигнификантна разлика меѓу MSI и MSS-пациентите (p=1.0).

Особено значајна е анализата на TNM-стадиумот. Најголем број пациенти биле дијагностицирани во стадиум III – 241 пациент (40,23 %), следено со стадиум II – 233 пациенти (38,9 %). Стадиум IV бил присутен кај 64 пациенти (10,68 %), додека само 13 пациенти (2,17 %) биле дијагностицирани во стадиум I. MSI-пациентите статистички значајно почесто биле дијагностицирани во стадиум II (69,35 % vs 38,85 %; p<0.0001), додека MSS-пациентите доминирале во стадиум III (46,42 % vs 22,58 %; p=0.0004). Овој резултат претставува исклучително значајна потврда за различниот биолошки тек на MSI и MSS-карциномите.

Во рамките на деталната анализа на MSI-групата, авторот покажува значајни полови разлики. Женските MSI-пациенти статистички сигнификантно почесто имале T3-карциноми (80,77 % vs 55,26 %; p=0.035), додека машките MSI-пациенти почесто имале T4-карциноми (44,74 % vs 15,38 %; p=0.014). Метастази во регионалните лимфни јазли биле почести кај жените, особено N1-стадиум (36 % vs 10,53 %; p=0.0145), додека N0-стадиум бил почест кај машките пациенти (81,58 % vs 56 %; p=0.028). Далечни метастази биле регистрирани исклучиво кај женски MSI-пациенти (15,38 %; p=0.01), а стадиум IV бил присутен само кај жени (16,67 %; p=0.009).

Особено значајни се резултатите кај помладите MSI-пациенти. Пациентите ≤50 години статистички сигнификантно почесто имале венска инвазија (42,86 % vs 14 %; p=0.018), а сите пациенти со M1-стадиум биле помлади од 50 години (28,5 7%; p=0.0001). Просечната возраст на MSI-пациентите со стадиум IV изнесувала само 45.0 ± 2.3 години, што било значително помалку во споредба со пациентите во стадиум II (63.3 ± 9.8 години) и стадиум III (66.4 ± 10.8 години). Овие резултати имаат особено голема научна и клиничка важност бидејќи укажуваат дека иако MSI-карциномите генерално се поврзуваат со подобра прогноза, кај помладите пациенти тие можат да покажат поагресивно однесување.

Дисертацијата се одликува со висок степен на научна систематичност, детална статистичка обработка и прецизна интерпретација на резултатите. Авторот демонстрира одлично познавање на молекуларната патологија, TNM-класификацијата и современите онколошки принципи. Добиените резултати претставуваат значаен придонес во разбирањето на биолошките разлики помеѓу MSI и MSS-аденокарциномите на колонот и имаат потенцијална примена во клиничката пракса, прогнозата и персонализираниот терапевтски пристап. Врз основа на севкупната анализа, докторската дисертација претставува оригинален, квалитетен и научно релевантен труд кој во целост ги исполнува критериумите за докторска дисертација.

Во целина, оваа компаративна анализа претставува квалитетно и детално обработено научно истражување кое дава значајни информации за биолошките и клиничките разлики помеѓу MCC и MCИ-карциномите на дебелото црево. Добиените резултати имаат практична и научна вредност и можат да претставуваат основа за понатамошни истражувања во областа на молекуларната патологија, персонализираната медицина и современиот третман на аденокарциномот на колон.

Кандидатот покажува способност не само за собирање и обработка на податоците, туку и за нивна научна интерпретација и интеграција во поширокиот контекст на современата онкологија.

Дополнителна научна евалуација на резултатите

Еден од особено значајните аспекти на оваа докторска дисертација е фактот што кандидатот не се ограничува само на дескриптивна анализа на резултатите, туку прави нивна темелна научна интерпретација во контекст на современите молекуларни и клинички сознанија за аденокарциномот на дебелото црево. Во трудот јасно се согледува способноста на кандидатот да ги поврзе добиените податоци со актуелните концепти за канцерогенеза и биолошко однесување на туморите.

Особено внимание заслужува анализата на поврзаноста помеѓу MSI-статусот и локализацијата на туморот. Кандидатот детално објаснува дека десностраната локализација на MSI-туморите не претставува случаен наод, туку е резултат на специфичните молекуларни патишта на канцерогенеза кои се карактеристични за овој поттип на карциноми. Ваквиот пристап покажува длабоко разбирање на молекуларната патологија и современите концепти на персонализирана медицина.

Дополнително, анализата на лимфниот статус и TNM-класификацијата овозможува подобро разбирање на биолошкото однесување на MSI-карциномите. Кандидатот правилно укажува дека помалиот број позитивни лимфни јазли и помалата застапеност на метастатска болест кај MSI-туморите може да биде поврзана со нивниот специфичен имунолошки микромедиум и различната интеракција помеѓу туморот и имуниот систем.

Во трудот е евидентна способноста на кандидатот да ги анализира резултатите не само од аспект на статистичка значајност, туку и од аспект на нивната реална клиничка вредност. Ова е особено важно, бидејќи современата медицина бара интеграција на молекуларните податоци со секојдневната клиничка практика.

Резултатите од истражувањето дополнително ја нагласуваат потребата од рутинско определување на MSI-статусот кај пациентите со аденокарцином на дебелото црево. Во денешната клиничка пракса, ваквите анализи имаат сè поголемо значење, не само за проценка на прогнозата, туку и за селекција на пациенти кои би имале корист од современите имунотерапевтски пристапи.

Трудот на кандидатот претставува значаен придонес кон развојот на молекуларната онкологија во нашата средина, особено ако се земе предвид дека вакви обемни анализи на MSI-карциномите се релативно ретки во домашната научна литература. На тој начин, дисертацијата има не само локално, туку и пошироко научно значење.

Дискусија

Докторската дисертација претставува обемен, детално структуриран и научно аргументиран труд во кој кандидатот темелно ја анализира улогата на микросателитската нестабилност кај карциномите на дебелото црево и нејзината поврзаност со клиничките, патолошките и прогностичките карактеристики на болеста. Дискусијата е изработена на високо научно и стручно ниво, со критичка анализа на добиените резултати и нивна споредба со голем број релевантни светски студии и литературни податоци. Кандидатот покажува способност за систематско толкување на

резултатите, нивна статистичка евалуација и интеграција во современите научни сознанија од областа на молекуларната патологија и колоректалниот карцином.

Во дискусијата се анализирани податоци од вкупно 599 пациенти оперирани поради карцином на дебелото црево, при што 233 пациенти биле оперирани во периодот 2020–2021 година, 225 пациенти во периодот 2022 – 2023 година, а 144 пациенти во текот на 2024 година. Преку овие податоци, кандидатот аргументирано укажува на континуиран тренд на пораст на бројот на пациенти со карцином на дебелото црево, што е потврдено и преку официјалните податоци на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, каде што бројот на новорегистрирани случаи се зголемил од 324 во 2011 година, на 395 случаи во 2020 година. Овие резултати јасно ја нагласуваат сериозноста на ова заболување како значаен јавноздравствен проблем.

Особено детално е анализирана половата и возрасната структура на пациентите. Од вкупниот број пациенти, 391 пациент (65,23 %) биле мажи, додека 208 пациенти (34,72 %) биле жени, што укажува на јасна доминација на машкиот пол. Возраста на пациентите се движела од 28 до 84 години, со просечна возраст од 64.0 ± 10.0 години, при што дури 50 % од пациентите биле постари од 65 години. Дополнително, 65 пациенти (10,85 %) биле помлади од 50 години, додека 534 пациенти (89,15 %) биле над 50 години, што ја потврдува поврзаноста на возраста со појавата на карциномот, но истовремено укажува и на значајното присуство на заболувањето кај помладата популација.

Во дискусијата, посебно внимание е посветено на анализата на микросателитската нестабилност. Со PCR-метода е утврдено дека 66 пациенти (11,02 %) имале МСИ-карциноми, додека 533 пациенти (88,98 %) имале МСС-карциноми. Кандидатот прави исклучително детална компаративна анализа со податоци од бројни светски студии, при што инциденцата на МСИ-карциномите варира од 1 до 45 % во различни популации. Наведени се конкретни податоци од Јапонија (4 – 20 %), Кина (5 – 15 %), Индија (1 – 29,5 %), Холандија (3,5 %), Грција (5 %), Германија (23,7 %), Египет (37 %), Романија (21,1 %), Обединетото Кралство (22,9 %) и афроамериканската популација со дури 45 % застапеност. Ваквата широка анализа покажува темелно познавање на светската литература и способност за критичка споредба на добиените резултати.

Анатомската локализација на туморите е анализирана многу детално. Во студијата, 61,94 % од карциномите биле левострани, додека 38,06 % десностранo локализирани. Кај МСИ-карциномите, 71,21 % биле локализирани на десната страна, додека кај МСС-карциномите, 66,04 % биле левострани, со висока статистичка значајност ($p<0.0001$). Овие резултати се поткрепени со повеќе меѓународни студии, каде што десностраната локализација доминира кај МСИ-туморите, а левостраната кај МСС-карциномите.

Детално е анализирана и TNM-класификацијата. Во однос на T-стадиумот, најголем број пациенти биле во T3-стадиум (48,58 %) и T4-стадиум (41,74 %), што укажува дека најголем дел од пациентите биле дијагностицирани во локално напреднат стадиум. Кај МСИ-пациентите, T3-стадиумот бил застапен кај 65,63 %, додека кај МСС кај 49,4 %, со статистичка значајност $p=0.014$. Во однос на N-стадиумот, N0 бил застапен кај 71,43 % од МСИ-пациентите наспроти 42,43 % кај МСС-пациентите ($p<0.0001$), што укажува на помала лимфна дисеминација кај МСИ-карциномите. N2-стадиум бил присутен кај 7,94 % од МСИ и 23,31 % од МСС-пациентите ($p=0.005$). Метастатска болест (M1) била присутна кај 6,06 % од МСИ-пациентите и 11,44 % од МСС-пациентите, со статистички значајна разлика ($p<0.0001$).

Кандидатот многу детално ги анализира и патохистолошките параметри. Средно диференцираните G2-карциноми биле доминантни со 77,13 % во целокупната популација. Во МСИ-групата, G2 бил застапен кај 87,5 %, а во МСС кај 89,01 % од пациентите. Лошо диференцирани G3-карциноми биле присутни кај 12,5 % од МСИ и 10,13 % од МСС-пациентите. Иако не е утврдена статистички значајна разлика (p=0.68), анализата е детално споредена со повеќе релевантни студии од литературата.

Особено значајна е анализата на ресекционите маргини и лимфоваскуларната инвазија. Во 90,32 % од случаите била постигната R0-ресекција, што укажува на висок квалитет на хируршкиот третман, додека само 1,17 % имале R1-ресекција. Кај МСИ-пациентите, сите операции биле R0-ресекции. Лимфната инвазија (L1) била присутна кај 64,11 % од пациентите, додека васкуларна инвазија (V1) била присутна кај 21,87 %. Кандидатот ги споредува овие резултати со голем број студии и укажува на можните причини за варијациите, вклучително и разликите во популациите, стадиумот на болеста и патохистолошките методологии.

Во дискусијата детално е обработена и распределбата на пациентите според стадиумот на болеста. Стадиум I бил застапен кај 2,17 % од пациентите, стадиум II кај 38,9 %, стадиум III кај 40,23 %, а стадиум IV кај 10,68 %. Особено значајно е што кај МСИ-пациентите доминира стадиум II со 69,35 %, додека кај МСС-пациентите доминира стадиум III со 46,42 %. Овие резултати потврдуваат дека МСИ-карциномите почесто се дијагностицираат во пониски стадиуми и имаат подобра прогноза.

Дискусијата се одликува со извонредно богата литературна поддршка, при што се цитирани и анализирани повеќе од 40 релевантни светски студии и мета-анализи. Кандидатот покажува високо ниво на аналитичност, критичко размислување и способност за интерпретација на резултатите во контекст на современите научни сознанија. Особено е значајно што резултатите од студијата се ставени во директна споредба со националните и интернационалните податоци, што ја зголемува научната вредност и релевантноста на трудот.

Врз основа на целокупната анализа, може да се заклучи дека дискусијата е напишана на високо научно, стручно и методолошко ниво. Таа претставува значаен придонес во проучувањето на микросателитската нестабилност кај карциномот на дебелото црево и обезбедува важни податоци за клиничката пракса, дијагностиката, прогнозата и персонализираниот пристап во третманот на пациентите. Кандидатот демонстрира способност за самостојна научноистражувачка работа, одлично познавање на молекуларната патологија и современите онколошки принципи, како и способност за критичка анализа и научна интерпретација на добиените резултати.

Научен придонес

Докторската дисертација има значителен научен придонес во областа на колоректалната хирургија, онкологијата и молекуларната патологија. Истражувањето обезбедува важни податоци за застапеноста на микросателитската нестабилност кај пациентите со аденокарцином на дебелото црево во нашата популација и овозможува подобро разбирање на клиничко-патолошките карактеристики на MSI и MSS-туморите.

Преку деталната анализа на добиените резултати, кандидатот ја потврдува поврзаноста помеѓу MSI-статусот и локализацијата на туморот, TNM-стадиумот, лимфниот статус и биолошкото однесување на карциномите. Особено е значајно што

трудот покажува дека MSI-карциномите имаат различен клинички и патолошки профил во споредба со MSS-туморите, што претставува важен аспект во современиот персонализиран пристап кон пациентите.

Истражувањето има и значајна практична вредност, бидејќи добиените резултати можат да придонесат кон подобрување на молекуларната дијагностика, подобра селекција на пациенти за дополнителни генетски анализи и проценка на можен Lynch-ов синдром, како и попрецизна проценка на прогнозата и изборот на терапија.

Посебно е важно што трудот го потенцира значењето на микросателитската нестабилност како предиктивен и прогностички биомаркер, особено во ерата на современата имунотерапија. На тој начин, дисертацијата претставува значаен придонес кон современите научни сознанија и има реална можност за примена во секојдневната клиничка практика.

Дополнителна стручна евалуација

Од аспект на научната методологија, дисертацијата е изработена на високо професионално ниво и претставува пример за систематски пристап кон научноистражувачката работа. Во текот на целиот труд е присутна јасна концепциска поврзаност помеѓу поставените цели, применетите методи, добиените резултати и изведените заклучоци.

Кандидатот покажува способност за критичко научно размислување и правилно интерпретирање на добиените податоци. Посебно позитивен впечаток остава начинот на кој резултатите се интегрирани со современите научни сознанија и светската литература. Во дисертацијата не се присутни само дескриптивни анализи, туку и обиди за подлабоко објаснување на биолошките механизми кои стојат зад добиените резултати.

Трудот е напишан со јасен научен стил и добра терминолошка конзистентност. Медицинската и молекуларната терминологија е правилно употребена, а текстот е структуриран на начин кој овозможува лесно следење на проблематиката и постепено воведување во сложените молекуларни аспекти на карциномот на дебелото црево.

Особено значајно е што кандидатот успева да воспостави рамнотежа помеѓу клиничките, патолошките и молекуларните аспекти на болеста. Ваквиот мултидисциплинарен пристап е суштински во современата медицина и претставува една од најголемите вредности на ова истражување.

Комисијата оценува дека трудот има реална научна и практична вредност и може да претставува основа за понатамошни истражувања во областа на молекуларната онкологија, колоректалната хирургија и персонализираниот онколошки третман. Дополнително, добиените резултати можат да бидат значајни и за развојот на идни национални препораки за молекуларна дијагностика кај пациентите со аденокарцином на дебелото црево.

Кандидатот покажува висок степен на професионалност, научна посветеност и истражувачка зрелост, што јасно укажува дека ги поседува потребните компетенции за самостојна научна и академска работа.

Стручна и научна оценка

Докторската дисертација претставува оригинален научен труд изработен со современ научноистражувачки пристап. Кандидатот покажува солидно теоретско знаење, добро познавање на молекуларната патологија, способност за самостојна научна работа и аналитички пристап во обработката на податоците. Резултатите се правилно интерпретирани и критички дискутирани, со што се потврдува научната зрелост на кандидатот. Трудот е напишан на високо стручно и научно ниво и претставува значаен придонес во областа на хирургијата и онкологијата.

Општа оценка на дисертацијата

Комисијата смета дека докторската дисертација претставува високо квалитетен научноистражувачки труд кој е изработен според современите методолошки и научни стандарди. Во текот на целата дисертација се присутни јасен научен концепт, добро дефинирана структура и логичен тек на изложување на материјалот.

Кандидатот покажува одлично познавање на проблематиката што ја истражува, како и способност за интеграција на клиничките, патолошките и молекуларните податоци. Во текстот се согледува сериозен и професионален пристап кон обработката на темата, а научната аргументација е поткрепена со релевантни литературни податоци и соодветна статистичка анализа.

Посебно позитивно се оценува способноста на кандидатот критички да ги анализира сопствените резултати и да ги спореди со резултатите од современата светска литература. Ова укажува на научна зрелост и способност за самостојно научно размислување.

Дисертацијата е значајна и од практичен аспект, бидејќи резултатите од истражувањето можат директно да се применат во клиничката практика. Воведувањето на молекуларна стратификација кај пациентите со аденокарцином на дебелото црево претставува важен чекор кон персонализираниот медицински пристап и подобрувањето на онколошкиот третман.

Особено е значајно што трудот ја нагласува потребата од поширока примена на молекуларните анализи во секојдневната клиничка пракса, што претставува современ тренд во светската медицина. На тој начин, дисертацијата има потенцијал да придонесе кон подобрување на дијагностичките и терапевтските протоколи кај пациентите со карцином на дебелото црево.

Во научна смисла, трудот претставува оригинално истражување кое обезбедува нови сознанија за биолошките и клиничките карактеристики на MSI и MSS-карциномите. Истражувањето е спроведено со висок степен на методолошка дисциплина и научна објективност, што дополнително ја потврдува неговата вредност.

Завршна евалуација и научна вредност на трудот

Вкупниот впечаток што го остава докторската дисертација е дека станува збор за сериозно, современо и научно зрело истражување кое обработува тема од исклучителна важност за современата хирургија, онкологија и молекуларна медицина. Кандидатот успева да обработи сложена научна проблематика на систематичен, аналитичен и методолошки правилен начин.

Во целиот труд е присутна јасна научна логика и континуитет помеѓу теоретскиот дел, поставените цели, применетите методи, добиените резултати и финалните заклучоци. Ова укажува дека кандидатот поседува високо ниво на научна дисциплина и способност за самостојна научноистражувачка работа.

Особено позитивно се оценува тоа што дисертацијата не останува само на ниво на дескриптивна анализа, туку обезбедува подлабока интерпретација на биолошките механизми и клиничкото значење на микросателитската нестабилност. На тој начин, трудот има реален научен придонес и претставува значајно збогатување на домашната научна литература од областа на колоректалната онкологија.

Кандидатот покажува одлично познавање на современите молекуларни концепти и нивната практична примена во клиничката медицина. Во дисертацијата се согледува способност за интеграција на податоци од различни области, вклучувајќи хирургија, патологија, молекуларна биологија, онкологија и медицинска статистика.

Особено е важно што резултатите од ова истражување имаат потенцијал за директна примена во секојдневната клиничка практика. Определувањето на MSI-статусот денес претставува неопходен дел од современиот пристап кон пациентите со аденокарцином на дебелото црево, а ова истражување дополнително ја нагласува важноста на молекуларната стратификација во проценката на прогнозата и изборот на терапија.

Дисертацијата има значење и од едукативен аспект, бидејќи претставува квалитетен научен материјал кој може да биде корисен за лекари, специјализанти, патолози, хирурзи, онколози и истражувачи кои работат во областа на колоректалната патологија и молекуларната онкологија.

Научната аргументација во трудот е јасна, добро структурирана и поткрепена со современи литературни податоци. Кандидатот покажува способност за критичка анализа на литературата и правилно интегрирање на добиените резултати во рамките на постојните научни сознанија.

Врз основа на целокупната анализа на дисертацијата, Комисијата смета дека трудот ги исполнува сите критериуми за докторска дисертација и претставува оригинален и значаен научен придонес.

Заклучок

Врз основа на целокупната анализа на докторската дисертација, може да се заклучи дека трудот на ас. д-р Ќемал Рушити претставува оригинално, современо и научно релевантно истражување.

Кандидатот успешно ги реализирал поставените цели на истражувањето и добил резултати кои имаат значајна научна и практична вредност.

Докторската дисертација е изработена според современи научни принципи, со адекватна методологија, валидна статистичка обработка и критичка интерпретација на резултатите.

Сметаме дека докторската дисертација ги исполнува сите критериуми предвидени со Законот за високото образование и правилниците на Универзитетот за стекнување на научниот степен доктор на науки.

Со особено задоволство предлагаме докторската дисертација со наслов:
Микросателитски нестабилни споредени со микросателитски стабилни карциноми кај пациенти оперирани од карцином на дебело црево во однос на клиничките и патолошките карактеристики,
да биде прифатена, а кандидатот **ас. д-р Ќемал Рушити** да биде повикан на јавна одбрана за стекнување на научниот степен доктор на науки.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Three-Year Survival of Patients with Microsatellite Instability (MSI) Compared to Microsatellite Stable (MSS) Colon Cancer by Stage: A Retrospective Study
Qemal Rushiti, Nikola Jankulovski, Rexhep Selmani, Svetozar Antovik, Fatjona Mislimi Ollomani. *Medicus*, ISSN 1409-6366, UDC 61, Vol. 30(3), стр. 368–372, 07.01.2026.

Detection of Microsatellite Instability and Comparison of Microsatellite Unstable with Microsatellite Stable Tumors According to Clinical and Pathological Characteristics
Qemal Rushiti, Nikola Jankulovski, Rexhep Selmani, Svetozar Antovik, Gordana Petrushevska.

Medicus, ISSN 1409-6366, UDC 61, Vol. 3
0(2), стр. 189–196, 09.09.2025.

КОМИСИЈА
Проф. д-р Светозар Антовиќ (претседател), с.р. _____
Проф. д-р Никола Јанкуловски (ментор), с.р. _____
Проф. д-р Рецеп Сељмани (член), с.р. _____
Проф. д-р Гордана Петрушевска (член), с.р. _____
Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член), с.р. _____

РЕЦЕНЗИЈА ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА И НОВИТЕ МЕДИУМИ: ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД АНАЛИЗАТА НА ПОЛИТИКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА“ ОД МАРТИНА ТОДОРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 4.4.2026, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката **м-р Мартина Тодоровска** со наслов: **АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА И НОВИТЕ МЕДИУМИ: ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД АНАЛИЗАТА НА ПОЛИТИКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,** во состав: проф. д-р Владо Бучковски, проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, проф. д-р Гоце Наумовски (ментор), проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ и проф. д-р Ненад Гавриловиќ.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Анализа на трудот

Трудот е насловен „Авторското право и сродните права и новите медиуми: заклучоци и препораки од анализата на политиките на Европската Унија“ и претставува детално истражување на правните предизвици што ги наметнува дигиталната ера.

Дисертацијата започнува со дефинирање на истражувачкиот проблем и целите, поставувајќи хипотетичка рамка која се потпира на специфични методи и извори на податоци релевантни за работната популација.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Мартина Тодоровска, со наслов „Авторското право и сродните права и новите медиуми: заклучоци и препораки од анализата на политиките на Европската Унија“, претставува оригинално, самостојно и мошне корисно истражување во областа на авторското право и сродните права. Изработката на темата од овој труд е плод на повеќегодишна научноистражувачка работа и претставува значаен научен придонес, очекуван од научен труд каков што е докторската дисертација.

Вредноста и оправданоста на овој труд се дотолку поголеми со тоа што во него се утврдуваат значењата на авторското право и сродните права во контекст на новите медиуми. Притоа, трудот ги анализира иновативноста и креативноста не само како правни и теоретски категории, туку и низ нивната практична примена во дигиталната средина и секојдневната комуникација, со посебен осврт на нивната улога и влијание врз функционирањето на европскиот дигитален пазар и регулаторните политики на Европската Унија. Во трудот, кандидатката ја анализира значајноста на авторското право и сродните права во контекст на новите медиуми, со посебен осврт на влијанието на дигиталните платформи врз создавањето и користењето на заштитени содржини. Притоа, се разработуваат правната рамка на Европската Унија, одговорноста на

платформите и потребата од воспоставување рамнотежа меѓу заштитата на правата и слободата на изразување, при што се идентификуваат и правни празнини и се предлагаат насоки за нивно унапредување. Трудот е пишуван со користење на солидна научна методологија, а текстот е презентиран на јасен и разбирлив начин, што е особено значајно поради неговото потенцијално користење од страна на студентите и на стручната јавност. Во таа насока, сакаме да посочиме и на обемната користена литература, коректно цитирана, со што трудот уште повеќе добива вредност како на академски, така и на употреблив истражувачки план.

Првото поглавје од дисертацијата е насловено „Теоретска и концептуална рамка“ и служи како фундаментална основа за целото понатамошно истражување. Неговата примарна цел е да ги разјасни основните концепти и принципи на кои се потпираат авторското право и сродните права. Во овој дел, авторката се осврнува на развојот на овие права во рамките на меѓународното право, што овозможува разбирање на глобалните стандарди и договори кои ги обликуваат националните и регионалните законодавства.

Посебен акцент во ова поглавје е ставен на феноменот на новите медиуми и дигиталната ера, при што се анализираат различни теориски пристапи за нивно дефинирање. Овој теоретски дискурс е клучен бидејќи ја подготвува теренот за анализа на влијанието што технолошкиот напредок го има врз традиционалните правни институти. На тој начин, првото поглавје не само што ги дефинира правните термини, туку и ја истражува нивната трансформација во контекст на постојаните промени во медиумскиот простор.

Второто поглавје е насловено „Правна рамка на Европската Унија за авторското право и сродните права во контекст на новите медиуми“ и претставува централен столб на дисертацијата во однос на анализата на легислативата. Авторката најпрво го елаборира историскиот развој и стратешките цели на правото на Унијата во оваа сфера, со цел да се разбере како европскиот законодавец се обидува да создаде кохерентен дигитален пазар. Овој дел ја поставува генезата на регулативата, од првичните идеи за заштита до современите потреби за правна сигурност во дигиталната сфера.

Потоа, трудот преминува кон детална деконструкција на клучните директиви на Европската Унија кои директно се однесуваат на авторското право и сродните права во контекст на новите медиуми. Оваа анализа е суштинска за да се согледа како специфичните правни акти ги адресираат предизвиците на интернет платформите, дигиталната репродукција и прекуграничното користење на авторските дела. Истражувањето во овој дел од трудот се протега на голем број страници, што укажува на неговата исцрпност и значење за целата дисертација.

Специфичен и исклучително актуелен аспект на ова поглавје е делот посветен на улогата на авторското право и сродните права во борбата против дезинформациите во рамките на Европската Унија. Тука авторката веројатно ја истражува врската меѓу заштитата на интелектуалната сопственост и квалитетот на информациите во дигиталниот простор, анализирајќи како правните механизми можат да послужат како алатка за автентикација на содржините и заштита на професионалното новинарство од неконтролирано ширење на лажни вести.

Третото поглавје од дисертацијата е насловено „Влијанието на дигиталните платформи врз авторското право и сродните права во рамки на Европската Унија“ и претставува клучен дел каде што теоретските поставки се судираат со практичната реалност на современиот интернет. Овој дел од трудот

започнува со детална анализа на дистрибуцијата на содржини, при што посебно се елаборира улогата на големите дигитални платформи како главни посредници во преносот на авторски дела. Авторката го истражува начинот на кој овие технолошки гиганти влијаат врз пристапот до културата и информациите, но и предизвиците што ги создаваат за традиционалните модели на заштита.

Централно место во ова поглавје зазема прашањето за одговорноста на платформите, кое се разгледува низ призмата на богатата судска пракса на Судот на правдата на Европската Унија. Овој дел е од суштинско значење за дисертацијата бидејќи ги анализира конкретните пресуди кои ги дефинираат границите на тоа кога една платформа е одговорна за содржините поставени од нејзините корисници. Преку овој правен преглед, кандидатката ги извлекува правните стандарди кои моментално го регулираат европскиот дигитален простор.

На крајот од поглавјето, истражувањето се насочува кон прашањето за рамнотежата меѓу различните засегнати страни. Тука се анализираат комплексните односи и често спротивставените интереси меѓу индивидуалните креатори на содржини, носителите на сродни права како што се издавачите и продуцентите, и крајните корисници на платформите. Целта на овој сегмент е да се утврди дали постојниот систем овозможува правичен надомест за трудот на авторите, додека истовремено го гарантира правото на јавноста на слободен пристап до информации во дигиталната ера.

Поглавјето „Емпириско истражување: методологија, применети инструменти и клучни наоди“ започнува со детално објаснување на методолошкиот пристап, каде што се дефинираат целите на истражувањето и специфицираниот примерок врз кој е спроведено тестирањето. Клучниот фокус е ставен на анализата на резултатите добиени од прашалникот кој ги испитува медиумските навики и начинот на кој се користат дигиталните платформи. Овие квантитативни податоци нудат јасна слика за тоа како крајните корисници стапуваат во интеракција со авторските содржини во дигиталното опкружување.

Во продолжение, авторката презентира длабинска анализа на квалитативните наоди добиени преку полуструктурирани интервјуа. Истражувањето опфаќа широк спектар на професионалци, вклучувајќи автори, носители на сродни права, уредници на медиуми и правни практичари. Овој мултидимензионален пристап овозможува да се согледаат предизвиците на авторското право и сродните права од различни перспективи – од оние кои ја создаваат содржината, преку оние кои ја менаџираат, па сè до експертите кои треба правно да ги решаваат споровите во пракса. Сите овие податоци се поткрепени со анонимизирани записници и изјави за согласност, што го гарантира етичкиот и научниот интегритет на спроведеното истражување.

Петтото поглавје е насловено „Утврдени правни празнини и перспективи за унапредување“ и претставува синтеза на целото истражување, каде што се формулираат конкретните придонеси на трудот. Овој дел започнува со детална идентификација на правните празнини во постојната рамка на Европската Унија, кои произлегуваат од претходните теоретски и емпириски анализи. Авторката укажува на областите каде што тековната регулатива не успева во целост да ги следи брзите промени на дигиталниот пазар.

Клучен дел од ова поглавје е компаративниот осврт меѓу Европската Унија и САД. Преку оваа споредба се истражуваат различните пристапи во регулирањето на авторското право и сродните права и одговорноста на

платформите, со цел да се извлечат поуки и да се согледаат алтернативни решенија кои би можеле да се применат во европскиот контекст.

Поглавјето кулминира со сеопфатни препораки и идни насоки за унапредување на правниот систем. Овие насоки се прецизно поделени во три временски хоризонти: краткорочни препораки кои адресираат итни потреби, среднорочни препораки за системски приспособувања и долгорочни стратешки насоки кои треба да обезбедат одржлива заштита на авторските и сродните права во далечната иднина. Со ова, петтото поглавје ја заокружува дисертацијата, претворајќи ја научната анализа во конкретна стратегија за законски промени.

Заклучниот дел од дисертацијата, насловен едноставно како „Заклучок“, претставува финализација на сите претходно елаборирани тези и истражувачки прашања. Во овој сегмент, авторката ги сублимира клучните наоди од теоретската анализа и емпириското истражување, потврдувајќи ја или ревидирајќи ја почетната хипотетичка рамка. Заклучокот служи за да се заокружи научниот придонес на трудот, истакнувајќи ја важноста на усогласувањето на авторското право и сродните права со динамичниот развој на новите медиуми.

Библиографијата на трудот е обемна и опфаќа сериозен корпус на извори. Таа вклучува меѓународни договори, примарно и секундарно право на Европската Унија, релевантна судска пракса, како и богата домашна и странска научна литература. Ваквиот пристап укажува на висока научна издржаност и темелност во проучувањето на материјата, обезбедувајќи го неопходниот академски кредибилитет на истражувањето.

Посебна вредност на дисертацијата ѝ даваат прилозите, кои се протегаат на повеќе од триесет страници и нудат детален увид во методолошкиот процес. Тие вклучуваат обработени одговори од прашалниците за медиумските навики, како и водичи за полуструктурирани интервјуа приспособени за различни профили на испитаници, од автори, носители на сродни права и уредници до правни практичари. Исклучително значајни се анонимизираните записници од спроведените интервјуа, кои претставуваат примарен извор на податоци и овозможуваат транспарентност на извлечените наоди. Прилозите завршуваат со изјавата за согласност, што потврдува дека истражувањето е спроведено со целосно почитување на етичките стандарди во науката.

2. Оцена на трудот

Овој докторски труд на кандидатката м-р Мартина Страшо Тодоровска претставува исклучително релевантен и научно втемелен труд кој се справува со еден од најкомплексните современи предизвици во правото, а тоа е заштитата на интелектуалната сопственост во дигиталната ера. Врз основа на структурата и содржината, може да се даде висока оценка за неговата теоретска поставеност, методолошка прецизност и практична применливост.

Првата точка која заслужува висока оценка е методолошкиот дизајн на истражувањето. Авторката не се потпира само на кабинетско проучување на законите, туку користи комбиниран пристап кој вклучува квантитативни прашалници и квалитативни интервјуа со практичари. Ова овозможува трудот да не биде само теоретска вежба, туку жива анализа која ги рефлектира вистинските проблеми на авторите, носителите на сродни права, уредниците и правниците кои секојдневно се соочуваат со дигиталните платформи.

Понатаму, научната вредност на дисертацијата се огледа во нејзината аналитичка длабочина, особено во делот каде што се деконструираат политиките на Европската Унија и нивното влијание врз борбата против дезинформациите. Со интегрирање на прашањето за дезинформациите во рамките на авторското право, кандидатката отвора нова перспектива која е од клучно значење за стабилноста на современите медиумски системи.

Компаративната димензија на трудот, каде што се соочуваат правните модели на Европската Унија и САД, дополнително го издигнува квалитетот на дисертацијата. Овој пристап овозможува поширок поглед на можните решенија и помага во прецизното идентификување на правните празнини во европскиот контекст.

На крајот, посебно треба да се истакне апликативната вредност на трудот преку детално разработените препораки. Наместо општи заклучоци, авторката нуди структурирани насоки поделени на краткорочни, среднорочни и долгорочни цели, што го прави овој труд корисна алатка за креаторите на политики и законодавецот. Со сето ова, дисертацијата се наметнува како значаен придонес во правната наука, нудејќи решенија кои успешно го балансираат правото на сопственост со слободата на изразување и пристапот до информации.

3. Заклучок и предлог

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Мартина Тодоровска,** со наслов: **АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА И НОВИТЕ МЕДИУМИ: ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД АНАЛИЗАТА НА ПОЛИТИКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува условите и стандардите за подготовка на докторски труд. Трудот, несомнено, ќе претставува солидна основа за натамошни истражувања во оваа сфера не само на кандидатката, туку и на сите други истражувачи кои во иднина ќе се посветат на оваа област.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Мартина Тодоровска** со наслов: **АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА И НОВИТЕ МЕДИУМИ: ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД АНАЛИЗАТА НА ПОЛИТИКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.**

Скопје, 2026

КОМИСИЈА

Проф. д-р Владо Бучковски, с.р.
Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с.р.
Проф. д-р Гоце Наумовски (ментор), с.р.
Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, с.р.
Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 31.3.2026 година, за избор на асистент по група предмети од наставно-научната област хемија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1047/3 од 4.5.2026, донесена на седницата одржана на 30.4.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Валентни Мирчески, редовен професор на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, и д-р Билјана Пејова, редовен професор на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по група предмети од наставно-научната област хемија, во предвидениот рок се пријави м-р Софија Поповска Блажевска, асистент на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Софија Поповска Блажевска е родена на 15.2.1997, во Битола. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Битола. На Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 2015/2016 година, а дипломирала на 2.10.2019 година, со просечен успех 8,34. Кандидатката активно се служи со англискиот јазик. Во однос на техничките вештини, м-р Софија Поповска Блажевска се служи со хемиските софтвери: Match, Origin, Vesta, ChemWindow и HyperChem, а од Microsoft Office пакетот со: Word, Excel, Power Point и Microsoft Teams.

Во учебната 2019/2020 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. За магистерските студии добила стипендија од ОКТА АД Скопје. Студиите ги завршила во 2022 година, со просечен успех 10,00. На 18.5.2022 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Влијание на парцијалната супституција на Sm и Gd со Er врз структурата и својствата на перовскити од типот $RE_{1-x}Er_xFeO_3$ (RE = Sm или Gd, x = 0; 0,2 или 0,4)“.

На докторски студии се запишала на 27.1.2023 година. Летниот семестар од докторските студии од учебната 2023/2024 година и зимскиот семестар од 2023/2024 година ги ставила во мирување поради породилно отсуство. Сега интензивно работи на нејзината докторска дисертација.

На 6.10.2023 година е избрана во звањето асистент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во областа хемија.

Во моментот е вработена како асистент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1290 од 1.9.2023 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1290 од 1.9.2023 година како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор за асистент до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Институт за хемија при Природно-математичкиот факултет, кандидатката м-р Софија Поповска Блажевска одржувала/одржува вежби на прв циклус студии по предметите: лабораториски и нумерички вежби по предметите Општа хемија и Неорганска хемија за студентите од студиската програма Хемија; лабораториски вежби по предметите Хемија на комплексни соединенија, Одбрани поглавја од неорганска хемија, Структура на атоми и молекули, Хемија на животната средина, Хемија на хетероциклични соединенија за студентите од студиската програма Хемија; Општа хемија, за насоката по биохемија и физиологија и за насоката по молекуларна биологија и генетика на студиската програма Биологија; Основи на органската хемија и Органска хемија за насоката по биохемија и физиологија и за насоката по нутриционизам на студиската програма Биологија; Хемија на студиската програма Физика и Хемија за студентите од Машинскиот факултет. Покрај тоа, кандидатката одржувала консултации со студентите во врска со доделените предмети и помагала при организација и реализација на колоквиуми и испити.

Научноистражувачка дејност

Во извештајниот период, м-р Софија Поповска Блажевска ги објавила следниве 2 оригинални научни труда во списанија со фактор на влијание:

1. S. Popovska, S. Dimitrovska-Lazova, M. Bukleski, T. Skalar, S. Aleksovska, Crystal structure and vibrational spectra of $Ln_{1-x}Er_xFeO_3$ (Ln = Gd or Sm, x = 0; 0.2 or 0.4), *Journal of Alloys and Compounds*, 1002, 175283, 2024. DOI: https://doi.org/10.1016/j.jallcom.2024.175283 (IF=5.8)
2. B. Cheliku Ramadani, J. Sela, L. Stojanov, S. Popovska, V. Mirčeski, M. Bukleski, S. Dimitrovska-Lazova, A. A. Reka, S. Aleksovska, Synthesis, characterization and electrocatalytic properties of $PrMn_{0.5}M_{0.5}O_3$ (M = Cr, Fe, Co, Ni) perovskites, *Materials,* 18, 717, 2025. DOI: https://doi.org/10.3390/ ma18030717 (IF=3.1)

Кандидатката презентирала вкупно 8 труда на научни манифестации, од кои следниве 5 по последниот избор за асистент:

1. S. Popovska, M. Bukleski, S. Dimitrovska-Lazova, S. Aleksovska, Synthesis and Characterization of Complex Perovskites of $Ln_{1-x}Er_xFeO_3$ (Ln = La or Pr, x = 0; 0.2 or 0.4), *10th European Crystallography School,* 22–29 June 2025, Ohrid, N. Macedonia.
2. B. Cheliku Ramadani, S. Popovska, L. Stojanov, A. A. Reka, V. Mirčeski, M. Bukleski, S. Dimitrovska-Lazova, S. Aleksovska, Synthesis, Characterization and Electrocatalytic properties of $GdMn_{0.5}M_{0.5}O_3$ (M = Cr, Fe, Co) Perovskites, *27th Congress of SCTM, Book of Abstracts,* p. 203, 25–28 September 2024, Ohrid, N. Macedonia.
3. B. Cheliku Ramadani, S. Dimitrovska-Lazova, A. A. Reka, M. Bukleski, S. Popovska J. Sela, S. Aleksovska, Synthesis, Structure and Properties Investigation of Complex Perovskites with Manganese, *NanoBalkan Conference, Book of Abstracts*, p. 124, 16–20 October 2023, Tirana, Albania.
4. C. Trajkovska, S. Popovska, M. Bukleski, S. Dimitrovska-Lazova and S. Aleksovska, Synthesis and Investigation of $Ln_{1-x}Er_xFe0.5Mn0.5O3$ (Ln = La, Sm; x = 0.2 and 0.4), *26th Congress of SCTM with International Participation, Book of Abstracts,* p. 39, 20–23 September 2023, Ohrid, N. Macedonia.
5. B. Cheliku Ramadani, S. Popovska, M. Bukleski, A. Reka, S. Dimitrovska-Lazova and S. Aleksovska, *Synthesis and Investigation of Complex Perovskites with Manganese, 26th Congress of SCTM with International Participation*, Book of Abstracts, p. 38, 20–23 September 2023, Ohrid, N. Macedonia.

М-р Софија Поповска Блажевска досега учествувала во три научноистражувачки проекти:

1. Воведување на нови биоаналитички методи и развој на стандардните техники за анализа на амплификатите добиени со полимераза верижна реакција – PCR при детекција на присуството на SARS-Cov-2 (2021 – 2023).
2. Осовременување и развој на лабораторијата за структурна карактеризација на материјали (2021 – 2023).

3. Раманска спектроскопија на материјали (2021 – 2023).

Покрај тоа, м-р Софија Поповска Блажевска учествувала на работилницата: 10th European Crystallography School, 22–20 June 2025, Ohrid, N. Macedonia.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Софија Поповска Блажевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет. Таа учествува во организација и реализација на општински, регионални и државни натпревари по хемија.

Кандидатката била член на организациониот одбор на First US-Macedonian Workshop on Modeling in Chemistry and Biochemistry, во октомври 2025 година на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет.

Таа била обучувач на работилницата „Инструментални методи на хемиска анализа“, во рамките на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“, во февруари 2022 година. Покрај тоа, таа учествува и во промотивните активности, наменети за наставници по стручни предмети од ДСУ-РЦСОО „Киро Бурназ“.

Кандидатката била член на Комисијата за оценка на демонстрации на настанот „Ноември – месец на науката“ во 2025 година. М-р Софија Поповска Блажевска била член на Комисијата за попис на магацински простории на Институтот за хемија. Покрај тоа, учествува и во промотивните активности на Институтот за хемија.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката м-р Софија Поповска Блажевска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет за наставата по предметите кои ги реализира.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Софија Поповска Блажевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, како и личното познавање на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Софија Поповска Блажевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде повторно избрана за асистент по група предмети од научната област хемија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Софија Поповска Блажевска да биде повторно избрана во звањето **асистент** по група предмети од научната област хемија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Валентин Мирчески, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Билјана Пејова, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: м-р Софија Драги Поповска Блажевска
(име, татково име и презиме)
Институција: Институт за хемија, Природно-математички факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: *ХЕМИЈА*

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	**да**
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: **применета хемија**.	**да**
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: **8,34.** Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10,00.**	**да**
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: **англиски** 2. Назив на документот: **Уверение за познавање на англиски јазик кое одговара на ниво Б2 (B2) според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)** 3. Издавач на документот: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје** 4. Датум на издавање на документот: **6.12.2022.**	**да**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Слоботка Алексовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Валентин Мирчески, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Д-р Билјана Пејова, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, с.р.

Прилоī бр. 2

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ГЕОГРАФИЈА И ДРУГО (ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА) НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 31.3.2026 година, за избор на еден асистент на Институтот за географија при Факултетот, по група предмети од наставно-научните области: *īеоīрафија* и *друīо (заштита на животната средина)*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-999/3 од 4.5.2026 година, донесена на седницата на ННС од 30.4.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Олгица Димитровска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Иван Радевски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, и д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент по група предмети од наставно-научните области: *īеоīрафија* и *друīо (заштита на животната средина)*, во предвидениот рок се пријави м-р Емилија Маневска, асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

3. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Емилија Маневска е родена на 6.8.1996 година во Скопје, каде што го завршила основното и средно образование со одличен успех. Во учебната 2015/2016 година се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за географија. Високото образование го стекнала на Природно-математичкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во 2019 година дипломирала со просечен успех 9,87 и со одлука на Деканатската управа на Природно-математичкиот факултет во Скопје е прогласена за најдобар студент на Институтот за географија во академската 2019/2020 година.

Кандидатката м-р Емилија Маневска активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2019/2020 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за географија, насока: Географија. Во учебните 2019/2020 и 2020/2021 година е ангажирана како демонстратор по предметите од областа на заштитата на животната средина и туризмот. Од 10.12.2021 година е вработена како виш лаборант на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. На 7.4.2023 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Корелација меѓу температурата и загадувањето на воздухот во Скопската агломерација“ и се стекна со академската титула магистер по географија.

На 5.10.2023 година е избрана во звањето асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во областа географија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1287 од 1.7.2023 година.

Во учебната 2023/2024 година се запишала на трет циклус (докторски) студии по географија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1287, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Природно-математички факултет, Институт за географија, кандидатката м-р Емилија Маневска изведува вежби на прв циклус студии по предметите: Заштита на животната средина, Основи на географијата, Култури и цивилизации, Медицинска географија, Туризмот и заштитата на животната средина, Уредување на туристичкиот простор, Менаџмент во туризмот, Економика на туризмот, Алтернативни форми на туризмот, Туризмот и сообраќајната географија, Туристички агенции, Просторно планирање во туризмот, Хотелиерство, Урбан туризам, Рурален туризам, Сообраќајна со туристичка географија, Природно-географски основи на туризмот и Аграрот во функција на туризмот.

Покрај редовната настава, кандидатката реализирала и значителен обем консултации со студенти и работела со студенти на нивните дипломски работи. Обемот на досегашното ангажирање во изведувањето на вежбите, како и коректниот однос со студентите, укажуваат на сериозен пристап на кандидатката во процесот на изведувањето на наставно-образовната дејност на Институтот за географија при ПМФ во Скопје.

Научноистражувачка дејност

Кандидатката м-р Емилија Маневска, во периодот од последниот избор во звањето асистент, има објавено вкупно 7 научни трудови, од кои 3 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 3 труда во меѓународни научни списанија и 1 труд во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор. Во извештајниот период, објавени се следните трудови:

1. Manevska E., Dimitrovska O., Radevski I., Gorin S., Kuzmanoski A., Markoski B. (2025): Meteorological parameters versus PM10: Statistical Analysis of the City of Skopje, Republic of North Macedonia Using Multiple Linear Regression. Polish Journal of Environmental Studies, DOI: 10.15244/pjoes/204196.
2. Manevska E., Dimitrovska O., Radevski I., Gorin S., Kuzmanoski A. (2025): Anthropogenic pressures on air quality in the Skopje agglomeration. Geographical Reviews, 58, Skopje. DOI: 10.37658/GR255873m.
3. Kuzmanoski, A., Gorin, S., Markoski, B., Manevska, E. (2024): GIS In the hydromorphology analysis of selected meanders of the Crna reka. Geografski Pregled, No.50, Sarajevo. DOI: 10.35666/23038950.2024.50.29
4. Gorin, S., Kuzmanoski, A., Radevski, I.,Dimitrovska O., Manevska, E. (2024): GIS Analysis of stray dogs attacks in the municipality of Centar in the City of Skopje. Procceding Book 2024 of VIth Congress of Macedonian Grographers with international participation. 75-89, DOI: https://doi.org/10.37658/MGD24075g
5. Radevski, I., Hall, J., Gorin, S., Petrović, A. M., Kuzmanoski, A., Manevska, E., & Ristevski, P. (2024): Characteristics of annual and seasonal precipitation in North Macedonia: change analysis and correlation with the North Atlantic Oscillation (1951–2010). Időjárás - Quarterly Journal of the HungaroMet Hungarian Meteorological Service, 128(1), 75-98. DOI: 10.28974/idojaras.2024.1.5

6. Radevski, I., Gorin, S., Zlatanoski, V., Petrović, A. M., Kuzmanoski, A., Manevska, E., & Markoski, B. (2023): Determining Streamflow Patterns in North Macedonia Using PCA and AHC Analysis. Mitteilungen der Österreichischen Geographischen Gesellschaft Annals of the Austrian Geographical Society, 165, 281-305, DOI: https://doi.org/10.1553/moegg165-081
7. Manevska E., Dimitrovska O., Radevski I. (2023): Correlation between air temperature and SO2 pollutant in the city of Skopje. Geographical Review, 48, Sarajevo. DOI: 10.35666/23038950.2023.48.25

Кандидатката, во извештајниот период, учествувала со усна презентација на трудови на 2 меѓународни конференции и 1 конгрес со меѓународно учество:

1. International Geographical Conference EUROGEO (16 – 18 мај 2025 година) во Скопје, со трудот: “Investigating the Relationship between PM10 and Climatic Parameters using GAM Model: A Case Study of Skopje, Kumanovo, Bitola, North Macedonia” (во фаза на објавување).
2. International Conference Sunbelt 2025, одржана на Универзитетот Сорбона во Париз, Франција (23 – 29 јуни 2025 година), со трудот “Investigating Relationships between PM10 and Climatic Parameters using PCA Model in the Three Largest Urban Areas in North Macedonia” (во фаза на објавување).
3. VI конгрес на македонските географи со меѓународно учество во Охрид (29 – 30.5.2024 година), со трудот “Anthropogenic pressures on air quality in the Skopje agglomeration” (публикуван).

Кандидатката м-р Емилија Маневска во извештајниот период била член на тимот во 2 научноистражувачки проекта:

1. Просторен план на Република Северна Македонија (2021 – 2040), Секторска студија за животна средина, 2022 – 2023.
2. Македонски природни богатства. МАНУ, Истражувачки центар за животна средина и материјали, 2020 – 2023.

Дополнително, кандидатката учествувала на две обуки каде што се здобила со соодветни сертификати:

1. Сертификат за "Nature-based Solutions for Disaster and Climate Resilience", во организација од United Nations Environment Programme (UNEP) and the Partnership for Environment and Disaster Risk Reduction (PEDRR) – 2023 г.
2. Сертификат за алатката "NOTHAS", во организација од Природно-математички факултет и ФИНКИ, Скопје – 2023 г.

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Кандидатката м-р Емилија Маневска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за географија и дејноста поврзана со географијата.

Во извештајниот период била активна и со логистичка помош во организирањето на општинските, регионалните и државните натпревари по географија организирани од страна на Македонското географско друштво. Исто така, била член на комисија за оценување на експерименти по природни науки на „Месец на науката 2025“ – 22.11.2025 година, во организација на Македонското географско друштво. Активен член е и на Македонското географско друштво.

Учествува во промоција на студиските програми за прв циклус студии на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, со посета во одредени средни

училишта на територијата на град Скопје, во периодот 2021 – 2025 година. Во овој период, исто така, зема учество во промотивната активност „Отворен ден на УКИМ“.

Кандидатката е активна и во објавување на научно-популарни статии на Географски портал, портал на Институтот за географија, со содржини наменети за популаризација на географијата.

Со овие активности придонесува за промоција и популаризација на географијата и природните науки, приближувајќи ги научните сознанија до поширокаta јавност и поттикнувајќи интерес и љубопитност кај помладите генерации.

Член е на организационен одбор на Здружението за развој на географската наука ГЕОБАЛКАНИКА – Скопје.

Исто така, била член на Факултетското студентско собрание на ПМФ, 2023 – 2025.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи на Институтот за географија. Редовно учествува на теренските настави со студенти, организирани од страна на Институтот за географија. Активна е и ангажирана во сите останати активности на Институтот каде што покажува комуникативост, одговорност, флексибилност, желба за лична надоградба и напредок, лесна приспособливост и способност за тимска работа.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката м-р Емилија Маневска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет за наставата по предметите кои ги реализира.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Емилија Маневска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Емилија Маневска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент по група предмети од наставно-научните области: *географија* и *друго (заштита на животната средина)*.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Емилија Маневска да биде избрана во звањето **асистент** по група предмети од наставно-научните области: *географија* и *друго (заштита на животната средина)*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Д-р Олгица Димитровска, редовен професор, Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

   _____

2. **Д-р Иван Радевски, редовен професор, Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

   _____

3. **Д-р Благоја Маркоски, редовен професор, Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

   _____

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Емилија Мијалче Маневска***
Институција: ***Природно-математички факултет/Институт за географија***
Научна област: ***ГЕОГРАФИЈА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	ДА
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: магистер по географија	ДА
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,87. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	ДА
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Cambridge ESOL Level 1 Certificate in ESOL International, Council of Europe Level B2 3. Издавач на документот: FCE, University of Cambridge 4. Датум на издавање на документот: 29.7.2013	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Олгица Димитровска, редовен професор,
Природно-математички факултет – Скопје, с.р.

Д-р Иван Радевски, редовен професор,
Природно-математички факултет – Скопје, с.р.

Д-р Благоја Маркоски, редовен професор,
Природно-математички факултет – Скопје, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДНО) ЛИЦЕ ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРАЛНА ХИРУРГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот од Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, објавен во весниците „Вечер“ и „Лајм” од 19.3.2026 година, за избор на 1 (едно) лице во сите наставно-научни звања од научната (дисциплина) орална хирургија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1252/1 , донесена на 15. редовна седница, на 17.4.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Борис Величковски, редовен професор на Катедрата за орална хирургија (претседател), проф. д-р Гордана Апостолова, редовен професор на Катедрата за орална хирургија и проф. д-р Оливер Димитровски, редовен професор на Катедрата за орална хирургија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 1 (едно) лице во сите наставно-научни звања во наставно-научната област орална хирургија, во предвидениот рок се пријави еден кандидат.

1. Биографски податоци на кандидатот

В. н. сор. д-р Билјана Евросимовска (моминско Андоновска), вработена на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје и на Клиниката за орална хирургија при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон” во Скопје, е родена на 10.9.1977 година во Скопје. Средно образование, со континуиран одличен успех (5,00), завршила во гимназијата „Никола Карев“ од која при завршувањето ѝ е доделена и специјална диплома за покажани исклучителни резултати од областа на науката, техниката и другите видови на дејности на талентирани ученици.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во 1996 година, а дипломирала во 2002 година со просечен успех 9,80. Во 2002 година, добитник е на наградата за најдобро дипломиран студент на Стоматолошкиот факултет, при што ѝ е доделена пофалница од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за најдобар дипломиран студент од Стоматолошкиот факултет во учебната 2002/2003 година. Во текот на студиите, корисник е на степендија за талентирани студенти доделена од Министерството за образование и наука.

Во 2003 година го положила стручниот испит на Стоматолошкиот факултет во Скопје и се стекнала со стручен назив – доктор по стоматологија.

Во периодот од 2002 до 2008 година, волонтирала на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, на Клиниката за орална хирургија.

Како степендист на Министерството за образование и науки во 2002 година се запишала на постдипломски студии по предметот Орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, положувајќи ги сите предвидени испити во најкусок временски рок со успех 10,00.

Магистерскиот труд со наслов: „Проценка на влијанието на матрик-металопротеиназите кај хроничните периапикални лезии“ одлично го одбранила на 11.12.2006 година, стекнувајќи се со звањето магистер на стоматолошки науки од областа на оралната хирургија.

Специјалистичките студии од областа на оралната хирургија ги запишала во 2004 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје. На 16.11.2007 година го положила стручниот специјалистички испит, стекнувајќи се со звањето специјалист по орална хирургија.

Докторската дисертација со наслов: „Влијание на полиморфизмите во гените за матрикс-металопротеиназите врз прогресијата на клиничката слика кај хроничните процеси и акутните одонтогени инфекции“ одлично ја одбранила на 3.10.2012 година, стекнувајќи се со звањето доктор на стоматолошки науки од областа на оралната хирургија.

Во јули 2008 година се вработила на Клиниката за орална хирургија при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, како специјалист и магистер по орална хирургија.

На 10. редовна седница одржана на 20.10.2020 година, Наставно-научниот совет едногласно ја избира во соработничко звање – асистент на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

На 34. редовна седница одржана на 28.12.2020 година, Наставно-научниот совет едногласно ја избира во научно звање – научен соработник на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

На 8. редовна седница одржана на 17.9.2025 година, Наставно-научниот совет едногласно ја избира во научно звање – виш научен соработник на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот фкаултет во Скопје.

Активно се служаи со англискиот и германскиот јазик и има одлични компјутерски познавања.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметот Орална хирургија со студентите на нивна континуирана едукација. Активно учествува во консултациите со студентите за сите теоретски и практични дилеми од областа на предметите во рамките на Катедрата за орална хирургија.

Ментор е на бројни студентски теми. На 18. Меѓународен конгрес на студентите по стоматологија одржан во Охрид во 2011 година, како ментор на студентската тема со наслов: „Компјутерска анализа на хроничните периапикални лезии", добитник е на трето местор за постерска презентација.

На 26. Меѓународен стоматолошки студентски конгрес во Скопје во 2019 година, ментор е на усната презентација: „Морфолошки алтерации во позицијата и положбата на мандибуларнито форамен".

На 28. Меѓународен стоматолошки студентски конгрес во Охрид во 2022 година, ментор е на усната презентација: „Тромбоцитно збогатен фибрин (Platelet Rich Fibrin_PRF) во оралната хирургија".

На 29. Меѓународен стоматолошки студентски конгрес во Охрид во 2023 година, ментор е на усната презентација: „3Д дијагностичко-прогностичка алатка кај хроничните периапикални процеси".

На 30. Меѓународен стоматолошки студентски конгрес во Охрид во 2024 година, ментор е на усната презентација: „Сооднос на забите во постериорната регија на горната вилица со макиларнито синус".

На 31. Меѓународен стоматолошки студентски конгрес во Охрид во 2025 година, ментор е на темата: „Последици од ненавремено дијагностицирано присуство на мезиоденс и нивен интердисциплинарен преитап и терапија“ со освоено прво место за усна презентација.

На 32. Меѓународен стоматолошки студентски конгрес во Охрид во 2025 година, ментор е на усната презентација: „Иновативни техники во оралнохируршкиот третман на периапикалните лезии: примена на пиезо технологија и биокомпатибилни материјали".

Вклучена е во практичната и теоретската настава на кадрите кои се доусовршуваат, како што се студентите на клиничка пракса и стажантите на Катедрата за орална хирургија.

Ментор е на специјализанти кои се на специјалистички студи на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, како и едукатор на шест специјализанти кои биле на специјалистички студи на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Ментор е на кандидат на втор циклус – магистерски студии.

Учествува како предавач во теоретската настава на студентите од втор циклус стручни/специјалистички студии по дентална медицина со предавањата: „Хируршки третман на заболувања на плунковите жлезди", „Дијагностика и лекување на бенигни тумори на меки и коскени ткива во орофацијалната регија", како и со предавања на студентите од втор циклус магистерски студии со предавањето „Принципи на третман на АОИ, принципи на антибиотска профилакса и бактериски ендокардит".

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

В. н. сор. д-р Билјана Евросимовска, како средношколец, покажува особен интерес кон науката, земајќи учество на републички натпревари „Наука на младите", притоа освојувајќи го првото место од областа физиологија на растенијата во 1994 година. Во 1995 година уште еднаш го освојува првото место на овој натпревар од областа на биохемијата и физиологијата.

Како студент го продолжува својот афинитет кон научноистражувачката работа и стручното профилирање и надградување, активно учествувајќи на студентските конгреси. Со усни презентации учествувала на 8., 9. и 10. Интернационален научен студентски конгрес во организација на Сојузот на студентите по стоматологија на Македонија. За успешните усни презентации се стекнува со две први и една втора освоена награда на овие конгреси. За учество на овие конгреси ги има добиено следниве сертификати:

- Диплома за учество и освоено прво место на 8. Меѓународен конгрес на студентите по стоматологија, Дорјан, 2001 година;
- Сертификат за учество и освоено прво место на 9. Интернационален студентски конгрес, Охрид, 2002 година;

- Сертфификат за учество и освоено второ место на 10. Меѓународен студентски конгрес, Охрид, 2003 година.

Во текот на студиите, активно учествува во креирањето на студентското списание „Дентиција", во кое има публикувано текст поврзан со најновите актуелности во стоматологијата. Активното познавање на англискиот и германскиот јазик ѝ дозволува континуирано следење на најсовремените стручни и научни стоматолошки трендови во литературата.

По вработувањето на Клиниката за орална хирургија и имплантологија, активно работи во решавањето на оралнохируршките зафати кои произлегуваат од секојдневните работни обврски, притоа покажувајќи сериозен и високопрофесионален пристап кон пациентите кај кои била спроведена оралнохируршката интервенција.

Во изведувањето на клиничко-хируршките обврски, покажува целосна посветеност, исполнителност и педантност и секогаш е подготвена за соработка, консултација и размена на стручно мислење со своите колеги.

Покрај редовното присуство на секциите и собирите на Здружението на специјалисти по орална хирургија на Македонија, како и во другите специјалистички здруженија, активно учество зема како поканет предавач преку усни предавања на секциите и конгресите на овие здруженија.

На стручен план се има усовршено со обуки и посета на голем број стручни курсеви и симпозиуми во земјава и во странство од областа на оралната хирургија, имплантологија и ласреска технологија (од 2020 до 2025 година):

- Сертификат за учество на напреден курс: „Principels for working with PRF protocol according to Dr. J. Choukroun", Скопје, 17.5.2019 година;
- Сертификат за учество на курс на Prof. Choukroun – Клиничка апликација на втора генерација на тромбоцитно збогатен фибрин A-PRF и I-PRF (2021), Софија, Бугарија;
- Сертификат за обука за PLASMO gen PRP и стекнување со соодветни вештини за користење на производите на Monocap & GrowthCell, Дерма Бела (2022, Скопје, Македонија);
- Сертификат за учество на курс PRF: From Dentistry to Aesthetics, Course with Dr. Cleopatra Nacopoulos, (April 08, 2023 – Prishtina, BHC Institute);
- Сертификат за учество на предавање на тема: „Обука со системот на импланти Paltop", Скопје, 26 мај 2025 година;
- Сертификат за завршена обука и едукација за постава на "ADIN Dental implant system", Скопје, 29 мај 2025 година.

Како сертифициран предавач, ги има одржано следниве курсеви заедно со колешката проф. Д. Велеска Стефковска:

- 17.5.2019, Skopje, Faculty of Dentistry "Basic Principles for Working with PRF Protocol according to Dr. Choukroun" accredited by the Dental Chamber of Macedonia, base course;
- 13.12.2019, Skopje, Hilton Hotel – “Principles for working with PRF protocol according to Dr. Choukroun”, advanced course;
- PRF-протокол според Dr. Choukroun. Најнови иновации – протоколи за S-PRF (Стоматолошки факултет -Скопје, јуни 2021);
- 25.11.2023, Skopje, MEDIKA LE-MA academy - "Basic Principles for Working with PRF Protocol according to Dr. Choukroun – latest innovations”;

- 18.5.2024, Skopje, Derma Bela - "Training on principles of working with PRF protocol in every day dental practice, oral surgery, implantology and aesthetic with the product PLASMO gen GrowthCell”;
- A-PRF протокол (втора генерација тромбоцитно збогатен фибрин) и апликативна употреба во стоматологијата, Ortodenta Es, јуни 2024;
- i-PRF протокол (втора генерација тромбоцитно збогатен течен фибрин) и апликативна употреба во лицевата естетика, Ortodenta Es, јуни 2024;
- Сертификат за учество на предавање на тема „Обука со системот на импланти Paltop", Скопје, 26 мај 2025 година;
- Сертификат за завршена обука и едукација за постава на "ADIN Dental implant system", Скопје, 29 мај 2025 година;
- Сертификат за учество на предавање ESCD - Study club, Скопје, 20.12.2025 година;
- Сертификат за учество на меѓународна стручна конференција: Macedonian Implantology Association, “New wave in Dental Medicine”, Skopje, 1.11. 2025 година;
- Сертификат за учество на курс “PRF and Aesthgetic”, Prof.Choukroun, Sofia, Bulgaria, 26.01.2025 година.

Како сертифициран предавач, заедно со нејзината колешка, ги има одржано следниве курсеви:

- 17.5.2019, Skopje, Faculty of Dentistry "Basic Principles for Working with PRF Protocol according to Dr. Choukroun" accredited by the Dental Chamber of Macedonia, base course;
- 13.12. 2019, Skopje, Hilton Hotel – “Principles for working with PRF protocol according to Dr. Choukroun”, advanced course;
- 25.11.2023, Skopje, MEDIKA LE-MA academy - " Basic Principles for Working with PRF Protocol according to Dr. Choukroun – latest innovations”;
- 18.5.2024, Skopje, Derma Bela - "Training on principles of working with PRF protocol in every day dental practice, oral surgery, implantology and aesthetic with the product PLASMO gen GrowthCell”;
- 13.09.2025, Skopje, Derma Bela – “Principles of PRF in oral surgery and implantology”;
- 13.12.2025, Skopje, VEGA – “Aesthetic trough natural means”.

Научноистражувачка дејност

Во периодот од 2002 до 2008 година, за време на волонтирањето на Клиниката за орална хирургија при УСКЦ „Св. Пантелејмон", се запишала на магистерски и специјалистички студии, со цел да ги надгради и прошири своите знаења од областа на оралната хирургија.

Во 2006 година се стекнала со звањето магистер на стоматолошки науки од областа на оралната хирургија, а наредната 2007 година, со звањето специјалист по орална хирургија. Во 2012 година се стекнала со звањето доктор на стоматолошки науки од областа на оралната хирургија. Преку магистерскиот труд и докторската дисертација, своите стручни и научни усовршувања и интереси ги има насочено кон улогата на молекуларната генетика во оралната хирургија, како и кон проблемите во областа на имплантологијата и ласерската технологија.

Активно учество има земено како автор или коавтор со усни и постерски презентации на голем број конгреси во земјава и во странство за кои има добиено голем број сертификати (2020 – 2025):

- Сертификат за учество на Second International Congress for Oral Surgery and Implantology, 2-3 October, 2020;
- Сертификат за учество на 10th UBT Annual International Conference on Dental Science, 29-30 Oct 2021, Prishtina, Kosovo;
- Сертификат за учество на NUTRICON, Ohrid, 2022;

- Сертификат за учество на Конгрес на Македонското стоматолошко друштво со меѓународно учество, 15 – 18 септември 2022, Охрид;
- Сертификат за учество на Congress of the BaSS, 11-14 May 2023, Skopje;
- Сертификат за учество на Kongres stomatologa Srbije, 10-11 Nov 2023, Hotel Mona Plaza, Beograd;
- Сертификат за учество на 26th BaSS Congress, 11-14 May 2023, Skopje, North Macedonia;
- Сертификат за учество на FDI World Dental Congress 2024 (FDIWDC24), 12-15 Sept 2024, Istanbul, Turkiye;
- Сертификат за учество на 28th Congress of Balkan Stomatological Society, Montenegro, Budva, 25-27 April 2024;
- Сертификат за учество на 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 3-5 Oct 2024, Skopje, Macedonia;
- Сертификат за учество на 34th Annual Congress of European College of Gerodontology (ECG), 6-7 June, 2024, School of Dental Medicine, University of Belgrade;
- Сертификат за учество на International Dental Congress Naissa'24, 5-7 Apr 2024;
- Сертификат за учество на International Dental Congress Naissa'26, 6 – 8 февруари 2026.

Смислата за научно усовршување е имплус да ја напише и објави својата прва монографија „Експресија и активност на матрикс металопротеиназите кај хроничните периапикални лезии", која ја обработува проблематиката од доментот на воспалителните промени во орофацијалната регија, проследени преку посебната група на протеолитички ензими (матрикс металопротеинази), со цел да внесе новини во дијагностицирањето и терапијата на хроничните периапикални лезии.

Оваа проблематика понатаму продолжува да ја проучува, проширувајќи ја со најнови сознанија во својата следна монографија: „Генетски полиморфизми на матрикс метлопротеиназите кај хроничните периапикални лезии и акутните одонтогени инфекции", во која за првпат на генетско ниво се обработени протеолитичките ензими (колагеназите) и нивните полиморфизми кај овии хронични и акутни одонтогени инфекции.

Своите научно-стручни способности ги оквалификува преку изведување на рецензија на стручно/научни трудови во бројни списанија, и тоа рецензија на три труда во меѓународното списание *Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences*. Како рецензент во меѓународното списание *Acta stomatologica Naissi* рецензира еден труд, а во списнието *Journal of Morphological Sciences* има рецензирано 2 труда, додека во *Macedonian Dental Journal* рецензира три труда.

Член е на научниот одбор и модератор на сесија на 3. Конгрес на Здружението на специјалисти по орална хирургија и имлантологија одржан во Скопје, 2024 година, како и на 10. МСД со меѓународно учество, одржан од 18 до 21 септември 2025 година во Охрид. Како член на научниот одбор и модератор на сесија, повикана е и на конгреси надвор од нашата земја (Dental NAISSA, Nis, Serbia, 6 – 8.2.2026).

Учествува како истражувач во научноистражувачкиот проект на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2021 година, со наслов: „Влијание на социо-економските фактори врз бројот на екстрахирани заби кај населението од урбани и рурални средини на територијата на Република Северна Македонија“.

Коавтор е во неколку испечатени книги:

- Димова Ц, **Евросимовска Б**, Величковски Б. УПОТРЕБА НА ТРАНЕКСЕМИЧНАТА КИСЕЛИНА ВО ОРАЛНАТА ХИРУРГИЈА. Современи дострели, Стоматолошки факултет, Скопје 2009: 89-97.
- Dimova C, **Evrosimovska B**, Zlatanovska K, Zarkova J. Alveolar Augmentation Using Different Bone Substitutes. In: Handbook of Bioceramics and Biocomposites, Antoniac Julijan. editions: ISBN 3319124617, 1. Springer International Publishing, Copyright Holder Springer International Publishing Switzerland, 2015, pp. 1-42. ISBN 978-3-319-09230-0 (Online); 3319124595, 9783319124599.
- Dimova C, **Evrosimovska B**, Popovska M. THE USE OF GRAFT MATERIALS AND PLATELET RICH PLASMA IN ORAL SURGERY. In: Materials and Technologies in Dentistry: Defects, Processing and Characterization. Trans Tech Publication Inc, Scientific.Net, 2017; pp. 39-53. ISBN 978-3-03835-564-9.
- Visar Disha, Daniela Veleska Stefkovska, **Biljana Ebrosimovska.** PRF: The key to stunning dental and esthetic results. 2023; Lambert Academic Publishing.

Публицистичкиот опус на в. н. сор. д-р Билјана Евросимовска опфаќа објавени научни и стручни трудови, од кои поголемиот дел се печатени во меѓународни списанија кои се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет, голем број на печатени трудови во меѓународни списанија со импакт-фактор (IF), како и печатени трудови со меѓународен уредувачки одбор. Како автор или коавтор со усни и постерски презентации, учествува на стучни собири, конгреси и симпозиуми од домашен и меѓународен карактер со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир. Нејзините трудови објавени во меѓународни референтни списанија се цитирани од страна на повеќе автори.

Во Образецот 1 и 2, кој се составни делови на овој извештај, наведени се сите активности од областа на научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на в. н. сор. д-р Билјана Евросимовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека в. н. сор. д-р Билјана Евросимовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научната област орална хирургија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, в. н. сор. д-р Билјана Евросимовска биде избрана во звањето **вонреден професор** во наставно-научната област орална хирургија.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Борис Величковски (претседател), с.р.
Проф. д-р Оливер Димитровски, с.р.
Проф. д-р Гордана Апостолова, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Билјана Александар Евросимовска (име, татково име и презиме)
Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Стоматолошки факултет, Катедра за орална хирургија/ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Скопје, Клиника за орална хирургија и имплантологија (назив на факултетот/институтот)
Научна област: орална хирургија
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,80.** Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: **10,00.**	**ДА**
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **орална хирургија.** Поле: **стоматологија.** Подрачје: **медицински науки и здравство.**	**ДА**
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	**ДА**
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	**ДА**

	1. 1.1. Назив на научното списание: **Journal of Clinical Periodontology. 2025; 52 (28). pp. 467-468**; IF:6,8 1.2.Назив на електронската база на списанија: **wileyonlinelibrary.com/journal/jcpe** SCIE **(**Science Citation Index Expanded), Scopus (SJR: 2.543, 2024), PubMed/MEDLINE, Embase, Web of Science, EBSCO, Dentistry & Oral Sciences Source 1.3.Наслов на трудот: **GUM RECONTOURING IN CASE OF MAXILLARY LATERAL INCISOR HYPODONTIA.** 1.4. Година на објава: **2025** **2**. 2.1. Назив на научното списание: **Acta Stomatologica Naissi; Dec 2024, Vol. 40. no 90; pp: 2645 – 2**65; IF:0,2 2.2.Назив на електронската база на списанија: **http://publisher.medfak.ni.ac.rs/ASN_1/** Dimensions, DOAJ, EBSCO, SCOPUS&EMcare, SCI mago Journal &Country Rank, ASN ELSEVIER SCOPUS& EM CARE 2.3.Наслов на трудот: **PREVENTION OF BISPHOSPHONATE RELATED OSTEONECROSES OF THE JAW USING AUTOLOGOUS PLATELET CONCENTRATE.** 2.4. Година на објава: **2024** **3.** 3.1. Назив на научното списание: **Journal of hygienic engineering and design (JHED), Vol 42, pp: 210-215** 3.2. Назив на електронската база на списанија: **https://keypublishing.org/jhed/** Ebsco, Scopus SCImago Journal Rank CAB Abstracts database, CABI Full text repository database, Food Science and Technology database, Global Health database ,German National Library of Science and Technology (TIB), University Library of Hanover , Norwegian Register for Scientific Journals, Series and Publishers, Интеллектуальная система тематического исследования наукометрических данных (ИСТИНА), eLIBRARY.RU - Russia's largest electronic library of scientific publications (which is integrated with the Russian Science Citation Index - RISC), China National Knowledge Infrastructure (CNKI), SCOPUS 3.3. Наслов на трудот: **GUDE BONE REGENERATION WITH PLATELET RICH FIBRIN FOR OPTIMAL IMPLANT PLACEMENT: AN OVERVIEW AND CASE REPORT** 3.4. Година на објава: **2023** **4.** 4.1. Назив на научното списание: **IOSR - Journal of Dental and Medical Sciences, Vol 23, issue11, ser-4** 4.2. Назив на електронската база на списанија: **https://www.iosrjournals.org/iosr-jdms/papers/** RG Research Gate; Google Scholar, CAB Abstracts database 4.3. Наслов на трудот: **MONOLITHIC CERAMIC FIXED PROSTHETIC CONSTRUCTIONS IN THE FRONTAL REGION** 4.4. Година на објава: **2024** **5.** 5.1. Назив на научното списание: **IOSR - Journal of Dental and Medical Sciences, Vol. 8 (6): pp. 535-543** 5.2. Назив на електронската база на списанија: **https://www.rjpbcs.com/index.html** NCBI NLM Catalogue, EMBASE (Elsevier), SCIMAGO, CAS, Citefactor, CABI, Google Scholar, Open J-Gate, Biblioteca, Science Central, Index Scholar, AYUSH Research Portal, Indexed Copernicus, EBSCO, PSOAR, Ulrichs Directory of Periodicals, SIA etc. 5.3. Наслов на трудот: **SURGICAL APPROACH IN THE REMOVAL OF IMPACTED MANDIBULAR MOLARS IN CORRELATION WITH THEIR POSITION** 5.4. Година на објава: **2024**	**ДА**

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	**ДА**
	1. 1.1. Назив на научното списание: **Journal of Morphological Sciences, Vol. 7, n. 3, p. 126-137** 1.2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Македонија 12, Босна и Херцеговина 3, Хрватска 1, Србија 3, Бугарија 1, Ерменија 1, Црна Гора 2, Украина 1, Америка 2 1.3. Наслов на трудот: **ASSOCIATION BETWEEN THE PRESENCE OF ODONTOGENIC INFLAMMATORY CYSTS AND SYSTEMIC IMMUNE RESPONSE BEFORE AND AFTER THEIR SURGICAL THERAPY** 1.4.Назив на електронската база на списанија: **https://doi.org/10.55302/JMS,** Macedonian Association of Anatomists 1.5. Година на објава: **2024** **2.** 2.1. Назив на научното списание: **Journal of Morphological Sciences, 5(3): 139-152** 2.2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Македонија 12, Босна и Херцеговина 3, Хрватска 1, Србија 3, Бугарија 1, Ерменија 1, Црна Гора 2, Украина 1, Америка 2 2.3. Наслов на трудот: **PERI-IMPLANTITIS-TIPS IN SURGICAL APPROACH.** 2.4.Назив на електронската база на списанија: **https://doi.org/10.55302/JMS,** Macedonian Association of Anatomists 2.5. Година на објава: **2022**	
4	**Монографија – автор и коафтор** 4.1. “Експресија и активност на матрикс-металопротеиназите кај хроничните приапикални лезии” Скопје, 2009 година, Интер Графика Унион; ISBN 978-9989-57-661-4 ; COBISS. MK-ID 81054474 4.2. Генетски полиморфизам на матрикс-металопротеиназите кај хроничните периапикални лезии и акутните одонтогени инфекции” Скопје, 2015 година, Принтцентар; ISBN 978-608-65835-0-7; COBISS. MK-ID 98582282 4.3. Visar Disha, Daniela Veleska-Stevkovska, **Biljana Evrosimovska**, PRF: The key to stunning dental and esthetic results, Lambert Academic Publis hing, 2023	**ДА**
5	Претходен избор во наставно-научно звање – виш научен соработник, Билтен бр. 1335 од 15.8.2025 година	**ДА**
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	**ДА**

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, ЗВАЊЕ

Кандидат: **Билјана Александар Евросимовска**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј – Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за орална хирургија / ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Скопје, Клиника за орална хирургија и имплантологија**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **орална хирургија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста	Поени
1.	**Настава II циклус студии**	
	Актуелности во орофацијалната регија (втор циклус – академски магистерски студии, стоматологија, орална хирургија), 2024, 2025,2026 (*0,05)	**1,65**
	Хируршки заболувања на плунковни жлезди (втор циклус – стручни/специјалистички студии по дентална медицина), 2024, 2025, 2026 (*0,05)	**1,65**
	Орално-хируршки аспекти на акутната одонтогена инфекција во орофацијалната регија (втор циклус – стручни/специјалистички студии по дентална медицина), 2024, 2025, 2026 (*0,05)	**1,65**
2.	**Настава III циклус студии**	
	Современи аспетски на претпротетските оралнохируршки интервенции (трет циклус студии – докторски студии по стоматологија), 2024, 2025,2026 г.	**3,3**
3.	**Настава во школи и работилници (раководител)**	
	- PRF протокол според Dr. Choukroun. Најнови иновации-протоколи за S-PRF (Стоматолошки факултет – Скопје, јуни, 2021) - Basic Principles for Working with PRF protocol according to Dr. Choukroun, latest innovations, Medika Le-Ma, ноември 2023 - PRF: From Dentistry to Aesthetics, Course with Dr. Cleopatra Nacopoulos, (April 08, 2023 – Prishtina) - Принципи за работа со PRF протокол според Dr. Choukroun, Дерма Бела, мај 2024 - A-PRF протокол (втора генерација тромбоцитно збогатен фибрин) и апликативна употреба во стоматологијата, Ortodenta Es, јуни 2024 - i-PRF протокол (втора генерација тромбоцитно збогатен течен фибрин) и апликативна употреба во лицевата естетика, Ortodenta Es, јуни 2024 - Принципи за работа со PRF протокол според Dr. Choukroun во оралната хирургија и лицевата естетика, Derma Bella, септември 2024	**1.5** **1.5** **1.5** **1.5** **1.5** **1.5** **1.5**
4.	**Настава во школи и работилници (учесник)**	

	- Prof.Choukroun – Клиничка апликација на втора генерација на тромбоцитно збогатен фибрин A-PRF и I-PRF (2021), Софија, Бугарија - Обука за PLASMO gen PRP и стекнување со соодветни вештини за користење на производите на Monocap & GrowthCell, Дерма Бела (2022, Скопје, Македонија) - PRF: From Dentistry to Aesthetics, Course with Dr. Cleopatra Nacopoulos, (April 08, 2023 – Prishtina, BHC Institute) 20. 12. 2025 ESCD - Study club, Skopje - 1.11. 2025 Macedonian Implantology Association, “New wave in Dental Medicine”, Skopje - 29.04.2025 ADIN Dental Implant System, Faculty of dentistry in Skopje - 26.01.2025 “PRF and Aesthgetic”, Prof.Choukroun, Sofia, Bulgaria	**1** **1** **1** **1** **1** **1**
5.	**Одржување на вежби**	
	Вежби I циклус студии ДДМ: Орална хирургија-претклиника (1+2), VII сем., 2 групи (2020 – 2026) 0,03*3 (часа) *2 (групи) *15 (недели)*1(семестар)*6 години Вежби I циклус студии ДДМ: Орална хирургија – клиника (2+3), VIII сем., 2 групи (2020 – 2026) 0,03*5 (часа) *2 (групи) *15 (недели)*1(семестар)*6 години Вежби I циклус студии ДДМ: Орална хирургија – клиника (1+3), IX сем., 2 групи (2020 – 2026) 0,03*4 (часа) *2 (групи) *15 (недели)*1(семестар)*6 години Вежби I циклус студии ДДМ: Орална хирургија – клиника (1+3), X сем., 2 групи (2020 – 2026) 0,03*4 (часа) *2 (групи) *15 (недели)*1(семестар)*6 години	**21,6** **21,6** **21,6** **21,6**
6.	**Подготовка на нов предмет**	
	- Предавања - Вежби	**1** **0,5**
7.	**Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика** (2020-2025)	**3**
8.	**Изработка на семинарски труд** (0,03*) **За студенти од втор циклус ДДМ 2025** **Биоетика во НИР** **За студенти од втор циклус СЗТ 2025**	**1**
9.	**Консултации со студенти** (2020 – 2026) (0,002*)	**1**
10.	**Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка практика** (2020 – 2026) (0,2*)	**20**
	Вкупно:	**137,65**

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	**Одбранета докторска теза:** „Влијание на полиморфизмите во гените за матрикс-металопротеиназите врз прогресијата на клиничката слика кај хроничните периапикални процеси и акутните одонтогени инфекции”, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, 2012 година.	

2.	**Одбранета магистерска теза:** „Проценка на влијанието на матрикс-метало-протеиназите кај хроничните периапикални процеси”, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, 2006 година.	
3.	**Ментор на магистерски труд:** „Аналгетска ефикасност на артикаин во комбинација со дексаметазон при орално хируршки интервенции на импактирани долни трети молари" од д-р Захра Амза	**2**
4.	**Монографија**	
	- „Експресија и активност на матрикс-металопротеиназите кај хроничните приапикални лезии”, Скопје, 2009 година, Интер Графика Унион; ISBN 978-9989-57-661-4; COBISS. MK-ID 81054474 (рецензирана во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020) - „Генетски полиморфизам на матрикс-металопротеиназите кај хроничните периапикални лезии и акутните одонтогени инфекции”, Скопје, 2015 година, Принтцентар; ISBN 978-608-65835-0-7; COBISS. MK-ID 98582282 (рецензирана во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020)	**8** **8**
5.	**Монографија објавена во странство**	
	-Visar Disha, Daniela Veleska-Stevkovska, **Biljana Evrosimovska**, PRF: The key to stunning dental and esthetic results, Lambert Academic Publishing, 2023.	**9,6**
6.	**Раководител на меѓународен научен проект**	
	Н. сор. д-р Билјана Евросимовска, д-р спец. Тони Евросимовски, д-р Мартин Стојанов. “Real-world survey study conducted with a Chlorhexidine mouthwash supplemented with Triclosan and Cetylpridium Chloride (Chlorhexil Extra 0,2%) in patients after oral surgery ”, 2023 – 2024. Проект на Intermed Greece & Martin Alko Dooel (билатерален проект, вклучени странски учесници)	**9**
7.	**Учесник во националиен научен проект**	
	„Влијание на социоекономските фактори врз бројот на екстрахирани заби кај населението од урбани и рурални средини на територијата на Република Северна Македонија“, Стоматолошки факултет, Скопје 2021 г.	**3**
	Вкупно:	**39,6**

Ред. број	**Научноистражувачка дејност**	**Поени**
1.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет- (5)**	
	Evrosimovska B., Veličkovska D, Gigovska-Arsova A, Stojanova I, Jurukovska Šotarovska V. PREVENTION OF BISPHOSPHONATE RELATED OSTEONECROSES OF THE JAW USING AUTOLOGOUS PLATELET CONCENTRATE. Acta Stomatologica Naissi; Dec 2024, Vol. 40. no 90; pp: 2645 – 265; EBSCO, SCOPUS&EMcare, SCI mago Journal &Country Rank, ASN ELSEVIER SCOPUS& EM CARE	**3,0**
	Menceva Z, **Evrosimovska B.**, Atanasovski B, Zaturoski G. SURGICAL APPROACH IN THE REMOVAL OF IMPACTED MANDIBULAR MOLARS IN CORRELATION WITH THEIR POSITION. Research Journal of Pharmaceutical Biological and Chemical Sciences. April 2024; Vol. 8 (6): pp. 535-543. ISSN: 0975-8585. Embase (Elsevier), Index Copernicus International (ICI), Google Scholar, Chemical Abstracts Service (CAS), CAB Abstracts	**3,0**

	Evrosimovska B., Veleska-Stevkovska D, Jurikovska-Sotarovska V. GUIDED BONE REGENERATON WITH PLATELET RICH FIBRIN FER OPTIMAL IMPLANT PLACEMENT: AN OVERVIEEW AND A CASE REPORT. Journal of Hygienic Engineering and Design. 2023; Vol. 42: pp. 210-215. UDC 616.716.1-003.93:616.314-089.843 EBSCO, Science Index	**4,0**
	Nikolovski B, Radojkovska Nikolovska V, **Evrosimovska B.**, Veleska Stevkovska D, Zafirova B, Pejkovska Shahpaska B. DIAGNOSTIC AND PROGNOSTIC IMPLICATIONS OF THE ORAL EXFOLIATIVE CYTOLOGY IN ORAL PRECANCER AND CANCER DETECTION. Acta Scientific Dental Sciences. 2023; Vol. 7 (4). ISSN 2581-4893. Google Scholar, Index Copernicus.	**3,0**
	Gigovska Arsova A, Nikolovski B, **Evrosimovska B.**, Gigovski N, Velickovski B. COMPARATIVE EVALUATION OF CLINICAL EFFECTS AFTER OPERATIVE EXTRACTION OF IMPACTED MANDIBULAR THIRD MOLARS USING PIEZOSURGERY AND ROTARY INSTRUMENTS. Acta Scientific Dental Sciences. 2023; Vol. 7(9): pp. 14-22. Google Scholar, Index Copernicus.	**3,0**
	Menceva Z, Terzievska A, Veleska Stevkovska D, **Evrosimovska B.**, Trajculevski S, Rusevska B. COMPARISON OF THERAPEUTIC EFFECTS OF FREE GINGIVAL GRAFT VERSUS MUCOGRAFT IN MUCOGINGIVAL ESTHETIC SURGERY –CYTOLOGICAL EVALUATION. KNOWLEDGE – International Journal. 2023; Vol.61.4; pp.577-580. EBSCO, Index Copernicus International, WorldCat, Google Scholar, CiteFactor	**3,0**
	E**vrosimovska B.**, Veleska-Stevkovska D, Jurikovska-Sotarovska V, Dimova C. TYPES OF SUTURING MATERIALS IN ORAL SURGERY. International Journal of Business and Technology 2021: Vol. 9: Iss. 1, Article 8. DOI: 10.33107/ijbte. EBSCO, Science Index, Google Scolar.	**3,0**
	Aleksova P, Sail A, Aliu A, Veleska D, Nikolovski B, **Evrosimovska B.**, Dovolani T. PULP CHANGES IN THE PRESENCE OF DENTICLES-TRUE DENTICLES. Apolonia, Journal of dentistry: Vol. 50-51, pp26-33, 2023. UDK: 616.314.18-891.8. EBSCO, Index Copernicus International, COBISS.MK, Google Scholar	**3,0**
	Aliu A, Veleska Stevkovska D, **Evrosimovska B.**, Petkov M. A-PRF SUPPORTED ALVEOLAR RIDGE PRESERVATION FOR PRESERVATION FOR PREDICTABLE IMPLANT SUCCESS. Apolonia. 2022; 48-49: pp. 60-69.	**3,0**
Учествува во три научноистражувачки проекти, од кои два се завршени: „Унапредување на оралната хигиена кај студентската популација“ и „Оралното здравје кај институционализирани стари лица: јавноздравствен пристап“, одобрени од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2024 година, а едниот е во тек на изработка, „Определување на остеоиндуктивниот потенцијал на нискодозажен клиндамицин енкапсулиран во микросунѓери во комбинација со ксенографт за пострекстрациона презервација на алвеола“.

Кандидатот м-р Спиро Спасовски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет за наставата по предметите кои ги реализира.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Кандидат: ас. д-р Спиро Спасовски
Институција: Универзитет, Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје
Научна област: орална хирургија

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1.	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	**ДА**
2.	Стекнат назив – магистер од соодветната област. Назив на научната област: магистер по стоматолошки науки.	**ДА**
3.	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,55. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	**ДА**
4.	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик кое одговара на ниво Ц1 (C1) според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CERF) 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 4.Датум на издавање на документот: 5.5.2026 година.	**ДА**

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Спиро Спасовски. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, како и личното познавање на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Спиро Спасовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде повторно избран во звањето асистент во областа орална хирургија. Според гореизнесеното, Комисијата заклучи дека кандидатот ас. д-р Спиро Спасовски формално и суштински ги задоволува критериумите за избор и има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при УКИМ во Скопје, ас. д-р Спиро Спасовски да биде повторно избран во звањето асистент од областа орална хирургија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Борис Величковски, с.р.
Проф. д-р Марина Кацарска, с.р.
Проф. д-р Оливер Димитровски, с.р.

Прилоī бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ПРОЦЕСИ НА ПРЕРАБОТКА НА ОТПАДНИ ВОДИ – АНАЛИТИЧКИ МЕТОДИ“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р КАТЕРИНА АТКОВСКА, ВОНР. ПРОФ., Д-Р КИРИЛ ЛИСИЧКОВ, РЕД. ПРОФ., И Д-Р ЕРХАН МУСТАФА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет бр.02-1049/1, од 4.6.2026., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот за учебното помагало „Процеси на преработка на отпадни води – аналитички методи“, наменет за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет, за предметот Процеси на преработка на отпадни води, избрани се: д-р Бошко Бошковски, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет, и д-р Гордана Русеска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Процеси на преработка на отпадни води – аналитички методи
Назив на предметната програма:	Процеси на преработка на отпадни води
Назив на студиската програма:	Неорганско инженерство и заштита на животната средина
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	1. циклус студии: - Процеси на преработка на отпадни води, 90 часа, 6 кредити, VII семестар (НИЗЖС); 2. циклус студии: - Индустриски полутанти – интегрирана контрола, 90 часа, 6 кредити, I семестар (НИЗЖС).
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 99 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 7 поглавја и содржи 22 нумерирани слики, 4 табели и 10 референци.

РЕЦЕНЗЕНТИ
Д-р Гордана Русеска, редовен професор, с.р.
Д-р Бошко Бошковски, редовен професор, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА РУСЕСКА

Краток опис на содржината:	Ракописот со наслов „Процеси на преработка на отпадни води – аналитички методи“, подготвен од авторите д-р Катерина Атковска, вонр. проф., д-р Кирил Лисичков, ред. проф., и д-р Ерхан Мустафа, претставува квалитетно учебно помагало наменето првенствено за студентите од студиската програма Неорганско инженерство и заштита на животна средина на Технолошко-металуршкиот факултет. Учебното помагало е во согласност со потребите на наставата по предметот Процеси на преработка на отпадни води на прв циклус студии, како и по предметите Индустриски полутанти – интегрирана контрола и Ремедијација на почви и води на втор циклус студии. Материјалот е структуриран во седум тематски целини кои опфаќаат основни знаења за водата како природен ресурс, класификација на водите, карактеристики на отпадните води, методи за нивна преработка, правилно земање и чување примероци, безбедносни правила за работа во лабораторија, како и аналитички методи за определување на релевантни параметри. Содржината е систематски организирана и овозможува постепено усвојување на теоретските и практичните знаења. Посебна вредност на ракописот претставуваат детално разработените лабораториски вежби, во кои се дадени теоретски основи, опис на постапките и насоки за интерпретација на добиените резултати. Методите се приспособени на лабораториските услови и расположливата опрема на Факултетот, што овозможува нивна непосредна примена во наставниот процес.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот во целост кореспондира со целите и содржините предвидени во предметната програма. Опфатените теми и лабораториски вежби се соодветно избрани и овозможуваат постигнување на предвидените исходи од учењето.
Предлози за потребни корекции:	Забелешките и сугестиите дадени во текот на рецензентската постапка се соодветно прифатени и коригирани во конечната верзија на ракописот.
Оцена на ракописот:	Ракописот претставува оригинално и современо учебно помагало кое значително ќе придонесе за унапредување на наставниот процес и практичната обука на студентите. Неговата содржина е научно заснована, методолошки конципирана и приспособена на потребите на високото образование.
Категоризација:	учебно помагало
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Врз основа на извршената рецензија може да се констатира дека ракописот е подготвен на високо стручно и педагошко ниво. Авторите успешно ги поврзуваат теоретските основи со практичната примена на аналитичките методи во областа на преработката на отпадните води. Текстот е јасен, прегледен и разбирлив, а содржината е логично организирана и соодветно поткрепена со табели, шеми и слики. Ракописот претставува значајна поддршка за студентите при совладувањето на предметната материја и ќе биде корисен извор на информации и за инженерскиот кадар кој работи во областа на заштитата на животната средина. Поради наведеното, сметам дека ракописот ги исполнува условите за објавување како учебно помагало.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство да предложам ракописот „Процеси на преработка на отпадни води – аналитички методи“ да се отпечати како учебно помагало, примарно наменето за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТ
Д-р Гордана Русеска, редовен професор, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БОШКО БОШКОВСКИ

Краток опис на содржината:	Ракописот под наслов: „Процеси на преработка на отпадни води – аналитички методи“ од авторите д-р Катерина Атковска, вонр. проф., д-р Кирил Лисичков, ред. проф., и д-р Ерхан Мустафа, е учебно помагало кое претставува основна литература за студентите од четврта година на студиската програма Неорганско инженерство и заштита на животна средина на Технолошко-металуршкиот факултет, по предметот Процеси на преработка на отпадни води, како и за втор циклус на студии, на студиската програма Неорганско инженерство и заштита на животна средина, по предметот Индустриски полутанти – интегрирана контрола. Исто така, учебното помагало може да го применуваат и дипломираните инженери, вработени во стопанството и јавните установи. Ракописот содржи 7 поглавја: 1. Водата – основен ресурс за живот и развој, 2.Класификација на води, 3. Отпадни води – типови и карактеристики, 4. Постапки за преработка на отпадните води, 5. Постапки за собирање, транспорт и складирање на примероци на отпадна вода, 6. Инструкции и мерки на претпазливост за безбедно и правилно работење во лабораторија за анализа на отпадните води, 7. Аналитички методи во процесите на преработка на отпадните води. Учебното помагало детално ги води студентите низ соодветната предметна програма. Секој од

	дефинираните аналитички методи претставува засебна целина и се состои од теоретски дел, детално опишана постапка за изведување, и обработка со дискусија на добиените резултати. Аналитичките методи се адаптирани согласно со опременоста на факултетските лаборатории и се изведуваат со практична примена на лабораториски машини и апарати.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Содржината на ракопис е произлезена од соодветната предметна програма и е целосно усогласена со неа.
Предлози за потребни корекции:	Забелешките се коригирани.
Оцена на ракопис:	Ракопис е автентичен и дава значаен придонес за квалитетна настава и лабораториски вежби согласно со соодветната предметна програма.
Категоризација:	учебно помагало
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Од деталниот увид во приложениот материјал, може да се заклучи следново: Авторите на едноставен и разбирлив јазик го презентираат изнесениот материјал објаснувајќи сложени поими и појави. Приложениот ракопис го потврдува долгогодишното работно искуство на авторите во наставата и лабораториските вежби, што може да се согледа и од структурата и содржината на учебното помагало. Материјалот технички е подготвен на високо ниво, сликите, табелите и дијаграмите одговараат на текстуалниот дел, создавајќи при тоа заокружена целина.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да предложам да се отпечати „Процеси на преработка на отпадни води – аналитички методи“, како учебно помагало примарно наменето за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТ
Д-р Бошко Бошковски, редовен професор, с.р.

Прилоī бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ЗЕЛЕНА МЕТАЛУРГИЈА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ПЕРИЦА ПАУНОВИЌ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, бр.02-694/1 од 17.IV 2026 год., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Зелена металургија“ од авторот проф. д-р Перица Пауновиќ, наменет за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет, за предметот Зелена металургија, избрани се проф. д-р Александар Николоски, Универзитет „Мурдок“, Перт, Австралија, и д-р Александар Димитров, редовен професор во пензија, Технолошко-металуршки факултет, Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

III. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Зелена металургија
Назив на предметната програма:	Зелена металургија
Назив на студиската програма:	Металуршко дигитално инженерство (МДИ)
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	1. циклус студии: - Зелена металургија, 60 часа, 5 кредити, VIII семестар (МДИ); - Добивање на метали од секундарни суровини, 60 часа, 4 кредити, VI семестар (МДИ); 2. циклус студии: - Производство на метали од секундарни суровини, 60 часа, 6 кредити, II семестар (ЕМ).
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 321 страница (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 12 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 118 слики и 35 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Д-р Александар Николоски, ред. проф., с.р.
Д-р Александар Димитров, ред. проф. во пензија, с.р.

I ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР Н. НИКОЛОСКИ

Краток опис на содржината:	Книгата „Зелена металургија“ претставува систематизиран и современо конципиран преглед на фундаменталните принципи, процеси и технолошки пристапи во доменот на одржливото металуршко производство. Во неа се обработуваат клучни аспекти поврзани со заштитата на животната средина, енергетската ефикасност, примената на секундарни суровини и современите стратегии за намалување на еколошкиот отпечаток, при што содржината е изложена јасно, прегледно и на соодветно академско ниво за студентската популација.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Материјалот презентиран во книгата во целост соодветствува на содржините и целите на предметната програма и е особено добро приспособен на образовните потреби на студентите за кои е наменет. Темите се обработени на соодветно академско ниво, со јасна структура и методски пристап што овозможува постепено и ефективно усвојување на знаењата, поради што учебникот претставува мошне соодветен наставен ресурс за конкретната студентска популација.
Предлози за потребни корекции:	При првичната рецензија на ракописот беа идентификувани и укажани неколку суштински аспекти што бараа корекција, на кои авторот пристапи со соодветна сериозност и професионалност. Во ревидираната верзија, забелешките што се однесуваа на усогласеноста на физичките величини и единици, како и на одделни технички решенија кај илустрациите, се соодветно и задоволително отстранети. Врз основа на увидот во коригираниот ракопис, сметам дека понатамошни интервенции не се потребни.
Оцена на ракописот:	Ракописот претставува актуелно и квалитетно дело што значајно придонесува за наставата и за продлабочувањето на знаењата во областа на зелената металургија. Како современ и стручно изработен учебник, тој ќе придонесе за унапредување на наставниот процес и на академската подготовка на студентите од релевантните области.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Од деталниот увид во приложениот ракопис може да се заклучи дека станува збор за квалитетно, стручно и педагошки внимателно обликувано дело. Материјалот е изложен јасно, систематично и на начин што е соодветно приспособен на потребите и

	предзнаењата на целните студентски групи, со што овозможува ефикасно усвојување на основните и напредните содржини од областа. Истовремено, книгата претставува и вреден прирачник за поширок круг читатели и професионалци заинтересирани за темата, особено ако се има предвид дека зелената металургија добива сè поголемо значење на глобално ниво. Поради тоа, сметам дека ракописот во целост ги исполнува условите за објавување и ќе претставува значаен придонес кон наставата, стручната литература и поширокото унапредување на знаењата во оваа област.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите (i) Зелена металургија, (ii) Добивање на метали од секундарни суровини, и (iii) Производство на метали од секундарни суровини, примарно наменет за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет.

Во Перт, Австралија, 3.VI 2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Александар Н. Николоски, с.р.

II **Посебен дел од рецензентот: ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ**

Краток опис на содржината:	Ракописот под наслов „Зелена металургија“ од проф. д-р Перица Пауновиќ е учебник кој претставува основна литература за студентите од трета и четврта година на студиската програма Металуршко дигитално инженерство на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, како и на втор циклус студии на насоката Екстрактивна металургија. Исто така, учебникот може да го користат и дипломираните инженери – металурзи како прирачна литература, како и инженери од различни струки кои се поврзани со зеленото инженерство, циркуларната економија и одржливиот развој. Ракописот опфаќа 12 поглавја, вклучувајќи ја и литературата: 1. Концепт на зелено инженерство, 2. Металуршко производство, 3. Зелено металуршко производство, 4. Зелено производство на челик, 5. Зелено производство на алуминиум, 6. Зелено производство на бакар, 7. Зелено производство на олово, 8. Зелено производство на цинк, 9. Зелено производство на благородни и ретки метали, 10. Замена на традиционалните фосилни горива, 11. Искористување на металуршкиот отпад и Литература. Целта на ракописот е воведување на студентите во концептот на зеленото инженерство и зелената металургија, како и во сите аспекти на зелената металургија. Поглавјата се наредени во логичен распоред. Редоследно, во првото поглавје се обработува концептот на зелено инженерство, преку концептите на управување со цврст отпад, одржлив развој, почисто производство и циркуларната економија. Понатаму, во второто поглавје се наведени историјатот и најважните аспекти на традиционалното металуршко производство. Во третото поглавје се обработени концептот и главните насоки на развој на зелената металургија. Од четвртото до деветтото поглавје се наведени главните аспекти и технолошките решенија за зелено металуршко производство на челикот, алуминиумот, бакарот, оловото, цинкот, благородните и ретките метали. Во десеттото поглавје се наведени насоките за замена на традиоционалните металуршки фосилни горива со алтернативни, како, на пример, водород, биомаса или сончева енргија, со цел намалување на CO_2 емисиите од металуршкото производство како најмасовно во светски рамки. Во последното поглавје се наведени најважните отпадоци и нуспродукти од металуршкото производство и начините на нивно валоризирање наспроти депонирање.

	Содржината на учебникот е направена според стандардите на светските универзитети од оваа област и претставува одлична основа за стекнување нови знаења од металургија, како и апсолвирање знаења кои може да се применат во понатамошната пракса како дипломирани инженери.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Содржината на ракописот е произлезена од предметната програма и е целосно е усогласена со неа.
Предлози за потребни корекции:	Забелешките во поглед на техничките решенија на некои илустрации се коригирани.
Оцена на ракописот:	Ракописот е автентичен, актуелен и дава значаен придонес за квалитетна настава по преметната програма, како и за унапредување на знаењата на инженерите од областа на зелената металургија.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Од увидот во приложениот материјал, може да се заклучи следново: Искуството на авторот во педагошката работа во областа на металургијата резултира во правилен избор на структурата и содржината на учебникот. На едноставен и разбирлив јазик го објаснува изнесениот материјал, објаснувајќи сложени поими и појави. Користената литература е сеопфатна и дава насоки за понатамошно и подетално изучување и проучување на одредени проблематики опфатени во учебникот. Материјалот технички е подготвен на високо ниво. Сликите, шемите, табелите и дијаграмите одговараат на текстуалниот дел, давајќи јасна слика на изложениот материјал и сочинуваат заокружена целина.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Зелена металургија, примарно наменет за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет.

Во Скопје, 20.VI 2026 година

Рецензент
Д-р Александар Димитров, ред. проф. во пензија, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	м-р Ружица Стевковска Стојановска	ВЛИЈАНИЕ НА МОДЕЛОТ И СВОЈСТВАТА НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ВРЗ ДРАПИРАЊЕТО ОБЛЕКА	THE INFLUENCE OF STYLE AND FABRIC PROPERTIES ON GARMENT DRAPING	проф. д-р Горан Дембоски	Бр. 02-1086/1 од 4.6.2026 год.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Моника Спасовска	Анализа на влијанието на имплементацијата и сертификацијата на меѓунаордните стандарди за безбедност на храна (HACCP, ISO 22000:2018 I IFS) врз работењето на кондиторската индустрија	Analysis of the impact of the implementation and certification of international food safety standards (HACCP, ISO 22000:2018 I IFS) on the performance of the confectionery industry	Проф. д-р Елена Величкова Никова	бр. 02-1091/1 од 4.6.2026 година

Прилоī бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ХИГИЕНА И ТЕХНОЛОГИЈА НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ“ ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р САНДРА МОЈСОВА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина, бр. 0201-347/10 од 1.4.2026 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало „Практикум по хигиена и технологија на млеко и млечни производи“ од авторката проф. д-р Сандра Мојсова, наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за предметот Хигиена и технологија на млеко, избрани се проф. д-р Соња Србиновска, редовен професор на Катедрата за технологија на анимални производи при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и проф. д-р Павле Секуловски, редовен професор на Катедрата за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I ОПШТ ДЕЛ

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Практикум по хигиена и технологија на млеко и млечни производи
Назив на предметната програма:	Хигиена и технологија на млеко
Назив на студиската програма:	Интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	4,5 ЕКТС-кредити, 60 часа IX семестар: 2+2 (30+30)
Предметот Хигиена и технологија на млеко на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови – 60 часа, број на ЕКТС-кредити – 4,5 и се слуша во IX семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 145 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 23 поглавја (вклучувајќи ја литературата).

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Соња Србиновска, с.р.
Проф д-р Павле Секуловски, с.р.

II ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р СОЊА СРБИНОВСКА

Краток опис на содржината:	Практикумот претставува сеопфатен и стручно конципиран материјал кој ги обработува основните и напредните методи за испитување на млеко и млечни производи. Содржината е систематски организирана и ги опфаќа сите значајни сегменти од контролата на квалитетот и безбедноста на млекото, почнувајќи од земање примероци, органолептичка анализа и физичко-хемиски испитувања, па сè до микробиолошка контрола и современи методи за детекција на антибиотици и микотоксини. Во Практикумот детално се обработени методите за определување на густина, киселост, млечна маст, протеини, лактоза и сува материја, како и постапките за докажување на пастеризација на млекото. Особено значење има делот посветен на дијагностика на маститис и определување на соматски клетки, што претставува важен сегмент во ветеринарната медицина и млечната индустрија. Дополнително, Практикумот содржи современи микробиолошки методи и процедури за контрола на хигиенската исправност на опрема, работни површини и воздух во производствени услови. Содржината е јасно презентирана, методите се детално објаснети, а практичниот пристап овозможува лесна примена во наставниот процес и лабораториската практика. Практикумот претставува значајна литература за студентите по ветеринарна медицина, технологија на храна и сродни области, како и за стручни лица кои работат во лаборатории и во млечната индустрија.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Учебникот е во целост усогласен со предметната програма по предметот Хигиена и технологија на млеко
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	Ракописот го оценувам како одлично напишан учебник, неопходен за совладување на практичната настава по предметот Хигиена и технологија на млеко.
Категоризација:	практикум
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 145 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 23 поглавја (вклучувајќи ја литературата).

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Хигиена и технологија на млеко, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина.

Во Скопје, 27.5.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Соња Србиновска, с.р.

III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ПАВЛЕ СЕКУЛОВСКИ

Краток опис на содржината:	Практикумот по анализа на млеко и млечни производи претставува квалитетен наставен и стручен материјал кој дава детален приказ на лабораториските методи што се користат во контролата на квалитетот и безбедноста на млекото и млечните производи. Темите се обработени логично и последователно, овозможувајќи постепено совладување на теоретските знаења и практичните вештини потребни за лабораториска работа. Во содржината се опфатени органолептички, физички, хемиски и микробиолошки испитувања на млекото, како и анализа на различни млечни производи: ферментирани производи, павлака, путер, сирење, млеко во прав, кондензирано млеко и сладолед. Практикумот вклучува класични и современи аналитички методи, како што се: Gerber-метода, Kjeldahl-метода, редуктазни тестови, ELISA-методи и автоматизирани постапки за анализа. Особена вредност имаат поглавјата за контрола на хигиенската исправност, микробиолошка контрола и откривање на резидуи од антибиотици и микотоксини, кои се од големо значење за заштита на јавното здравје и исполнување на современите стандарди за безбедност на храна. Практикумот е напишан јасно, стручно и прегледно, со голема едукативна и практична вредност. Тој претставува корисен извор на знаење за студентите, наставниот кадар и стручните лица од областа на ветеринарната медицина, прехранбената технологија и млечната индустрија.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Учебникот е во целост усогласен со предметната програма по предметот Хигиена и технологија на млеко.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	Ракописот „Практикум по хигиена и технологија на млеко и млечни производи“ е стручно и квалитетно подготвен, со јасно и систематски обработена содржина. Практикумот опфаќа современи лабораториски методи и постапки за анализа и контрола на млеко и млечни производи и претставува значаен наставен материјал за студентите од ветеринарната и прехранбената област. Го препорачувам за користење како практикум во наставниот процес по предметот Хигиена и технологија на млеко.
Категоризација:	практикум
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 145 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 23 поглавја (вклучувајќи ја литературата).

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како практикум по предметот Хигиена и технологија на млеко, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина.

Во Скопје, 27.5.2026 година

Рецензент
Проф. д-р Павле Секуловски, с.р.

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФИЛМСКИ ПРОСТОР – ОД ПЕРЦЕПЦИЈА ДО ЗНАЧЕЊЕ“ ОД М-Р МАРИЈА АПЧЕВСКА ПЕТРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 3.6.2026 година, со Одлука бр. 0202-275/1, формираше Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Апчевска Петровска со наслов: *Филмски ūростор – од ūерцеūција до значење*, во состав: проф. д-р Ана Стојаноска (претседател), проф. д-р Антонио Митриќески (ментор), вонр. проф. д-р Сашо Кокаланов (член), вонр. проф. д-р Илија Циривири (член) и вонр. проф. д-р Никола Настоски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Апчевска Петровска, со наслов: „Просторот во филмот – од перцепција до значење“, претставува оригинално научно-уметничко истражување кое се занимава со едно од фундаменталните, но истовремено недоволно разработени прашања во филмската теорија – прашањето за филмскиот простор и неговата улога во создавањето на значење, атмосфера и гледачко искуство. Трудот содржи 120 страници компјутерски обработен текст, структуриран во пет тематски целини, со јасно поставена методолошка рамка и логична организација на материјалот.

Дисертацијата е резултат на повеќегодишно теоретско и практично истражување и претставува успешен обид за поврзување на филмската теорија, естетиката и авторската практика. Дисертацијата претставува оригинален и интердисциплинарен придонес во
областа на филмските студии, насочен кон истражување на филмскиот простор не како пасивна сценографска или визуелна категорија, туку како активна структура што учествува во создавањето на значење, атмосфера и гледачко искуство. Авторката ја поставува тезата дека филмскиот простор не е однапред дадена физичка реалност, туку процес што произлегува од односот помеѓу кадарот, траењето, звукот, монтажата и гледачката перцепција. Ваквиот пристап претставува значајно поместување од традиционалните анализи на просторот како визуелен или наративен елемент кон негово разгледување како когнитивна, естетска и епистемолошка категорија.

Трудот е структуриран во пет меѓусебно поврзани целини: Вовед, Филмскиот простор како процес на создавање, Студија на случај, Просторот во личното филмско творештво и Заклучок. Ваквата структура овозможува постепен премин од теоретско-концептуалната рамка кон анализа на конкретни филмски практики и нивна примена во авторската работа на кандидатката.

Првата глава претставува темелно воведување во проблематиката на истражувањето. Во неа, авторката ја разработува научната и општествената оправданост на темата, ги дефинира истражувачкиот проблем, предметот на истражување, причините за изборот на темата, како и целите, задачите и хипотезите на истражувањето. Особено внимание привлекува јасната формулација на основната теза според која филмскиот простор не претставува фиксна физичка реалност, туку настанува преку организацијата на филмските елементи и преку начинот на кој тие се восприемаат од гледачот. Авторката убедливо аргументира дека просторот посредува во создавањето наратив, во обликувањето на гледачката перцепција и во производството на значење. Истражувачките прашања се прецизно формулирани и логично

произлегуваат од предметот на истражувањето, а поставените хипотези претставуваат цврста основа врз која се развива целокупната анализа.

Особено вреден аспект на воведната глава е што авторката успева да го позиционира своето истражување во рамките на современите филмски студии, истовремено нагласувајќи ја потребата од пристап кој ќе ја надмине поделбата меѓу теоријата и практиката. Наместо филмскиот простор да се анализира како завршен производ, тој се поставува како процес што постојано се создава и преобликува низ филмската форма и низ гледачкото искуство. Оваа позиција претставува значаен методолошки придонес и ја најавува оригиналноста на истражувањето.

Втората глава, насловена „Филмскиот простор како процес на создавање“, претставува централна теоретска оска на истражувањето. Во оваа глава, авторката ја разработува тезата дека просторот не треба да се сфати како однапред даден објект, туку како резултат на сложен процес на организација и перцепција. Особено убедлива е анализата на разликата помеѓу профилмскиот и филмскиот простор, преку која се покажува дека она што гледачот го доживува на екранот не е идентично со реалниот простор на снимањето, туку претставува нова конструкција создадена преку јазикот на филмот.

Во овој дел, авторката демонстрира одлично познавање на релевантната литература и успешно ги поврзува ставовите на Андре Базен, Жак Омон, Дејвид Бордвел и други автори. Особено значајна е анализата на различните теоретски традиции – од базеновото разбирање на просторот како поле на слободна перцепција, до когнитивните модели кои покажуваат дека гледачот активно конструира просторни односи врз основа на ограничени информации. Наместо да ги претставува овие теории како затворени системи, авторката воспоставува дијалог меѓу нив и ги користи како основа за развивање на сопствена аргументација.

Подглавјата посветени на кадрирањето, движењето на камерата, времетраењето на кадарот, звукот и монтажата претставуваат едни од најуспешните сегменти на трудот. Авторката убедливо покажува дека секој од овие елементи има активна улога во создавањето на филмскиот простор. Кадрирањето е анализирано како чин на селекција и организација на видливото, движењето на камерата како средство за создавање просторна свест, времетраењето како услов за просторна перцепција, звукот како „невидлива архитектура“, а монтажата како механизам за воспоставување просторни односи. Особено е значајно што овие елементи не се разгледуваат изолирано, туку како делови од единствен систем кој го произведува просторот како филмско искуство.

Подеднакво важен е и делот посветен на когнитивните и епистемолошките аспекти на просторот. Во овие поглавја, авторката го надминува формалистичкиот пристап и го поставува прашањето за тоа како просторот влијае врз начинот на кој гледачот мисли, чувствува и создава значење. Ваквиот пристап ја отвора можноста филмскиот простор да се разбере не само како визуелна организација, туку и како форма на знаење и искуство.

Третата глава, „Студија на случај“, претставува обемна и методолошки доследна анализа на четири исклучително значајни авторски поетики: Андреј Тарковски, Микеланџело Антониони, Стенли Кјубрик и Апичапонг Верасетакул. Изборот на овие автори е внимателно направен и овозможува разгледување на различни модели на просторна организација во филмот.

Во анализата на творештвото на Андреј Тарковски, авторката покажува како просторот се трансформира во духовно и сетилно присуство. Преку филмовите „Сталкер“, „Носталгија“ и други дела на режисерот, се анализира начинот на кој времето, природните елементи и движењето низ просторот создаваат чувство на контемплација и духовна длабочина. Просторот кај Тарковски не е само место на дејствието, туку медиум преку кој се артикулираат егзистенцијални и метафизички прашања. Особено успешно е покажано како долгиот кадар и специфичниот третман на времето овозможуваат гледачот да го доживее просторот како живо и променливо присуство.

Анализата на Микеланџело Антониони претставува значаен придонес кон разбирањето на односот помеѓу просторот и психолошката состојба на ликот. Авторката покажува дека урбаните пејзажи, архитектурата и празните простори во филмовите „Авантура“, „Ноќ“, „Еклипса“ и „Црвена пустина“ функционираат како продолжение на внатрешниот свет на ликовите. Просторот овде станува структура на отуѓеност, дистанца и егзистенцијална несигурност. Анализата е прецизна и покажува како визуелната организација кај Антониони ја редефинира улогата на човекот во модерниот свет.

Во делот посветен на Стенли Кјубрик, авторката го разгледува просторот како механизам на контрола, симетрија и психолошка напнатост. Анализите на „2001: Одисеја во вселената“, „Сјаење“ и „Очи широко затворени“ покажуваат како архитектонската прецизност и строго организираната композиција создаваат чувство на дистанца, страв и неизвесност. Посебна вредност има објаснувањето на начинот на кој симетријата функционира не само како визуелна стратегија, туку и како драматуршки механизам.

Во анализата на Апичапонг Верасетакул, авторката покажува чувствителност кон суптилните форми на просторност присутни во неговите филмови и убедливо аргументира дека кај Верасетакул просторот функционира како поле на меморија, соништа и присуство преку отсуство. Анализите на „Вујко Бунми кој може да се сети на своите минати животи“, „Тропска болест“, „Гробишта на раскошот“ и „Меморија“ покажуваат високо ниво на аналитичка зрелост и способност за поврзување на естетските аспекти со поширок културни и филозофски прашања. Дополнително, тоа е анализа на современ автор чие творештво е помалку познато на нашиот простор, што го прави овој сегмент особено значаен.

Четвртата глава, „Просторот во личното филмско творештво“, претставува особен придонес и има исклучително значење за дисертацијата бидејќи овозможува директно поврзување на теоретските согледби со авторската практика. Ваквиот пристап е во согласност со современите модели на уметничко истражување и претставува пример за успешно интегрирање на теоријата и креативната работа во рамките на докторска дисертација.

Во анализата на „Бардо“, авторката покажува како просторот постепено се развива од затворена и ограничена структура кон поотворени просторни конфигурации, при што самата организација на просторот станува носител на драматуршкиот развој. Кај „Амби“, вниманието е насочено кон односот помеѓу ликот и средината, како и кон начинот на кој просторот создава чувство на интимност и социјална реалност.

Во анализата на „Северен Пол“, особено успешно е разработен односот помеѓу урбаниот простор и психолошката состојба на ликовите. Просторот функционира како активен елемент во обликувањето на тензијата и во артикулацијата на општествените и личните конфликти. Авторката покажува како визуелната организација на просторот овозможува создавање чувство на отуѓеност и емоционална дистанца.

Во анализата на „Пролетно чистење“, авторката ги поврзува претходно развиените теоретски концепти со сопствената авторска практика и покажува како просторот може да функционира како носител на отсутност, меморија и трага. Куќата, пејзажот и празните простори не се третирани како обични локации, туку како активни структури што учествуваат во создавањето на значење и атмосфера. Особено вредно е што анализата не се задржува на резултатот, туку го опфаќа и самиот процес на создавање на филмскиот простор, од изборот на локации до организацијата на кадарот и звукот.

Последниот дел од оваа глава, посветен на рефлексијата и автоанализата, претставува важен придонес бидејќи овозможува критичко преиспитување на сопствената практика. Наместо едноставно да ги потврдува поставените теории, авторката покажува како тие се трансформираат и развиваат низ конкретниот процес на создавање филм. Ваквата саморефлексивност е показател за висока научна и уметничка зрелост.

Во заклучокот, авторката успешно ги сумира резултатите од истражувањето и убедливо ги потврдува поставените хипотези. Трудот покажува дека филмскиот простор не може да се сведе на сценографија или визуелна заднина, туку претставува активен елемент во создавањето на значење, атмосфера и гледачко искуство. Особено значајна е тезата дека просторот настанува како процес, а не како готова форма, што претставува важен придонес кон современите филмски студии.

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е филмскиот простор како процес на создавање и функционирање на значење во филмот. Истражувањето ги анализира начините на кои преку кадрирање, траење, звук, монтажа и авторска организација на филмските елементи се конституира филмскиот простор и се обликува гледачката перцепција. Посебно внимание е посветено на студии на случај од творештвото на Андреј Тарковски, Микеланџело Антониони, Стенли Кјубрик и Апичапонг Верасетакул, како и на анализа и автоанализа на просторот во филмовите „Бардо“, „Амби“, „Северен Пол“ и „Пролетно чистење“, со цел воспоставување дијалог помеѓу филмската теорија и авторската практика.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Кандидатката наведува конкретни податоци кои досега не се истражувани во процесот на истражување на овој предмет.

Краток опис на применетите методи

Во истражувањето се применува квалитативен и креативно-истражувачки пристап, насочен кон испитување на филмскиот простор како процес на создавање значење, перцепција и гледачко искуство.

Дедуктивен метод – се користи за примена и проверка на постојните филмски и естетски теории во анализа на филмскиот простор. Преку проучување на релевантни теоретски концепти се испитува нивната применливост во конкретни филмски примери и авторски практики.

Метод на анализа и синтеза – се применува преку разложување на основните елементи на филмскиот јазик, како што се кадарот, траењето, звукот и монтажата, со цел да се согледа нивната улога во создавањето на филмскиот простор. Преку нивно повторно поврзување се анализира начинот на кој просторот функционира како носител на значење и гледачко искуство.

Метод на практично гледање на филм – се користи при детална анализа на избрани филмови од творештвото на Андреј Тарковски, Микеланџело Антониони, Стенли Кјубрик и Апичапонг Верасетакул. Методот овозможува набљудување на различни стратегии на обликување на филмскиот простор и нивното влијание врз перцепцијата на гледачот.

Применетите методи се надополнети со анализа и рефлексија на сопственото филмско творештво, со цел воспоставување врска помеѓу теоретските согледби и практичниот процес на создавање филмски простор.

Целокупниот методолошки пристап е насочен кон испитување на тезата дека филмскиот простор не претставува само заднина на дејството, туку активна структура што учествува во создавањето на значење, атмосфера и гледачко искуство.

Краток опис на резултатите од истражувањето:

- дефинирани се главните елементи на истражувањето;
- сеопфатно е проучен предметот на истражувањето;
- докажани се работните хипотези;
- даден е детален преглед на истражуваниот материјал;
- филмот „Пролетно чистење“, односно уметничкиот дел на истражувањето е долгометражен филм со финансиска поддршка од Агенцијата за филм на Република

Северна Македонија, филмските фондови на Грција, Словенија и Србија, како и со меѓународна поддршка од фондовите Creative Europe Media и Eurimages.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација „Просторот во филмот – од перцепција до значење“ на кандидатката Марија Апчевска Петровска претставува оригинално, теориски засновано, методолошки доследно и научно релевантно истражување. Авторката покажува исклучително добро познавање на филмската теорија, способност за самостојна анализа и високо ниво на критичка и авторска рефлексија. Трудот дава значаен придонес во областа на филмската естетика, теоријата на филмскиот простор и современите аудиовизуелни студии, а неговите согледби имаат потенцијал за понатамошна научна, педагошка и уметничка примена.

Врз основа на наведеното, Комисијата оценува дека докторската дисертација „Просторот во филмот – од перцепција до значење“ ги исполнува критериумите за докторска дисертација и му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности да ја прифати и да ѝ дозволи на кандидатката м-р Марија Апчевска Петровска јавна одбрана на трудот.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автор: „Просторот во филмот - од перцепција до значење“, прифатен за објавување во: Ars Academica, Vol 12., Skopje 2026.

[2]. Автор: „Апичапонг Верасетакул - простор на сеќавања, соништа и присуство преку отсуство,“, прифатен за објавување во: International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, Vol 23, Skopje 2026.

Бидејќи за нашите тематски области не се достапни списанија со импакт-фактор, Советот за докторски студии ги прифаќа овие објавени трудови поради меѓународниот уредувачки одбор.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се: теориско и практично истражување на филмскиот простор како процес на создавање значење, систематизација и критичка анализа на релевантните теории за филмскиот простор, перцепцијата и гледачкото искуство, разработка на односот помеѓу кадрирањето, траењето, звукот, монтажата и просторната организација во филмот, како и поврзување на теоретските сознанија со авторската практика преку анализа и автоанализа на филмовите „Бардо“, „Амби“, „Северен Пол“ и „Пролетно чистење“.

Подрачја на примена и ограничувања: филмска теорија, филмска естетика, филмологија, аудиовизуелни студии, филмска режија и филмска драматургија. Истражувањето е ограничено на филмскиот простор во рамките на избраните теоретски пристапи, студии на случај и авторски филмски проекти.

Можните натамошни истражувања вклучуваат проширување на анализата на филмскиот простор во различни филмски традиции и жанрови, понатамошно истражување на односот помеѓу просторот и гледачката перцепција, како и примена на развиената теоретска рамка во анализата на современи аудиовизуелни форми и нови медиуми.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Апчевска Петровска со наслов: **Просторот во филмот – од перцепција до значење**.

КОМИСИЈА
Проф. д-р Ана Стојаноска, претседател, с.р.
Проф. д-р Антонио Митриќески, ментор, с.р.
Вонр. проф. д-р Сашо Кокаланов, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Илија Цириви, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Никола Настоски, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „24 МОМЕНТИ ОД ЖИВОТОТ НА РОКСАНА – ЕСТЕТСКИ ПОГЛЕДИ И ПСИХОЛОШКИ ИСКУСТВА НА АВТОРОТ“ ОД М-Р БОРЈАН ЗАФИРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 28.5.2026 година, со Одлука бр. 0202-248/1, формираше Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Борјан Зафировски со наслов: „24 моменти од животот на Роксана – естетски погледи и психолошки искуства на авторот“, во состав: проф. д-р Ана Стојаноска (претседател), проф. д-р Сашко Насев (ментор), проф. д-р Антонио Митриќески (член), доц. д-р Сашко Кокаланов (член) и вонр. проф. д-р Илија Циривири (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Борјан Зафировски, со наслов: „24 моменти од животот на Роксана – естетски погледи и психолошки искуства на авторот“, претставува методолошки конципирано и концепциски кохерентно научно-уметничко истражување во кое се разработува сложениот процес на пишување сценарио преку анализа на сценаристичкиот тек и сценаристичкиот блок како меѓусебно поврзани креативни состојби.

Трудот содржи јасно структурирана композиција составена од апстракт, воведен дел, пет тематски заокружени глави, заклучни согледби и соодветна библиографија. Содржината е организирана преку јасни наслови и поднаслови, со систематска поделба во точки и потточки, што овозможува логичко следење на истражувачкиот процес и постепено продлабочување на анализата.

Како главен креативен сегмент на дисертацијата се издвојува оригиналното сценарио „24 моменти од животот на Роксана“, кое не е приложено како илустративен материјал, туку функционира како интегрален дел од истражувањето, односно како практична лабораторија за проверка и артикулација на теориските поставки.

Методолошки, трудот применува интердисциплинарен пристап, со особен акцент на practice-based и arts-based research методологијата, како и на автоетнографскиот пристап, при што авторот се позиционира истовремено како истражувач и практичар.

Трудот е структуриран во пет концепциски поврзани глави: 1. Вовед; 2. Сценаристичкиот тек и сценариостичкиот блок како креативен процес; 3. Авторската практика како истражувачко поле; 4. Студија на случај: „24 моменти од животот на Роксана“; и 5. Заклучни согледби и авторски методи. Текот на изложувањето е линеарен, но со константно враќање кон клучните концепти, што овозможува кохерентност во аргументацијата и постепена синтеза на теоретските и практичните сознанија.

Прва глава: Вовед

Првата глава од дисертацијата ја извршува улогата на темелна научно-методолошка рамка и е разработена низ повеќе прецизно дефинирани потпоглавја (1.1 до 1.7), кои го поставуваат основниот концептуален и истражувачки хоризонт на трудот.

Во „1.1. Идентификување и формулирање на проблемот“, кандидатот го лоцира истражувачкиот интерес во јасниот јаз помеѓу теориските модели на сценариостичка анализа и реалната практика на пишување сценарио. Тој укажува дека во доминантните теории фокусот е ставен врз структурата и драматуршките модели, додека самиот

креативен процес – со сите свои состојби, прекини и трансформации – останува недоволно истражен. Особено значајно е поставувањето на сценариостичкиот блок не како лична слабост туку како процесен феномен, што претставува концептуален пресврт во пристапот на истражувањето.

Во „1.2. Предмет на истражувањето и истражувачки прашања“, кандидатот јасно го дефинира предметот како сценаристичкиот процес сфатен како динамична и комплексна творечка практика, со особен фокус на сценариостичкиот тек и сценариостичкиот блок. Формулираните истражувачки прашања се насочени кон разбирање на природата на овие состојби, нивната меѓусебна поврзаност, како и улогата на телото, просторот и авторските навики во процесот на пишување. Прашањата се логички поврзани и концепциски конзистентни, што укажува на високо ниво на истражувачка подготвеност.

Во „1.3. Цели на научното и уметничкото истражување“, се воспоставува јасна двојна структура на истражувањето. Научната цел е насочена кон теориска артикулација на сценариостичкиот процес, додека уметничката цел се реализира преку создавање и анализа на сценариото „24 моменти од животот на Роксана“. Особено значајно е што кандидатот не ги третира овие две цели одвоено, туку како меѓусебно зависни форми на спознание.

Во „1.4. Основна и помошни хипотези“, кандидатот формулира една централна и повеќе помошни хипотези. Основната хипотеза гласи дека сценариостичкиот блок и сценариостичкиот тек не се спротивставени состојби, туку дел од еден континуиран и динамичен креативен процес. Помошните хипотези дополнително ја разработуваат оваа теза, преку нагласување на улогата на телото, просторот, авторските ритуали и односот помеѓу структурата и интуицијата.

Во „1.5 Методолошки пристап“, кандидатот образложува зошто истражувањето е поставено како интердисциплинарно и процесно ориентирано. Се применуваат повеќе методи: теориско-дедуктивен, херменевтички, анализа на сценарио, автоетнографија и студија на случај. Методолошката рамка е јасно поставена и доследно применета низ целиот труд.

Во потпоглавјето „1.5.1. Теориски дел од истражувањето“, се разработува концептуалната основа на трудот преку критичка анализа на релевантни теории за креативноста, сценариостичката практика и авторството. Особено се истакнува примената на концептот на „flow“ како теориска рамка за разбирање на сценариостичкиот тек, како и анализата на авторската позиција преку филмската теорија (Бергман) и концептот на авторство (Андру Сарис).

Во делот „Креативна практика (arts-based research)“, кандидатот го објаснува сценариото како истражувачка алатка преку која се тестираат и артикулираат теориските поставки. Овој сегмент претставува клучна методолошка новина на трудот, бидејќи го позиционира уметничкото создавање како валиден облик на научно истражување.

Во „1.6. Структура на трудот“, се нуди јасен преглед на организацијата на дисертацијата, при што секоја глава е функционално оправдана и логички поврзана со целината.

Конечно, во „1.7. Научна и општествена оправданост на трудот“, кандидатот аргументира дека истражувањето има значајна научна, педагошка и општествена вредност. Во услови на зголемен продукциски притисок и интензивен ритам на создавање, разбирањето на креативниот процес и на состојбите на блок и тек станува не само академско прашање, туку и практична потреба.

Втората глава од дисертацијата, насловена „Сценаристичкиот тек и сценаристичкиот блок како креативен процес“, претставува едно од најтемелно разработените теориски јадра на трудот и е структурирана низ повеќе јасно дефинирани потпоглавја (2.1 до 2.5), кои заедно формираат систематска и концепциски конзистентна рамка за разбирање на креативниот процес во сценариостичката практика. Оваа глава се издвојува по својата способност да ги интегрира психолошките,

драматуршките и автоетнографските аспекти на создавањето, притоа избегнувајќи редукција на креативноста на еднодимензионален модел.

Во потпоглавјето „2.1. ’Поимот ‘тек(flow) во теоријата на креативноста и неговата применливост во сценаристичката практика“, кандидатот го поставува концептот на тек како централна аналитичка категорија. Текот е дефиниран како состојба на интензивна концентрација, креативна флуидност и внатрешна кохерентност, при што пишувањето се одвива со чувство на органски развиток и интуитивна сигурност. Особено значајно е што кандидатот го позиционира текот не како мистична или случајна појава, туку како состојба што произлегува од сложена интеракција помеѓу структурата, подготвеноста на авторот и конкретниот креативен контекст.

Во „2.1.1. “Дефиниции и параметри на ‘тек’ и ‘блок’ како креативни состојби, се воспоставува аналитичка дистинкција меѓу овие две состојби преку повеќе параметри: когнитивни, емотивни, телесни, како и нивниот однос кон времето, просторот и драматуршката структура. Овој сегмент претставува методолошки значаен дел, бидејќи дозволува прецизна концептуализација на креативниот процес како динамичен систем, во кој текот и блокот не се исклучиви, туку комплементарни состојби со различни функции во процесот на создавање.

Потпоглавјето „2.2. Сценаристички блок: причини, манифестации и интерпретации“ нуди детална анализа на блокот како комплексен феномен. Кандидатот идентификува повеќе извори на блокот, меѓу кои особено се издвојуваат судирот помеѓу интуитивниот и рационалниот пристап, продукциските притисоци и нарушената психофизичка рамнотежа. Наместо блокот да се третира како нефункционална пречка, тој се интерпретира како процесна фаза што може да има продуктивна улога – како момент на застој кој овозможува реорганизација, селекција и продлабочување на наративниот материјал.

Во „2.3. Телото, просторот и психофизичката состојба во сценаристичкиот процес“, кандидатот ја проширува анализата кон embodied аспектите на креативноста, истакнувајќи дека сценариостичкиот процес не може да се сведе на исклучиво интелектуална активност. Телото, движењето, просторот и сензорните искуства се третираат како активни учесници во создавањето, што претставува важен исчекор од традиционалните модели на драматуршка анализа.

Во „2.4. Авторските методи и ритуали како предуслов за сценаристички тек“, се анализираат конкретни практики што создаваат услови за креативна активација. Авторските ритуали – како физичка активност, слушање музика, изолација или престој во специфичен простор – се третираат како структурални елементи на креативниот процес, а не како периферни активности. Овој дел има и значајна педагошка димензија, бидејќи нуди модел за разбирање и управување со сопствениот творечки процес.

Во „2.5. Од теорија кон практика: подготовка за анализа на авторската практика“, кандидатот прави важен концептуален премин, поставувајќи ја рамката за автоетнографската анализа што следува во третата глава. Овој дел ја воспоставува врската меѓу теориските претпоставки и практичната реализација, обезбедувајќи методолошка доследност на трудот.

Третата глава, „Авторската практика како истражувачко поле: сценаристички тек и блок во процесот на пишување“, претставува клучен сегмент на дисертацијата во кој теоријата се проверува преку конкретна авторска практика. Распоредена низ потпоглавја од 3.1 до 3.7, оваа глава се издвојува по својот автоетнографски пристап и по длабочината на процесната анализа.

Во „3.1. ‘ Контекст на настанување на сценариото24 моменти од животот на Роксана’“, кандидатот ја поставува просторната и личната рамка на процесот, при што особено значајна е улогата на конкретната средина како активатор на креативниот тек. Просторот не се третира како пасивна позадина, туку како фактор што директно влијае врз динамиката на пишувањето.

Во „3.2. Тек-дневникот како процесна и истражувачка алатка“, се воведува дневникот како двојна структура – истовремено средство за лична рефлексија и истражувачки инструмент. Овој методолошки пристап овозможува систематско

документирање на состојбите на тек и блок, што претставува значаен придонес во областа на уметничкото истражување.

Во „3.3. Сценаристички тек: анализа на процесни манифестации“ и „3.4. Сценаристички блок: процесна состојба и продуктивен сигнал“, кандидатот нуди конкретни примери од сопствената практика, покажувајќи дека текот и блокот се појавуваат како меѓусебно условени состојби во рамките на креативниот континуум.

Особено значајно е потпоглавјето „3.5. Механизми на премин помеѓу сценаристичкиот блок и тек“, каде што се идентификуваат конкретни стратегии за трансформација на блокот – преку промена на простор, телесна активност, работа со ритам и психофизичка подготовка. Овој дел претставува значаен практичен придонес на трудот.

Во „3.6. Анализа на авторските вежби и процесните задачи“, кандидатот нуди детална разложба на повеќе процесни примери, преку потпоглавја како: „3.6.1. Локацијата како активатор на тек“, „3.6.2. “’Чист сценаристички тек‘, „Сцена Б – пример на сценаристички блок“, „3.6.4. Телесен ритам и природна перцепција“ и „3.6.5. Визуелни асоцијации“. Овој сегмент претставува особено силен дел од дисертацијата, бидејќи преку конкретни сценски примери се демонстрира како апстрактните концепти функционираат во реална практика.

Во „3.7. Синтеза на практичните сознанија“, кандидатот ги интегрира добиените резултати, воспоставувајќи модел на креативниот процес како циклична и динамична структура во која блокот и текот функционираат како составни елементи.

Четвртата глава, „Студија на случај: ‘24 моменти од животот на Роксана’“, претставува конкретизација на претходните теориски и процесни анализи преку детална драматуршка разработка на сценариото.

Во „4.1. Вовед во студијата на случај“, се поставува методолошката рамка на анализата, додека во „4.2. Роксана како централна фигура“, кандидатот го анализира главниот лик како носител на наративниот и психолошкиот развој. Ликот е прикажан како комплексна структура во која се преплетуваат индивидуалното искуство и драматуршката функција.

Во „4.3. Односот помеѓу просторот и внатрешната состојба“, се разгледува улогата на просторот како драматуршки активатор, при што просторот функционира како медијатор на психолошките состојби.

Во „4.4. Клучни сцени на сценаристички тек“, се анализира сцената со возењето како пример за висока креативна флуидност, додека во „4.5. Наративна напнатост и сценаристички блок“ сцената со извршителот се користи како пример за драматуршки артикулирана напнатост произлезена од блок.

Во „4.6. Сценариото како целина: процес и резултат“, кандидатот ја заокружува анализата, покажувајќи дека сценариото не е резултат на линеарен процес, туку на сложена интеракција на различни креативни состојби, што претставува една од клучните теориски поставки на трудот.

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето во оваа докторска дисертација е сценариостичкиот процес сфатен како динамична, повеќеслојна и процесно ориентирана креативна практика, во која централно место зазема анализата на две клучни состојби: сценариостичкиот тек и сценариостичкиот блок. Наместо сценариото да се третира исклучиво како финален драматуршки продукт, истражувањето го насочува вниманието кон самиот процес на неговото настанување, вклучувајќи ги неговите психофизички, просторни и методолошки аспекти.

Во таа рамка, сценариото „24 моменти од животот на Роксана“ се поставува како централна студија на случај и како примарен истражувачки материјал, преку кој се анализираат конкретните манифестации на текот и блокот во реална авторска практика. Со ваквиот пристап, трудот ја надминува традиционалната анализа на драматуршка структура и го проширува полето на сценариостичките студии кон процесното и искуственото ниво на создавање.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Истражувањето е поставено во контекст на современите филмски и драматуршки студии, каде што сценариото најчесто се анализира од аспект на структурата, жанровите и наративните модели, додека самиот креативен процес останува недоволно разработен.

Кандидатот покажува дека постои јасен јаз помеѓу теориските модели и практичната работа на сценаристите, особено во однос на состојбите на блок и тек, кои во професионалната практика се препознаваат како суштински, но ретко се систематски анализирани. Во таа смисла, оваа дисертација го пополнува постојниот теориски вакуум, воведувајќи процесно ориентиран и автоетнографски пристап.

Дополнително, трудот се вклопува во современите тенденции на arts-based и practice-based research, каде што уметничката практика се третира како легитимен извор на научно знаење. Со тоа, истражувањето не само што придонесува кон филмологијата и сценариостичките студии, туку и ја афирмира уметноста како истражувачка дисциплина.

Краток опис на применетите методи

Кандидатот применува повеќе комплементарни научноистражувачки методи, кои овозможуваат сеопфатно и систематско разгледување на сценариостичкиот процес.

Теориско-дедуктивниот метод се користи во поставувањето на концептуалната рамка на истражувањето, преку анализа и интерпретација на релевантните теории за креативноста, concept-от на „flow“, како и филмската авторска теорија. Преку овој метод, кандидатот ги формулира и проверува своите хипотези во однос на природата на сценариостичкиот тек и блок.

Херменевтичкиот метод се применува при анализа на сценариото и на процесните записи, овозможувајќи интерпретација на значењата што произлегуваат од авторската практика и нивното поврзување со поширокиte теориски рамки.

Методот на анализа на сценарио овозможува детална драматуршка дисекција на сцените, ликовите, конфликтите и наративната структура, при што особено внимание се посветува на моментите каде што се појавуваат состојбите на тек и блок.

Методот на студија на случај е применет преку сценариото „24 моменти од животот на Роксана“, кое функционира како експериментален модел преку кој се проверуваат теориските поставки.

Централно место во методологијата зазема practice-based, односно arts-based пристапот, при што креативната практика се третира како примарен истражувачки метод. Во рамките на овој пристап, автоетнографијата овозможува директен увид во процесот на создавање преку тек-дневници, белешки, визуелни записи и процесни анализи.

Интердисциплинарниот пристап ги поврзува филмската теорија, драматургијата и теоријата на креативноста, создавајќи кохерентен аналитички систем.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Истражувањето резултира со јасна теориска и практична артикулација на сценариостичкиот процес како динамичен и нелинеарен систем, составен од повеќе меѓусебно поврзани фази.

Еден од клучните резултати е редефинирањето на сценариостичкиот блок, кој не се третира како исклучиво негативна состојба, туку како продуктивен сигнал и составен дел од креативниот процес. Покажано е дека блокот може да има функција на реорганизација, селекција и продлабочување на наративниот материјал.

Понатаму, сценариостичкиот тек е дефиниран како состојба на засилена креативна флуидност, која произлегува од специфични услови – психофизичка подготвеност, телесна активност, просторна средина и драматуршка структура.

Развиен е модел на креативниот процес како континуум во кој блокот и текот функционираат како комплементарни состојби, а не како спротивности.

Сценариото „24 моменти од животот на Роксана“ ја потврдува применливоста на теоретските поставки, демонстрирајќи како креативните состојби се рефлектираат во структурата, во ликовите и во драматуршката динамика.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Борјан Зафировски претставува оригинално, актуелно и научно релевантно истражување во областа на филмската драматургија и сценариостичката практика.

Темата е современа и значајна, особено во контекст на зголеменото внимание кон креативните процеси и уметничкото истражување. Посебна вредност на трудот претставува тоа што го надминува традиционалното раздвојување меѓу теоријата и практиката, создавајќи интегриран модел во кој сценариото функционира и како предмет и како метод на истражување.

Оригиналниот пристап кон сценариостичкиот блок како продуктивна состојба, како и систематската анализа на сценариостичкиот тек, претставуваат значаен научен и уметнички придонес.

Трудот е методолошки доследен, концепциски јасен и изведен со зрела научна аргументација.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот ги има исполнето сите законски услови за одбрана на докторската дисертација, согласно со важечките академски прописи и стандарди, вклучително и реализирање на научноистражувачка активност и објавување на релевантни трудови од областа.

Заклучок и предлог

Главните научни придонеси на оваа дисертација се согледуваат во: теориската артикулација на сценариостичкиот тек и сценариостичкиот блок како комплементарни елементи на креативниот процес;
воведувањето на practice-based и arts-based методологијата во сценариостичките студии;
анализата на сценариото како истражувачка алатка;
и развојот на авторски модел на креативниот процес базиран врз синтеза на теоријата и личното искуство.

Подрачјата на примена ги опфаќаат филмската драматургија, сценариото, филмологијата и уметничките истражувања, со значајна педагошка вредност.

Можностите за понатамошни истражувања вклучуваат проширување на анализата на креативните процеси во други уметнички дисциплини, како и дополнителна разработка на сценариото како истражувачки медиум.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Борјан Зафировски со наслов: „24 моменти од животот на Роксана – естетски погледи и психолошки искуства на авторот“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Стојаноска, претседател, с.р.
Проф. д-р Сашко Насев, ментор, с.р.
Проф. д-р Антонио Митриќески, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Сашко Кокаланов, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Илија Циривири, член, с.р.

Прилоі бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОАКТИВНА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЕШАЦИТЕ ПРИ АВТОНОМНО УПРАВУВАЊЕ НА ВОЗИЛА ПРЕКУ УЧЕЊЕ СО ПОТТИКНУВАЊЕ БАЗИРАНО НА МОДЕЛ“ ОД М-Р СТЕФАН ЗЛАТИНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 20.5.2026 година, со одлука број 02-905/13, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Стефан Златинов со наслов: **Проактивна безбедност на пешаците при автономно управување на возила преку учење со поттикнување базирано на модел**, во состав: проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска, претседател, проф. д-р Миле Станковски, ментор, проф. д-р Даме Димитровски, член, проф. д-р Зоран Ивановски, член, и вонр. проф. д-р Горјан Нацински, член.

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Стефан Златинов, со наслов: „Проактивна безбедност на пешаците при автономно управување на возила преку учење со поттикнување базирано на модел“, содржи 129 страници компјутерски обработен текст, со 102 библиографски единици, меѓу кои научни трудови, статии, книги, конференциски трудови и интернет-ресурси од областа на автономното возење, поттикнуваното учење, претставувачките модели, симулациската евалуација и безбедноста на пешаците.

Трудот е структуриран во шест глави, заедно со воведот, теоретските основи, експерименталната поставеност, евалуацијата и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во глави, секции и потсекции, со јасна логичка поврзаност меѓу поставениот проблем, применетите методи, добиените резултати и изведените заклучоци. На тој начин се обезбедува прегледно следење на материјата и се овозможува јасно разбирање на научниот придонес на дисертацијата.

Во **воведната глава** е поставен проблемот на безбедноста на пешаците во автономното урбано возење. Кандидатот поаѓа од фактот дека пешаците се една од најранливите категории учесници во сообраќајот и дека нивното однесување во урбани средини е променливо, контекстуално и често неусогласено со претпоставките на класичните системи за автономно возење. Во оваа глава е нагласена разликата меѓу реактивна и проактивна безбедност. Реактивната безбедност реагира кога судирот е веќе непосреден, додека проактивната безбедност бара возилото да предвиди опасност и да го промени своето движење доволно рано. Токму оваа разлика ја оправдува темата на дисертацијата, бидејќи за безбедна интеракција со пешаци не е доволно автономното возило да кочи во последен момент, туку мора да формира рана и стабилна намера за избегнување.

Во истата глава се дефинирани истражувачките хипотези и придонесите на трудот. Главното истражувачко прашање е дали агент со поттикнувано учење со модел може да развие проактивно безбедносно однесување кон пешаци како произлезено својство на планирање преку претставувачки модел, без експлицитни безбедносни членови во функцијата за награда. Кандидатот поставува четири поврзани хипотези кои ја опфаќаат архитектонската можност за проактивно планирање, доволноста на камера-центричниот простор на набљудување, потребата

од систематска конфликтна евалуација и употребливоста на замислените идни траектории како прозорец во процесот на планирање.

Втората глава дава детален преглед на тековните научни сознанија поврзани со автономното возење, однесувањето на пешаците, машинскиот вид, поттикнуваното учење, претставувачките модели и безбедното поттикнувано учење. Во оваа глава, кандидатот ја позиционира дисертацијата во однос на постојните модуларни системи за автономно возење, кои ја делат задачата на перцепција, предвидување и планирање, како и во однос на пристапите од крај до крај и пристапите со поттикнувано учење. Посебно внимание е посветено на тоа дека многу постојни евалуации се фокусираат на номинални или кооперативни сообраќајни услови, додека ретките конфликтни средби со пешаци остануваат недоволно покриени. Во тој контекст е истакнат истражувачкиот јаз што го адресира дисертацијата: потребата од дијагностичка евалуација која не мери само дали настанал судир, туку и зошто се појавил небезбедниот исход.

Третата глава ги изложува теоретските и техничките основи потребни за понатамошното истражување. Во неа се обработени конволуциските невронски мрежи, семантичката сегментација, инверзната длабочина, рекурентните невронски мрежи, варијациските автоенкодери, формализмот на поттикнуваното учење, разликата меѓу методи со модел и без модел, како и архитектурата DreamerV3. Оваа глава има важна улога во трудот бидејќи ја објаснува логиката на имагинацијата кај агентот. Кај DreamerV3, актерот не се тренира само врз реални транзиции од околината, туку врз замислени траектории создадени од наученият претставувачки модел. Затоа, квалитетот на претставувачкиот модел не е само прашање на пресметковна ефикасност, туку директно влијае врз безбедноста на однесувањето.

Четвртата глава ја претставува експерименталната платформа и конфигурацијата на агентот. Во неа е опишан симулаторот CARLA, начинот на создавање на рутите, животниот циклус на епизодите, просторот на набљудување, просторот на акции, функцијата за награда и параметрите за тренирање на DreamerV3 агентот. Просторот на набљудување е камера-центричен и се состои од семантичка сегментација кодирана според ризик, инверзна длабочина, карта на водилки по рута, состојба на возилото и претходна акција. Акцискиот простор е континуиран и овозможува и надолжно управување и свртување, што е важно за анализа на пешачка безбедност бидејќи безбедниот маневар често бара комбинација од навремено забавување и странична маргина.

Во оваа глава е воведена и една од централните оригинални компоненти на трудот: Библиотеката на конфликтни пешаци. Таа претставува систематски бенчмарк во CARLA составен од три архетипови: натрапник, нерешителен преминувач и протестант. Натрапникот создава кратко време за реакција со доцно преминување преку рутата. Нерешителниот преминувач внесува двосмисленост преку замрзнување и продолжување среде преминување. Протестантот создава локално ограничена пречка со упорно заземање на лентата. Со оваа библиотека, кандидатот не се задржува на случајна симулација на пешаци, туку создава контролирана и повторлива експериментална рамка за испитување на различни механизми на безбедносен неуспех.

Во **петтата глава** се прикажани главните резултати од евалуацијата. Главата најнапред ја утврдува основната способност за возење на агентот во услови без конфликтни пешаци. Во Фаза 0, агентот постигнува стапки на завршување на рутата над 98,7 % во сите услови, како на виденатa така и на невиденатa карта, без судири со пасивни пешаци. Овој резултат е важен затоа што покажува дека последователните неуспеси во конфликтна евалуација не можат едноставно да се припишат на неспособност за следење рута, општа нестабилност на управувањето или нарушување од самото присуство на пешаци во сцената.

Во Фаза 1, агентот е евалуиран врз трите конфликтни архетипови. Резултатите покажуваат значајни стапки на судир: 35,7 % за натрапникот, 14,5 % за нерешителниот преминувач и 39,7 % за протестантот. Овој распоред е научно важен бидејќи протестантот, кој

локално ја блокира лентата, создава највисока стапка на судир. Тоа покажува дека проблемот не е само во кратко време за реакција или во неизвесно движење на пешакот, туку во способноста на агентот да формира стабилна намера за давање првенство или заобиколување кога пречката останува во лентата. Медијанските вредности на минимално TTC во епизодите со средба се 0.41 s за натрапникот, 1.06 s за нерешителниот преминувач и 0.17 s за протестантот, што укажува дека типичните средби влегуваат во режим близок до судир.

Посебно значаен е заклучокот дека агентот ја задржува физичката способност за силно кочење. Во критичниот прозорец, тој може да произведе максимално забавување од приближно 7 до 8 m/s². Сепак, ова кочење се јавува доцна, кога безбедносната маргина веќе е значително намалена. Затоа, неуспехот не се наоѓа првенствено во актуаторската способност или во основното управување, туку во моментот и стабилноста на внатрешниот план што го води агентот кон акција.

Втората половина од петтата глава ја анализира имагинацијата на претставувачкиот модел. Кандидатот ги зачувува замислените проекции на DreamerV3 агентот и ги сведува на интерпретабилна таксономија на однесување. Преку ова се прави разлика меѓу проекции што одат право низ конфликтот, проекции со давање првенство, странично избегнување, комбинирано кочење и странично избегнување, како и проекции што не го достигнуваат конфликтниот регион. Овој пристап претставува важен методолошки придонес бидејќи го прави видливо она што кај агентите со длабоко учење најчесто останува скриено: што агентот очекува да се случи пред да ја избере својата акција.

Метриките за проактивност покажуваат дека агентот не е целосно „слеп“ за конфликтот. Медијанското претходење на конфликтната свесност е 1.70 s за натрапникот, 1.50 s за нерешителниот преминувач и 2.15 s за протестантот. Сепак, свесноста не се претвора во доволно рана и стабилна намера за избегнување. Небезбедната упорност останува висока, со вредности од 44,3 %, 50,3 % и 45,6 % за трите архетипови, а средното време на задржување во иста класа е само 0.17 s, 0.13 s и 0.14 s. Ова покажува дека замисленият план е не само доцен, туку и нестабилен.

Дополнително, полето на имагинација условено од состојбата покажува дека во значаен дел од блиските и подвижни опасни состојби нема јасна замислена намера за избегнување. Тежинскиот индекс на опасност при имагинација има вредности 0.588, 0.549 и 0.566, додека стапката на опасна тишина изнесува 0.238, 0.332 и 0.288 за трите архетипови. Растојанието на активирање намера е околу 31 m, но избегнувањето е доминирано од давање првенство, а комбинираните планови со кочење и странично избегнување се ретки. Така, резултатите покажуваат дека агентот има одредена способност да ја замисли опасноста, но таа имагинација не е доволно стабилна, доволно рана и доволно координирана за сигурна проактивна безбедност.

Во **шестата глава** се синтетизираат резултатите и се разгледуваат хипотезите, придонесите, ограничувањата и можните правци на идна работа. Главниот заклучок на дисертацијата е дека проактивната безбедност на пешаците е архитектонски достапна кај агент со поттикнувано учење со модел, но не произлегува автоматски под минимална награда и тренинг-распределба без систематски конфликтни пешаци. Теснецот кај изучуваниот агент не е главно во перцепцијата или во физичкото управување, туку во квалитетот, стабилноста и распределбената робусност на имагинацијата на претставувачкиот модел.

Предмет на истражување

Предмет на истражување во рамките на оваа докторска дисертација е проактивната безбедност на пешаците при автономно управување на возила, разгледана преку поттикнувано учење со модел. Конкретниот фокус е ставен на тоа дали агентот може да развие безбедно однесување кон пешаци не како резултат на експлицитно рачно вградена безбедносна награда, туку како резултат на научен претставувачки модел што замислува идни последици од можните акции.

Истражувањето ја обработува безбедноста не само како краен исход, туку како процес на одлучување. Судирот, како краен настан, не открива сам по себе дали причината е во перцепцијата, во претставувачкиот модел, во функцијата за награда, во актерот или во физичкото управување. Затоа, дисертацијата ја поставува безбедноста на пешаците како проблем на дијагностика на целата врска перцепција – имагинација – акција. Овој пристап е суштински за современите автономни системи базирани на учење, бидејќи нивната успешност во номинални услови не гарантира безбедност во ретки и конфликтни ситуации.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Автономното возење е една од најактивните истражувачки области во современата автоматика, роботика и вештачка интелигенција. Сепак, и покрај големиот развој на сензори, алгоритми за перцепција и планери, безбедната интеракција со пешаци останува еден од најтешките проблеми. Пешаците не се движат секогаш според сообраќајните правила, не се целосно предвидливи и често ја менуваат својата одлука врз основа на кинематиката на возилото. Ова го прави проблемот различен од класично следење лента или избегнување статички пречки.

Во литературата постојат бројни пристапи за детекција на пешаци, предвидување на траектории и планирање без судир. Постојат и бројни платформи за автономно возење во симулација. Но, постои помалку работа што систематски ги испитува агентите со претставувачки модели под контролирани конфликтни пешачки сценарија и уште помалку работа што ја анализира нивната внатрешна имагинација. Во многу трудови, резултатот се сведува на стапка на судир, завршување рута или број на прекршоци. Дисертацијата на кандидатот оди чекор подлабоко и го поставува прашањето што точно агентот замислува во моментите пред небезбедниот исход.

Оваа насока е актуелна и значајна затоа што претставувачките модели се една од најперспективните архитектури за учење во сложени секвенциски задачи. Тие овозможуваат агентот да планира врз замислени идни траектории, но токму затоа нивните грешки во имагинацијата можат да имаат директни безбедносни последици. Дисертацијата го препознава овој научен и инженерски проблем и предлага конкретна методологија за негово мерење.

Краток опис на применетите методи

Методологијата на истражувачката работа опфаќа анализа на постојната литература, формулирање на истражувачки хипотези, развој на симулациска експериментална платформа, тренирање на агент со поттикнувано учење со модел, сценариска евалуација и дијагностичка анализа на замислените проекции на агентот.

Во првата фаза е анализирана состојбата во областа на автономното возење, безбедноста на пешаците, поттикнуваното учење и претставувачките модели. Врз основа на оваа анализа е идентификуван истражувачкиот јаз: недостиг на систематска евалуација на агенти со модел во конфликтни пешачки сценарија и недостиг на методи за разбирање на нивните внатрешни планови.

Во втората фаза е поставена експериментална околина во CARLA. Околината работи во синхрон режим со физички чекор од 0.05 s, што обезбедува временска усогласеност меѓу симулацијата, сензорските податоци и акциите на агентот. Агентот е трениран во Town02, а генерализацијата се проверува во Town01. Рутите, сензорите, условите за терминација, наградата и конфигурацијата на DreamerV3 се систематски документирани.

Во третата фаза е развиена Библиотеката на конфликтни пешаци. Таа ја претвора симулацијата од номинална околина за возење во инструмент за безбедносен стрес-тест. Сценаријата се врзани за конфликтна точка на рутата и се активираат според приближувањето на возилото, а не според фиксен временски распоред. Овој дизајн овозможува повторливост и контролирано споредување на различни типови пешачко однесување.

Во четвртата фаза е спроведена евалуација со замрзнати тежини на агентот. Тоа значи дека за време на тестирањето нема дополнително учење и резултатите се својство на веќе научената полиса и нејзиниот претставувачки модел. Евалуацијата е поделена на Фаза 0, која ја мери основната способност за возење, и Фаза 1, која ја мери безбедноста при конфликтни пешачки средби.

Во петтата фаза е развиена и применета методологија за интроспекција на имагинацијата. Замислените проекции од претставувачкиот модел се класифицираат во интерпретабилни категории, а потоа се пресметуваат метрики за проактивност и поле на имагинација условено од состојбата. Со ова, кандидатот не се задоволува со надворешно набљудување на траекторијата, туку го анализира процесот на внатрешно планирање што довел до таа траекторија.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Истражувањето даде резултати на неколку нивоа. Прво, беше покажано дека основниот агент е компетентен возач во номинални услови. Тој успешно ја завршува рутата, генерализира на невидена карта и не е нарушен од пасивни пешаци. Овој резултат е важна контролна точка бидејќи ја издвојува конфликтната безбедност како посебен проблем, различен од основното следење на рута.

Второ, конфликтната евалуација покажа дека истиот агент е небезбеден при систематски конфликтни пешачки средби. Високите стапки на судир кај натрапникот и протестантот, како и значајната стапка на судир кај нерешителниот преминувач, покажуваат дека номиналната возачка компетентност не е доволна за безбедност во крајните случаи. Ова е еден од најважните резултати на трудот, бидејќи ја оправдува потребата од посебни конфликтни бенчмарци наместо потпирање само на стандардни сообраќајни распределби.

Трето, анализата покажа дека физичкиот капацитет за кочење постои, но се употребува доцна. Агентот може да кочи силно, но во многу ситуации почнува да го прави тоа кога TTC веќе е критично. Овој резултат го поместува објаснувањето од „агентот не може да управува“ кон „агентот не планира доволно рано“.

Четврто, имагинациската анализа покажа дека агентот делумно го гледа конфликтот во своите замислени иднини, но не создава доволно стабилна намера за избегнување. Ова е најсуштинскиот научен резултат на трудот. Неуспехот не е едноставна перцепциска слепост. Замислените проекции често го достигнуваат конфликтниот регион, но значаен дел од нив остануваат право низ конфликтот или ја менуваат намерата премногу брзо. Така, безбедносниот проблем е лоциран во квалитетот и стабилноста на претставувачкиот модел под распределбено поместување.

Петто, резултатите за протестантот откриваат особено важен механизам на неуспех. Бидејќи овој пешак останува локално ограничен во лентата, судирот не може лесно да се објасни со тоа дека пешакот ненадејно ја сменил траекторијата. Наместо тоа, резултатот укажува дека претставувачкиот модел веројатно има научено априорно верување дека пешаците ја расчистуваат рутата. Кога тоа верување е погрешно, агентот може да продолжи да замислува безбедна иднина иако реалната сцена останува опасна.

Шесто, во трудот е идентификуван и режим на дефанзивен застој. Во дел од епизодите агентот запира и станува непосредно безбеден, но не може да ја разреши ситуацијата затоа што неговиот краток хоризонт на имагинација не му овозможува да процени дали чекањето ќе ја расчисти пречката. Овој резултат е важен затоа што покажува дека безбедноста не се сведува само на избегнување судир, туку и на способност да се продолжи со задачата на рационален и предвидлив начин.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Стефан Златинов претставува современо и релевантно истражување во областа на автономното управување, поттикнуваното учење со модел и безбедноста на пешаците. Трудот обработува тема со јасна научна и практична важност, бидејќи безбедната интеракција со пешаци е еден од најтешките услови за реална примена на автономни возила во урбани средини.

Научната вредност на дисертацијата не е само во примената на познат алгоритам во симулација, туку во начинот на кој кандидатот го поставува и анализира проблемот. Наместо да ја мери само крајната успешност на агентот, трудот ја испитува врската меѓу надворешното однесување и внатрешната имагинација на претставувачкиот модел. Со тоа дисертацијата придонесува кон подобро разбирање на тоа како и зошто агентите со поттикнувано учење со модел може да не успеат во безбедносно критични ситуации.

Библиотеката на конфликтни пешаци претставува оригинален и практично корисен придонес. Таа не е само збир од сценарија, туку концептуална рамка за раздвојување на различни механизми на неуспех. Натрапникот, Нерешителниот преминувач и Протестантот поставуваат различни прашања до агентот: дали може да реагира брзо, дали може да ја ажурира својата претстава кога пешакот се двоуми и дали може да даде првенство кога пречката останува во лентата. Ова раздвојување овозможува појасни и посилни заклучоци отколку една агрегирана стапка на судир.

Методологијата за анализа на имагинацијата е втор значаен придонес. Таа ги претвора латентните проекции, кои инаку се тешки за толкување, во ознаки и метрики што може систематски да се анализираат. Овој пристап има потенцијал да се примени и надвор од конкретната дисертација, кај други агенти од класата Dreamer и кај други домени во кои постои јасно дефиниран конфликтен регион.

Резултатите од дисертацијата се внимателно интерпретирани. Кандидатот не тврди дека минималната награда е доволна за сигурна безбедност, ниту дека е испитан финален систем подготвен за реална примена. Напротив, главната сила на трудот е во тоа што покажува каде се наоѓа теснецот: во нестабилната и распределбено чувствителна имагинација на претставувачкиот модел. Овој заклучок е важен за идните истражувања, бидејќи насочува кон подобрување на тренинг-распределбата, претставувачкиот модел, хоризонтот на планирање и безбедносните метрики, наместо само кон засилување на реактивното кочење.

Според мислењето на Комисијата, докторската дисертација претставува оригинално научно истражување, има јасно дефиниран предмет на истражување, применува современи научни методи, содржи релевантни резултати и дава придонес во областа на автономното управување и поттикнуваното учење со модел. Трудот ги исполнува условите и стандардите за изработен докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија, меѓународни научни конференции, или во списание со фактор на влијание) следниве рецензирани истражувачки трудови поврзани со областа на дисертацијата:

[1]. Zlatinov, S., Nadzinski, G., Ojleska Latkoska, V., Stavrov, D., & Stankovski, M. (2026). Emergent Pedestrian Safety in a World-Model Driving Agent Under Adversarial Interaction Without Explicit Safety Rewards. Applied Sciences, 16(8), 3915. (IF: 2.4)

[2]. Zlatinov, S., Mizhimakoski, I., Nadzinski, G., & Stankovski, M. (2026). Imagined pedestrian encounters: analyzing world-model rollouts in a reinforcement learning driving agent. International Scientific Journals Industry 4.0, Vol. 11 (2026), Issue 2, pg(s) 58-62.

Кандидатот, како автор и коавтор, ги објавил и следните рецензирани истражувачки трудови во меѓународни научни списанија и меѓународни научни конференции:

[3]. Nadzinski, G., Gerazov, B., Zlatinov, S., Kartalov, T., Dimitrovska, M. M., Gjoreski, H., ... & Gams, M. (2023). Data Science and Machine Learning Teaching Practices with Focus on Vocational Education and Training. Informatics in Education, 22(4), 671-690. (IF: 2.8)

[4]. Hristov, B., Nadzinski, G., Latkoska, V. O., & Zlatinov, S. (2022, June). Classification of individual and combined finger flexions using machine learning approaches. In 2022 IEEE 17th International Conference on Control & Automation (ICCA) (pp. 986-991). IEEE.

[5]. Zlatinov, S., et.al., M. Machine Learning and Data Science Awareness and Experience in Vocational Education and Training High School Students, ETAI XV International Conference, 2021.
[6]. Zhivko Apostolovski, Filip Donchevski, Ognen Poposki, Ilin Toloski, Petar Totic, Stefan Zlatinov, Goran Stojanovski, *Predicting Demand Supply Gap for Taxi Service*, ETAI XIII International Conference, 2016.

Кандидатот го исполнува дополнителниот критериум за одбрана на докторски труд, утврден од Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Според законите на РС Македонија, трудот е внесен во базата на податоци на Министерството за образование и наука – plagijati.mon.gov.mk и врз основа на добиениот извештај, а и врз основа на нашите сознанија, трудот не претставува плагијат.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на докторската дисертација се:

- Развој на Библиотека на конфликтни пешаци како репродуцибилен и параметризиран бенчмарк во CARLA, составен од три дијагностички архетипови: натрапник, нерешителен преминувач и протестант. Библиотеката овозможува систематска евалуација на проактивната безбедност на пешаците под различни типови конфликтен притисок.
- Развој на методологија за интроспекција на претставувачки модел кај DreamerV3 агент, преку зачувување, декодирање и класификација на замислени проекции. Со ова, внатрешното планирање на агентот станува мерливо и може да се поврзе со надворешните безбедносни исходи.
- Воведување на метрики за проактивност и поле на имагинација условено од состојба, со кои се раздвојуваат конфликтна свесност, намера за избегнување, небезбедна упорност, стабилност на намерата, опасна тишина и доминантен режим на избегнување.
- Емпириска карактеризација на DreamerV3 агент, трениран со минимална награда за возачка компетентност, без експлицитни безбедносни членови за пешаци, и евалуиран врз конфликтни пешачки сценарија со замрзнати тежини.
- Дијагностицирање на главниот теснец во проактивната безбедност: не во основната способност за возење, туку во квалитетот, стабилноста и распределбената робусност на имагинацијата на претставувачкиот модел.
- Покажување дека номинална евалуација со висока стапка на завршување рута не е доволна за оценка на безбедноста на автономен агент, бидејќи ретките конфликтни пешачки ситуации откриваат режими на неуспех што остануваат скриени во просечни услови.

Со постигнатите резултати, кандидатот м-р Стефан Златинов покажал темелно познавање на проблематиката на дисертацијата, способност за самостојна научноистражувачка работа, вештина за развој на сложена симулациска и дијагностичка инфраструктура, како и способност за критичка интерпретација на резултати од современи системи базирани на длабоко учење. Трудот обработува актуелен проблем и дава оригинален придонес во полето на автономното управување, поттикнуваното учење со модел и безбедносната евалуација на интелигентни агенти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Стефан Златинов со наслов: „Проактивна безбедност на пешаците при автономно управување на возила преку учење со поттикнување базирано на модел“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска,
претседател, с.р.
Проф. д-р Миле Станковски, ментор, с.р.
Проф. д-р Даме Димитровски, член, с.р.
Проф. д-р Зоран Ивановски, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Горјан Нацински, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатена тема за изработка на докторски труд
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

Студиска програма: Електротехника и информациски технологии

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	М-р Нецибе Сејфули - Рамадани	Модел за проверливост и заштита на приватноста во системите за полнење електрични возила со blockchain-базиран доказ за полнење	Proof-of-Charge Blockchain-Based Model for Verifiability and Privacy Protection in Electric Vehicle Charging Systems	Проф. д-р Александар Ристески	02-905/14 од 20.5.2026 год.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски труд Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии

1. Интелигентни безжични системи

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Томе Трајков	Напредни антенски архитектури за идните 6G мрежи	Advanced antenna architectures for future 6G networks	Вон. проф. д-р Томислав Шуминоски	02-738/16 од 22.4.2026 год.

2. Податочна наука во електротехника и информациски технологии

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Анастасија Костовска	Автоматска селекција на значајни моменти во видео снимки од фудбалски натпревари со помош на длабоко учење	Automatic highlights selection in football match videos using deep learning	Вон. проф. д-р Христијан Ѓорески	02-738/17 од 22.4.2026 год.

3. Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Димитар Димитров	Подобрување на енергетската ефикасност на винарија преку поставување на фотоволтаична електрана	Improving the energy efficiency of a winery through the installation of a photovoltaic power plant	Проф. д-р Снежана Чундева	02-738/18 од 22.4.2026 год.

4. Проектен менаџмент

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Симона Бежаноски	Проектирање на фотоволтаична централа со батериски систем за складирање на електрична енергија поставена во објект и со ориентација на модулите исток и запад	Design of a Photovoltaic Power Plant with a Battery Energy Storage System Installed on a Building with East-West Module Orientation	Проф. д-р Димитар Димитров	02-738/19 од 22.4.2026 год.

5. Компјутерски мрежи - Интернет на нешта

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Јане Кекено-вски	Социјалниот инженеринг во сајбер безбедност: Човековиот фактор како најслаба алка во Cyber Kill Chain	Social Engineering in Cyber Security: The human factor as the weakest link in Cyber Kill Chain	Проф. д-р Марија Календар	02-738/20 од 22.4.2026 год.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ на 22.4.2026 година и „Коха“ на 24.4.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област генетика и селекција на земјоделски култури – 4.01.02.10, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-461/2-3, донесена на 22.5.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Мирјана Јанкуловска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област генетика и селекција на земјоделски култури – 4.01.02.10, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Надица Сандева Атанасова.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Надица Сандева Атанасова е родена на 24.2.1990 година во Радовиш. Средно образование завршила во гимназијата „Коста Сусинов” во родниот град. Дипломирала на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на 9.10.2012 година, со просечен успех 9,02, при што се стекнала со звањето дипломиран земјоделски инженер.

На 11.5.2016 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, го одбранила магистерскиот труд на тема: „Молекуларна карактеризација на гени поврзани со квалитетните својства кај македонски генотипови пченица (*Triticum aestivum L.*)“ и се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки, со просечен успех 9,67.

Докторскиот труд го пријавила на 11.9.2024 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје на тема: „Карактеризација и утврдување на генетска варијабилност помеѓу македонски локални популации везена пиперка“, а го одбранила на 24.3.2026 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (претседател), проф. д-р Мирјана Јанкуловска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (ментор), доц. д-р Мирела Кајкут Зељковиќ, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Бања Лука, Босна и Херцеговина (член), проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, (член) и проф. д-р Емилија Симеоновска, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје (член). Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на земјоделски науки.

Кандидатката го има следното работно искуство: од 2014 до 2018, работела во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), Сектор за контрола на терен, а во периодот од 2012 до 2016, била ангажирана како демонстратор на Катедрата за генетика и селекција на ФЗНХ, каде што ги одржувала вежбите по предметот Генетика.

Од 26.12.2018 година е вработена на Факултетот за земјоделски науки и храна како асистент по предметите: Генетика, Современи генетски методи и Селекција на растенијата. Последниот реферат за избор во соработничко звање е објавен во Билтен бр. 1270 од 15.10.2022 година.

Таа, со своето работно искуство, дава голем придонес во изведувањето на наставно-образовната дејност.

Од приложената документација може да се констатира дека кандидатката активно го владее англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид сите научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката, од почетокот на нејзината кариера, како и сите нејзини научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на поднесената документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ, кандидатката д-р Надица Сандева Атанасова изведува вежби по предметите: Генетика, Современи генетски методи и Селекција на растенијата со студентите на прв циклус универзитетски студии на студиските програми: Агроекологија, Агроекономика, Анимално производство, Градинарство и цвеќарство, Заштита на растенијата – фитомедицина, Квалитет и безбедност на храна, Овоштарство, лозарство и винарство, Поледелство, Производство и преработка на земјоделски производи и храна и Хортикултура.

Теоретските и практичните вежби ги изведува редовно, со голема одговорност и професионалност. Има коректен однос со студентите и успешно им го пренесува знаењето од овие наставни дисциплини.

Кандидатката активно ги надградувала педагошката и стручната компетентност преку учество на тренинг-курсеви, летни школи, работилници и професионални обуки од областа на фенотипизацијата, генотипизацијата, молекуларните маркери, мутациската селекција и биотехнолошките пристапи во подобрување на растенијата и други области. Во таа насока има учествувано на 14 меѓународни и една национална обука.

Научноистражувачка дејност

Покрај ангажираноста во наставата, д-р Надица Сандева Атанасова е вклучена и во научноистражувачката дејност. Нејзиниот пристап во реализацијата на разни задачи од научноистражувачката дејност е исклучително сериозен и темелен. Како резултат на досегашната научноистражувачка работа, како автор или коавтор, има објавено вкупно 9 научни труда од соодветната област, и тоа: 8 научни труда во меѓународни научни списанија (4 труда во списанија индексирани во меѓународни електронски бази – Scopus, Web of Science, EBSCO и 4 труда во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор) и 1 труд во зборник на трудови на високообразовна установа. Покрај тоа, кандидатката е коавтор на една монографија.

Како автор или коавтор, кандидатката има објавено 5 апстракти во зборници на меѓународни конференции.

Кандидатката учествувала во реализација на 2 национални и 9 меѓународни проекти. Исто така, таа учествувала на меѓународни научни собири, одржани во земјава и во странство, и тоа на 6 научни/стручни собири со реферат (усна презентација) и 2 научни/стручни собира со реферат (постер).

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Надица Сандева Атанасова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за земјоделски науки и храна, како и во дејности од поширок интерес.

Стручно усовршување во странство остварила со студискиот престој на Институтот за градинарски култури „Марица“, Пловдив, Бугарија, и на Институтот за генетски ресурси при Универзитетот во Бања Лука, Босна и Херцеговина, со цел усовршување во областа на фенотипизација и генотипизација на растителни генетски ресурси, реализирано во рамки на проектот „Истражување на диверзитетот на

генетските ресурси кај зеленчуковите култури во БиХ и Северна Македонија“, во времетраење од една година.

Активно е вклучена во работата на следниве комисии на Факултетот:

• Комисија за спорт и студентски активности;
• Комисија за дисциплински мерки.

Кандидатката е активен член на Секретаријатот на 5. Меѓународен симпозуум за земјоделство и храна – ISAF 2025.

Кандидатката д-р Надица Сандева Атанасова учествувала во работата на комисии за државни натпревари: член на стручна комисија на 52. Државен тракторски натпревар за ученици од земјоделско-ветеринарската и шумарската струка и член на комисија на национален натпревар за најдобра ученичка компанија, организиран од Џуниор ачивмент Македонија.

Исто така, кандидатката редовно учествува во промотивните активности на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Кандидатката д-р Надица Сандева Атанасова придонесува за заштита на агробиодиверзитетот во Македонија, и во таа насока активно е вклучена во процесот на собирање, колекционирање, зачувување и валоризација на автохтони сорти од земјоделски култури во нашата земја. Член е на Мрежата за агробиодиверзитет, каде што учествува во активности насочени кон промоција и подигнување на јавната свест за значењето на растителниот агробиодиверзитет и автохтоните сорти.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Надица Сандева Атанасова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Рецензентската комисија заклучи дека д-р Надица Сандева Атанасова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област генетика и селекција на земјоделски култури.

Според гореизнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатката д-р Надица Сандева Атанасова да биде избрана во звањето доцент во научната област генетика и селекција на земјоделски култури.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мирјана Јанкуловска, с.р.
Проф. д-р Соња Ивановска, с.р.
Проф. д-р Гордана Попсимонова, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Надица Сандева Атанасова
Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
Научна област: генетика и селекција на земјоделски култури (4.01.02.10)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,02. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,67.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: генетика и селекција на земјоделски култури. Поле: земјоделство, шумарство и рибарство. Подрачје: земјоделски и ветеринарни науки.	ДА
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 9. Назив на научното списание: Macedonian Journal of Ecology and Environment 10. Назив на електронската база на списанија: Web of Science: Biological Abstracts, BIOSIS Previews, Zoological Record 11. Наслов на трудот: Variability of fruit traits in Macedonian embroidered pepper genotypes. 12. Година на објава: 2021	ДА
3.1.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Macedonian Journal of Ecology and Environment	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science: Biological Abstracts, BIOSIS Previews, Zoological Record 3. Наслов на трудот: Pre breeding assessment of Macedonian wheat germplasm diversity and yielding potential. 4. Година на објава: 2023	
3.1.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Acta Horticulturae 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: Morphological variability of seed qualitative and quantitative traits in Macedonian runner bean local cultivars 4. Година на објава: 2021	ДА
3.1.4	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Acta Horticulturae 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: Genetic diversity of Macedonian embroidered pepper (Capsicum spp.) based on fruit morphological traits. 4. Година на објава: 2021	ДА
3.2.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: JAFES 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови – 32, Македонија – 8, Србија – 7, Хрватска – 5, БиХ – 3, Бугарија – 2, Словенија – 2, Црна Гора – 2, Германија – 1, Австрија – 1, Албанија) 3. Наслов на трудот: Development and early generation evaluation of gamma induced variability in dry bean (Phaseolus vulgaris L.). 4. Година на објава: 2025	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.2.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: JAFES 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови – 32, Македонија – 8, Србија – 7, Хрватска – 5, БиХ – 3, Бугарија – 2, Словенија – 2, Црна Гора – 2, Германија – 1, Австрија – 1, Албанија) 3. Наслов на трудот: Induced mutagenesis for yield component variability in winter wheat: evaluation of gamma irradiation doses in the M3 generation 4. Година на објава: 2025	ДА
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 21. Странски јазик: англиски 22. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик на ниво В2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) 23. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ 24. Датум на издавање на документот: 17.4.2026	ДА
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мирјана Јанкуловска, с.р.
Проф. д-р Соња Ивановска, с.р.
Проф. д-р Гордана Попсимонова, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Надица Коле Сандева Атанасова
Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
Научна област: Генетика и селекција на земјоделски култури – 4.01.02.10

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на вежби – прв циклус студии	
1.	Генетика 2018/2019 (летен), 2019/2020 (летен), 2020/2021 (летен), 2021/2022 (летен), 2022/2023 (летен), 2023/2024 (летен), 2024/2025 (летен), 2025/2026 (летен) (2x15x0,03)*8x2	14,4
2.	Современи генетски методи 2019/2020 (зимски), 2020/2021 (зимски), 2021/2022 (зимски), 2022/2023 (зимски), 2023/2024 (зимски), 2024/2025 (зимски), 2025/2026 (зимски) (2x15x0,03)*7	6,3
3.	Селекција на растенијата 2023/2024 (зимски), 2023/2024 (летен), 2024/2025 (зимски), 2024/2025 (летен),2025/2026 (зимски), 2025/2026 (летен) (2x15x0,03)*6	5,4
	Настава во работилници – учесник	
1.	Diversity of Agricultural Crops Missed opportunity or revived hope, организиран од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, 10.6.2021	1
2.	Training course on Advanced phenotyping, STATE OF ART TOOLS AND APPROACHES IN PLANT PHENOTYPING, part of ECOBREED (increasing the efficiency and competitiveness of organic crop breeding) a European Union Horizon 2020 project, leaded by the Agricultural Institute of Slovenia (KIS), 24-25.05.2021.	1
3.	Regional training course on plant mutation breeding and efficiency enhancing techniques to increase resilience to climate change, held from IAEA Headquarters, Vienna, Austria, Virtual event, 14-24.06.2021.	1
4.	Summer Field School Mountain Ecosystems and Resource Management, organized by The Grassroots Institute, Canada, Virtual event, 19-28.9.2021.	1
5.	Regional training course on plant mutation breeding and associated biotechnologies, held from IAEA Headquarters, Vienna, Austria, Virtual event, 06-10.12.2021.	1
6.	Virtual Workshop on Innovative Biotechnologies and Regulatory Approaches, organized by The Department of State and the United States Department of Agriculture’s Foreign Agricultur al Service at the U.S. Embassy in Rome, 08-09.06.2021.	1
7.	Virtual Workshop on Capsicum conservation strategy, organized by World Vegetable Center, Taiwan,11.01.2022.	1

8.	Regional training course on molecular techniques for crop improvement of mutant populations held from IAEA Headquarters, Vienna, Austria, Virtual event, 01-05.08.2022.	1
9.	Training Course on Mutation Breeding and Associated Biotechnologies for Crop Improvement held from IAEA Headquarters, FASF, Skopje, North Macedonia, 31.08.- 04.09.2022.	1
10.	Regional training course on field experimental design and data analysis for the advancement of mutant populations held from IAEA Headquarters, Vienna, Austria, Virtual event, 21. 11-02.12.2022.	1
11.	Summer Field School on Mountain Ecosystems & Resource Management, organized by The Grassroots Institute in Bükk National Park in Hungary, Virtual participation, 10- 20.09.2023.	1
12.	3rd joint MAAA MAME Workshop for young scientists on publishing ethics and writing scientific papers, held from MAAA and MAME at the Faculty of Philosophy Ss Cyril and Methodius University Skopje,15.06.2023.	1
13.	Regional Training Course on Molecular Markers and Tilling Applications for Crops Improvement, Katowice, Poland, from 25 September to 6 October 2023	1
	Вкупно	39,1

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Учесник во национални научни проекти	
1.	Проучување на можностите за интензивирање на производството на цреши, Факултет за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 1.1.2020 – 31.12.2021	3,0
2.	Валоризација и промоција на агробиодиверзитетот кај македонски локални популации грав, финансиран од GIZ (2021)	3,0
	Учесник во меѓународни научни проекти	
1.	Characterization and utilization of advanced wheat mutant lines for food and feed financed by IAEA (2012- 2017)	5,0
2.	Genome wide diversity analysis of Balkan, Caucasian and Central Asian wheat for sustainable bread wheat production financed by SCOPES (2014-2018)	5,0
3.	Grain legume genetic resources and their potential use for sustainable agriculture, Ministry of Education and Science (2017-2018)	5,0
4.	Genetic improvement of Cucurbits and their potential use for new breeding programs, Ministry of Education and Science (2018-2019)	5,0
5.	Enhancing productivity and resilience to climate change of major food crops in Europe and Central Asia, financed by IAEA (2020-2024)	5,0
6.	Improving dry bean productivity and drought tolerance by use of nuclear techniques for induced mutations, financed by IAEA (2022-2026)	5,0
7.	Collection, multiplication and characterization of plant genetic resources, financed by CGN (2022-)	5,0
8.	Research on the diversity of vegetable genetic resources in BiH and North Macedonia, Grant of Ministry of Civil Affairs of Bosnia and Herzegovina (2024-2026)	5,0
9.	Supporting Member States in Enhancing Agrifood Systems RE R5030, financed by IAEA (2026-2030)	5,0
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт	

	фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	
1.	Sandeva Atanasova, N ., Ivanovska, S., & Jankulovska, M. (2021). Variability of fruit traits in Macedonian embroidered pepper genotypes. Macedonian Journal of Ecology and Environment 23 (1), 17-23.	4,0
2.	Sandeva Atanasova, N. N., Jankulovska, M. and Ivanovska, S. (2021). Genetic diversity of Macedonian embroidered pepper (*Capsicum* spp.) based on fruit morphological traits. Acta Hortic. 1320, 33-40	4,0
3.	Jankulovska, M., Ivanovska, S. and Sandeva Atanasova, N . (2021). Morphological variability of seed qualitative and quantitative traits in Macedonian runner bean local cultivars. Acta Hortic. 1320, 41-48	4,0
4.	Ivanovska S., Jankulovska M., Boshev D., Sandeva Atanasova N. (2023). Pre breeding assessment of Macedonian wheat germplasm diversity and yielding potential. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 25(2): 119-124.	3,0
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	
1.	Jankulovska M., Ivanovska S., Sandeva Atanasova N., (2019): Macedonian Autochthonous Varieties: Embroidered Peppers (*Capsicum annuum* L.). JAFES 73(2): 75-82.	4,0
2.	Sandeva Atanasova N., Jankulovska Mirjana, Jankuloski Ljupcho, Ivanovska Sonja, Bosev Dane. (2019). Molecular Characterization of Genes for Quality Traits in Macedonian Wheat Genotypes (*Triticum aestivum* L.) L.). JAFES 73(3): 46-54.	3,0
3.	Jankulovska, M., Sandeva Atanasova, N., Kuzmanovska, B., Ivanovska, S., Kajkut Zeljković, M. (2025). Development and early generation evaluation of gamma induced variability in dry bean (*Phaseolus vulgaris* L.). Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, Vol 79, No 1, 20-28	3,0
4.	Kajkut Zeljković, M., Umićević, S., Ducanović, D., Antić, M., Ilić, P., Krmpot, T., Lolić, B., Radulović, D., Sandeva Atanasova, N., Jankulovska M. (2025). Induced mutagenesis for yield component variability in winter wheat: evaluation of gamma ir radiation doses in the M3 generation. Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, Vol 79, No 1, 10-19	3,0
	Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа	
1.	Сандева Надица (2013): Генетски трансформации кај декоративни растенија. JAFES 61 : 86-97 .	2,0
	Монографија	
1.	Ивановска С., Јанкуловска М., Сандева Атанасова Н. Македонско непроценливо наследство: генетски диверзитет на грав (*Phaseolus* sp.): каталог, Скопје 2021, Македонско еколошко друштво, 96 стр. (објавена на македонски, англиски и албански јазик).	6,4

	Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција	
1.	Ivanovska, S., Jankulovska, M., & Sandeva Atanasova, N. (2025). SNP-based diversity assessment of Macedonian local varieties of cucumber (*Cucumis sativus* L.). Book of Abstracts, 5th International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia, p. 251. Genetics, Breeding and Genetic Resources.	1
2.	Jankulovska, M., Sandeva Atanasova, N., & Ivanovska, S. (2025). SNP-based association and candidate genes for a novel deviation from the typical trifoliate leaf trait in *Phaseolus coccineus*. Book of Abstracts, 5th International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia, p. 252. Genetics, Breeding and Genetic Resources.	1
3.	Knezovikj, M., Sandeva Atanasova, N., Ivanovska, S., Kuzmanovska, B., & Jankulovska, M. (2025). Genetic diversity of Macedonian watermelon local varieties based on SNP analysis. Book of Abstracts, 5th International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia, p. 253. Genetics, Breeding and Genetic Resources.	1
4.	Sandeva Atanasova, N., Ivanovska, S., & Jankulovska, M. (2025). Determination of genetic diversity of Macedonian mild embroidered pepper genotypes based on qualitative traits. Book of Abstracts, 5th International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia, p. 254. Genetics, Breeding and Genetic Resources.	1
5.	Boshev, D., Ivanovska, S., Jankulovska, M., & Sandeva Atanasova, N. (2025). Quality of mixed flour depending of wheat variety. Book of Abstracts, 5th International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia, p. 123, Food Quality and Safety.	1
	Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација	
1.	Sandeva Atanasova, N., Jankulovska, M. and Ivanovska, S. (2021). Genetic diversity of Macedonian embroidered pepper (*Capsicum* spp.) based on fruit morphological traits. Oral Presentation, VIII South Eastern Europe Symposium on Vegetables and Potatoes, organized by ISHS, 24–26.9.2021, Ohrid, Macedonia.	1
2.	Jankulovska, M., Ivanovska, S. and Sandeva Atanasova, N. (2021). Morphological variability of seed qualitative and quantitative traits in Macedonian runner bean local cultivars. Oral Presentation, VIII South Eastern Europe Symposium on Vegetables and Potatoes, organized by ISHS, 24–26.9.2021, Ohrid, Macedonia.	1
3.	Sandeva Atanasova, N., Ivanovska, S., & Jankulovska, M. (2025). Determination of genetic diversity of Macedonian mild embroidered pepper genotypes based on qualitative traits. 5th International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia. Oral Presentation, Genetics, Breeding and Genetic Resources.	1
4.	Ivanovska, S., Jankulovska, M., & Sandeva Atanasova, N. (2025). SNP-based diversity assessment of Macedonian local varieties of cucumber (*Cucumis sativus* L.), 5th International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia. Oral Presentation, Genetics, Breeding and Genetic Resources.	1
5.	Jankulovska, M., Sandeva Atanasova, N., & Ivanovska, S. (2025). SNP-based association and candidate genes for a novel deviation from the typical trifoliate leaf trait in *Phaseolus coccineus*. 5th International Symposium for	1

	Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia. Oral Presentation, Genetics, Breeding and Genetic Resources.	
6.	Knezovikj, M., Sandeva Atanasova, N., Ivanovska, S., Kuzmanovska, B., & Jankulovska, M. (2025). Genetic diversity of Macedonian watermelon local varieties based on SNP analysis. 5th International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia. Oral Presentation, Genetics, Breeding and Genetic Resources.	1
	Учество на научен/стручен собир со реферат – постер	
1.	Boshev, D., Ivanovska, S., Jankulovska, M., & Sandeva Atanasova, N. (2025). Quality of mixed flour depending of wheat variety. 5th International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2025, 8-10 October 2025, Ohrid, Macedonia. Poster Presentation, Food Quality and Safety.	0,5
2.	Ivanovska S., Jankulovska M., Boshev D., Sandeva Atanasova N. (2023). Pre breeding assessment of Macedonian wheat germplasm diversity and yielding potential. 6th Congress of ecologists of the Republic of North Macedonia, with international participation	0.5
	Вкупно	99,4

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
Дејности од поширок интерес		
	Студиски престој во странство – до 3 месеци	
1.	Стручно усовршување на Институтот за градинарски култури „Марица“, Пловдив, Бугарија, 4.7 – 8.7.2024.	0,5
	Студиски престој во странство – повеќе од 6 месеци	
1.	Стручно усовршување на Институтот за генетски ресурси при Универзитетот во Бања Лука, во рамки на проектот: Истражување на диверзитетот на генетски ресурси од зеленчук во Босна и Херцеговина и Северна Македонија, 14.4.2025 – 14. 4 .2026	2,0
	Учество во промотивни активности на Факултетот	
1.	Промоција на ФЗНХ низ средните училишни центри во Република Македонија – 2018/2019; 2019/2020; 2020/21; 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026= 7*0,5	3,5
	Член на факултетска комисија	
1.	Член на Комисија за спорт и студентски активности	0,5
2.	Член на Комисија за дисциплински мерки	0,5
	Учество во работата на комисии за државни натпревари	
1.	Член на стручна комисија на 52. Државен тракторски натпревар за ученици од сите стручни училишта од земјоделско-ветеринарската и шумарската струка, на 15.5.2024 година, во организација на Здружението ТЕРА-ФИТОН-АНИМАЛ во СОУ „Цар Самоил“ во Ресен	1
2.	Член на комисија на национален натпревар за најдобра ученичка компанија, одржан на 7.5.2025, во организација на Џуниор ачивмент Македонија	1
	Вкупно	9

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	39,1
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	99,4
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	9
Вкупно	147,5

Членови на Комисијата

Проф. д-р Мирјана Јанкуловска, претседател, с.р.
Проф. д-р Соња Ивановска, член, с.р.
Проф. д-р Гордана Попсимонова, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 23 мај 2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски науки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет донесена на 11 јуни 2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ана Мадевска Богданова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател), д-р Невена Ацковска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и д-р Миле Јованов, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски науки, во предвидениот рок се пријави само кандидатот Емил Станков, доктор по природно-математички науки, специјалност информатика, и доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Емил Станков е роден на 7 септември 1982 година, во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнал на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 1 ноември 2007 година, со просечен успех 8,8.

Во летниот семестар на учебната 2007/2008 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на насоката Инженерство на интелигентни системи на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2013 година, со просечен успех 9,83. На 2 септември 2013 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Оценување на перформанси на програмски кодови преку методи на податочно рударење* и се стекнал со титулата магистер по информатички науки.

Во октомври 2013 година, кандидатот се запишал на трет циклус студии, односно докторски студии на студиската програма Информатика при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторска дисертација пријавил во декември 2015 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Дисертацијата на тема: *Паметно генерирање на прашања за програмски јазици* ја одбранил на 18 октомври 2021 година, пред Комисија во состав: д-р Невена Ацковска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Ана Мадевска Богданова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Марјан Гушев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Миле Јованов, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Азир Алиу, вонреден професор на Факултетот за современи науки и технологии, Универзитет на Југоисточна Европа во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор по природно-математички науки, специјалност: информатика.

Во 2004 година е ангажиран како демонстратор, а во 2008 година како стручен соработник на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за подготовка и изведување аудиториски и лабораториски вежби по предметите од Институтот.

Почнувајќи од зимскиот семестар на учебната 2011/2012, ангажиран е како соработник на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за подготовка и изведување аудиториски и лабораториски вежби.

Во февруари 2014 година е избран за асистент докторанд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во областа информатика и компјутерско инженерство.

Во декември 2021 година е избран во звањето доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

Во моментот е доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1250 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од 1 декември 2021 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а солидно ги познава српскиот и бугарскиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1070 од 1 февруари 2014 година и Билтен бр. 1250 од 1 декември 2021 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатот д-р Емил Станков изведува настава и вежби на прв циклус студии на сите студиски програми, како и настава на втор циклус студии на сите студиски програми.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 18 дипломски трудови и 1 магистерски труд, а бил и ментор на 1 дипломски труд.

Кандидатот е автор на рецензиран учебник под наслов: „Учебник по предметот Програмирање за I година“, за математичко-информатичка гимназија, Министерство за образование и наука, Скопје, 2022 (трет автор).

Научноистражувачка дејност

Во извештајниот период, д-р Емил Станков има објавено вкупно 11 научноистражувачки трудови од сите наставно-научни области од наставно-научното поле компјутерски и информациски науки, од кои 1 научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), 9 труда во зборници на рецензирани трудови од научни/стручни собири (меѓународни и национални) и 1 труд објавен како дел од монографија во странство. Дополнително, кандидатот има објавено и 2 апстракта во зборници на меѓународни конференции.

Кандидатот учествувал на 10 научно-стручни собири со реферат – усна презентација. Тој водел 2 национални научни проекта, а активно учествувал во други 7 национални и во 2 меѓународни научни проекта во извештајниот период.

Д-р Емил Станков бил рецензент на 16 научни труда за меѓународни научни конференции и собири.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Емил Станков е активно вклучен во стручно-апликативната работа. Тој долги години работи на спроведување на државните натпревари по информатика за основно и средно образование и подготовка на учениците за успешно учество на интернационалните натпревари.

И во извештајниот период, тој продолжил со интензивната активност на ова поле, како резултат на што се големиот број на освоени медали на интернационалните натпревари.

Кандидатот бил редовен член/претседател на Комисијата за државни натпревари по информатика за средно образование, како и член/претседател на Комисијата за Македонска олимпијада по информатика за учениците од средните училишта. Исто така, д-р Станков бил член/претседател и на Комисијата за Државен натпревар по информатика за основно образование, како и член/претседател на Комисијата за Државен натпревар по работа со компјутер и основи на програмирање за учениците од основните училишта, во 2022 година.

Бил член на жири-комисија на вкупно 19 меѓународни натпревари: Балканска олимпијада по информатика – БОИ (4 пати), Интернационална олимпијада по информатика – ИОИ (4), Јуниорска балканска олимпијада по информатика – ЈБОИ (2), Европска јуниорска олимпијада по информатика – ЕЈОИ (1), Европска олимпијада по информатика за девојки – ЕОИД (5), Интернационална олимпијада по вештачка интелигенција – ИОВИ (2) и International Advanced Tournament in Informatics – IATI (1).

Кандидатот има изработено вкупно 3 софтверски пакети. Учествувал во изготвувањето и пријавувањето на вкупно 9 национални научни проекти, во позиција на носител (2), односно соработник (7).

Во рамки на Факултетот, кандидатот бил член на Комисијата за попис во 2021 година, член на Комисијата за уписи во учебната 2022/2023 година, како и член на комисијата за избор на ректор на УКИМ во 2026 година.

Д-р Станков бил претседател на организациониот одбор на 2 меѓународни научно-стручни собира и уредник на зборникот на трудови од еден од нив. Бил и член на програмскиот одбор на 6 меѓународни научно-стручни собири и член на организациониот одбор на 3 меѓународни научно-стручни собири, во извештајниот период.

Кандидатот д-р Станков бил член на стручни тимови за изработка на наставни програми по предметот Техничко образование и информатика за VI, VII, VIII и IX одделение на деветгодишното основно образование во 2023/2024 година, како и за изработка на наставна програма по предметот Информатика за II година на гимназиското образование во 2026 година, Биро за развој на образование, Скопје, Македонија.

Член е на Извршниот одбор на Здружението на информатичари на Македонија од 2009 година.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Емил Станков доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство согласно со Извештајот за самоевалуација на Факултетот.

Оценка на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот д-р Емил Станков

Од Анексот кон Извештајот за избор во наставно-научно звање, може да се види дека кандидатот д-р Емил Станков има 101,566 поени од наставно-образовната дејност, 97,0 поени од научноистражувачката дејност и 88,6 поени од стручно-апликативната дејност, или вкупно 287,166 поени. Според ова, д-р Емил Станков има значително поголем број на поени од минималниот број на поени потребен за избор во звањето за кое конкурира.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Емил Станков.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Емил Станков поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научната област компјутерски науки.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Емил Станков да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научната област компјутерски науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Мадевска Богданова, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Невена Ацковска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Миле Јованов, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Емил Панче Станков
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Научна област: НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ КОМПЈУТЕРСКИ И ИНФОРМАЦИСКИ НАУКИ

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус Просечниот успех на прв циклус изнесува: **8,8** Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,83**	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **информатичка едукација и развој на информациски технологии;** поле: **информатика;** подрачје: **природно-математички науки**.	да
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 3.1.1 13. Назив на научното списание: **Computer Applications in Engineering Education, vol. 31, no. 1 (IF: 2.2)** 14. Назив на електронската база на списанија: **Scopus, Journal Citation Report, Web of Science, COMPENDEX, DBLP Computer Science Bibliography, INSPEC** 15. Наслов на трудот: **„Smart Generation of Code Tracing Questions for Assessment in Introductory Programming“**	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	16. Година на објава: **2023**	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 3.5.1 6. Назив на зборникот: **INTED2022 Proceedings** 7. Назив на меѓународниот собир: **The 16th annual International Technology, Education and Development Conference (INTED 2022)** 8. Имиња на земјите: **Јапонија, САД, Италија, Германија итн.** 9. Наслов на трудот: **„Overcoming the Challenges of Distance Learning During the COVID-19 Pandemic in Macedonia: What Can We Learn from the Neighboring Countries?“** 10. Година на објава: **2022** 3.5.2 1. Назив на зборникот: **EDULEARN2023 Proceedings** 2. Назив на меѓународниот собир: **The 15th annual International Conference on Education and New Learning Technologies (EDULEARN 2023)** 3. Имиња на земјите: **Бразил, Израел, Литванија, Канада, САД, Малезија итн.** 4. Наслов на трудот: **„Teachers' Survey on the Teaching of Computing as a Compulsory Subject for Pupils of Age 8“** 5. Година на објава: **2023** 3.5.3 1. Назив на зборникот: **EDULEARN2023 Proceedings** 2. Назив на меѓународниот собир: **The 15th annual International Conference on Education and New Learning Technologies (EDULEARN 2023)** 3. Имиња на земјите: **Бразил, Израел, Литванија, Канада, САД, Малезија итн.** 4. Наслов на трудот: **„Breaking Down GeoGebra: Two Dimensions of the GeoGebra Software Application“** 5. Година на објава: **2023** 3.5.4 1. Назив на зборникот: **Proceedings of the 22nd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2025)** 2. Назив на меѓународниот собир: **The 22nd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2025)**	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	3. Имиња на земјите: **Ерменија, Португалија, Италија, Србија, САД итн.** 4. Наслов на трудот: **„Exploring the Educational Potential of Virtual Reality and Mixed Reality: Immersive Learning, Student Engagement, and Knowledge Retention“** 5. Година на објава: **2025** 3.5.5 1. Назив на зборникот: **INTED2026 Proceedings** 2. Назив на меѓународниот собир: **The 20th annual International Technology, Education and Development Conference (INTED 2026)** 3. Имиња на земјите: **Швајцарија, Шведска, Италија, САД, Мексико, Германија, Финска итн.** 4. Наслов на трудот: **„Computational Thinking in Education: Core Concepts, Pedagogical Strategies, and Curriculum Integration Models“** 5. Година на објава: **2026** 3.5.6 1. Назив на зборникот: **ICT Innovations 2025, Proceedings. AI and the Digital Frontier: Reshaping Modern Society Through Technology and Computer Science. Springer** 2. Назив на меѓународниот собир: **17th International Conference, ICT Innovations 2025** 3. Имиња на земјите: **Австрија, Холандија, Италија, Словенија, САД итн.** 4. Наслов на трудот: **„Virtual Reality vs Traditional Lectures: A Comparative Study on Student Performance and Engagement“** 5. Година на објава: **2026**	
4	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум: 23.12.2021 по објава во Билтен бр. 1250	да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Мадевска Богданова, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Невена Ацковска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Миле Јованов, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Емил Панче Станков
Институција: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Научна област: НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ КОМПЈУТЕРСКИ И ИНФОРМАЦИСКИ НАУКИ

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ[1]

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на настава – прв циклус (Прилог 1)	55,43
2	Одржување на настава – втор циклус (Прилог 1)	15,90
3	Консултации со студенти – прв циклус (Прилог 1)	6,922
4	Консултации со студенти – втор циклус (Прилог 1)	0,014
5	Подготовка на нов предмет – предавања (12*1) (Прилог 1)	12,0
6	Подготовка на нов предмет – вежби (10*0,5) (Прилог 1)	5,0
7	Ментор на дипломска работа (1*0,2)	0,2
8	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (18*0,1)	1,8
9	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (1*0,3)	0,3
10	Настава во школи и работилници – учесник (4*1) (Прилог 1)	4,0
	Вкупно	**101,566**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ[2]

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (Прилог 2)	8,6
2	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (Прилог 2)	25,0
3	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (Прилог 2)	1,6
4	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција (Прилог 2)	2,0
5	Дел од монографија објавен во странство (Прилог 2)	3,6
6	Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација (10*1) (Прилог 2)	10,0

[1] Деталите се дадени во Прилог 1.
[2] Деталите се дадени во Прилог 2.

7	Рецензија на научен/стручен труд (16*0,2) (Прилог 2)	3,2
8	Раководител на национален научен проект (2*6) (Прилог 2)	12,0
9	Учесник во национален научен проект (7*3) (Прилог 2)	21,0
10	Учесник во меѓународен научен проект (2*5) (Прилог 2)	10,0
	Вкупно	**97,000**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ[3]

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Основен школски или средношколски учебник – коавтор (Прилог 3)	6,0
2	Учество во работата на комисии за државни натпревари (Прилог 3)	12,0
3	Член на меѓународна жири-комисија (Прилог 3)	38,0
4	Изработка на нов софтверски пакет (Прилог 3)	6,0
Дејности од поширок интерес		
1	Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (Прилог 3)	4,0
2	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (Прилог 3)	9,0
3	Член на факултетска комисија (Прилог 3)	1,5
4	Учество во комисии и тела на државни и други органи (Прилог 3)	5,0
5	Член на управен одбор на здружение поврзано со струката (Прилог 3)	0,6
6	Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир (Прилог 3)	1,0
7	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (2*1 + 7*0.5) (Прилог 3)	5,5
	Вкупно	**88,600**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	101,566
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	97,000
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	88,600
Вкупно	**287,166**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Мадевска Богданова, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Невена Ацковска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Миле Јованов, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

[3] Деталите се дадени во Прилог 3.

Прилоī 1

Наставно-образовна дејност

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на д-р Емил Станков во периодот од октомври 2021 до јуни 2026

Одржување на настава – прв циклус								
Година	**Семестар**	**Предмет**	**Часови предавања/неделно**	**Часови вежби/неделно**	**Часови лаб. вежби/неделно**	**Студенти**	**Поени**	
							Одржување предавања/вежби	**Консултации со студенти**
2025/2026	Летен	Дискретна математика	3	0	0	14	1,8	0,028
		Објектно-ориентирано програмирање	2	0	0	159	1,2	0,318
		Персонализирано учење	2	2	1	15	2,55	0,03
	Зимски	Математика 1	3	0	0	206	1,8	0,412
		Професионални вештини	1,5	0	0	53	0,9	0,106
		Програмски парадигми	0	1	2	68	1,35	0,136
2024/2025	Летен	Математика 2	3	0	0	178	1,8	0,356
		Објектно-ориентирано програмирање	2	0	0	273	1,2	0,546
		Персонализирано учење	1	1	0,5	5	1,275	0,01
	Зимски	Математика 1	3	0	0	160	1,8	0,32
		Структурно програмирање	1	0	0	129	0,6	0,258
		Програмски парадигми	1	0,5	1	37	1,275	0,074
2023/2024	Летен	Математика 2	3	3	0	153	3,15	0,306
		Објектно-ориентирано програмирање	2	2	0	149	2,1	0,298
	Зимски	Математика 1	6	0	0	164	3,6	0,328
		Структурно програмирање	2	2	0	162	2,1	0,324
		Програмски парадигми	1	0,5	1	34	1,275	0,068
2022/2023	Летен	Дискретна математика	4,5	3	0	214	4,05	0,428
		ИКТ во образованието	0	1	2	27	1,35	0,054
	Зимски	Калкулус	3	0	0	145	1,8	0,29
		Структурно програмирање	2	2	0	128	2,1	0,256
		Програмски парадигми	1	0,5	1	31	1,275	0,062
2021/2022	Летен	Дискретна математика	3	3	0	151	3,15	0,302
		Дискретна математика 2	0	2	1	106	1,35	0,212
		ИТ-системи за учење	0	2	2	56	1,8	0,112
	Зимски	Калкулус	0	4	2	330	2,7	0,66
		Структурно програмирање	2	4	4	284	4,8	0,568

		Програмски парадигми	1	0,5	1	30	1,275	0,06
						ВКУПНО	**55,43**	**6,922**
Одржување на настава – втор циклус								
Година	**Семестар**	**Предмет**	**Часови предавања/неделно**	**Часови вежби/неделно**	**Часови лаб. вежби/неделно**	**Студенти**	**Поени**	
							Одржување предавања/вежби	**Консултации со студенти**
2025/2026	Зимски	Технолошки поддржано учење	2	2	0	1	2,4	0,002
2024/2025	Зимски	Технолошки поддржано учење	2	2	0	1	2,4	0,002
2023/2024	Летен	Веб на иднината	2	1	0	1	1,95	0,002
		Е-учење 2.0	2	2	0	1	2,4	0,002
	Зимски	Веб на иднината	2	1	0	1	1,95	0,002
		Технолошки поддржано учење	2	2	0	1	2,4	0,002
2022/2023	Зимски	Технолошки поддржано учење	2	2	0	1	2,4	0,002
						ВКУПНО	**15,90**	**0,014**

Подготовка на нов предмет – предавања	**Поени**
Професионални вештини, 2025/2026	1,0
Персонализирано учење, 2024/2025	1,0
Е-учење 2.0, 2023/2024	1,0
Математика 2, 2023/2024	1,0
Објектно-ориентирано програмирање, 2023/2024	1,0
Веб на иднината, 2023/2024	1,0
Математика 1, 2023/2024	1,0
Структурно програмирање, 2023/2024	1,0
Технолошки поддржано учење, 2022/2023	1,0
Калкулус, 2022/2023	1,0

Дискретна математика, 2021/2022	1,0
Програмски парадигми, 2021/2022	1,0
ВКУПНО	**12,0**

Подготовка на нов предмет – вежби	**Поени**
Персонализирано учење, 2024/2025	0,5
Е-учење 2.0, 2023/2024	0,5
Математика 2, 2023/2024	0,5
Објектно-ориентирано програмирање, 2023/2024	0,5
Веб на иднината, 2023/2024	0,5
Структурно програмирање, 2023/2024	0,5
ИКТ во образованието, 2022/2023	0,5
Технолошки поддржано учење, 2022/2023	0,5
Дискретна математика, 2021/2022	0,5
Програмски парадигми, 2021/2022	0,5
ВКУПНО	**5,0**

Ред. бр.	**Настава во школи и работилници – учесник**	**Поени**
1	Подготвителна школа по информатика за учесниците на интернационалните тимови за учество на ИОИ, БОИ, ЈБОИ, ЕЈОИ и ЕОИД, Пониква, јули 2024	1,0
2	Подготвителна школа по информатика за учесниците на интернационалните тимови за учество на ИОИ, БОИ, ЈБОИ, ЕЈОИ и ЕОИД, Кочани, август 2023	1,0
3	Подготвителна школа по информатика за учесниците на интернационалните тимови за учество на ИОИ, БОИ, ЈБОИ, ЕЈОИ и ЕОИД, Охрид, септември, 2022	1,0
4	Подготвителна школа по информатика за учесниците на интернационалните тимови за учество на ИОИ, БОИ, ЈБОИ, ЕЈОИ и ЕОИД, Охрид, јуни – јули 2022	1,0
	ВКУПНО	**4,0**

Прилоī 2

Научноистражувачка дејност

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Списание**	**Период**	**Поени**
1	Emil Stankov, Mile Jovanov, and Ana Madevska Bogdanova	Smart Generation of Code Tracing Questions for Assessment in Introductory Programming	Computer Applications in Engineering Education, Volume 31, Issue 1, IF: 2.2	2023	8,6
			ВКУПНО		**8,6**

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Период**	**Поени**
1	Gorica Miceva, Metodija Jancheski, Emil Stankov, and Mile Jovanov	Computational Thinking in Education: Core Concepts, Pedagogical Strategies, and Curriculum Integration Models	The 20th annual International Technology, Education and Development Conference (INTED 2026)	2026	3
2	Gorica Miceva, Mile Jovanov, Emil Stankov, and Zivko Atanaskoski	Using the BBC Micro:bit in Educational Settings: Recommendations for N. Macedonia	The 22nd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2025)	2025	3
3	Mila Dodevska, Zivko Atanaskoski, Mile Jovanov, Emil Stankov, and Petre Lameski	Exploring the Educational Potential of Virtual Reality and Mixed Reality: Immersive Learning, Student Engagement, and Knowledge Retention	The 22nd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2025)	2025	3
4	Metodija Jancheski, Sofija Jancheska, Mile Jovanov, and Emil Stankov	Breaking Down GeoGebra: Two Dimensions of the GeoGebra Software Application	The 15th annual International Conference on Education and New Learning Technologies (EDULEARN 2023)	2023	3
5	Emil Stankov, Mile Jovanov, and Metodija Jancheski	Teachers' Survey on the Teaching of Computing as a	The 15th annual International Conference on	2023	4

		Compulsory Subject for Pupils of Age 8	Education and New Learning Technologies (EDULEARN 2023)		
6	Bojan Ilijoski, Kire Trivodaliev, Emil Stankov, and Ilinka Ivanoska	Projects Collaboration Network for Faculty of Computer Science and Engineering in Skopje	The 20th International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2023)	2023	3
7	Metodija Jancheski, Mile Jovanov, Sofija Jancheska, and Emil Stankov	Overcoming the Challenges of Distance Learning During the COVID-19 Pandemic in Macedonia: What Can We Learn from the Neighboring Countries?	The 16th annual International Technology, Education and Development Conference (INTED 2022)	2022	3
8	Marjan Gusev, Nevena Ackovska, Vladimir Zdraveski, Emil Stankov, Mile Jovanov, Martin Dinev, Dejan Spasov, Xiaoyan Gui, Yanlong Zhang, Li Geng, and Xiaochuan Zhou	Review of Drowsiness Detection Machine-Learning Methods for Non-Invasive Brain-Computer Interfaces	29th Telecommunications Forum (TELFOR 2021)	2021	3
			ВКУПНО		**25,0**

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Период**	**Поени**
1	Vesna Dimitrievska Ristovska, Emil Stankov, and Petar Sekuloski	Споредбена анализа на класичната настава и наставата преку системи за далечинско образование во услови на корона-криза, за некои математички универзитетски курсеви	Петти семинар „Математика и примени“, ПМФ, УКИМ, Скопје	2022	1,6
			ВКУПНО		**1,6**

Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Период**	**Поени**
1	Metodija Jancheski, Emil Stankov, and Mile Jovanov	Ethical Dimensions of Using AI in Education	The 20th annual International Technology, Education and Development Conference (INTED 2026)	2026	1,0

2	Gorica Miceva, Metodija Jancheski, Emil Stankov, and Mile Jovanov	Exploring Computational Thinking in Education: Definitions, Pedagogies, and Integration Approaches	The 17th annual International Conference on Education, Research and Innovation (ICERI 2024)	2024	1,0
			ВКУПНО		**2,0**

Дел од монографија објавен во странство					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Период**	**Поени**
1	Mila Dodevska, Zivko Atanaskoski, Mile Jovanov, Emil Stankov, and Petre Lameski	Virtual Reality vs Traditional Lectures: A Comparative Study on Student Performance and Engagement	Proceedings of the 17th International Conference, ICT Innovations 2025, Springer	2026	3,6
			ВКУПНО		**3,6**

Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Период**	**Поени**
1	Gorica Miceva, Metodija Jancheski, Emil Stankov, and Mile Jovanov	Computational Thinking in Education: Core Concepts, Pedagogical Strategies, and Curriculum Integration Models	The 20th annual International Technology, Education and Development Conference (INTED 2026)	2026	1,0
2	Mila Dodevska, Zivko Atanaskoski, Mile Jovanov, Emil Stankov, and Petre Lameski	Virtual Reality vs Traditional Lectures: A Comparative Study on Student Performance and Engagement	The 17th International Conference, ICT Innovations 2025	2025	1,0
3	Gorica Miceva, Mile Jovanov, Emil Stankov, and Zivko Atanaskoski	Using the BBC Micro:bit in Educational Settings: Recommendations for N. Macedonia	The 22nd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2025)	2025	1,0
4	Mila Dodevska, Zivko Atanaskoski, Mile Jovanov, Emil Stankov, and Petre Lameski	Exploring the Educational Potential of Virtual Reality and Mixed Reality: Immersive Learning, Student Engagement, and Knowledge Retention	The 22nd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2025)	2025	1,0

5	Metodija Jancheski, Sofija Jancheska, Mile Jovanov, and Emil Stankov	Breaking Down GeoGebra: Two Dimensions of the GeoGebra Software Application	The 15th annual International Conference on Education and New Learning Technologies (EDULEARN 2023)	2023	1,0
6	Emil Stankov, Mile Jovanov, and Metodija Jancheski	Teachers' Survey on the Teaching of Computing as a Compulsory Subject for Pupils of Age 8	The 15th annual International Conference on Education and New Learning Technologies (EDULEARN 2023)	2023	1,0
7	Bojan Ilijoski, Kire Trivodaliev, Emil Stankov, and Ilinka Ivanoska	Projects Collaboration Network for Faculty of Computer Science and Engineering in Skopje	The 20th International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2023)	2023	1,0
8	Metodija Jancheski, Mile Jovanov, Sofija Jancheska, and Emil Stankov	Overcoming the Challenges of Distance Learning During the COVID-19 Pandemic in Macedonia: What Can We Learn from the Neighboring Countries?	The 16th annual International Technology, Education and Development Conference (INTED 2022)	2022	1,0
9	Vesna Dimitrievska Ristovska, Emil Stankov, and Petar Sekuloski	Споредбена анализа на класичната настава и наставата преку системи за далечинско образование во услови на корона-криза, за некои математички универзитетски курсеви	Петти семинар „Математика и примени“, ПМФ, УКИМ, Скопје	2022	1,0
10	Marjan Gusev, Nevena Ackovska, Vladimir Zdraveski, Emil Stankov, Mile Jovanov, Martin Dinev, Dejan Spasov, Xiaoyan Gui, Yanlong Zhang, Li Geng, and Xiaochuan Zhou	Review of Drowsiness Detection Machine-Learning Methods for Non-Invasive Brain-Computer Interfaces	29th Telecommunications Forum (TELFOR 2021)	2021	1,0
			ВКУПНО		**10,0**

Рецензија на научни/стручни трудови				
Реден број	**Конференција**	**Месец и година**	**Број на рецензирани трудови**	**Поени**
1	The 23rd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2026)	април 2026	8	1,6
2	The 22nd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2025)	април 2025	2	0,4
3	The 21st International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2024)	мај 2024	2	0,4
4	The 20th International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2023)	мај 2023	2	0,4

5	The 19th International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2022)	мај 2022	2	0,4
			ВКУПНО	**3,2**

Учество во меѓународни научни проекти					
Ред. Бр.	**Финансиран**	**Име на проектот**	**Период на траење**	**Позиција**	**Поени**
1	Влада на РСМ и Австрија (Билатерален проект)	Објаснива вештачка интелигенција за примена на компјутерска визија во вградни системи	2024 – 2025	учесник	5
2	The European High Performance Computing Joint Undertaking (EuroHPC JU)	EuroCC: National Competence Centres in the framework of EuroHPC	2020 – 2022	учесник	5
				ВКУПНО	**10**

Учество во национални научни проекти					
Ред. Бр.	**Финансиран**	**Име на проектот**	**Период на траење**	**Позиција**	**Поени**
1	ФИНКИ	Развој на подобрена платформа за натпревари во програмирање	2025 – 2026	учесник	3
2	ФИНКИ	Тополошка анализа на податоци за интерпретабилност и објаснивост на големи јазични модели	2025 – 2026	учесник	3
3	МОН	Користење на ВИ и национални големи јазични модели за унапредување на македонските јазични способности	2025 – 2026	учесник	3
4	ФИНКИ	Вештачка интелигенција во вградливи и роботски системи	2024 – 2025	учесник	3
5	ФИНКИ	Продолжување на Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење за 2024/2025	2024 – 2025	учесник	3
6	ФИНКИ	Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење	2023 – 2024	учесник	3
7	ФИНКИ	Продолжување на Компјутерски-потпомогнато оценување кај курсеви за програмирање за 2023/2024	2023 – 2024	раководител	6
8	ФИНКИ	Компјутерски-потпомогнато оценување кај курсеви за програмирање	2022 – 2023	раководител	6
9	ФИНКИ	PanEDU, Забрзана примена на ИКТ во образованието, во услови на принуда: пристапи, методи, алатки	2021 – 2022	учесник	3
				ВКУПНО	**33**

Прилоī 3

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Основен школски или средношколски учебник – коавтор				
Ред. бр.	Наслов	Издавач	Период	Поени
1	Ѓ. Јованчевски, М. Јованов, Е. Станков, *Учебник по предметот Програмирање за I година, математичко-информатичка гимназија*	Министерство за образование и наука, Скопје	2022	6
			ВКУПНО	**6**

Член на факултетска комисија		
Ред. бр.	Активност	Поени
1	Член на Комисија за избор на ректор на УКИМ (2026 година) 1*0,5	0,5
2	Член на Комисија за уписи (за 2022/2023 година) 1*0,5	0,5
3	Член на Комисија за попис (за 2021 година) 1*0,5	0,5
	ВКУПНО	**1,5**

Учество во работата на комисии за државни натпревари		
Ред. бр.	Активност	Поени
1	Член/претседател на Комисија за Државен натпревар по информатика за средно образование (2022 – 2026 година) 5*1	5
2	Член/претседател на Комисија за Македонска олимпијада по информатика за учениците од средните училишта (2022-2026 година) 5*1	5
3	Член/претседател на Комисија за Државен натпревар по работа со компјутер и основи на програмирање за учениците од основните училишта (2022 година) 1*1	1
4	Член/претседател на Комисија за Државен натпревар по информатика за основно образование (2022 година) 1*1	1
	ВКУПНО	**12**

Член на меѓународна жири-комисија		
Ред. бр.	Активност	Поени
1	Член на жири-комисија на меѓународни натпревари: БОИ (4), ИОИ (4), ЈБОИ (2), ЕЈОИ (1), ЕОИД (5), ИОВИ (2), IATI (1) 19*2	38
	ВКУПНО	**38**

Изработка на нов софтверски пакет			
Ред. бр.	Назив на софтверот	Период	Поени
1	Веб-сајт за XXXI балканска олимпијада по информатика, http://boi2024.cs.org.mk/	2024	2
2	Веб-сајт за XVI јуниорска балканска олимпијада по информатика, http://jboi2023.cs.org.mk/	2023	2
3	Веб-сајт за работилницата „The 18th International Bebras Task Workshop“, https://bebras2022.cs.org.mk/	2022	2
		ВКУПНО	**6**

Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир				
Ред. бр.	Име на научен/стручен собир	Година	Место	Поени
1	Претседател на организационен одбор на 22nd International Conference on Informatics and Information Technologies (CiiT 2025)	2025	Струмица, Македонија	2

2	Претседател на организационен одбор на XVI јуниорска балканска олимпијада по информатика	2023	Струмица, Македонија	2
			ВКУПНО	**4**

Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир				
Ред. бр.	Име на научен/стручен собир	Година	Место	Поени
1	Член на организационен одбор на 23rd International Conference on Informatics and Information Technologies (CiiT 2026)	2026	Струга, Македонија	1
2	Член на програмски одбор на 23rd International Conference on Informatics and Information Technologies (CiiT 2026)	2026	Струга, Македонија	1
3	Член на програмски одбор на ICT Innovations 2025: 17th International Conference	2025	Охрид, Македонија	1
4	Член на програмски одбор на 22nd International Conference on Informatics and Information Technologies (CiiT 2025)	2025	Струмица, Македонија	1
5	Член на организационен одбор на XXXI Балканска олимпијада по информатика	2024	Охрид, Македонија	1
6	Член на програмски одбор на 21st International Conference on Informatics and Information Technologies (CiiT 2024)	2024	Струмица, Македонија	1
7	Член на програмски одбор на 20th International Conference on Informatics and Information Technologies (CiiT 2023)	2023	Крушево, Македонија	1
8	Член на програмски одбор на 19th International Conference on Informatics and Information Technologies (CiiT 2022)	2022	онлајн	1
9	Член на организационен одбор на интернационалната работилница „International Bebras Task Workshop 2022“	2022	Струмица, Македонија	1
			ВКУПНО	**9**

Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир				
Ред. бр.	Име на научен/стручен собир	Година	Место	Поени
1	22nd International Conference on Informatics and Information Technologies (CiiT 2025)	2025	Струмица, Македонија	1
			ВКУПНО	**1**

Член на Управен одбор на здружение поврзано со струката		
Ред. бр.	Активност	Поени
1	Член на Извршен одбор на Здружение на информатичарите на Македонија (мандатни периоди: 2019 – 2023, од 2023 до денес) 2*0,3	0,6
	ВКУПНО	**0,6**

Учество во комисии и тела на државни и други органи		
Ред. бр.	Активност	Поени
1	Член на стручен тим за *изработка на наставна програма по предметот Информатика за II година на гимназиското образование во 2026 година*, Биро за развој на образованието, Скопје	1
2	Член на стручен тим за *изработка на наставна програма по предметот Техничко образование и информатика за IX одделение на деветгодишното основно образование во 2024 година*, Биро за развој на образованието, Скопје	1
3	Член на стручен тим за *изработка на наставна програма по предметот Техничко образование и информатика за VIII одделение на деветгодишното основно образование во 2023 година*, Биро за развој на образованието, Скопје	1

4	Член на стручен тим за *изработка на наставна програма по предметот Техничко образование и информатика за VII одделение на деветгодишното основно образование во 2023 година*, Биро за развој на образованието, Скопје	1
5	Член на стручен тим за *изработка на наставна програма по предметот Техничко образование и информатика за VI одделение на деветгодишното основно образование во 2023 година*, Биро за развој на образованието, Скопје	1
	ВКУПНО	**5**

Изготвување и пријавување на научни/образовни национални проекти					
Ред. Бр.	Финансиран	Име на проектот	Период на траење	Позиција	Поени
1	ФИНКИ	Развој на подобрена платформа за натпревари во програмирање	2025 – 2026	соработник	0,5
2	ФИНКИ	Тополошка анализа на податоци за интерпретабилност и објаснивост на големи јазични модели	2025 – 2026	соработник	0,5
3	МОН	Користење на ВИ и национални големи јазични модели за унапредување на македонските јазични способности	2025 – 2026	соработник	0,5
4	ФИНКИ	Вештачка интелигенција во вградливи и роботски системи	2024 – 2025	соработник	0,5
5	ФИНКИ	Продолжување на Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење за 2024/2025	2024 – 2025	соработник	0,5
6	ФИНКИ	Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење	2023 – 2024	соработник	0,5
7	ФИНКИ	Продолжување на Компјутерски-потпомогнато оценување кај курсеви за програмирање за 2023/2024	2023 – 2024	носител	1
8	ФИНКИ	Компјутерски-потпомогнато оценување кај курсеви за програмирање	2022 – 2023	носител	1
9	ФИНКИ	PanEDU, Забрзана примена на ИКТ во образованието, во услови на принуда: пристапи, методи, алатки	2021 – 2022	соработник	0,5
				ВКУПНО	**5,5**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Мадевска Богданова, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Невена Ацковска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

Проф. д-р Миле Јованов, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.

Прилог 1

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми на ННУС на Факултет за ликовни уметности во Скопје за изработка на магистерски труд одржан на ден 01.06.2026 година

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	индекс бр.	Одлука бр.
1	Ванеса Ода	За него: Танц како вечен спомен	For him: A dance as an eternal memory	Проф. д-р Фехим Хусковиќ	353	02-238/24 01.06.2026
2	Евгенија Трајковска	Макета на постоењето	Maquette of Existence	Проф. д-р Славица Јанешлиева	354	02-238/25 01.06.2026
3	Михаил Паскоски	Само вода	Just Water	Проф. д-р Славица Јанешлиева	355	02-238/26 01.06.2026
4	Ања Стојадиновска	Природата како визуелен раскажувач на македонското наследство	Nature like a visual storyteller of Macedonian heritage	Проф. д-р Фехим Хусковиќ	352	02-238/27 01.06.2026
5	Андреј Антевски	„КРИЗА “- „Социјални фрактури и колективна меморија“	"CRISIS"- 'Social Fractures and Collective“	проф. д-р Ангел Миов	348	02-238/28 01.06.2026
6	Нина Богуновиќ	„Деца“	'Children'	проф. м-р Јован Шумковски	351	02-238/29 01.06.2026
7	Дорина Тенева	“Ехо на трагите”	“Echo Of Traces”	проф. м-р Антони Мазневски	350	02-238/30 01.06.2026
8	Бранко Манчев	”Зошто не злато”	”Why not gold”	проф. м-р Јован Шумковски	347	02-238/31 01.06.2026
9	Јована Тодороска	„Моите кругови“	„My circles“	проф. м-р Јован Шумковски	349	02-238/32 01.06.2026
10	Михаела Јовановска Капедановска	„Уметноста како поттик за етичко постапување: Визуелна комуникација и лична одговорност во јавниот и дигиталниот простор“,	“Art as an Incentive for Ethical Action: Visual Communication and Personal Responsibility in Public and Digital Space	Доц. м- р Игор Сековски	346	02-238/33 01.06.2026
11	Ена Налбатиќ	„На Граници“	ON THE BORDERS	проф. м-р Јован Шумковски	345	02-238/34 01.06.2026

12	Марија Ќурчиева	Човек-помеѓу телото и заедницата	Human-between the body and the community	Проф.м-р Гоце Наневски	356	02-238/35 01.06.2026

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТА МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ (6.04.00.05), (ДИСЦИПЛИНА: ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ – ПИЈАНО), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, распишан од деканот на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 1.4.2026 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во областа музички уметности и науки (6.04.00.05) (дисциплина: видови инструменти – пијано), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, донесена на 6.5.2026 година, арх. бр. 02-435/1, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Марија Ѓошевска, проф. д-р Нина Костова и проф. м-р Катерина Гелебешева-Костадиновска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во областа музички уметности и науки (6.04.00.05) (дисциплина: видови инструменти – пијано), во предвидениот рок се пријавија кандидатите **вонр. проф. м-р Кристијан Каровски и д-р Огненка Герасимовска.**

Врз основа на член 176 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 26, став (2) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/19), конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по областа: музички уметности и науки (6.04.00.05) (дисциплина: видови инструменти – пијано) е распишан од деканот на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Марија Ѓошевска, проф. д-р Нина Костова и проф. м-р Катерина Гелебешева-Костадиновска, по разгледувањето на документацијата на д-р Огненка Герасимовска, констатира дека кандидатката не доставила доказ за претходно извршен избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање, со што според член 176 од Законот за високото образование и член 26 став (2) од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, овој кандидат не може да биде оценуван (евалуиран).

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

М-р Кристијан Каровски е роден во Скопје, на 17.12.1986 год. Пијано започнал да учи на шестгодишна возраст во класата на проф. Људмила Романова во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј” во Скопје, каде што и матурирал.

Како ученик на ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј”, Кристијан Каровски набрзо ги покажува своите квалитети како млад надежен пијанист и се вбројува меѓу најдобрите репрезенти на Центарот. Учествува на скоро сите најзначајни групни концерти на училиштето, концерти на класата на проф. Људмила Романова и како гостин учесник на концертите на проф. Борис Романов. Во овој период станува носител на државни и меѓународни награди и остварува повеќе рецитални настапи и настапи со Македонската филхармонија.

Средното образование го завршил како носител на престижната награда **„Климентина Рафајловска”,** доделувана на најдобриот инструменталист на генерацијата.

Школувањето го продолжил на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на еминентниот руски педагог проф. Борис Романов, каде што дипломирал и магистрирал со највисока оценка и посебни пофалби **cum laude**. Тој и во оваа институција набрзо го стекнува реномето на извонредно успешен студент. Учествува со голем успех во бројни групни концерти, во рамките на концертните настапи на класата на проф. Борис Романов, со која освен на ФМУ, настапува и на повеќе концерти низ Р Македонија.

Од 2009 до 2018, работел како наставник по пијано во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, каде што постигнува значителни резултати со своите ученици.

За неговата наклонетост кон педагогијата, по само една година работење, неговата менторка проф. Снежана Анастасова-Чадиковска ќе напише:

...Од сè дотука напишано, се надевам сега е јасно дека моето мислење за Кристијан Каровски како за еден од најперспективните пијанисти во Р Македонија, само се надгради со една значајна компонента: во моментот тој е несомнено еден од нашите најперспективни пијано педагози.

Во академската 2015/2016, Кристијан Каровски е поканет од Факултетот за музичка уметност во Скопје како афирмиран уметник да предава наставен предмет Пијано.

Во периодот од 2015 до 2018 работи во двете институции, како наставник во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ и на Факултетот за музичка уметност, каде што во меѓувреме е избран во звањето доцент на 17.10.2016 година, по предметите Пијано и Камерна музика, за во 2018 да заснова редовен работен однос на неопределено време.

На 7.10.2021 е избран во звањето вонреден професор по предметите Пијано и Камерна музика на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Кристијан Каровски своите забележителни музичко-изведувачки предиспозиции и квалитети ги покажува уште од најрана возраст. Со оглед на тоа дека е роден во семејство на музичари пијанисти, уште од мали нозе се развил неговиот голем и необичен талент за музика. Неговата концертна активност започнува на деветгодишна возраст, кога бил поканет од проф. Романов и бил вклучен на концерт во Париз, 1996 год. Остварува повеќе солистички рецитали во Скопје, низ Македонија, како и во странство:

- 2001 год., Полурецитал – Салон 19’19, КИЦ – Скопје
- 2004 год., Полурецитал – Концертна сала, ФМУ – Скопје
- 2004 год., Полурецитал – Концертна сала, ФМУ – Скопје
- 2005 год., Рецитал по повод доделувањето на наградата „Климентина Рафајловска“ – Музеј на град Скопје
- 2005 год., Полурецитал – Концертна сала, ФМУ – Скопје
- 2007 год., Рецитал – Музеј на град Скопје – **Сојуз на музички уметници на Македонија**
- 2009 год., Рецитал – Концертна сала, ФМУ – Скопје
- 2009 год., Полурецитал на **Охридско лето,** „Св. Софија“ – Охрид
- 2010 год., Рецитал – Концертна сала, ФМУ
- 2011 год., **Интерфест** – Битола, „Листова вечер”
- 2011 год., Рецитал – фестивал **Есенски музички свеченост**и – Концертна сала, ФМУ – Скопје
- 2012 год., Рецитал - Музичка младина на Македонија – Концертна сала, ФМУ – Скопје
- 2013 год., Рецитал – Дом на култура „Бели Мугри“ – Велес
- 2013 год., Рецитал – **Сојуз на музички уметници на Македонија**, Концертна сала, ФМУ – Скопје
- 2014 год., Концерт на дуо пијано Шкелзен Бафтијари и Кристијан Каровски – Тетово

- 2014 год., Концерт на дуо пијано Шкелзен Бафтијари и Кристијан Каровски „Гевгелиска есен“ – Гевгелија
- 2014 год., Концерт на дуо пијано Шкелзен Бафтијари и Кристијан Каровски – фестивал „Есенски музички свеченост“ – Концертна сала, ФМУ – Скопје
- 2015 год., Концерт на дуо пијано Шкелзен Бафтијари и Кристијан Каровски – Фестивал „ДАМ“ – Приштина - Р. Косово
- 2019 год., Рецитал - Музеј на македонската борба - Скопје
- 2021 год., Рецитал на дуо пијано Кристијан Каровски и Мими Дучева – Фестивал „ДАМ“ – Приштина, Р Косово
- 2021 год., Рецитал „Магијата на Шопен“ – голема сала на Македонска филхармонија
- 2022 год., Рецитал на дуо пијано Кристијан Каровски и Мими Дучева на фестивалот **Охридско лето**
- 2022 год., Рецитал на дуо пијано Кристијан Каровски и Мими Дучева во Рим, Италија на „Concerti del Tempietto“
- 2023 год., Рецитал на дуо пијано Кристијан Каровски и Мими Дучева – Пијано-центар, Национална опера и балет
- 2025 год., Рецитал – „Navrat do Brna“, Брно, Чешка.

Во периодот од 1997 до 2011 година, Кристијан Каровски настапува на завршните концерти на семинарот на проф. Борис Романов во Охрид, во рамките на фестивалот **Охридско лето.**

Повеќе пати настапува со Македонската филхармонија, Симфонискиот оркестар на ФМУ, Разградската филхармонија – Р Бугарија и Биг бендот на ФМУ.

- 2003 год., Дом на АРМ - Македонска филхармонија – диригент: Ле Фи Фи
  В. А. Моцарт – Концерт за пијано и оркестар во А- дур
- 2004 год., Дом на АРМ – Македонска филхармонија – диригент: Борјан Цанев
  С. Рахманинов – Концерт за пијано и оркестар бр. 1
- 2005 год., Дом на АРМ – Македонска филхармонија – диригент: Борјан Цанев
  К. Сен-Санс – Концерт за пијано и оркестар бр. 2
- 2007 год., Универзална сала - Биг бенд на ФМУ – диригент: Кире Костов
  Џ. Гершвин – Рапсодија во сино
- 2008 год., Дом на АРМ – Македонска филхармонија – диригент: Саша Николовски-Ѓумар
  Е. Григ - Концерт за пијано и оркестар во а-мол
- 2008, Разград – Р Бугарија
  Е. Григ – Концерт за пијано и оркестар во а-мол
- 2009 год., Дом на АРМ – Симфониски оркестар на ФМУ – диригент: Саша Николовски-Ѓумар
  П. И. Чајковски – Концерт за пијано и оркестар бр. 1 б-мол
- 2010, Дом на АРМ – Македонска филхармонија – диригент: Сашо Татарчевски
  С. Прокофјев – Концерт за пијано и оркестар бр. 3 Ц-дур.

Настапува и како пијано-соработник со студентите по пијано во класите на проф. Борис Романов, проф. м-р Рита Трпчева-Поповиќ и проф. д-р Марија Ѓошевска.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на долгогодишната наставно-образовна дејност, Кристијан Каровски се етаблира како почитуван педагог меѓу своите колеги. Неговата изразена склоност кон наставата се јавува многу рано, во годините кога бил студент. По дипломирањето, тој привлекува талентирани студенти во необично голем број. Главна поука е самоспознанието и самодисциплината. Тој ги подучува своите ученици да не ја форсираат музиката, туку свирењето да биде индивидуална автентична потреба и да го

следат внатрешното движење на емоциите. Никогаш натпреварување меѓу неговите студенти, туку соработка и чувство на несебичност и љубов. Тој ја остварил својата многу значајна функција во поставување на музичките дела и нивната јавна презентација, не само за потребите на наставно-образовниот процес на Факултетот, туку и на музичките сцени во Македонија. Тука се издвојуваат концертите на класата надвор од редовните настапи во рамките на концертите на ДМБУЦ и ФМУ:

1) 23.5.2013 год., Концерт на класата на проф.Кристијан Каровски – Кавадарци
2) 10.12.2013 год., Концерт на класата на проф. Кристијан Каровски како гости на проф. Марија Ѓошевска
3) 24.12.2013 год., Концерт на класата на проф. Кристијан Каровски - Концертна сала ФМУ - Скопје
4) 9.5.2014 год., Концерт на класата на проф. Кристијан Каровски - Гевгелија
5) 16.5.2014 год., Концерт на класата на проф.Кристијан Каровски - Кавадарци
6) 24.5.2014 год., Концерт на класата на проф. Кристијан Каровски по повод празнување на Св. Кирил и Методиј – „Св. Софија“, Охрид
7) 11.6.2014 год., Концерт со Македонска Филхармонија - Ивана Јанаќиева
8) 13.7.2014 год., Солистички концерт на Амина Никочевиќ – Музеј на Град Скопје
9) 26.12.2014 год., Концерт на класата на проф. Кристијан Каровски – Концерта сала ФМУ - Скопје
10) 13.5.2015 год., Концерт на класата на проф.Кристијан Каровски - Кавадарци
11) 24.5.2015 год., Концерт на класата на проф. Кристијан Каровски по повод празнување на Св. Кирил и Методиј – „Св. Софија“, Охрид
12) 10.6.2015 год. Рецитал на Ивана Јанаќиева - Кавадарци
13) 26.6.2015 год., Концерт на Ивана Јанаќиева и Њомза Џафери – Концертна сала на ФМУ - Скопје
14) 28.12.2015 год., Концерт на студентите и учениците од класата на проф. Кристијан Каровски – Концертна сала на ФМУ – Скопје
15) 27.4.2016 год., Концерт на студентите и учениците од класата на проф.Кристијан Каровски - Кавадарци
16) 16.5.2016 год. Концерт на класата на проф. Кристијан Каровски - Сала Гварнериус - Белград
17) 24.5.2016 год., Концерт на класата на проф. Кристијан Каровски по повод празнување на Св.Кирил и Методиј, „Св. Софија“, Охрид
18) 23.12.2016 год., Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Концертна сала, ФМУ – Скопје
19) 16.5.2017 год., Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Гевгелиска пролет
20) 19.5.2017 год., Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Кавадарци
21) 26.5.2017 год., Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Музеј на Град Скопје
22) 24.11.2017 год. Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Гевгелиска музичка есен
23) 21.12.2017 год., Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Концертна сала на ФМУ- Скопје
24) 5.4.2018 год., Концерт на Мими Дучева и Дамјан Милески од класата на проф. Кристијан Каровски - Концертна сала ДМБУЦ
25) 27.4.2018 год. Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Концертна сала на ОМУ „Методи Патче” - Охрид
26) 31.5.2018 год. Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Гевгелија;
27) 6.6.2018 год. Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Музеј на Град Скопје
28) 14.6.2018 год., Концерт со студентите од државните факултети за музика – Звукот на идната генерација — Национална филхармонија

29) 10.5.2019 год., Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Гевгелија
30) 18.12.2018 год., Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Концертна сала на ФМУ – Скопје
31) 28.5.2019 год., Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Музеј на македонската борба – Скопје
32) 6.6.2019 год., Концерт на Мими Дучева од класата на проф. Кристијан Каровски, Концертна сала — ДМБУЦ
33) 20.6.2019 год., Концерт на Ивана Јанаќиева од класата на проф. Кристијан Каровски – Музеј на македонската борба
34) 20.12.2019 год., Концерт на студентите од класата на проф. Кристијан Каровски – Концертна сала на ФМУ – Скопје
35) 20.2.2021 год., Концерт на Мими Дучева од класата на вонр. проф. Кристијан Каровски – Камерна сала на Национална филхармонија.
36) 16.6.2023 год., Концерт на Мими Дучева од класата на вонр. проф. Кристијан Каровски - Музеј на град Неготино
37) 29.6.2023 год., Концерт на Мими Дучева од класата на вонр. проф. Кристијан Каровски – Пијано-центар, Национална опера и балет – Скопје
38) 13.6.2025 год. Концерт на студентите од класата на вонр. проф. Кристијан Каровски - Гевгелија
39) 19.6.2025 год., Концерт на студентите од класата на вонр. проф. Кристијан Каровски – Музеј на град Неготино
40) 26.6.2025 год., Концерт на студентите од класата на вонр. проф. Кристијан Каровски – Концертна сала на ФМУ – Скопје.

ПРЕГЛЕД НА КОНЦЕРТНАТА ДЕЈНОСТ НА КРИСТИЈАН КАРОВСКИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2021 ДО 2026 ГОДИНА

24.11.2021, Рецитал пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева на Фестивалот „Дам“ во Приштина, Р Косово

2.12.2021, „Магијата на Шопен“ – Рецитал на Кристијан Каровски во големата сала на Македонска филхармонија

8.12.2021, Настап на пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева на концерт од циклусот концерти „Доаѓаме“ во КИЦ, Салон 19’19

27.7.2022, Рецитал пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева на Фестивалот „Охридско лето“

20.9.2022, Рецитал пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева во Рим, Италија

21.12.2023, Рецитал пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева во Пијано-центар во Национална опера и балет

29.2.2024, пијано-соработник на дипломски испит на Мими Дучева

24.3.2025, Рецитал на Кристијан Каровски во Брно, Р Чешка

13.6.2025, настап како гостин на концертот на студентите од неговата класа во Гевгелија

19.6.2025, настап како гостин на концертот на студентите од неговата класа во Музеј на град Неготино

26.6.2025, настап како гостин на концертот на студентите од неговата класа – Концертна сала на ФМУ.

ПРЕГЛЕД НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ НА КРИСТИЈАН КАРОВСКИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2021 ДО 2026 ГОДИНА

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за музичка уметност во Скопје, вонр. проф. м-р Кристијан Каровски изведува настава по предметите: Пијано и Камерна музика, на прв и втор циклус студии. Неговите студенти учествуваат во бројни промотивни активности на Факултетот како: циклусот концерти „Musica viva“, концерти на неговата класа, самостојни рецитали и семинари на Факултетот.

Ментор на дипломска работа – Мими Дучева

Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа:
14.6.2022, дипломски испит на Елена Петреска (прв дел)
30.6.2022, дипломски испит на Елена Петреска (втор дел)
29.6.2023, дипломски испит на Мими Дучева (прв дел)
29.2.2024, дипломски испит на Мими Дучева (втор дел)

Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд:
9.3.2022, Дорина Гаши (испит од прв семестар, од втор циклус студии)
5.7.2022, Дорина Гаши (испит од втор циклус студии по камерна музика)
30.6.2023, Дорина Гаши (прв дел – магистерски испит)
14.11.2023, Дорина Гаши (втор дел – магистерски испит)
6.3.2025, Ивана Јанаќиева и Мими Дучева (испит од прв семестар, од втор циклус студии)

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

2022 год., учество на „Musica Viva за деца” на Ангела Иваноска

Ментор на магистерски труд
2021/2022, Дорина Гаши
2024/2025, Ивана Јанаќиева
2024/2025, Мими Дучева

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

2024 – 2026, член на Комисија за самоевалуација на Факултетот
Учество во промотивни активности на Факултетот: циклусот концерти „Musica viva“, концерти на неговата класа, самостојни рецитали, гостувања и семинари на Факултетот.
24.12.2021, настап на Мими Дучева на „Музички моменти” – Гевгелија – Новогодишен концерт.
16.6.2023, Рецитал на Мими Дучева – Музеј на град Неготино
29.6.2023, Дипломски концерт на Мими Дучева – Пијано-центар, Национална опера и балет
22.11.2024, настап на Мими Дучева на свечен концерт за промоција на новото пијано во ООМБУ „Васо Карајанов” – Гевгелија
7.5.2025, „Musica Viva”, Концерт на студентите на Катедрата за клавишни инструменти – настап на Олгица Андонова
14.5.2025, „Musica Viva”, Концерт на студентите по камерна музика од Катедрата за клавишни инструменти и харфа – настап на пијано дуо Олгица Андонова и Мими Дучева
15.5.2025, „Musica Viva”, Концерт на студентите по облигат пијано – настап на Леа Вукановска, Антонио Трајкоски и Кевин Пецов
13.6.2025, Концерт на студентите од класата на вонр. проф. Кристијан Каровски – Гевгелија
19.6.2025 , Концерт на студентите од класата на вонр. проф. Кристијан Каровски – Музеј на град Неготино
26.6.2025, Концерт на студентите од класата на вон. проф. Кристијан Каровски - Концертна сала на ФМУ - Скопје
25.9.2025, настап на Мими Дучева на Концерт по повод 25 години „Музички моменти” – Гевгелија
26.11.2025, „Musica Viva”, Австриска вечер – настап на Олгица Андонова
1.12.2025, учество на Леа Вукановска на Семинарот по чембало, под водство на Цветанка Созовска

10.12.2025, „Musica Viva” Музички маратон на Катедрата за клавишни инструменти – настап на Олгица Андонова и Леа Вукановска.

Дејности од поширок интерес

Член на факултетска комисија, 2023/2024 (приемен испит – Пијано облигат)
Член на факултетска комисија, 2023/2024 (приемен испит – Хармоника)
Член на факултетска комисија, 2024/2025 (приемен испит – Пијано облигат)
Член на факултетска комисија, 2024/2025 (приемен испит – Хармоника)
Член на факултетска комисија, 2025/2026 (приемен испит – Пијано)
Член на факултетска комисија, 2025/2026 (приемен испит – Пијано облигат)
Член на факултетска комисија, 2025/2026 (приемен испит – Хармоника).

20.9.2022, изготвување, пријавување и реализација на уметнички меѓународен проект (носител) – Концерт на пијано дуо, Кристијан Каровски и Мими Дучева во Рим, Италија

- За уметничкиот профил и педагошките достигнувања на Кристијан Каровски, индикативни се и:

- менторското мислење од проф. Снежана Анастасова-Чадиковска (во прилог),
- мислењето од неговиот ментор проф. Борис Романов (во прилог), и
- рецензиите за неговите рецитали чии автори се Цветанка Созовска, Тина Иванова, Васка Наумова и Александар Трајковски (во прилог).

МЕНТОРСКО МИСЛЕЊЕ
за кандидатот КРИСТИЈАН КАРОВСКИ
Ментор: м-р СНЕЖАНА АНАСТАСОВА-ЧАДИКОВСКА,
наставник по пијано во ДМБУЦ – СКОПЈЕ

Пијанистот Кристијан Каровски го познавам и го следам од неговите најрани години, кога како еден од најистакнатите ученици на основниот оддел (класа – проф. Људмила Романова) на извонреден начин го претставуваше ДМБУЦ на значајни за овој центар концерти и натпревари. Моите сознанија за неговиот пијанистички и професионален растеж се потврдија со матурскиот рецитал, кој го одржа како добитник на наградата за најдобар инструменталист на генерацијата „Климентина Рафајловска”. Константно следејќи ја неговата работа и на ФМУ (класа – проф. Борис Романов), слободна сум да тврдам дека Кристијан Каровски се разви во еден од најперспективните млади музичари во Република Македонија, во личност која во својот пијанизам на одличен начин ја спојува стекнатата високо професионална наобразба со личниот музикалитет и музичарска комплексност, во концертант со богата лична креативност и пијанистички интегритет.

За потврда на оваа моја констатација достатно говорат и податоците за неговите настапи во последниве три години: солист на Македонската филхармонија во такви значајни дела, какви што се Концертот бр. 1 на П.И. Чајковски и Концертот бр. 3 на С. Прокофјев или, на пример, неговите настапи на сцената на фестивалот „Охридско лето“ со дела од значаен размер на Шуберт, Шуман, Дебиси ...

Токму затоа ми претставуваше особена чест и задоволство менторски да ја следам неговата работа како пијано-педагог во учебната 2010/2011.

Педагошката работа на Кристијан Каровски беше следена низ следниве сегменти:
- заемни консултации и разговори за наставната програма и проблематиката во тек на нејзината реализација
- негово следење на мои наставни часови и негови коментари за нив
- следење на работата на неговите ученици низ часови, колквиуми, испити и јавни настапи, а особено на учениците од специјалниот оддел по пијано, Евгенија Чанчалова (2 г.), Ана Марија Вељановска (3 г.), како и на ученичката од трета година на основниот оддел, Лабина Поп Дучева.

Во тек на оваа соработка не само што се потврди моето мислење за Кристијан Каровски како извонреден пијанист, туку ми се откри уште една негова димензија: тој поседува натстандардно чувство за пијано-педагогија, темелено на јасни професионални цели и задачи упорност и доследност во нивната реализација, педагошко љубопитство, висок степен на организираност, трпеливост и интелигентно балансиран педагошки однос кон секој од споменатите ученици.

Каровски не се задоволи само со стрикните барања на програмата (реализирани секогаш навремено и со висок квалитет), туку, со ретка умешност и квалитет и за педагози со поголемо искуство, се избори за повеќе значајни концертни настапи на своите ученици (Е. Григ: Соната; С. Рахмањинов: прелудиум цис-мол, Бетовен: соната оп. 10 бр.1 .....)

Од сè дотука кажано, се надевам дека е јасно дека моето мислење за Кристијан Каровски како за еден од најперспективните пијанисти во Р Македонија само се надгради со една значајна компонента: во моментот тој е несомнено и еден од нашите најперспективни пијано-педагози.

М-р Снежана Анастасова-Чадиковска

МИСЛЕЊЕ
за Кристијан Каровски, академски музичар – пијанист
од проф. Борис Романов, пијанист и пијано-педагог, редовен професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје

Пијанистот Кристијан Каровски ѝ припаѓа на онаа генерација млади македонски пијанисти чиј развој и резултати имав можност да ги следам и насочувам од нивната најрана возраст до завршниот степен на образование, работејќи со нив директно како педагог, како ментор на семинарска настава или, пак, низ соработката со мојата сопруга, проф. Људмила Романова, во текот на нивното школување во нејзината класа.

Кристијан Каровски ги покажа своите забележителни музичко-изведувачки предиспозиции и квалитети од својата најрана возраст: тој имаше помалку од десет години кога беше вклучен во групата на наши студенти и ученици, во првото македонско гостување на млади пијанисти во Париз, 1996 година.

Во понатамошното школување во класата по пијано на проф. Људмила Романова, во основниот и средниот оддел на ДМБУЦ „лија Николовски- Луј” — Скопје, тој покажа нестандарден развој – таков кој говори во прилог на очигледен музикалитет, сценско-артистичка даровитост, како и висок степен на работоспособност и посветеност на пијаното. Овие несомнени квалитети дојдоа до израз на повеќе начини: низ сериозноста и професионалноста на совладуваниот програм во текот на редовната настава со проф. Људмила Романова, низ настапите на бројни групни концерти во Скопје и Републиката, низ повеќе полурецитални програми – почнувајќи од оној за завршеното основно музичко образование, низ редовното учество во секојгодишните охридски семинари, раководени од мене и завршните концерти во склопот на фестивалот „Охридско лето”, низ учествата и освоените први награди на државните натпревари за ученици и студенти по музика, низ меѓународните претставувања на натпревари во Чешка и Италија и високите пласмани на овие натпревари, а особено низ трите настапи со Македонската филхармонија, на кои Каровски свиреше концерти од Моцарт, Рахмањинов и Сен-Санс. Сосем разбирливо и природно беше што тој го заврши средношколското образование како носител на престижната награда „Клементина Рафајловска”, доделувана на најдобриот инструменталист на генерацијата.

Стекнувајќи завиден пијанистички и професионален багаж до својата осумнаесетта година, Кристијан Каровски го продолжи школувањето на ФМУ – Скопје, како студент во мојата класа по пијано, каде што ги заврши и постдипломските студии. Низ нашата заедничка работа, тој одново постигнуваше значајни, нестандардни резултати, особено видливи низ високото ниво на реализираниот програм (редовно концертно претставуван), кој, меѓу другото, вклучуваше базични дела од пијанистичкиот репертоар, како, на пример, концертите од Чајковски, Прокофиев, Григ и Гершвин, циклусите прелудиуми од Дебиси, пијанистичките опуси на Равел, Шопен, Шуберт ... Разбирливо е дека сè почесто беше избиран за настап на подиумите за млади на значајните републички манифестации: Скопско лето, Интерфест, Охридско лето, како и за солист на настапите на ФМУ со Македонската филхармонија и Академскиот симфониски оркестар. Особено ги ценам неговите интернационални презентации на натпревари и концерти во Република Србија и Република Бугарија. Кристијан Каровски, во третата и четвртата година на студии, како и на постдипломскиот испит, беше оценет со „cum laude“.

По завршните студии, Кристијан Каровски станува наставник по пијано во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“. Во овие изминати четири педагошки години, тој ни откри една нова димензија во палетата на своите музички способности: изразено чувство за работа со учениците од основниот и средниот оддел, висок степен на посветеност и инвентивност во педагошкиот приод.

Освен тоа, Каровски ја продолжува својата веќе самостојна концертна дејност, презентирајќи програми низ кои, освен високо професионално пијанистичко ниво, тој сè повеќе го искажува својот индивидуален музичарски сензибилитет и вкус, што несомнено предизвикува изразено внимание кај македонската музичка јавност.

Точно врз основа на сите гореизнесени факти го искажувам своето мислење за овој млад пијанист: станува збор за личност, која својот несомнен талент и своето извонредно заокружено пијанистичко образование ги развива низ јасен и впечатлив индивидуален приод и растеж, со што покажува значајни, отворени перспективи за повеќе музичко-пијанистички дејности, како што се солистичкото и камерното музицирање, а особено пијано-педагогијата, на сите степени на образование.

Кристијан Каровски е, всушност, експлицитен пример за одличните резултати кои ги дава талентот, надграден со вистинското образование, воедно облагороден со личната пијанистичка посветеност и музичарски сензибилитет.

Скопје, 21 октомври 2013 год.

Проф. Борис Романов

Рецензија кон концертот на пијанистот Кристијан Каровски, одржан на 20.12.2012 год., во концертната сала на ФМУ – Скопје

Уметничкиот профил на младиот пијанист Кристијан Каровски наведува на еден специфичен дел од македонскиот концертен пијанизам, а тоа е инпонирачката присутност на она што ние овде го нарекуваме школата на големите педагози Романови. Токму така од нивните раце произлегува и овој наш уметник на пијаното, кој низ концертниот проект на Музичката младина на Македонија, во салата на Факултетот за музичка уметност во Скопје, синоќа се претстави со мошне невообичаена програма, составена од тројца германски композитори на романтизмот и доцниот романтизам:
Ф. ШУБЕРТ, четири Импромпти оп. 90
Р. ШУМАН, „Шумски сцени“ оп. 82 и
трите Интермеца оп. 117 од Ј. Брамс

Би рекле мошне нестандарден избор на дела кои го стават во мошне специфична креативна состојба уметникот, во која треба истовремено и да се разликуваат по творечкиот ракопис тие дела, но и да се приближуваат едно кон друго, по музичката филозофија, како посебен пат кон новите музички струења во стилот.

Ете, младиот Каровски сериозно се зафатил со големите композиторски индивидуалности на наведените творци, во чија музика мора да се внесе, покрај длабокото разбирање на нотниот текст, и својата лична, уметничка анализа и нејзината креација.

Техничкиот степен на Каровски е очигледно совладан полигон во самата интерпретација, која во одделни моменти го очекувавме и во брзото темпо, на пример во Импромптито во As-dur на Шуберт. Затоа, пак, прецизноста во експонацијата на „Шумските сцени“ имаше нишка на дескрипција која, впрочем, и го бара програмскиот карактер на делото, со посебен однос кон творечкиот свет на авторот.

Формата „Интермецо“ очигледно кај Каровски кореспондира со неговиот пијанистички дух и темперамент, така што Брамсовата „Интермецо“ музика се движеше во еден свет на мечтателното расположение што тој го доловуваше со еден убав и прифатлив израз.

Салата на Факултетот за музичка уметност во Скопје беше исполнета до крај, што е, секако, убава глетка кога станува збор за млад уметник, кога пред него стои иднина и кариера, а поддршката, особено од професионалната публика и стручната музичка критика, за Кристијан Каровски само ќе му помогнат тој да се култивира уште повисоко во светот на пијанистичката уметност за која и се определил.

Иднината е пред него. Тој треба само да музицира креативно онака како што му подарила природата, талент и работа врз себе.
Македонско радио, прва програма „Клучалка“ (рецензија на музичката критичарка Васка Наумова Томовска, 21.12.2012 год.)

Р Е Ц Е Н З И Ј А
(кон концертот на Кристијан Каровски, пијано, Македонија, одржан на 15 ноември 2013 година, ФМУ – Скопје)

Ако музиката е највозвишената уметност во хиерархијата на убавото, тогаш оваа вистина ја почувствувавме во голем интензитет на извонредно успешниот концерт на нашиот многу надарен пијанист Кристијан Каровски. Уметник кој во длабочината на зборот ја разбира на автентичен начин музиката што ја изведува, ја доживува емоционално во својот специфичен уметнички свет во кој има голем степен на вдахновение, има спектар на богати звучни валери извлечени од богатството на музичките хармонии, а секако најважно е што има несекојдневна исполнителска фантазија која му ги отвора пејзажите на музичките платна на големите мајстори како што се Шуберт, Равел и Прокофјев. Својата концертна вечер, Каровски ја замисли како сонатна вечер, со избор на три силни и многу заложни партитури во кои тој ефектно и супериорно го инкорпорираше сиот свој музички вивалитет, свиреше со јасно диференцирана стилска поставеност најпрвин на типичниот романтичен Шубертов творечки израз, за потоа во својот внатршен музички импулс да го достигне тешко дофатливиот импресионистички флуид на големиот Равел и на крајот да успее на вистински начин да нѐ пренесе експлицитно во карактерот на современиот композиторски јазик на Прокофјев.

Сонатата оп. 143 на Шуберт, Сонатината на Равел и Сонатата бр. 7 оп. 83 на Прокофјев за инспирираниот Каровски беа освоениот полигон на кој тој демонстрираше една препознатлива и во светот многу почитувана пијанистичка школа – руската, онаа типична Романова која уметникот го етаблира во светот на ценетите звучни и духовни патишта на пиianистичката уметност. Младиот Каровски, за волја на вистината, супериорно и убедливо го изодува тој магичен, но многу стрмен пат, бидејќи во себе носи потенцијал кој е на очиглед на секој оној што знае што е вистински талент, но она што е најимпресивно кај него е фактот дека тој го поседува чувството да ја препознава и восприемува творечката имагинација на авторот и со тоа самото да ги одделува со прецизна дестинкција духот и времето на создавањето на делото. Оваа ретка дарба, која и не е силна страна на многумина пијанисти и кај нас и пошироко, само уште посилно го истакнува уметничкиот профил на овој наш звучен резбар на пијаното и претставува битен фактор денес да е дел од семејството уметници кои го заслужуваат епитетот страствени креатори на вистинските пијанистички вредности.

Ќе го истакнеме и неговото природно чувство за пијанистички артизам во кој секој тон и фраза го добиваше реалниот уметнички квалитет беа осмислени, дозирани со длабоки емоции, вистински изнесени на толку сугестивен начин, кој уште долго по изведбата останува во меморијата на слушателот. Ете, сето ова го почувствува и бројната публика која на уметникот, на тој вистински другар на своето пијано, му аплаудираше со голема почит и со желба за што поскорешна средба со него.

Васка Наумова Томовска, музички критичар

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на вонр. проф. м-р Кристијан Каровски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека вонр. проф. м-р Кристијан Каровски поседува научни и стручно-уметнички квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во областа музички уметности и науки (6.04.00.05) (дисциплина: видови инструменти – пијано).

Според горенаведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, вонр. проф. м-р Кристијан Каровски да биде избран во звањето редовен професор, во областа музички уметности и науки (6.04.00.05) (дисциплина: видови инструменти – пијано).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.
Проф. д-р Нина Костова, с.р.
Проф. м-р Катерина Гелебешева-Костадиновска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Кристијан Јован Каровски
Институција: Факултет за музичка уметност – Скопје
Научна област: МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ (6.04.00.05), ДИСЦИПЛИНА: ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ – ПИЈАНО

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус	ДА
2	Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (да се наведат/опишат)	Вонр. проф. м-р Кристијан Каровски е еден од најистакнатите и најатрактивни македонски пијанисти. Со секој негов нов настап се потврдува фактот дека во неговата личност, која со својот несомнен талент, рафинираност, сензитивност и изразита индивидуалност, македонската музичка сцена добива пијанист со длабокочувствителни музички идеи. Настапува на многубројни концерти на домашната и на меѓународната сцена. Со своето богато долгогодишно искуство, вонр. проф. Кристијан Каровски дава голем придонес во професионалното и уметничко формирање на студентите на првиот и вториот циклус студии. Тој ја остварил својата многу значајна функција во поставувањето на музичките дела и нивната јавна презентација, не само на потребите на наставно-образовниот процес, туку и на музичките сцени во Македонија, како и во странство. Особено значаен е неговиот придонес во педагошката дејност, каде што посветува големо внимание на уметничкиот развој на студентите од неговата класа кои постигнуваат врвни резултати во пијанизмот. Со неговото долгогодишно истражување на механиката на пијаното, дава придонес во одржување и подигање на општата свест за пијаното како инструмент на Факултетот,

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
		како и во музичките училишта во целата земја.
3	Има способност за наставна работа	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.
Проф. д-р Нина Костова, с.р.
Проф. м-р Катерина Гелебешева-Костадиновска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Кристијан Јован Каровски
Институција: Факултет за музичка уметност – Скопје
Научна област: МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ(6.04.00.05), ДИСЦИПЛИНА: ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ – ПИЈАНО

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2021/2022 – зимски семестар) 6,5x15x0,04=3,9	3,9
2.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2021/2022 – летен семестар) 5,75x15x0,04=3,45	3,45
3.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2022/2023 – зимски семестар) 6x15x0,04=3,6	3,6
4.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2022/2023 – летен семестар) 6x15x0,04=3,6	3,6
5.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2023/2024 – зимски семестар) 6x15x0,04=3,6	3,6
6.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2023/2024 – летен семестар) 6x15x0,04=3,6	3,6
7.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2024/2025 – зимски семестар) 13x15x0,04=7,8	7,8
8.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2024/2025 – летен семестар) 12x15x0,04=7,2	7,2
9.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2025/2026 – зимски семестар) 13x15x0,04=7,8	7,8
10.	Настава од прв циклус студии – Пијано и Камерна музика (2025/2026 – летен семестар) 8x15x0,04=4,8	4,8
11.	Настава од втор циклус студии (2021/2022 - летен семестар) 2x15x0,05=1,5	1,5
12.	Настава од втор циклус студии (2022/2023 - зимски семестар) 2x15x0,05=1,5	1,5
13.	Настава од втор циклус студии (2024/2025 - зимски семестар) 4x15x0,05=3	3
14.	Настава од втор циклус студии (2024/2025 - летен семестар) 4x15x0,05=3	3
15.	Ментор на дипломска работа (1)	0,2
16.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (4)	0,4
17.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (5)	1,5
	Вкупно	60,4

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	„Musica Viva за деца“ NIP.UKIM.20-21.14 на ФМУ – Скопје	3
2.	Ментор на магистерски труд (3)	6
	Вкупно	9

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**24.11.2021.** Рецитал пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева на Фестивалот „Дам“ во Приштина, Р Косово	1,6
2.	**2.12.2021.** „Магијата на Шопен“ – Рецитал на Кристијан Каровски во големата сала на Македонска филхармонија	8
3.	**8.12.2021.** Настап на пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева на концерт од циклусот концерти „Доаѓаме“ во КИЦ, Салон 19’19	2
4.	**27.7.2022.** Рецитал пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева на фестивалот „Охридско лето“	8
5.	**20.9.2022.** Рецитал пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева во Рим, Италија	1,6
6.	**21.12.2023.** Рецитал пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева во Пијано-центар во Национална опера и балет	8
7.	**29.2.2024.** Пијано соработник на дипломски испит на Мими Дучева	4
8.	**24.3.2025.** Рецитал на Кристијан Каровски во Брно, Р.Чешка	8
9.	**13.6.2025.** Настап како гостин на концертот на студентите од неговата класа во Гевгелија	2
10.	**19.6.2025.** Настап како гостин на концертот на студентите од неговата класа во Музеј на град Неготино	0,4
11.	**26.6.2025.** Настап како гостин на концертот на студентите од неговата класа – Концертна сала на ФМУ	0,4
	Вкупно	44

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Член на Комисија за самоевалуација на Факултетот	1
2.	Учество во промотивни активности на Факултетот (13)	6.5
Дејности од поширок интерес		
1.	Член на факултетска комисија, 2023/2024 (приемен испит – Пијано облигат)	0,5
2.	Член на факултетска комисија, 2023/2024 (приемен испит – Хармоника)	0,5
3.	Член на факултетска комисија, 2024/2025 (приемен испит – Пијано облигат)	0,5
4.	Член на факултетска комисија, 2024/2025 (приемен испит – Хармоника)	0,5
5.	Член на факултетска комисија, 2025/2026 (приемен испит – Пијано)	0,5
6.	Член на факултетска комисија, 2025/2026 (приемен испит – Пијано облигат)	0,5
7.	Член на факултетска комисија, 2025/2026 (приемен испит – Хармоника)	0,5
8.	Изготвување и пријавување на уметнички меѓународен проект (носител) – Концерт на пијано дуо Кристијан Каровски и Мими Дучева во Рим, Италија	2
Спортска дејност		
	Вкупно	13

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	60,4
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	9
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	44
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	13
Вкупно	126,4

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.
Проф. д-р Нина Костова, с.р.
Проф. м-р Катерина Гелебешева-Костадиновска, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје, објавен во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ од 6.5.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (5.09.01.02) применета кинезиологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет број 0201-833/11, донесена на 3.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Серјожа Гонтарев, претседател, проф. д-р Митричка Џамбазовска-Стардeлова, член и проф. д-р Борче Даскаловски, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област применета кинезиологија, во предвидениот рок се пријави ас. д-р Миодраг Тодоровиќ.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот ас. д-р Миодраг Тодоровиќ е роден на 8.7.1997 година во Скопје, каде што го завршил основното образование во ОУ „Стив Наумов“. Средното образование го завршил во гимназијата „Орце Николов“ во Скопје.

Во 2016 година се запишал на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, кој го завршил во 2020 година со просек 9,48. Дипломирал на тема: „Пик ен рол – игра во напад“. Истата година се запишал на втор циклус студии – студиска програма: Кинезиологија, а студиите ги завршил со просек 10. Во 2021 година успешно го одбранил магистерскиот труд на тема: „Возрасни и полови разлики во апсолутните и релативните вредности на силината на стисокот на дланка кај деца од рана училишна возраст во Скопскиот Регион“ и се стекнал со титулата магистер по кинезиологија.

Во 2022 година се запишал на трет циклус студии – студиска програма: Кинезиологија, а во 2026 година успешно го одбранил докторскиот труд на тема: „Применливост и релијабилност на тестовите за проценување на физичкиот и моторичкиот развој кај македонските ученици: Макфит студија“ и се стекнал со звањето доктор по кинезиологија.

Во 2024 година завршил додипломски студии на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје, насока: Психологија, и се стекнал со академскиот назив дипломиран психолог.

Во 2020 година станал стручен соработник на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

Во 2021 година е избран за асистент по предметите Дидактика во физичкото образование и спортот и Дидактика во физичкото образование во предучилишна и рана училишна возраст. Во моментот е асистент, а последниот реферат за избор за асистент во научната област применета кинезиологија е објавен во Билтен бр. 1312, на 15.8.2024 година.

Рецензентската комисија ги имаше во предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почеток на кариерата, до денот на пријавата врз основа на поднесената документација.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет на физичко образование, спорт и здравје, кандидатот д-р Миодраг Тодоровиќ изведува вежби на прв циклус студии на студиската програма Кинезиологија.

Конкретните активности се наведени во Образец 2.

Научноистражувачка дејност

Ас. д-р Миодраг Тодоровиќ има објавено 8 труда, објавени во меѓународни научни списанија.

Ас. д-р Миодраг Тодоровиќ бил соработник и учествувал во 4 научни проекти и семинари.

Конкретните активности се наведени во Образец 2.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Ас. д-р Миодраг Тодоровиќ уште од најрана возраст започнува да тренира кошарка. Младински репрезентативец е од 2011 до 2013 година, кога го потпишал првиот професионален договор со КК „Куманово“. Освен за КК „Куманово“, има настапувано и за КК „Кожуф“ и КК „Шкупи“.

Во 2018 година ја започнал тренерската кариера во кошаркарскиот клуб МВП во Скопје, а првиот професионален договор како тренер го потпишал во 2021 година со КК М3Т – Скопје, кога станал дел од стручниот штаб. Во истиот клуб останал до 2024 година и освоил 3 шампионки титули, 3 пати е победник на Супер купот на Македонија и 3 пати освојувач на купот на Македонија. Во 2024 година ја водел младинската екипа на КК М3Т.

Во 2023 и 2024 е дел од стручниот штаб на младинската репрезентација, а во 2025 и од сениорската репрезентација. Во 2026 година е избран за селектор на М18.

Во 2025 година станува тренер на КК „Маџари“ во втората македонска лига и го внесува клубот во првата лига, каде што наредната година стигнува до финале.

Како тренер на машката кошаркарска екипа на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје и на УКИМ, 3 години по ред е првак на Македонија во Универзитетската кошаркарска лига, а минатата година е носител на наградата за најдобра спортска факултетска екипа.

Конкретните активности се наведени во Образец 2.

Оценка од самоевалуација

Врз основа на спроведената анкета на студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, за кандидатот ас. д-р Миодраг Тодоровиќ е констатирана позитивна оценка од самоевалуцијата.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, наставно-научната и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Миодраг Тодоровиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Миодраг Тодоровиќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област применета кинезиологија.

Според горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот на физичко образование, спорт и здравје во Скопје, д-р Миодраг Тодоровиќ да биде избран во звањето доцент во научната област применета кинезиологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Серјожа Гонтарев, с.р.
Проф. д-р Митричка Џамбазовска-Старделова, с.р.
Проф. д-р Борче Даскаловски, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Миодраг Лазар Тодоровиќ
Институција: Факултет за физичко образование, спорт и здравје
Научна област: применета кинезиологија

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,48. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10. Просечниот успех изнесува 9,74 за интегрираните студии.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира. Назив на научната област: применета кинезиологија; поле: други општествени науки; подрачје: општествени науки.	ДА
3	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа. 1. Странски јазик: англиски 2. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 3. Датум на издавање на документот: 7.4.2026 година.	ДА
4	Има способност за изведување на високообразовна дејност.	ДА

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.
** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Миодраг Лазар Тодоровиќ
Институција: Факултет за физичко образование, спорт и здравје
Научна област: применета кинезиологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) 0.03	
1	Дидактика во физичкото образование и спортот, 2021/22 (2 групи x 2 часа неделно) x 15 седмици x 0.03 поени	1.8
2	Дидактика во физичкото образование и спортот, 2022/23 (2 групи x 2 часа неделно) x 15 седмици x 0.03 поени	1.8
3	Дидактика во физичкото образование и спортот, 2023/24 (2 групи x 2 часа неделно) x 15 седмици x 0.03 поени	1.8
4	Дидактика во физичкото образование и спортот, 2024/25 (2 групи x 2 часа неделно) x 15 седмици x 0.03 поени	1.8
5	Дидактика во физичкото образование и спортот, 2025/26 (2 групи x 2 часа неделно) x 15 седмици x 0.03 поени	1.8
	Подготовка на нов предмет	
6	Дидактика во физичкото образование во предучилишна и рана училишна возраст (задолжителен)	0.5
7	Елементарно физичко образование (изборен)	0.5
8	Дидактика во физичкото образование во предучилишна и рана училишна возраст 2025/26 (2 групи x 2 часа неделно) x 15 седмици x 0.03 поени	1.8
9	Елементарно физичко образование 2024/25 (1 група x 1 час неделно) x 15 седмици x 0.04 поени	0.6
10	Елементарно физичко образование 2025/26 (1 група x 1 час неделно) x 15 седмици x 0.04 поени	0.6
	Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)	
11	2 часа неделно x 15 недели x 0.03 2021/22	0.9
12	2 часа неделно x 15 недели x 0.03 2022/23	0.9
13	2 часа неделно x 15 недели x 0.03 2023/24	0.9
14	2 часа неделно x 15 недели x 0.03 2024/25	0.9
15	2 часа неделно x 15 недели x 0.03 2025/26	0.9
	Консултации со студенти (0.002 поени)	
16	Консултации со студенти (просек 120 студенти x 4 семестри)	0.9
	Пакет материјали за одреден предмет	
17	Веб-материјали за предметот Елементарно физичко образование	1
	Интерна скрипта од предавање	
18	Интерна скрипта од предавање	4
19	Интерна скрипта од вежби	3
	Вкупно	**26.4**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Учесник во национални научни проекти (3 поени)	
1	Проект Скопје Вежба, јавно здравствена и спортска иницијатива на Град Скопје и Факултет за физичко образование, спорт и здравје, мај 2021, финансиран од Град Скопје.	3
2	Проект: „Состојбата на физичкиот фитнес, нутритивниот статус и статус на стапалата кај децата и младите во Општина Кавадарци“, реализиран во текот на 2025 година, а финансиран од Општина Кавадарци.	3
3	Проект: „Предикција на резултатите во моторичките тестови преку показатели од телесниот состав кај спортисти и неспортисти со различни ниво на физичка активност“, реализиран во текот на 2025 година, а финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.	3
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.	
4	Keka, A., Gligorovski, A., Miodrag Todorovic, M. (2024). COMPERATIVE ANALYSIS IN SOME MOTORIC ABILITIES BETWEEN WRESTLERS, BOXERS AND STUDENTS FROM THE REPUBLIC OF KOSOVO. Research in Physical Education, Sport and Health 2024, Vol. 13, No. 2, pp. 3-9 ISSN(Print):1857-8152; ISSN(Online):1857-8160	4.5
5	Tasevski,Z., Biljana Bojadzieva Stojanoska, B., Pluncevic Gligoroska, J., Todorovic, M.,Kalac, R. (2020). ANTHROPOMETRIC AND BODY COMPOSITION DIFFERENCES AMONG ELITE MACEDONIAN`S SOCCER AND HANDBALL PLAYERS. Research in Physical Education, Sport and Health 2020, Vol. 9, No. 2, pp.9-15 ISSN(Print):1857-8152; ISSN(Online):1857-8160	4.5
6	Keka, A., Todorovic, M., Gligorovski, A. (2024). DIFFERENCES IN SOME ANTHROPOMETRIC CHARACTERISTICS AND SOMATOTYPE COMPONENTS BETWEEN TOP BOXERS, FREESTYLE WRESTLERS AND STUDENTS FROM THE REPUBLIC OF KOSOVO. Research in Physical Education, Sport and Health 2024, Vol. 13, No. 2, pp.10-15 ISSN(Print):1857-8152; ISSN(Online):1857-8160	4.5
7	Blerta Kaciu1,B., Kalac, R., Todorovic, M., Gontareva, N. (2022). GENDER DIFFERENCES IN THE ANTHROPOMETRIC MEASURES AND PHYSICAL FITNES Research in Physical Education, Sport and Health 2022, Vol. 11, No. 1, pp.83-90 ISSN(Print):1857-8152; ISSN(Online):1857-8160	4.5
8	Aleksovska-Velickovska, L., Levent, M., Gontarev,S., Tasevski, Z., Todorovic, M. (2021). METHODOLOGICAL PSYCHOLOGICAL INTERVENTION WITH FOOTBALL TRAINERS TO IMPROVE COACHING COMPETENCE PERCEIVED BY ATHLETES, SATISFACTION WITH COACH, ENJOYMENT AND INTENTION OF PERSISTING. Research in Physical Education, Sport and Health	4.5

	2021, Vol. 10, No. 2, pp.75-82 ISSN(Print):1857-8152; ISSN(Online):1857-8160	
9	Todorovic, M. (2025). TEST-RETEST RELIABILITY OF STANDING LONG JUMP TEST IN ADOLESCENTS. Research in Physical Education, Sport and Health 2025, Vol. 14, No. 2, pp.135-140 ISSN(Print):1857-8152; ISSN(Online):1857-8160	4.5
10	Gligoroski, A., Todorovic, M., Ristevski, V. (2023). MOTOR SKILLS IN RECREATIONAL AND COMPETITIVE. Research in Physical Education, Sport and Health 2023, Vol. 12, No. 2, pp.19-24 ISSN(Print):1857-8152; ISSN(Online):1857-8160	4.5
11	Daskalovski B., Aceski A., Naumovski M., Todorovikj M. (2021). DIFFERENCE IN THE EFFECTIVENESS OF THE OFFENSIVE STRATEGIES BETWEEN GUARDS FROM VTB ANF ABA LEAGUE. Research in Physical Education, Sport and Health 2021, Vol. 10, No. 2, pp.13-16 ISSN(Print):1857-8152; ISSN(Online):1857-8160	4.5
	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	
12	Test-Retest Reliability of the Wrist Dynamometry Test in Macedonian Adolescents, 18th FIEPS European Congress and 6th Scientific conference RPESH. 31.05-02.06.2024 Ohrid	2
	Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција	
13	Todorovic, M., Krstevski, B., Gontareva, N. (2024). Test-Retest Reliability of the Wrist Dynamometry Test in Macedonian Adolescents, 18th FIEPS European Congress and 6th Scientific conference RPESH.	1
	Вкупно	**48**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Учество во промотивни активности на Факултетот (поени 0.5)	
1	Промоција+промотивен материјал за Отворен ден на ФФОСЗ, 2022, 2023, 2024, 2025	2
Дејности од поширок интерес		
	Студиски престој во странство	
2	до 3 месеци: Факултет за физичка култура во Приштина, Косово	0.5
3	до 3 месеци: Belgrade Basketball Clinic 2023	0.5
4	до 3 месеци Belgrade Basketball Clinic 2023	0.5
5	до 3 месеци: Euroleague Head Coaches Congress 6th Gen 2026, Athene	0.5
Спортска дејност		
6	Освоено второ место на Балканска лига, КК Куманово, 2016/17	5
7	Освоено седмо место на Европско првенство М16, 2013	1
8	Главен тренер М 16 КК МЗТ Скопје	1
9	Главен тренер КК „Маџари“, 2024/25, освоено прво место во Втора кошаркарска лига	5
10	Главен тренер КК „Маџари“, 2025/26, освоено второ место во Супер кошаркарска лига	5

11	Помошен тренер КК МЗТ – Скопје, 2021/22, освоено прво место во Супер кошаркарска лига	1
12	Помошен тренер КК МЗТ – Скопје, 2022/23, освоено прво место во Супер кошаркарска лига	1
13	Помошен тренер КК МЗТ – Скопје, 2023/24, освоено прво место во Супер кошаркарска лига	1
14	Помошен тренер КК МЗТ – Скопје, 2021/22, освоен Куп на Македонија	1
15	Помошен тренер КК МЗТ – Скопје, 2022/23, освоен Куп на Македонија	1
16	Помошен тренер КК МЗТ – Скопје, 2023/24, освоен Куп на Македонија	1
17	Помошник тренер М 20 Кошарка, 2023/24	2
18	Помошник тренер М 20 Кошарка, 2024/25	2
19	Помошник тренер А селекција Кошарка, 2024/25	2
20	Селектор на М 18 Кошарка, 2025/26	4
21	Тренер на кошаркарска екипа на УКИМ, 2023/24, освоено прво место	2
22	Тренер на кошаркарска екипа на УКИМ, 2024/25, освоено прво место	2
23	Тренер на кошаркарска екипа на ФФОСЗ, 2023/24, освоено прво место	2
24	Тренер на кошаркарска екипа на ФФОСЗ, 2024/25, освоено прво место	2
25	Тренер на кошаркарска екипа на ФФОСЗ, 2025/26, освоено прво место	2
26	Тренер и едукатор на кошаркарски камп на КК МВП – Скопје	1
27	Награда за најуспешна екипа во студентски спорт за 2024 година, во организација на Министерство за спорт	5
	Вкупно	**53**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	26.4
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	48
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	53
Вкупно	**127.4**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Серјожа Гонтарев, претседател, с.р.
Проф. д-р Митричка Џамбазовска Старделова, член, с.р.
Проф. д-р Борче Даскаловски, член, с.р.

Прилог бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „СПОРТСКИ ТАНЦИ“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ВЛАТКО ПАВЛЕСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот „Спортски танци“ од авторот доц. д-р Влатко Павлески, наменет за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за предметот Спортски танци и народни ора, избрани се: проф. д-р Серјожа Гонтарев и проф. д-р Горан Никовски. По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование спорт и здравје во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. ОПШТ ДЕЛ

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Спортски танци
Назив на предметната програма:	Спортски танци и народни ора
Назив на студиската програма:	Физичко образование, спорт и здравје
Фонд на часови и ЕКТС-кредити:	60 часа (15+45), 4 ЕКТС
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 66 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во шест тематски целини (вклучувајќи ја литературата) и содржи бројни слики, скици, табели и дијаграми.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Серјожа Гонтарев, с.р.
Проф. д-р Горан Никовски, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГОНТАРЕВ СЕРЈОЖА

Краток опис на содржината:	Доставениот ракопис со наслов: „Спортски танци“ претставува скрипта наменета за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Авторот доц. д-р Влатко Павлески ја структурирал скриптата во шест меѓусебно поврзани тематски целини, кои логично и систематски го покриваат целокупниот наставен материјал што се однесува на делот за спортските танци по предметот Спортски танци и народни ора. Во воведниот дел, авторот ја образложува улогата на движењето и танцот во биолошко-психолошкиот развој на човекот, нагласувајќи ја педагошката вредност на танцувањето во образовниот систем и општествената димензија на танцот низ историјата. Вториот дел е посветен на поимите Ballroom Dancing и DanceSport, со краток историјат на нивниот развој и улогата на меѓународните асоцијации (ISTD, IDTA, WDSF) во стандардизацијата и унапредувањето на танцовите дисциплини. Третиот дел ги обработува стандардните спортски танци (ССТ): англиски валцер, танго, виенски валцер, слоуфокс и квикстеп. За секој танц поединечно се дадени: историјат, општи и технички карактеристики. Детално се разработени физичките принципи (статичка и динамичка рамнотежа), принципите на движење во „Swing“ танците и во танго, Alignment/Direction, Quantity of Turn, Foot Action, Timing, Positions и Poses. Четвртиот дел е посветен на латиноамериканските спортски танци (ЛАСТ): самба, ча ча ча, румба, пасо добле и џајв. Покрај историјатот и карактеристиките на секој танц поединечно, детално се обработени физичките принципи специфични за ЛАСТ: Posture, Forward и Backward Movements, Arm Movements, Leading and Following, Rotations, Hip Design, Hip Muscular Actions и Body Muscular Actions. Петтиот дел ги претставува судиските системи во танцовиот спорт: компаративната судиска метода (Skating систем) и апсолутниот судиски систем во неговите верзии 1.0, 2.0, 2.1 и 3.0, со детален опис на критериумите и скалата на оценување. Шестиот дел е посветен на тренинг-процесот, вклучувајќи ги тренинг-структурата, планирањето и контролата, кондиционата подготовка, координацијата, менталната подготовка, периодизацијата и дијагностиката на перформансите. Скриптата е збогатена со бројни илустрации, скици, табели и дијаграми, кои значително ги олеснуваат разбирањето и усвојувањето на наставните содржини.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е во целосна согласност со делот кој се однесува на спортските танци во рамки на предметната програма за предметот Спортски танци и народни ора на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Содржините се систематски

	распоредени и ги покриваат сите предвидени тематски единици.
Предлози за потребни корекции:	Нема потреба од корекции.
Оцена на ракописот:	Ракописот „Спортски танци“ ги задоволува критериумите и современите стандарди на академско учебно помагало – скрипта, од методолошки и содржински аспект, соодветен за студиската програма на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ во Скопје. Авторот покажал висока стручна компетентност и добро познавање на материјата, успевајќи да ги обедини теоретските основи, техничките специфики и практичните аспекти на танцовиот спорт во кохерентна целина.
Категоризација:	учебно помагало/скрипта
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 66 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во шест тематски целини и содржи бројни слики, скици, табели и дијаграми. Предложената скрипта „Спортски танци“ претставува значаен придонес кон наставната литература на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје. Таа ќе придонесе за полесно и подобро усвојување на знаењата на студентите, како и за стекнување практични вештини неопходни за нивната идна педагошка и тренерска работа. Скриптата е единствена ваква публикација на македонски јазик во оваа област, со што добива уште поголема вредност. Оттука, го поддржувам и го препорачувам нејзиното печатење.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало – скрипта по предметот Спортски танци и народни ора, примарно наменет за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во Скопје, 17.5.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Серјожа Гонтарев, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГОРАН НИКОВСКИ

Краток опис на содржината:	Доставениот ракопис со наслов: „Спортски танци“ е организиран логично и прегледно. Авторот доц. д-р Влатко Павлески ги обработил сите клучни аспекти на танцовиот спорт во шест тематски целини, кои претставуваат целовита и заокружена наставна содржина. Воведниот дел дава широка историска и педагошка рамка за разбирање на значењето на танцот во животот на човекот, нагласувајќи ја неговата улога во физичкото образование и воспитание. Историјатот на Ballroom Dancing и DanceSport е прикажан преку прегледен и информативен текст, со акцент на организациската структура на меѓународниот танцов спорт. Стандардните спортски танци се обработени со посебна стручна длабочина. Детално се разработени физичките принципи, аналитичката анатомија на движењето преку трите телесни рамнини (фронтална, хоризонтална и сагитална), специфичните принципи на ССТ, позициите, позите и техничките карактеристики на секој танц поединечно. Посебна вредност претставуваат илустрациите и скиците со кои е збогатен овој дел. Латиноамериканските спортски танци се претставени со детален опис на физичките принципи специфични за оваа танцова дисциплина. Делот посветен на Hip Design, Hip Muscular Actions и Body Muscular Actions претставува особено вредна содржина која ретко се наоѓа во домашната стручна литература. Позициите на двојката (Couple Position) се прикажани преку бројни илустрации кои ги олеснуваат разбирањето и практичната примена. Поглавјето за судиски системи дава темелен преглед на еволуцијата на оценувањето во танцовиот спорт – од компаративната метода до апсолутниот судиски систем 3.0, со јасно образложување на критериумите и стандардите за оценување. Поглавјето за тренинг-процес е конципирано според највисоките стандарди на спортската наука. Структурата на тренингот, планирањето и контролата, кондицијата, координацијата, менталните вештини и периодизацијата се обработени систематично и применливо, со референци кон релевантна меѓународна научна литература.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Скриптата е напишана за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје и е целосно усогласена со содржините предвидени со делот на спортските танци во рамки на предметната програма за предметот Спортски танци и народни ора при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
Предлози за потребни корекции:	нема

Оцена на ракописот:	Предложениот ракопис „Спортски танци“ е современ стручен и академски текст, кој со содржината, форматот и начинот на кој се прикажани тематските единици ги исполнува критериумите за учебно помагало/скрипта по предметот Спортски танци и народни ора за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Скриптата е напишана на јасен и прецизен академски јазик, а употребата на стручна терминологија на македонски јазик претставува особено значаен придонес за домашната стручна литература во областа на спортскиот танц.
Категоризација:	учебно помагало/скрипта
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 66 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во шест тематски целини и содржи бројни слики, скици, табели и дијаграми. Оваа скрипта ќе придонесе за поефективно и поквалитетно запознавање на студентите со теоретските и практичните аспекти на спортскиот танц, ќе ги воведе во разбирањето на техничките, судиските и тренерските процеси, и ќе ги подготви за самостојна стручна работа. Скриптата ја пополнува постојната празнина во наставната литература на македонски јазик за оваа специфична спортска дисциплина. Затоа, сметам дека треба да се објави и силно ја препорачувам.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало – скрипта по предметот Спортски танци и народни ора, примарно наменет за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
Во Скопје, 26.5.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Горан Никовски, с.р.

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА МОРФОЛОШКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ И ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ ВРЗ ФИЗИЧКИОТ ФИТНЕС КАЈ РЕКРЕАТИВЦИТЕ“ ОД М-Р ИСКРА БОЈАЏИЕВА КИТАНЧЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на 3.6.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Бојаџиева Китанчева со наслов: „Влијанието на морфолошките показатели и функционалните способности врз физичкиот фитнес кај рекреативците“, во состав: проф. д-р Борче Даскаловски (претседател), проф. д-р Жарко Костовски (ментор), проф. д-р Вујица Живковиќ (член), проф. д-р Влатко Недлковски (член) и Вонр. проф. д-р Жоикица Тасевски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Бојаџиева Китанчева, со наслов: „Влијанието на морфолошките показатели и функционалните способности врз физичкиот фитнес кај рекреативците“, содржи 108 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 13, 50 библиографски единици сите цитирани во текстот, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, 17 подглави и 18 потподглави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава од докторската дисертација е насловена „Вовед“. Во неа е анализирано значењето на физичкиот фитнес кај рекреативците, како и кај адолесцентите, која тема е сè повеќе препознаена од спортската индустрија и човекот како индивидуа. Според Американскиот колеџ за спортска медицина (ACSM), дефиницијата за физички фитнес, со цел подобрување на здравјето, е: збир на атрибути што луѓето ги имаат или ги постигнуваат, а кои се поврзани со способноста за вршење физичка активност. Физичкиот фитнес е способност да се извршуваат дневни активности со енергичност, како и со демонстрација на особини и капацитети кои се поврзани со низок ризик од предвремен развој на хипокинетички болести (на пр., оние поврзани со физичка неактивност). Тој се карактеризира со особини, како што се мускулна сила, издржливост и кардиоваскуларна кондиција. Капацитетот за вршење физичка работа, вклучувајќи ги и аеробните и анаеробните активности, е клучна компонента на физичката кондиција. Овие дефиниции ја нагласуваат важноста на холистичкиот пристап кон физичката кондиција, вклучувајќи ги и аспектите поврзани со здравјето и перформансите.

Втората глава ги анализира досегашните резултати. Дефинирањето на состојбата на морфолошкиот и моторичкиот простор кај рекреативци од двата пола, како и структурата и разликите на морфолошките карактеристики и моторичките способности кај рекреативците биле од голем интерес кај многу досегашните истражувачи, и воедно имаат голема практична примена. Во светот се реализирани голем број на истражувања во кои се проучуваат физичкиот фитнес, морфолошките карактеристики и моторичките способности, на различни возрасни групи од двата пола со различни резултати и ефекти. Физичкиот фитнес и моторичките способности биле истражувани во поголем број европски земји. Преку таков тип на истражувања, направени се обиди што е можно подобро да се утврдат и објаснат овие простори.

Третата глава од докторската дисертација е насловена „Проблем, предмет, цел и хипотези на истражувањето“. Главата е раслоена во четири подглави, во кои е јасно се дефинирани проблемот, предметот, целта и хипотезите на истражувањето. Проблем на истражувањето е да се истражи врската помеѓу физичката активност и телесниот состав со

кардиореспираторната форма кај рекреативците. Преку ваков тип на истражување, кандидатката направи обид да се објасни релацијата меѓу физичката поставеност на телото и физичката активност. Водена од техничко-технолошките можности, кандидатката предметот на истражувањето го насочува на морфолошките показатели и функционалните способности. Физичката активност и телесниот состав, како морфолошки показатели, се сметаат за примарни во истражувањето, исто така и врската помеѓу морфолошките показатели и функционалните способности, поточно кардиореспираторниот фитнес кај непрофесионални спортисти – рекреативци. Врз основа на проблемот и предметот на истражувањето, поставени се три конкретни цели, и тоа: 1. да се утврди врската помеѓу физичката активност, програмата за физичкиот фитнес и телесниот состав кај рекреативците, преку иницијално, контролно и финално мерење; 2. да се утврди врската помеѓу морфолошките показатели: физичката активност и телесниот состав, и функционалните способности, односно кардиореспираторниот фитнес кај рекреативци; 3. да се утврдат разликите во телесниот состав и кардиореспираторниот фитнес помеѓу експерименталната и контролната група. Земајќи ги предвид резултатите од досегашните истражувања, проблемот, предметот и целите на истражувањето, кандидатката поставила една нулта хипотеза и шест работни хипотези.

Во **четвртата глава,** „Методи на истражувањето“, кандидатката го дефинира истражувањето во експерименталната група на истражувања со учество на една експериментална и една контролна група на испитаници. Истражувањето е изведено во временски период од 16 седмици, кој се очекува да биде доволен период за да има адаптивни промени во физичкиот фитнес кај испитаниците. Пред да се изведе експерименталното истражување беше направено пилот-тестирање на група од 32 учесници. За да се земат предвид резултатите од мерењата, учесниците требаше да присуствуваат на 60 % од вкупниот број на тренинг-сесии. Се обработија резултатите од три мерења (иницијално, контролно и финално) на 12 жени и 11 мажи на возраст од 38±9 години. Учесниците правеа мерења на телесен состав со помош на биоелектрична импеданса и тест за индиректна проценка на максималната потрошувачка на кислород $VO_{2\,max}$, со помош на Myzone MZ3 системот. Целта на ова пилот-тестирање беше да се идентификуваат техничко-технолошките тешкотии кои би можеле да се јават за време на истражувањето. Оваа глава е раслоена во четири подглави и три потподглави, каде што јасно се дефинирани примерокот на испитаници, како и примерокот на применети варијабли. Кандидатката на јасен начин го образложува експериментот кој го спровела со испитаниците. Во подглавата „Методи за обработка на податоците“, користени се методите кои најчесто се применуваат во досегашните истражувања во кинезиологијата. При обработката на податоците од ова истражување, кандидатката води сметка резултатите да може лесно да се интерпретираат и разберат, а заклучоците во иднина да имаат влијание врз засегнатите страни.

Во **петтата глава,** која е и најобемна, кандидатката ја раслоила во пет седум подглави и петнаесет потподглав, каде што јасно се прикажани добиените резултати од истражувањето, преку триесет и три табели и нивно текстуално објаснување. Во подглавата „Дискусија“, кандидатката прави анализи на добиените резултати, кои ги споредува со резултати од еминентни истражувачи од земјава и од странство, со што ја поткрепува идејата за ваков вид на истражување.

Шестата глава од докторската дисертација е насловена „Заклучок“. Кандидатката на експлицитен начин изведува заклучоци од експериментот со што ја оправдува целата идеја и реализација на истражувањето. По контролното мерење, кај експерименталните групи беше извршена интервенција во тренинг-програмата. Од добиените резултати и анализа на податоците со спроведените мултиваријантни, ковариjантни, корелациони и регресиони анализи, утврдени се различни промени кај морфолошките показатели и функциналните способности кај испитаниците. Врз основа на погоренаведеното, кандидатката ги извлекува заклучоците за поставените хипотези на истражувањето.

Седмата глава од докторската дисертација е насловена „Теоретско и практично значење на истражувањето“. Ова истражување се обидува да даде теоретски и практичен придонес од аспект на достигнување на максимален физички фитнес соодветен на морфолошките показатели и функционалните способности на секоја индивидуа – рекреативец. Имено, со истражувањето се посочува на придобивките од индиректна квантификација на физичкиот фитнес преку морфолошки и функционални показатели кои се еднозначни и мерливи. Така,

директно, тие му помагаат на рекреативецот да ја согледа потребата од приспособување на кривата на физички развој и на тренерот да прави континуирани интервенции на тренинг-програмата кои овозможуваат оптимизирање на тренажниот процес на достигнување на индивидуален максимален физички фитнес за индивидуата рекреативец. Практичната употреба на нова мерна технологија за да се следи напредокот и да се интервенира во тренинг-програмите и интуитивноста за употреба и читање на резултатите при нивна практична примена, поткрепени со емпириските наоди од ова и идните слични истражувања, ќе овозможи интеграција на научниот аспект при структурирано креирање и оптимизирање на тренинг-програми за рекреативци.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во однос на познавањето на проблемот, ова истражување претставува комфирмативно истражување, каде што врз основа на познати проблеми се спроведува проверувањето на поставените хипотези врз основа на содветни методи и истражувачка скица. Во поглед на временската одреденост, истражувањето е од лонгитудинален карактер, и се состои од трократно мерење на соодветните антропометриски мерки, телесниот состав и моторичките способности кај рекреативци од двата пола.

Краток опис на применетите методи

Од постојните методи за обработка на податоците, применети се оние кои овозможуваат кондензација и трансформација на основните информации и со кои во доволно егзактно научна смисла е можно да се одговори на целите, како и да се провери заснованоста на хипотезите од ова истражување. Во тој контекст, избрани се оние методи кои најчесто се применувани во досегашните истражувања и одговараат на спецификата на добиените податоци. Да се утврдат универијантните и мултиваријатните разлики во морфолошките карактеристики и функционалните способности меѓу експерименталната и контролната група на испитаници се користат мултиваријантна анализа на варијанса (MANOVA) и универијантна анализа на варијанса (ANOVA). За да се утврди ефикасноста, користена е групна анализа на морфолошките карактеристики и функционалните способности со помош на мултиваријантна анализа на коваријанса (MANKOVA), а идивидуалната меѓугрупна разлика е утврдена со помош на универијантна анализа на коваријанса (ANKOVA). За да се утврди поврзаноста помеѓу морфолошките карактеристики и функционалните способности во експерименталната и контролната група на финалното мерење, користена е регресиска анализа. Целосната статистичка обработка е направена со помош на статистичиот пакет SPSS for Windows..

Краток опис на резултатите од истражувањето

Интерпретација на разликите меѓу групите при иницијалното мерење.

Кај трите MANOVA-анализи се забележува статистички значајни мултиваријантни групни ефекти (сите p < ,001). Меѓутоа, со преглед на универијатните резултати се открива дека изворот на овие разлики е полот на испитаниците независно во која група припаѓаат. Истото е очекувано, бидејќи се разгледува иницијалното мерење на испитаниците. Варијаблите кои не се значајни во анализите, тежина на телесни масти (BFKG), метаболичка возраст (MAGE), тежина на телесни масти на рацете (LAFM, RAFM), тежина на телесни масти на трупот (TFM), обем на натколеница (ONK, ONK R), обем на потколеница (OPK, OPK R) и двата теста за флексибилност на долен дел на грбот и на раменскиот појас (MFLDH, MFLGS) се варијабли со кои сите четири групи се споредливи при иницијалното мерење. Статистички значајните варијабли ја одразуваат очекуваната физиолошка разлика меѓу машките и женските испитаници како тежина на мускулна маса, тежина на коски, висина, тежина, телесен обем на горниот дел од телото, експлозивната силина, аеробната моќ. Со овие анализи се потврдува дека експерименталните и контролните групи во рамките на истиот пол за повеќето варијабли се соодветно изедначени при иницијалното мерење, кое дава основа за споредба меѓу групите по интервенцијата во тренинг програмата. Разликите меѓу групите при иницијалното мерење како резултат од полот на испитаниците ја оправдуваат и наметнуваат употребата на анализата на коваријанса (ANKOVA) за контролното и финалното мерење, каде иницијалните вредности се внесуваат како

коваријабли за статистичка контрола на претходно постоечките разлики и изолирање на ефектот на интервенцијата во тренинг програмата.

Резиме на наодите при контролното мерење

При контролното мерење, резултатите укажуваат на селективни, специфични групни разлики кои се појавуваат по корекција на иницијалните вредности. Општиот телесен состав нема статистички значајни групни разлики за ниту една од осумнаесетте испитувани варијабли. MANOVA е статистички незначајна со p = ,373. Сите униваријатни тестови се статистички незначајни, што укажува дека тренинг-програмата сè уште нема мерливи диференцијални ефекти врз тежината на телесните масти или тежината на мускулната маса до контролното мерење. Наспроти тоа, за телесниот обем и физичката подготвеност се забележани статистички значајни мултиваријантни групни разлики, две p ≤ ,023; во делот на телесен обем, обемот на натколеница (лево и десно), обемот на градниот кош и телесната тежина и во делот на физичката подготвеност статичката сила на горните екстремитети и проценетиот VO_2max. Ова покажува дека постојат рани ефекти од тренинг-програмата во делот на промени во телесен обем и делот на физичката подготвеност кај испитаниците меѓу групите, но не се забележуваат рани ефекти врз општиот телесен состав на испитаниците меѓу групите.

Резиме на наодите при финалното мерење

Финалното мерење открива јасна и константна тенденција на ширење на групната диференцијација за периодот на истражувањето. Мултиваријантен ефект на припадноста на групата не може да се забележи кај општиот телесен состав, со исклучок на две изолирани униваријантни варијабли, тежина на телесните масти на десната рака и телесна тежина на телесни масти на десната нога кои се приближуваат или ја достигнуваат статистичката значајност. Може да се забележи и граничен резултат на статистичка значајност за тежината на телесните масти на левата нога. Оваа константна статистичка незначајност низ варијаблите на општиот телесен состав сугерира дека експерименталната тренинг-интервенција не создава диференцијални промени во општиот телесен состав во однос на контролните услови во текот на истражувањето. Обемот и физичката подготвеност се статистички значајни и мултиваријантниот ефект на групата се зголемува. Кај обемот на натколеница се забележува особено голем и растечки ефект од групата при контролното и финалното мерење. Телесната тежина и обемот на градниот кош се, исто така, статистички значајни варијабли. Кај варијаблите кои ја отсликуваат физичката подготвеност на испитаниците, значајноста на интервенцијата врз тренинг-програмата од контролното до финалното мерење е особено изразена. Бројот на значајни униваријантни исходи за физичка подготвеност порасна од два на шест, при сите главни способности за физичка подготвеност – сила, моќ, издржливост и флексибилност што покажува значајна групна диференцијација до финалното мерење. Овие прогресивни значајни разлики во физичката подготвеност, заедно со константните резултати за општ телесен состав, покажуваат дека примарните мерливи ефекти на интервенцијата со тренинг програма се однесуваат најмногу на функционалната физичка подготвеност, а не во варијаблите за општиот телесен состав.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Бојаџиева Китанчева, со наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА МОРФОЛОШКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ И ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ ВРЗ ФИЗИЧКИОТ ФИТНЕС КАЈ РЕКРЕАТИВЦИТЕ, претставува истражување во општествените науки – применета кинезиологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е со три конкретни цели, и тоа: 1. да се утврди врската помеѓу физичката активност, програмата за физичкиот фитнес и телесниот состав кај рекреативците, преку иницијално, контролно и финално мерење; 2. да се утврди врската помеѓу морфолошките показатели: физичката активност и телесниот состав, и функционалните способности, односно кардиореспираторниот фитнес кај

рекреативци; 3. да се утврдат разликите во телесниот состав и кардиореспираторниот фитнес помеѓу експерименталната и контролната група. Резултатите од истражувањето ќе помогнат да се најдат нови методи и начини врз основа на кои сознанијата од добиените резултати ќе го подобрат разбирањето и перцепцијата за важноста на квалитетно и стручно спроведување на фитнес-тренинзите кај рекреативци од двата пола. Докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Бојациева Китанчева, со наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА МОРФОЛОШКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ И ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ ВРЗ ФИЗИЧКИОТ ФИТНЕС КАЈ РЕКРЕАТИВЦИТЕ, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Bojadjieva Kitancheva, I., & Kostovski, Z. (2022). UPOTREBA BIOELEKTRIČNE IMPEDANCIJE KAO ALATKU U OČUVANJU ZDRAVLJA. *12th INTERNATIONAL CONFERENCE on “SPORTS SCIENCE and HEALTH,”*.

2. Bojadjieva Kitancheva, I., & Kostovski, Z. (2023). *Effect of cross training on physical fitness and body composition among recreational athletes measured with bio impedance and modern heart rate monitoring system*. 14th International e-Conference on “Sports Science and Health”.

3. Stankovska Z, Soklevska I. E, Paskoski I & Kitancheva, I. (2026) THE ROLE OF PHYSICAL ACTIVITY IN THE PREVENTION AND TREATMENT OF CHILDHOOD OBESITY IN EARLY SCHOOL AGE, Шеста меѓународна конференција СПОРТ, ЗДРАВЈЕ, ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА, Висока спортска и здравствена школа, Београд.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Искра Бојаџиева Китанчева со наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА МОРФОЛОШКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ И ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ ВРЗ ФИЗИЧКИОТ ФИТНЕС КАЈ РЕКРЕАТИВЦИТЕ.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Борче Даскаловски, претседател, с.р.
Проф. д-р Жарко Костовски, ментор, с.р.
Проф. д-р Вујица Живковиќ, член, с.р.
Проф. д-р Влатко Неделковски, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Жикица Тасевски, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Докторски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Бојана Вуловска Трифуновска	Развој на аналитички пристап за рационална трансформација на конвенционални во еколошко подобни RP-HPLC методи врз основа на модели на ретенција и изоелуотропски серии со етанол за анализа на липофилни активни фармацевтски супстанци	Development of an analytical approach for rational transformation of conventional into eco-friendly RP-HPLC methods based on retention models and isoeluotropic series with ethanol for the analysis of lipophilic actice pharmaceutical ingredients	Проф. д-р. Наталија Наков	02-331/20 18.05.2026

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Магистерски труд по ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА И ИНЖЕНЕРСТВО ВО ФАРМАЦИЈАТА

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Кристина Донева	Реолошка карактеризација на термореспонзивни гелови за надворешна примена	Rheological characterization of thermoresponsive gels for external application	Проф. д-р. Марија Главаш Додов	02-331/8 18.05.2026

МАГИСТЕРСКИ ТРУД ПО ДИЕТЕТИКА И ДИЕТОТЕРАПИЈА

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Емилија Веселиновска	Нутритивни предизвици и диетотерапевтска поддршка кај деца со церебрална парализа во Република Северна Македонија	Nutritional challenges and dietary support in children with cerebral palsy in the Republic of Nort Macedonia	Доц. д-р. Зоран Живиќ	02-331/7 18.05.2026

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Специјалистички труд по ФАРМАКОВИГИЛАНЦА

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Филорета Гаши	Улогата на фармацевтите во спроведувањето на добрите практики на фармаковигиланца	The role of community pharmacist in the implementation of good pharmacovigilance practices	Проф. д-р. Зорица Наумовска	02-331/10 18.05.2026

СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД ПО ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Згим Балај	Имплементација на фармацевтски систем за управување со квалитет според ICH Q10 во производствени услови: Предизвици, регулаторни барања и современи трендови	Implementation of a Pharmaceutical Quality System (PQS) according to ICH Q10 in manufacturing settings: Chalenges, regulatory requirements and contemporary trends	Проф. д-р. Марија Главаш Додов	02-331/9 18.05.2026

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Специјалистички труд по фармацевтска регулатива

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Марија Митковска Адамовска	Хармонизација на националната регулатива со европското законодавство во делот на аптекарската дејност	Harmonization of National Legislation with European Union Law in the Field of Pharmacy Practice	Проф. д-р Марија Главаш Додов	02-249/15 31.3.2026
2	Ивона Цветаноска Лазареска	Компаративна анализа на регулативата за храна за посебни нутитивни потреби: национални и европски аспекти	Comparative Analysis of the Regulation of Food for Special Nutritional Purposes: National and European Aspects	Проф. д-р Руменка Петковска	02-249/14 31.3.2026
3	Марина Стојанов	Улога на трговската марка во огласување на фармацевтските производи	The Role of Trademarks in the Advertising of Pharmaceutical Products	Проф. д-р. Катерина Анчевска Нетковска	02-249/16 31.3.2026

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Специјалистички труд по ФАРМАКОВИГИЛАНЦА

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Султана Шаќири	Улогата на фармаковигиланцата во процесот на клинички испитувања	The role of pharmacovigilance in the clinical trial processes	Проф. д-р Јасмина Тројачанец	02-249/12 31.3.2026
2	Рајна Ѓорѓиева	Развој на нови лекови – безбедносни аспекти	Development of new drugs – safety aspects	Проф. д-р. Димче Зафиров	02-249/13 31.3.2026

Прилоī бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „СЕМЕЈСТВО СО ДЕТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ“ ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р АНГЕЛКА КЕСКИНОВА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на 7.4.2026, бр. 13-667/5, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Семејство со дете со попреченост“ од авторката проф. д-р Ангелка Кескинова, наменет за студентите на Семејни студии, за предметот Семејството и инвалидноста, избрани се: проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова и проф. д-р Александра Каровска Ристовска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Општ дел

Основни податоци за ракописот

1. **Назив на ракописот:**	Семејство со дете со попреченост
2. **Назив на предметната програма:**	Семејството и инвалидноста
3. **Назив на студиската програма:**	Семејни студии
4. **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	**Фонд на часови: 3+1** **ЕКТС: 6**
Предметот **Семејството и инвалидноста** на **Филозофскиот факултет** е **задолжителен** предмет со фонд на часови: **3+1,** број на ЕКТС-кредити: **6** и се слуша во **втор** семестар.	
Реден број на изданието:	**прво издание**
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 211 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 13 слики (7 прилози во боја) и 5 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, с.р.
Проф. д-р Александра Каровска Ристовска, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р НАТАША ЧИЧЕВСКА-ЈОВАНОВА

5. **Краток опис на содржината:**	Ракописот „Семејство со дете со попреченост“ од авторката проф. д-р Ангелка Кескинова претставува учебнички труд кој обработува значајна област од современата специјална едукација и рехабилитација – семејството како непосреден контекст во кој се одвиваат развојот, воспитувањето, поддршката и социјалната инклузија на детето со попреченост. Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 211 страници, формат Б5, напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е структуриран во 10 поглавја, вклучувајќи ја литературата, и содржи 13 слики и 5 табели. Во трудот се разработуваат повеќе тематски подрачја кои се од суштинско значење за разбирање на положбата на семејството на дете со попреченост. Се анализираат карактеристиките на семејното функционирање, специфичните потреби и предизвици на родителите, адаптацијата на семејството во различни развојни фази, значењето на начинот на соопштување на дијагнозата, емоционалните реакции и процесот на прифаќање, како и односите меѓу членовите на семејството. Посебно внимание е посветено на практичните аспекти на поддршката, што му дава на ракописот употребна вредност во подготовката на идните стручни кадри на Институтот за семејни студии.
6. **Оцена за усогласеноста со предметната програма:**	Содржината на ракописот соодветствува на наставните потреби на предметот Семејство со дете со попреченост. Обработените теми овозможуваат студентите постепено да се запознаат со клучните поими, теоретски основи и практични прашања поврзани со семејствата на деца со попреченост. Ракописот е усогласен со целите на предметната програма, бидејќи овозможува стекнување знаења за семејните односи, родителските реакции, адаптацијата на семејството, потребите за поддршка и улогата на професионалците во градењето партнерски однос со семејството. На тој начин, материјалот може успешно да се користи како основна литература за совладување на наставните содржини.

7. **Предлози за потребни корекции:**	/
8. **Оцена на ракописот:**	Ракописот се одликува со јасна структура, прегледност и соодветна тематска разработка. Авторката избрала содржини кои се релевантни за академската подготовка на студентите, но и за нивната идна практична работа. Теоретските делови се надополнети со примери и практични вежби, со што се овозможува подобро разбирање на семејната реалност и на професионалните постапки потребни во работата со семејствата. Особено значајно е тоа што ракописот го третира семејството не само како корисник на услуги, туку како активен учесник во процесот на поддршка, адаптација и застапување на правата на детето. Таквиот пристап е во согласност со современите насоки во специјалната едукација, рехабилитацијата и инклузивната практика. Јазикот е јасен и разбирлив, а содржините се презентирани на начин кој е соодветен за студентска популација. Ракописот има наставна, стручна и практична вредност.
Категоризација:	**учебник**
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 211 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 13 слики и 5 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **учебник** по предметот **Семејството и инвалидноста**, примарно наменет за студентите на **Филозофскиот** факултет.

Во Скопје, 18.5.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, с.р.

II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Александра Каровска Ристовска

9. **Краток опис на содржината:**	Ракописот „Семејство со дете со попреченост“ од авторката Ангелка Кескинова претставува современ учебнички материјал кој ја обработува проблематиката на семејството во контекст на попреченоста кај детето. Ракопис кој е предаден на рецензија содржи 211 страници, формат Б5, напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 10 поглавја, вклучувајќи ја литературата, и содржи 13 слики и 5 табели. Содржината на ракопис опфаќа повеќе значајни тематски целини: семејството како развоен и релациски систем, родителството и попреченоста, предизвиците со кои се соочуваат семејствата на деца со различни видови попреченост, семејните животни циклуси, професионалното соопштување на дијагнозата, процесот на прифаќање на детето со попреченост, теоријата на емоционална приврзаност, влијанието на попреченоста врз семејниот систем, социо-економските аспекти и улогата на семејствата во застапувањето на правата на лицата со попреченост. Посебна вредност на ракопис претставува вклучувањето на практични вежби, примери и насоки, кои овозможуваат поврзување на теоретските сознанија со практичната работа со семејства.
10. **Оцена за усогласеноста со предметната програма:**	Ракописот е во целост усогласен со предметната програма по предметот **Семејството и инвалидноста**. Тематските целини се логично организирани и ги опфаќаат основните содржини потребни за стекнување знаења за семејната динамика, родителските предизвици, процесите на адаптација и поддршката на семејствата на деца со попреченост. Ракописот обезбедува соодветна теоретска, практична и методичка основа за студентите и придонесува кон развивање на професионални компетенции за работа со деца со попреченост и нивните семејства.
11. **Предлози за потребни корекции:**	/

12. **Оцена на ракописот:**	Ракописот е стручно, научно и методички добро конципиран. Темите се обработени систематично, јасно и соодветно на потребите на студентите. Авторката користи современа терминологија и релевантни теоретски пристапи, а содржината е збогатена со практични примери, вежби и насоки кои ја зголемуваат неговата применлива вредност. Ракописот претставува значаен придонес кон наставната литература во областа на специјалната едукација и рехабилитација, особено во делот на семејнонасочените пристапи и разбирањето на семејството како клучен фактор во развојот и поддршката на детето со попреченост.
Категоризација:	**учебник**
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 211 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 13 слики и 5 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **учебник** по предметот **Семејството и инвалидноста**, примарно наменет за студентите на **Филозофскиот** факултет.

Во Скопје, 18.5.2026 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Александра Каровска Ристовска, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
3. Докторски дисертации

Ред. бр.	Име и презиме на кандида-тот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**м-р Сумеа Рамадани**	„Доживотното учење и развојот на здравствената писменост кај младите и кај возрасните во Република Северна Македонија“	“Lifelong Learning and the Development of Health Literacy Among Youth and Adults in the Republic of North Macedonia“	Проф. д-р Елена Ризова	10-206/14 од 27. 05.2026 год.
2.	**м-р Ангела Икономоска Нечаковска**	„Дигиталните компетенции на наставниците од основното образование“	“Digital competences of primary education teachers“	Проф. д-р Вера Стојановска	10-265/17 од 21.05.2026 год.
3.	**м-р Дејан Богатинов**	„Системите на меѓународни односи и глобалната стабилност: историска, теориска и компаративна анализа“	“Systems of international relations and global stability: a historical, theoretical and comparative analysis“	Проф. д-р Рина Киркова Таневска	10-318/11 од 21.05.2026 год.

П Р Е Г Л ЕД
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

2. Магистерски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на канди-датот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифа-ќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Бојан Џамбазов	„Егзекутивни фукции кај ученици со и без тешкотии во читањето“	“Executive Functions in Students With an Wthout Reading“	Доц. д-р Маја Филиповска	10-738/3 од 21.05.2026 год.
2.	Филарета Атанасова	„Процена на грубата и фината моторика кај ученици со специфични тешкотии во учењето“	“Assessment of Fine and Gross Motor Skills in Students with Specific Learning Difficulties“	Проф. д-р Горан Ајдински	10-739/3 од 21.05.2026 год.
3.	Владимир Симоски	„Македонија и македонското прашање во политиката на бугарската влада на Александар Стамболиски во периодот 1919-1923 година“	“Macedonia and the Macedonian Question in the Policy of the Bulgarian Government of Aleksandar Stamboliyski, 1919-1923 “	Проф. д-р Никола Жежов	10-1047/3 од 21.05.2026 год.
4.	Ива Ѓуровска	„Компаративна анализа на законската регулатива за легализација на лесни дроги во Македонија и Европската унија (Холандија, Германија и Хрватска)“	“Comparative analysis of the legal regulations of the Legalisation of soft drugs in Macedonia and the European Union (the Netherlands, Germany and Croatia)“	Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова	10-968/3 од 21.05.2026 год.
5.	Снежана Шумковска	„Педагошки аспекти на примената на вештачката интелигенција во наставата по ликовно образование“	“Pedagogical Aspects of Using Artificial Intelligence in Visual Arts Education“	Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ	10-804/3 од 21.05.2026 год.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ШПАНСКА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 21.4.2026 година, за избор во наставно-научно звање (редовен професор) од наставно-научната област 6.02.02.13 (шпанска книжевност), Наставно-научниот совет, на својата 35. редовна седница одржана на 20.5.2026 година, со Одлука бр. 04-890/9 од 21.5.2026 формира Рецензентската комисија во состав: д-р Владимир Карановиќ, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Белград (Р Србија), д-р Мирјана Секулиќ, редовен професор на Филолошко-уметничкиот факултет при Универзитетот во Крагуевац (Р Србија) и д-р Снежана Петрова, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор во наставно-научно звање – редовен професор во наставно-научната област 6.02.02.13 (шпанска книжевност), во предвидениот рок се пријави д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска е родена на 9.8.1982, во Скопје. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во 2005 година, со просечен успех 9,64/10 и се стекнала со звањето дипломиран професор по италијански јазик и книжевност со шпански јазик и книжевност.

Во 2008 година завршила мастер студии по Современа шпанска култура на Универзитетот „Алкала де Енарес“ (студии на далечина), со просечна оценка 9,4/10. Темата на завршниот труд бил „Минатото, меморијата и идентитетот во првите два романи на Антонио Муњос Молина *Beatus Ille* и *Зимата во Лисабон*“.

Во учебната 2009/2010 се запишала на втор циклус студии на Универзитетот „Комплутенсе“ во Мадрид. Студиите ги завршила во 2010 година, со просечен успех 9,36/10 и истата година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Миграции исток – запад, од периферијата кон центарот и од центарот кон периферијата. Сликата на градот Мадрид во романот *Бугарските љубовници* и на градот Скопје во романот *Снегот во Казабланка*“.

Во 2010 година се запишала на докторски студии на Универзитетот „Комплутенсе“ во Мадрид и во 2015 година го обранила докторскиот труд на тема: „Мадрид како плурален простор. Од провинцијалецот до мигрантот: нарации на *другиот*“ со оценка десет со пофалба (cum laude).

Во текот на студиите остварила повеќе престои во странство, и тоа во 2004, како стипендист на шпанската влада за едномесечен курс по шпански јазик во Хака (Шпанија), 2005, како стипендист на владата на Италија во Перуџа (Италија), и во периодот од 2009 до 2010, како стипендист на шпанската влада остварила едногодишен престој во Мадрид, Шпанија, каде што ги завршила своите постдипломски студии.

Во 2013 и 2015 добила грантови за посета на еднонеделен курс за професори во Кордоба, Шпанија, и посета на едномесечен летен курс на тема „Латиноамериканските уметнички и поетски авангардни движења“, во Ел Ескоријал, Шпанија.

Во 2016 посетувала курс и се здобила со сертификат за официјален испитувач за испитите ДЕЛЕ (DELE), ниво Ц1-Ц2, издаден од Институтот „Сервантес“ во Белград. Во 2020 посетувала онлајн курс за лектор и коректор на шпански јазик, организиран преку платформата escritores.org.

Наставно-образовна дејност

Во периодот од 2004 до 2007 година била ангажирана како демонстратор по шпански јазик на Катедрата за романски јазици и книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, а од 2007 до 2011 (со исклучок на периодот 2009 до 2010) како надворешен соработник

на истата катедра. Во 2012 година е избрана во звањето асистент по шпанска книжевност на Катедрата за романски јазици при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во 2017 година за доцент по шпанска книжевност и во 2021 за вонреден професор по шпанска книжевност. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бр. 1248 од 1.11.2021.

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска изведува настава и вежби од прв циклус студии на студиската програма Шпански јазик и книжевност на Филолошкиот факлутет „Блаже Конески“ и на втор циклус студии, во рамки на програмата Наука за книжевност и културолошки студии – Романистика, исто така на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Во периодот од 2021 до 2026 година, има изведувано настава и вежби на прв циклус по следниве предмети: Шпанска книжевност: периодизација, Шпанска книжевност 1: среден век и предренесанса, Шпанска книжевност: среден век и ренесанса, Шпанска книжевност 2: ренесанса и барок, Шпанска книжевност: барок и неокласицизам, Шпанска книжевност 3: книжевноста на XVIII и XIX век, Шпанска книжевност: XIX век, Шпанска книжевност 4: од крајот на XIX век до крајот на граѓанската војна, Шпанска книжевност 5: од повоената книжевност до современите текови, Шпанска книжевност 6: Сервантес и неговото време, Хиспаноамериканска книжевност 1: хронолошки преглед, Хиспаноамериканска книжевност: периодизација, Хиспаноамериканска книжевност 2: романот на XX век, Театарот на златниот век, Шпанскиот роман до XIX век, Шпанска култура и цивилизација 1, Хиспаноамериканска култура и цивилизација 1, Преведување од шпански на македонски јазик и обратно 1, Преведување од шпански јазик на македонски и обратно 3, Преведување од шпански на македонски јазик и обратно 4, Шпански јазик и граматика 1, Шпански јазик и граматика 2.

На втор циклус студии изведува настава по предметот Книжевноста и миграциите во XX век во шпанскиот контекст. Деталите за фондот на часови и распределбата на предметите по семестри се прикажани во Образец 2.

Кандидатката, исто така, била раководител и учесник во настава во школи и работилници, како што е детално прикажано во Образец 2, а би можеле да ги издвоиме виртуелниот курс за хиспаноамериканска култура со професори и студенти од Универзитетот во Каен, Франција, и преведувачката работилница по повод 100-годишнината од раѓањето на Ацо Шопов, реализирана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска била ментор на 4 дипломски труда, член на комисија за одбрана на дипломски труд на 4 кандидати и член на комисија за одбрана на докторски труд на 2 кандидата.

Научноистражувачка дејност

Во однос на научноистражувачката дејност на кандидатката, од изборот во звањето вонреден професор до денес, д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска била учесник во еден национален научен проект, насловен „Функционална писменост – активности и развој“, реализиран во периодот од 15.1.2025 до 15.12.2025, чиј носител е Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Кандидатката била учесник и во еден меѓународен научен проект, спроведен во периодот од 2020 до 2023 г., раководен од Универзитетот во Хајделберг и Институтот „Сервантес“, а улогата во проктот се состоела во прибирање демолингвистички податоци за шпанскиот јазик во РС Македонија, пишување статии, учества на симпозиуми, а како финален продукт од проектот излегува и книгата, *Demolingüística del español en el sureste europeo*, во којашто д-р Сања Михајловиќ- Костадиновска се јавува како коавтор.

Кандидатката е автор на монографијата „Мадрид како плурален простор. Од провинцијалецот од имигрантот: нарации на другиот“, објавена во 2026 г., којашто претставува ревидирана верзија на нејзиниот докторски труд. Монографијата, низ призмата на урбаните студии, миграциските студии и книжевните теории, ги поврзува внатрешната и меѓународната миграција претставени во тринаесет романи на шпански јазик и покажува дека Мадрид, градот во кои е сместено дејството, не е само географски простор, туку место каде што ликовите постојано се обидуваат да изградат нов идентитет и минуваат низ слично чувство на отуѓеност или поделеност меѓу два света. Оваа монографија може да послужи како помагало за идните генерации студенти хиспанисти на втор циклус студии на насоката Наука за книжевност и културолошки студии – Романистика, но, исто така, и да се чита како модел за анализа на

македонската урбана реалност. Со оглед на тоа што македонското искуство е длабоко поврзано со печалбарството, внатрешната миграција село – град, новите мигрантски движења и дијаспората, прашањата што ги поставува трудот за Мадрид лесно можат да се постават и градовите во РС Македонија, од аспект на мултикултирниот карактер, урбаната маргиналност и на просторот како културен симбол.

Д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска има објавено шест труда во домашни и странски списанија и зборници со меѓународен уредувачки одбор и од приложените трудови може да се заклучи дека таа има широко поле на интерес, односно успешно обработува книжевни појави во шпанската и хиспаноамериканска книжевност, а истовремено се занимава и со јазични прашања поврзани со преведувањето, како и со социо-културни аспекти на преведувањето. Би сакале накусо да дадеме осврт на неколку трудови на д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска.

Трудот насловен како „El deambular del provinciano por la gran urbe: el caso de las novelas *Travesía de Madrid* y *Miladin de China*”, објавен во списанието *Facta Universitatis,* нуди компаративна анализа на романите „Патешествија низ Мадрид“ (*Travesía de Madrid*) од шпанскиот автор Франсиско Умбрал и „Миладин од Кина“ од македонскиот автор Божин Павловски, при што се истражува мотивот на провинцијалецот во големиот град како симбол на модерната отуѓеност. Преку споредба на Мадрид и Скопје од шеесеттите години, авторката покажува како урбанизацијата, миграциите и распадот на традиционалните вредности создаваат чувство на апатија, дезориентација и духовна празнина кај ликовите. Преку анализата на ликовите, миграциите и феноменот на flâneur-от, се откриваат заедничките механизми на отуѓување и егзистенцијална несигурност што ги произведуваат големите градови во периодот на интензивна индустријализација и општествени промени.

Трудот Continuidad y discontinuidad en las traducciones del español al macedonio*”*, објавен во зборникот на трудови од конференцијата *Continuidad y discontinuidad en el espacio iberoamericano*, остава впечаток на темелно и систематско истражување и претставува значаен придонес за проучувањето на преводната рецепција на шпанската и хиспаноамериканската книжевност во македонски контекст. Особено е вредно што анализата не се задржува само на библиографско набројување, туку се обидува да ги интерпретира културните, политичките и издавачките фактори што влијаеле врз континуитетот и дисконтинуитетот на преводите. Вредноста на трудот е и во тоа што ја покажува постепената трансформација на македонскиот книжевен систем: од првични посредни и ретки преводи, кон сè поразновиден и посамосвесен преводен простор во кој се присутни и класични и современи автори од шпанското говорно подрачје. Истовремено, трудот отвора можности за идни истражувања, особено во однос на квалитативната анализа на преводите, улогата на преведувачите и издавачките политики.

Во трудот, или поточно, поглавјето од книгата *Pablo Neruda en el espejo del socialismo. Destino(s) literario(s) en la Europa Central y del Sureste durante la Guerra Fría*, д-р Сања Михајловиќ Костадиновска се осврнува на рецепцијата на Пабло Неруда во Северна Македонија преку преводи, критички осврти во списанија, театарски изведби и интертекстуални инспирации. Посебно внимание се посветува на улогата на Струшките вечери на поезијата во афримацијата на Неруда и во создавањето долготраен интерес за неговото поетско дело. Во македонскиот културен контекст, Неруда се чита како автор на љубовна поезија, но и како ангажиран автор со универзална, хуманистичка димензија.

Д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска се јавува како рецензент на 25 научни, односно стручни труда, а има и учествувано на 13 научни собири, конференции или конгреси, како што е тоа детално прикажано во Образец 2.

Кандидатката има одржано предавања и на три странски универзитети, меѓу кои Филозфскиот факултет во Љубљана, Универзитетот во Крагуевац и Универзитетот во Задар.

Стручно-применувачка дејност

Во однос на стручно-применувачката дејност, кандидатката има учествувано во повеќе факултетски комисии, детално наведени во Образец 2, како и во промотивни активности на Филолошкиот факултет, од кои би можеле да ги издвоиме книжевната средба со шпанската авторка Нацат Ел Хачми, добитничка на наградата „Букстар“ на истоимениот фестивал, 2023, и организација на тркалезна маса „Модерни времиња – класични дилеми: предизвици и перспективи во преведувањето класици и современици“, одржана на Филолошкиот факултет „Блаже Конски“ во Скопје, на 23.4.2025.

Кандидатката е, исто така, потписник на преводите на седум книги во наведениот период, и на уште две книги во кои се јавува како копреведувач. Активно се занимава и со толкување од шпански јазик и била ангажирана на девет толкувачки ангажмани. Била и лектор на текстови на шпански јазик за зборникот од конференцијата „Втори романистичко-балканистички средби“, а се јавува и како редактор на еден труд за зборникот од студентската филолошка конференција „Како си ми“. Авторка е и на две книги, „Атолото“, книга за деца во издание на Сказнувалка и на книгата со кратки раскази, „Во кратки црти“, во издание на Бегемот.

Дополнително би требало да се истакне дека д-р Сања Михајловиќ Костадиновска е координатор за Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Хиспанистичката мрежа за Централна Европа, што подразбира промовирање на мобилностите меѓу студентите, координирање на странски гостувања на професори и учество во мобилности.

Од 2025 г., на предлог на д-р Сања Михајловиќ Костадиновска е формирано двојазично шпанско-македонско списание „Менсион апарте“, чијшто уредник е таа.

Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно-научното звање вонреден професор по предметот Шпанска книжевност.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор во наставно-научната област 6.02.02.13 (шпанска книжевност).

Забелешка: Членовите од Рецензентската комисија од странски универзитет, проф. д-р Владимир Карановиќ и проф. д-р Мирјана Секулиќ, изјавија дека го разбираат македонскиот јазик и дека не им е потребен превод на англиски јазик.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Владимир Карановиќ, с.р.
Филолошки факултет – Белград

Проф. д-р Мирјана Секулиќ, с.р.
Филолошко-уметнички факултет – Крагуевац

Проф. д-р Снежана Петрова, с.р.
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Сања Драган Михајловиќ-Костадиновска
Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Научна област: хуманистички науки; јазик и книжевност; книжевност; шпанска книжевност (6.02.02.13)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. Број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: _____ Просечниот успех на втор циклус изнесува: _____ Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: шпанска книжевност. Поле: наука за книжевноста Подрачје: хуманистички науки.	Да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на електронската база на списанија:_____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови: 1. Назив на научното списание: Facta Universitatis 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Италија (1), Хрватска (2), Португалија (1), Белгија (1), Србија (2), Австралија (1),	Да

Ред. Број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	Канада (1), Обединето Кралство (2), Босна и Херцеговина (1), Шведска (1), Црна Гора (1), САД (1), Грција (1). 3. Наслов на трудот: El deambular del provinciano por la gran urbe: el caso de las novelas *Travesía de Madrid* y *Miladin de China*. 4. Година на објава: 2023.	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: *Pablo Neruda en el espejo del socialismo. Destino(s) literario(s) en la Europa Central y del Sureste durante la Guerra Fría.* 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Белгија. 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Peter Lang, 2024, Bruxelles. 1. Наслов на книгата: *Demolingüística del español en el sureste europeo* 2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Шпанија/Германија/Швајцарија. 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Instituto Cervantes/Universidad de Heidelberg/Universidad de Zúrich, 2025, Madrid.	Да
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Втори романистичко-македонистички (во чест на 100-годишнината од раѓањето на Божидар Настев) 2. Назив на меѓународниот собир: Втори романистичко-македонистички (во чест на 100-годишнината од раѓањето на Божидар Настев) 3. Имиња на земјите: Македонија (16), Романија (8), Србија (4), Германија (2), Италија (1), Франција (1), Шпанија (1), Словенија (1) 4. Наслов на трудот: Las traducciones de Juan Octavio Prenz del macedonio al español. 5. Година на објава: 2026. 1. Назив на зборникот: Ožiljci u jeziku, književnosti, kulturi. 2. Назив на меѓународниот собир: Ožiljci u jeziku, književnosti, kulturi.	Да

Ред. Број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	3. Имиња на земјите: Србија (10), Германија (1), Франција (1), Унгарија (1), Украина (1), Романија (1). 4. Наслов на трудот: Silencios, cicatrices y heridas abiertas en la literatura de posguerra. El caso de *La piqueta* de Antonio Ferres. 5. Година на објава: 2026. 1. Назив на зборникот: *Continuidad y discontinuidad en el espacio iberoamericano*. 2. Назив на меѓународниот собир: *Continuidad y discontinuidad en el espacio iberoamericano*. 3. Имиња на земјите: Романија (12), Шпанија (1). 4. Наслов на трудот: Continuidad y discontinuidad en las traducciones del español al macedonio. 5. Година на објава: 2025. 1. Назив на зборникот: Zbornik radova 70 godina odsjeka za romanistiku. 2. Назив на меѓународниот собир: 70 godina odsjeka za romanistiku. 3. Имиња на земјите: Италија, Србија, Босна и Херцеговина. 4. Наслов на трудот: *La casa retomada: deconstruyendo a Cortázar desde la mirada femenina. El caso del cuento "Irene de vuelta" de Care Santos.* 5. Година на објава: 2023. 1. Назив на зборникот: Зборник на трудови од 48. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, култура и литература. 2. Назив на меѓународниот собир: 48. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, култура и литература. 3. Имиња на земјите: САД (1), Русија (1), Македонија (4). 4. Наслов на трудот: Преведувањето фразеолошки изрази од шпански на македонски јазик преку примери од книгата „Пишувачите на писма“ од Беатрис Осес. 5. Година на објава: 2022.	
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 1. Наслов на преведеното капитално дело: _____ 2. Датум на објава _____ 3. Издавач, место на издавање и година	
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Madrid como espacio plural. Del provinciano al inmigrante. Narraciones del otro. 2. Место и година на објава: Скопје, 2026.	Да

Ред. Број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1.11.2021, бр. 1248.	Да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Владимир Карановиќ, с.р. Филолошки факултет – Белград

Проф. д-р Мирјана Секулиќ, с.р. Филолошко-уметнички факултет – Крагуевац

Проф. д-р Снежана Петрова, с.р. Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Сања Драган Михајловиќ-Костадиновска
(име, татково име и презиме)
Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: хуманистички науки; јазик и книжевност; книжевност; шпанска книжевност (6.02.02.13)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување настава и вежби на прв циклус студии**	
	Зимски семестар 2021/2022	
	- Шпанска книжевност 2 – ренесанса и барок (2+2) (15*2*0,04+15*2*0,03 =1,2+0,9=**2,1**)	**4,5**
	- Шпанска култура и цивилизација 1 (2+0) (15*2*0,04=**1,2**)	
	- Сервантес и неговото време 2+0 (15*2*0,04=**1,2**)	
	Летен семестар 2021/2022	
	- Шпанска книжевност 3 – книжевноста на XVIII и XIX век (2+0) (15*2*0,04=**1,2**)	**4,2**
	- Хиспаноамериканска книжевност 2: романот на XX век (2+2) (15*2*0,04+15*2*0,03 =1,2+0,9=**2,1**)	
	- Преведување од шпански на македонски јазик и обратно 4 (0+2) (15*2*0,03=**0,9**)	
	Зимски семестар 2022/2023	
	- Шпанска книжевност 1 – среден век и предренесанса (2+0) (15*2*0,04=**1,2**)	**4,216**
	- Шпанска книжевност 4 (2+2) (15*2*0,04+15*2*0,03=1,2+0,9=**2,1**)	
	- Преведување од шпански јазик на македонски и обратно 1 (0+2) (15*2*0,03=**0,9**)	
	- Шпанска култура и цивилизација 1 (менторска настава) (2 студенти*0,002=**0,004**)	
	- Сервантес и неговото време (менторска настава) (4 студенти*0,002=**0,008**)	
	- Шпанска книжевност 2 – ренесанса и барок (менторска настава) (2 студенти*0,002=**0,004**)	
	Летен семестар 2022/2023	
	- Хиспаноамериканска книжевност 1 – хронолошки преглед (2+0) (15*2*0,04=**1,2**)	**4,512**
	- Шпанска книжевност 5 – од повоената книжевност до современите текови (2+2) (15*2*0,04+15*2*0,03=1,2+0,9=**2,1**)	
	- Шпански јазик 2 (2+0) (15*2*0,04=**1,2**)	
	- Хиспаноамериканска книжевност 2 – (менторска настава) (3 студенти*0,002=**0,006**)	

	- Преведување од шпански јазик на македонски и обратно 4 (менторска настава) (3 студенти*0,002=**0,006**) **Зимски семестар 2023/2024** - Шпанска книжевност - периодизација (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Шпанска книжевност 2 – ренесанса и барок (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Шпанска култура и цивилизација 1 (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Театарот на златниот век (1+1) (15*1*0,04+15*1*0,03=0,6+0,45=**1,05**) - Шпанска книжевност 6 – Сервантес и неговото време (1+0) (15*1*0,04=**0,6**) **Летен семестар 2023/2024** - Хиспаноамериканска книжевност - периодизација (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Шпанска книжевност 3 – книжевноста на XVIII и XIX век (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Хиспаноамериканска култура и цивилизација 1 (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Шпанскиот роман до XIX век (1+1) (15*1*0,04+15*1*0,03=0,6+0,45=**1,05**) - Хиспаноамериканска книжевност 2 – романот од XX век (1+1) (15*1*0,04+15*1*0,03=0,6+0,45=**1,05**) **Зимски 2024/2025** - Шпанска книжевност: среден век и ренесанса (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Шпанска книжевност 4: од крајот на XIX век до крајот на граѓанската војна (2+2) (15*2*0,04+15*2*0,03=1,2+0,9=**2,1**) - Шпанска книжевност 6: Сревантес и неговото време (менторска настава) (1 студент *0,002=**0,002**) - Преведување од шпански јазик на македонски и обратно 3 (менторски настава) (1 студент *0,002=**0,002**) **Летен 2024/2025** - Шпанска книжевност: барок и неокласицизам (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Шпанска книжевност 5: од крајот на граѓанската војна до крајот на 20 век (2+2) (15*2*0,04+15*2*0,03=1,2+0,9=**2,1**) - Преведување од шпански јазик на македонски и обратно 4 (менторска настава) (1 студент *0,002=**0,002**) **Зимски 2025/2026** - Шпанска книжевност – периодизација (2+0) (15*2*0,04=**1,2**)	**5,25** **5,7** **3,004** **3,002**

	- Шпанска култура и цивилизација 1 (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Шпански јазик и граматика 1 (0+4) (15*4*0,03=**1,8**) - Шпанска книжевност – XIX век (1+1) (15*1*0,04+15*1*0,03=0,6+0.45=**1.05**) **Летен 2025/2026** -Хиспаноамериканска книжевност –периодизација (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) -Хиспаноамериканска култура и цивилизација 1 (2+0) (15*2*0,04=**1,2**) - Шпански јазик и граматика 2 (0+4) (15*4*0,03=**1,8**) -Шпанска книжевност – XX век (2+1) (15*2*0,04+15*1*0,03=1,2+0.45=**1.65**)	**5,25** **5,85**
	Вкупно настава од прв циклус студии	**45,484**
2.	**<u>Настава на втор циклус студии</u>** **Летен семестар 2024** - Книжевноста и миграциите во XX век во шпанскиот контекст (15*1*0,05)	**0,75**
3.	**<u>Настава во школи и работилници</u>** **Како раководител и учесник:** **(5*1,5+5*1 =12.5**) - 5 мај 2023, промотивен час по шпански јазик со ученици од трета и четврта година во средното училиште „Гоце Делчев“ од Куманово и активности со шпанската писателка Карла Мерино; - март – април 2024 година, заеднички виртуелен курс со професорката Надја Таир од Универзитетот во Каен и наши и тамошни студенти на тема од областа на хиспаноамериканската култура; - 12 март 2025, нагледен час по шпански јазик и култура со ученици од четврта години во средното училиште „Јосип Броз-Тито“ од Битола; - 25 март 2025, нагледен час по шпански јазик и култура со ученици од четврта година во средното училиште „Кочо Рацин“ од Велес. **Како раководител:** **(2*1,5 = 3)** - декември 2022 – март 2023, преведувачка работилница со студенти на Групата за шпански јазик и книжевност, во соработка со ЗПРМ и Амбасадата на Шпанија, која вклучуваше превод на фрагмент од книгата „Што е важно што те сакам“, од авторката Карла Мерино, како и повеќе консултативни средби со студентите и авторката; - Преведувачка работилница по повод 100-годишнината од раѓањето на Ацо Шопов со студенти од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, одржана во периодот ноември – декември 2023. **Како учесник:** **(5*1 =5)**	**12,5** **3**

	- 21 – 23 март 2023, учесник на работилницата LITPRAX: Literature in praxis: Professional challenges of reading, translating and editing in digital age, во организација на Универзитетот во Нови Сад; - 5 ноември 2022, учество на Десеттата конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Македонија на тема „Здравствените предизвици на преведувачкта и толкувачката струка“; - март – јуни 2021, учество на работилницата „Психосоцијална поддршка на наставниците и студентите од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во услови на пандемија; - учесник во првостепена комисија за оценка на студентски преводи за наградата „Вавилон“, 2025; - 7 – 9 јуни 2024, учество како преведувач на шпански јазик на песна од Влада Урошевиќ и позајмувач на глас за рецитација за потребите на настанот „Слушни го морето“, во организација на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Лас Палмас де Гран Канарија.	**5**
	Вкупно настава во школи и работилници	**20,5**
4.	**<u>Подготовка на нов предмет (предавања)</u>** **(2*1)** - Шпанска книжевност – периодизација (предавања) - Книжевноста и миграциите во XX век во шпанскиот контекст (предавања)	**2**
5.	**Консултации со студенти** (10 семестри, во просек * 5 студенти во семестар * 0,002=**0,1**)	**0,1**
6.	**Ментор на дипломска работа** **(4*0,2 =0,8)** 1. „Шпанија во 60-тите години од XX век. ‘Отворањето’ на режимот на Франсиско Франко со посебен акцент на развојот на туризмот“, 2022 2. „Гастрономаскиот туризам во Баскија“, 2023 3. „Келтското наследство во Шпанија“, 2023 4. „Женските ликови во *Дон Кихот*“, 2024	**0,8**
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд** **(2*0,3=0,6)** 1. „Рецепција стваралаштва Мигела де Сервантеса и шпанске књижевности Златног доба у савременој македонској књижевности и културу“ (Филолошки факултет во Белград) 2. „Да-конструкцијата во македонскиот јазик и нејзините еквиваленти во шпанскиот јазик“ (Филолошки факултет во Скопје и Институт за македонски јазик)	**0,6**
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** **(4*0,1=0,4)** 1. „Андалузискиот како дијалект на шпанскиот јазик“, 2021 2. „Елементи на фантастиката и магичниот реализам во *Аура*“ од Карлос Фуентес, 2021 3. „Првиот шпански текст“, 2021 4. „Кокетството, монденството и снобизмот на жените во романот *Патато накај Сван*“, 2024	**0,4**

9.	**Интерна скрипта од предавања** **(1*4)** 1. Шпанска книжевност 1 – среден век и предренесанса 2. Хиспаноамериканска книжевност – периодизација 3. Шпанска книжевност – периодизација 4. Шпанска култура и цивилизација 1	**4**
10.	**Пакет материјали за одреден предмет** **(14*1=14)** - Шпанска книжевност 2: ренесанса и барок - Шпанска книжевност 3: книжевноста во XVIII и XIX век - Шпанска книжевност 4: од крајот на XIX век до крајот на шпанската граѓанска војна - Шпанска книжевност 5: од повоената книжевност до современите текови - Хиспаноамериканска книжевност 2 – романот во XX век - Шпанска култура и цивилизација 1 - Хиспаноамериканска култура и цивилизација 1 - Преведување од шпански јазик на македонски и обратно 1 - Преведување од шпански јазик на македонски и обратно 3 - Преведување од шпански јазик на македонски и обратно 4 - Сервантес и неговото време - Театарот на златниот век - Шпанскиот роман до XIX век - Книжевноста и миграциите во XX век во шпанскиот контекст	**13**
	Вкупно	**87,634**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект** **(1*3)** „Функционалната писменост – активности и развој“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, во периодот 15.1.2025 – 15.12.2025. Улога во проектот: автор на содржини и активности за подобрување на фунцкионалната писменост.	**3**
2.	**Учесник во меѓународен научен проект** **(1*5)** „Шпанскиот јазик во Европа“, кој се реализираште во периодот од 2020 до 2023 г., на покана од Универзитетот во Белград, а во соработка со Универзитетот од Хајделберг. Улога во проектот: прибирање демолигвистички податоци за шпанскиот јазик во РС Македонија, учество на симпозиуми, пишување статии и учество како коавтор во финалната книга од проектот.	**5**
3.	**Дел од монографија објавен во странство**	**6**

	(1*6) Mihajlovikj-Kostadinovska, S. (2024). La recepción de Pablo Neruda en Macedonia del Norte. In Ilian I., Šabec M. (eds.), *Pablo Neruda en el espejo del socialismo. Destino(s) literario(s) en la Europa Central y del Sureste durante la Guerra Fría*. Bruxelles: Peter Lang.	
4.	**Монографија** Mihajlovikj-Kostadinovska, S. (2026). *Madrid como espacio plural. Del provinciano al inmigrante: narraciones del* otro. Skopje: Sanja Mihajlovikj Kostadinovska.	**8**
5.	**Монографија објавена во странство (коавтор) (60%*12)** Mihajlovikj-Kostadinovska S. et al. (2025). *Demolingüística del español en el sureste europeo*. Madrid: Instituto Cervantes/Universidad de Heidelberg/Universidad de Zúrich.	**7,19**
6.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** **(1*5 =5)** Mihajlovikj-Kostadinovska, S. (2023). “El deambular del provinciano por la gran urbe: el caso de las novelas *Travesía de Madrid* y *Miladin de China*”. *Facta Universitatis. Series: Linguistics and Literature*. Nish: University of Nish. Vol. 21, núm. 2., pp. 335-347.	**5**
7.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**: **(5*5=25)** - Mihajlovikj-Kostadinovska S. (2026). *Las traducciones de Juan Octavio Prenz del macedonio al español*. Зборник на трудови од научниот собир „Втори романистичко-македонистички средби (во чест на 100-годишнината од раѓањето на Божидар Настев). Скопје: Филолошки факултет. - Mihajlovikj Kostadinovska S. (2026). “Silencios, cicatrices y heridas abiertas en la literatura de posguerra. El caso de *La piqueta* de Antonio Ferres”, in K. Ćirović, J. Veljović, Ožiljci u jeziku, književnosti, kulturi, Kragujevac: Filološko-umetnički fakultet, pp. 79-96. - Mihajlovikj-Kostadinovska S. (2025). “Continuidad y discontinuidad en las traducciones del español al macedonio”, in *Continuidad y discontinuidad en el espacio iberoamericano*, Aura Cristina Bunoro & Mihaela Ciobanu (coord.). Bucharest: Bucharest University Press, pp. 173-186.	**25**

	- Mihajlovikj-Kostadinovska S. (2023). *La casa retomada: deconstruyendo a Cortázar desde la mirada femenina. El caso del cuento "Irene de vuelta" de Care Santos*. Zbornik radova 70 godina odsjeka za romanistiku. Sarajevo: Univerzitet u Sarajevo - Filozovski fakultet, 301-311 - Михајловиќ-Костадиновска, С. (2022). Преведувањето фразеолошки изрази од шпански на македонски јазик преку примери од книгата „Пишувачите на писма“ од Беатрис Осес. *Зборник на трудови од 48. меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, култура и литература*, 410-433. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.	
8.	**Труд објавен во зборник на трудови на вискообразовна установа:** **(2*2)** Во Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“: **„**Заклучни согледувања од учеството во меѓународниот истражувачки проект „Шпанскиот јазик во Европа“, бр. 47-48, 2022. „Нешто повеќе од активности за промовирање на шпанскиот јазик и култура“, бр. 49, 2024.	**4**
9.	**Труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно популарно списание** Сања Михајловиќ-Костадиновска, „За Пабло Неруда и други нешта со Влада Урошевиќ и Владимир Милчин“, во: *Културен живот,* бр.1-2. 2023.	**2**
10.	**Рецензија на научен/стручен труд** **(25*0,2)** - Рецензија на ракопис: „Модалноста во кривичните закониции – македонско-шпански паралели“ од Марија Пандева (1*0,2) - Рецензија на ракопис: „Избор раскази“ од Огнена Никульски (1*0,2) - Рецензија на ракопис: „América Latina: arte, cultura y literatura” (15*0,2) - Рецензија на трудови за списанието Beoiberística - (2*0,2) - Рецензија на трудови за списпанието Verba Hispanica (1*0,2) - Рецензија на трудови за зборникот од научниот собир „Втори романистичко-македонистички средби (во чест на 100-годишнината од раѓањето на Божидар Настев) (5*0,2)	**5**
	Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација) **(13*1)** **- 6 – 7 ноември 2025 г.,** учество на меѓународната научна конференција „Странските јазици во времињата што се	**13**

	менуваат“, одржана на Економскиот универзитет во Братислава, излагање на тема „Предизвиците при преведувањето детска литература“. - **26 – 27 септември 2024 г.,** учество на меѓународниот конгрес „Латинска Америка: уметност, култура и литература“, одржан на Универзитетот во Задар, со излагање на тема: „Само дрвјата имаат корени – хумористичките техники во еден миграциски роман.“ **- 12 – 13 декември 2024 г.,** учество на Меѓународниот научен собир „Втори романистичко-македонистички средби (во чест на 100-годишнината од раѓањето на Божидар Настев) на Филолошкиот факултет во Скопје, со излагање на тема: „Преводите од македонски на шпански јазик на Хуан Октавио Пренс“. **- 11 – 13 јули 2024 г.**, учество на Меѓународниот научен собир „Континуитет и дисконтинуитет во иберoамериканскиот простор“ на Унивезитетот во Букурешт, со реферат на тема: „Континуитет и дисконтинуитет во преводната дејност од шпански на македонски јазик“. **- 6 – 7 јули 2024 г.,** учество на II симпозиум „Латинска Америка и Балканот: сличности и допирни точки“, одржан на Универзитетот во Нови Сад, со реферат на тема: „Хуан Октавио Пренс и врската со македонските поети“. - **23 – 25 јуни 2022 г**., учество на меѓународниот конгрес „Минато, сегашност и иднина на хиспанистиката во светот: состојби и предизвици“, со реферат: „Реминисценции на Рулфо во расказот ‘Еден чевел и три пердуви” од Клаудија Пињеиро“. - **23 – 25 јуни 2022 г.,** учество на тркалезната маса „Шпанскиот јазик во јужна Европа“, во рамки на меѓународниот конгрес „Минато, сегашност и иднина на хиспанистиката во светот: состојби и предизвици“. - **3 март 2022** г., учество на I форум на Специјалната група при СИБАМ-КЛАКСО „Латинска Америка и Балканот: општествени и културни врски“, со излагање на две теми: „Рецепцијата на латиноамериканските поети во Македонија, со акцент на учесниците на Струшките вечери на поезијата“ и „Македонската дијаспора во Латинска Америка: од бројки до човечки приказни“. - **14 декември 2021 г.,** учество на меѓународен научен собир по повод 100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет со излагање на тема „Конески и Лорка (можни книжевни паралели)“. **- 3 декември 2021 г.,** учество на меѓународниот конгрес „70 години од изучување на романските култури, јазици и книжевности на Филозофскиот факултет во Сараево.	

	- 15 октомври 2021 г., учество со излагање на тема: „Можна ли е дефиниција за кратка фикција?“, на научната конференција „Предизвиците на компаративната книжевност во 21 век“, одржана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. **- 3 септември 2021 г.,** учество со излагање на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, на тема: Преведувањето фразеолошки изрази од шпански на македонски јазик преку примери од книгата „Пишувачите на писма“ од Беатрис Осес. **- 21 – 23 јуни 2021,** учество со излагање на симпозиум во рамките на проектот „Шпанскиот јазик во Европа“ и претставување на состојбата со шпанскиот јазик во Северна Македонија.	
11.	**Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** **(2*1)** - Книга на апстракти од меѓународниот научен собир „Втори романистичко-македонистички средби (во чест на 100-годишнината од раѓањето на Божидар Настев), одржан од 12 до 13 декември 2024. - Книга на апстракти од меѓународниот научен собир „América Latina: arte, cultura y literatura”, одржан на Универзитетот во Задар, 26 – 27 септември 2024.	**2**
12.	**Одржано предавање по покана на универзитет** **(3*1)** -10.12.2021, одржано предавање на Одделот за славистика на Филозофскиот факултет во Љубљана, на тема „Краткиот расказ – нов книжевен вид, подвид или меѓувид?“ - 27.2 – 4.3.2023, предавање на Универзитетот во Крагуевац, во рамки на програмата ЦЕЕПУС - 26.9 – 3.10.2024, предавање на Универзитетот во Задар, во рамки на програмата ЦЕЕПУС.	**3**
	Вкупно	**88,19**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** - Студиски програми за додипломски студии по шпански јазик и книжевност (акредитација 2023)	**1**
2.	Координатор на Хиспанистичката мрежа за Централна Европа, што претставува дел од програмата за мобилност на студенти и наставен кадар ЦЕЕПУС.	**1**
3.	Уредник на стручно списание: „Менсион апарте“	**2**

4.	**Учество во промотивни активности на Факултетот (8*0,5)** - Учество на активностите по повод Меѓународниот ден на книгата, 23.4.2023, подготвен во соработка со Националната библиотека „Св. Климент Охридски“ и Амбасадата на Кралството Шпанија. - Координатор на активностите по повод Меѓународен ден на книгата, 23.4.2023, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во кој учество зедоа студенти и колеги од Групата за шпански јазик и книжевност при Катедрата за романски јазици и книжевности. - Координатор на активностите по повод гостувањето на шпанската писателка Карла Мерино, во соработка со ЗПРМ и Амбасадата на Шпанија и модератор на разговорот со писателката, одржан во Јуроп Хаус, на 4.5. 2023. - Координатор на средбата со студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и водител на разговорот со авторката Нацат Ел Хачми од Шпанија за нејзината книга „Во понеделник ќе нè сакаат“, добитничка на наградата „Букстар“ на истоимениот фестивал, 2023. - Учество во промотивните активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во рамките на манифестацијата Отворен ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, 2023 г. - Организација и координација на снимање на промотивно видео за студиите по шпански јазик на Филолошкиот факултет со поддршка на Амбасадата на Шпанија (осмислување на концепт, контакт со учесници, снимателi, планирање на целиот процес). Видеото е достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=3cy8t4eXBlo - Организација и координација на настан по повод Денот на книгата, посветен на книжевноста и филмот, одржан на 25.3.2025 во Јуроп Хаус, Скопје, со поддршка на Амбасадата на Шпанија. - Организација на тркалезна маса по повод Светскиот ден на книгата во соработка со Игор Поповски. Модератор на настанот: „Модерни времиња – класични дилеми: предизвици и перспективи во преведувањето класици и современици“, одржан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на 23.4.2025.	**4**
	Автор на книга од друга област (2*8) - Михајловиќ-Костадиновска, С. (2023) *Атолото*. Скопје: Сказнувалка. - Михајловиќ-Костадиновска, С. (2021). *Во кратки црти*. Скопје: Бегемот.	**16**
	Превод (книга, дел од книга, статија) **Книга на книга (7*3=21)** - Борхес, Хорхе Луис (2022). *Книга од соништа*. Скопје: Бегемот. ISBN: 978-608-4869-79-5.	**23**

	- Осес, Беатрис. (2022). *Пишувачите на писма*. Скопје: Сказнувалка. ISBN: 978-608-4998-02-0. - Фрабети, Карло. (2022). *Кој сакаш да бидеш*. Скопје: Сказнувалка. ISBN: 978-608-4998-06-8. - Сиера и Фабра, Жорди. (2023). *Чудесниот свет на буквите*. Скопје: Сказнувалка. - Табоада, Беа. (2023). *Нашите бабички: секоја посебна на свој начин*. Скопје: Полица. ISBN: 978-608-4979-21-0 - Игерабиде, Хуан Крус. (2025). *Ур: книга за дождот*. Скопје: Сказнувалка. ISBN: 978-608-4998-56-3 - Mehmedi, Saranda. (2025). *La caída* [Паѓање]. Ljubljana: Malinc. (Ebook): 6610000860029. **Дел од книга (2*1=2)** - Dimkovska L. (2022). *Situation Limite/Border State/Estado limítrofe*. Struga: Struga Poetry Evenings. - Anchevski, Z. (2023). *Puzzled compasses/Brújulas sin rumbo/Boussoles confuses*. Struga: Struga Poetry Evenings.	
	Толкувачки ангажман **-**26-27.10.2023, толкувачки ангажман од 2 дена за потребите на КСЦ, **2*0,5** **-** 4.12.2023, толкувачки ангажман од половина ден за потребите на Центар за младински активизам **1*0,25** - 2 – 3.6.2022, толкувачки ангажман од 2 дена за потребите на Лингва Консалтинг. **2*0,5** - 13.6 – 8.7.2022, толкувачки ангажман од 40 саати (=5 работни дена) за УНИЦЕФ**. 5*0,5** - 11.7 – 15.7.2022, толкувачки ангажман од 5 дена за УНИЦЕФ **5*0,5** -13,14, 19 и 21.10.2022, толкувачки ангажман од 10 часа (1,5 работни дена) за УНИЦЕФ, **0,75** - 1.11.2022, толкувачки ангажман за Обвинителство за организиран криминал од 2 часа (пола ден) **1*0,25** 29.9.2021, толкувачки ангажман во времетраење од 3 часа (половина ден) за потребите на Паблик **1*0,25** 20.10.2021, толкувачки ангажман во времетраење од 3 часа (половина ден) за потребите на Антолог **1*0,25**	**8,75**
	Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик **(6*0,25=1,5)** - Лекторирање на трудови на шпански јазик од зборникот од конференцијата „Втори романистичко-балканистички средби (во чест на 100-годишнината од раѓањето на Божидар Настев“.	**1,5**
	Стручна редакција на труд на македонски јазик (статија/научен труд) **(1*0,25 =0,25)** Редактура на труд објавен во зборникот од студентската филолошка конференција „Како си ми“, 2025.	**0,25**
Дејности од поширок интерес		
	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир **(3*0,5)** - Член на организациски одбор за Научниот одбор за одбележување на 100-годиншината од раѓањето на Блаже Конески и 75-годишнината од основањето на	**1,5**

	Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со одлука од 2.7.2021 - Член на редакциски одбор за зборникот трудови „100 години Конески“ од Меѓународната конференција по повод одбележување на 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески, со одлука од 20.4.2022 - Член на организациски и научен одбор на меѓународниот научен собир „Втори романистичко-балканистички средби (во чест на 100-годишнината од раѓањето на Божидар Настев).	
	Член на факултетска комисија (8*0,5) - Член на Комисија за избор на демонстратор, со одлука од 14.10. 2021 - Член на Комисија за избор на демонстратор, со одлука од 15.2. 2022 - Член на Комисија за избор на демонстратор, со одлука од 12.9. 2023 - Член на Комисија за избор на демонстратор, со одлука од 19.10.2023 - Член на Комисија за избор на демонстратор, со одлука од 23.1.2024 - Член на Изборна комисија за спроведување на гласање за избор на ректор, со одлука од 12.5. 2023 - Член на Комисија за попис на средствата и обврските, со одлука од 12.11.2024. - Член на Научниот совет за втор и трет циклус студии од областа наука за книжевност.	**4**
	Член на комисија за избор во звање: (2*0,2) - Член на Комисија за избор на асистент по шпанска книжевност, со одлука од 18.7.2023.	**1**
	Вкупно	**64**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**87,634**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**88,19**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**64**
Вкупно	**239,824**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Владимир Карановиќ, с.р.
Филолошки факултет – Белград

Проф. д-р Мирјана Секулиќ, с.р.
Филолошко-уметнички факултет – Крагуевац

Проф. д-р Снежана Петрова, с.р.
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

П Р Е Г Л Е Д
ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

2026

1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	м-р Дарко Митевски	„Делезовата теорија и критика на судот во книжевноста и филмот“	Deleuze’s Critique of Judgment in Literature and Film	проф. д-р Славица Србиновска	10-478/12 од 22.5.2026 година
2.	м-р Тамара Јолевска-Попов	„Интермедијалниот дијалог меѓу романот и филмот во серијалите *Песна за мразот и огнот* од Р. Р. Мартин и *Игра на тронови* од Д. Бениоф и Д. Б. Вајс“	The Intermedial Dialogue between Novel and Film in the Series *A Song of Ice and Fire* by R. R. Martin and *A Game of Thrones* by D. Benioff and D. B. Weiss	проф. д-р Соња Витанова-Стрезова	10-146/7 од 22.5.2026 година
3.	м-р Кристијан Стефановски	„Градот, текстот и субјектот во модерната и во постмодерната поезија (Ш. Бодлер, Г. Аполинер, А. Бретон, В. Урошевиќ и Л. Дирјан)“	The City, the Text, and the Subject in Modern and Postmodern Poetry (Ch. Baudelaire, G. Apollinaire, A. Breton, V. Uroshevikj, and L. Dirjan.	проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска	10-925/ 7 од 22.5.2026 година

П Р Е Г Л Е Д
ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

2026

2. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандида-тот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Даниела Јованоски	„Условните зависносложени реченици во германскиот јазик и нивните македонски еквиваленти“	Conditional Sentences in German and Their Macedonian Equivalents	проф. д-р Емилија Бојковска	10-1149/4 од 22.5.2026 година

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ

1. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќа-ње на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Наташа Богдановска	Управување со ризиците во компаниите со фокус на ликвидносниот ризик - студија на случај	Risk management in companies with a focus on liquidity risk – a case study	проф. д-р Климентина Попоска	31.3.2026 година 02-392/2
2.	Дајана Костовска	Влијанието на атрибутите на доверба врз одржливоста на производството и потрошувачката на млеко и млечни призводи во Република Северна Македонија	Credence attributes and their influence on sustainable production and consumption of milk and dairy products in the Republic of North Macedonia	проф. д-р Наташа Данилоска	31.3.2026 година 02-431/2
3.	Борис Илиевски	Имплементација на вештачката интелегенција како стратешка алатка за успешност на малите и средните претпријатија	Implementation of artificial intelligence as a strategic tool for the success of small and medium-sized enterprises	проф. д-р Васил Поповски	28.5.2026 година 02-652/2
4.	Ирена Костадинова Димковска	Оптимизација на логистичките процеси преку призмата на клиентска вредност и перцепција	Optimization of logistics processes through the prism of customer value and perception	проф. д-р Неда Петроска Ангеловска	28.5.2026 година 02-711/2

П Р Е Г Л Е Д

НА ОДОБРЕНА ТЕМА НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје

Магистерски трудови

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Зоран Стојановски	Обврзувачката сила на неформалните ветувања при формирање на психолошкиот договор	The Binding Force of Informal Promises in the Formation of the Psychological Contract	Проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ	02-613/5 од 1.6.2026

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МАКЕДОНСКО ЖЕНСКО ПОЕТСКО ПИСМО“ ОД М-Р ВИНСЕНТ ВИЛЧНИК, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 24. редовна седница одржана на 6.3.2026 година, формираше Комисија за одбрана на докторската дисертација под наслов: „Македонско женско поетско писмо“ на кандидатката м-р Винсент Вилчник. Комисијата е во состав: проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер (претседател), проф. д-р Наташа Аврамовска (ментор, член), проф. д-р Лорета Георгиевска (член), проф. д-р Ана Мартиноска (член) и проф. д-р Намита Субиото (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. **Анализа на докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов: **Македонско женско поетско писмо**, од кандидатката м-р **Винсент Вилчник,** содржи **355** страници компјутерски обработен текст во фонт **Times New Roman**, со **1,5** проред и големина на букви – **12**, со **36** фусноти, **214** библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во **4** глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Трудот е структуриран во четири глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката како предмет на истражувањето ја посочува поезијата на македонските поетеси, воедно определувајќи го поимот женско писмо во рамките на гинокритиката, настојувајќи да го отвори хоризонтот за разликата/разликите што на македонската поетска сцена ги донесува женското писмо како поетски светоглед и сензибилитет. Првичниот поттик, а воедно и оправданоста на темата е елаборирана во скудниот број книжевни и научни проследувања на одликите на женското поетско писмо во рамките на македонистиката, при што се наведени постојните проследувања и студии и како исходиште при сопственото истражување. Како стожерни во таа смисла се наведуваат монографиите: *Македонско женско писмо: теорија историја и опис* (2002), *Сопствена соба, сопствено јато: Женското писмо во современата македонска проза* (2016) на Е. Баковска, магистерскиот труд. *Возвишеното во современата македонска женска поезија* (2022) на М. Величковска, како и дипломските работи *Женскиот глас во македонската поезија* (2020, ФлФ, Скопје) на В. Вилчник и *Поетскиот опус на Даница Ручиќај* на М. Ковач, одбранети на Филозофскиот факултет во Љубљана. Во оваа смисла, кандидатката констатира; „Со оглед на недостигот од книжевни критики, описи на развојот на македонското женско поетско писмо и анализа на опусот на одделни македонски поетеси, истражувањето се темели на тезата дека во рамките на македонската литература постои недостиг од сознанија во однос на улогата, значењето и придонесот на поетесите во развојот на македонската поезија.“

Истражувањето, се наведува, е замислено како проследување на развојот на огласувањето на женското писмо во неговата особеност низ неколку поетски генерации.

Притоа, методот на проследувањето на овој развој е заснован врз избор на парадигматични гласови на поетесите во однос на тематско-мотивскиот комплекс, иницијално заплетен во *другоста* на телесноста и плотта со која се огласуваат, а коишто се појмени како семантички јазли и пресечиште на бројни дискурзивни и идентитетски заграби во огласувањето на другоста, односно особеноста на женското писмо.

Првата глава од докторската дисертација, насловена „Женското писмо во теоретските размисли“, ја проследува историјата на огласувањето на авторките во нивната другост (де Бовар, Вирџинија Вулф), потем појавата на терминот во прославениот есеј „Смеата на медузата“ (1975) на Елен Сиксу, како и неговата натамошна рецепција. Притоа, предочена е и разликата помеѓу американската и француската критичка мисла во однос на женското писмо (*Women's writing* vs *écriture féminine*, нејзиното втемелување во полот наспроти заложбата другоста да се најде во одликите на исписот) и развојот на феминизмот во трите брана. Проследени се и различните поимања во однос на тоа дали е возможно да се концептуализира практиката на женскиот испис, како и контроверзите во однос на поимот, коишто, како што утврдува кандидатката, сè уште постојат и по половина век од неговата појава. Во овој контекст е проследена и македонската критичка рецепција на поимот (К. Ќулавкова, Е. Баковска), којашто се огласува по однос на комплексноста на прашањата што тој ги отвора. Самата кандидатка и со оглед на гинокритичкото втемелување на сопственото истражување, проследувајќи ги особеностите на македонското женско писмо како испис на жените поетеси, истото тоа писмо, иако не и експлицитно, го втемелува во утврдувањето на Е. Сиксу: „Невозможно да се дефинира женската практика на пишување, а оваа неможност ќе остане затоа што оваа практика не може да биде концептуализирана, затворена, кодирана – што не значи дека не постои. Но, секогаш ќе го надминува дискурсот што го регулира фалоцентричниот систем: зазема и ќе зазема места различни од оние што се подредени на филозофско-теориската доминација“ (В. Вилчник 2026:10). Оттаму, низ проследувањето на одликите на парадигматични поетски писма во оваа смисла на поетесите од неколку поетски генерации, настојува да ги мапира отстапките „од дискурсот што го регулира фалоцентричниот систем“ во иманентно поетичките одлики на одделни поетски писма, односно во песните на македонските поетеси.

Во продолжението на ова поглавје, под посебен поднаслов „Македонското женско поетско писмо“, надоврзувајќи се на генерациската поделба поставена во понапред наведеното дело, кандидатката го изложува нацртот на своето проследување на одликите на женското писмо низ пет поетски генерации на кои се однесуваат одделните поглавја, а на кои рецензијата во продолжение посебно се осврнува.

Во **втората глава,** појавата на женското писмо во современата македонска поезија е посочена во публикацијата на поетските стихозбирки *Сребрени ноќни игри* (1960) на Даница Ручигај и *Грешница* (1960) на Евгенија Шуплинова. Обете го делат првенството во публикацијата на прва стихозбирка публикувана од страна на жена. Во ова поглавје, особено доаѓа до израз и социолошкиот аспект на истражувањето на кандидатката, којашто овде се осврнува на тогаш постојните предрасуди во однос на творечките можности на жената, на препреките на кои наидуваат обете поетеси во настојувањата да се изборат за место како поетеси меѓу поетите, за што како извор, од една страна, ги ползува нивните лични искажувања, од друга, пак, ги предочува родовите стереотипи во тогашните критички одгласи во однос на нивните нивните стихови, а најпосле и во заборавот и децениското премолчување на нивната појава на македонската книжевна сцена. Во прилог на последното говори и изнесениот факт дека три од шесте публикувани стихозбирки на Евгенија Шуплинова денес не е можно да се најдат во националните библиотеки. Секако, подвлечен е фактот дека во поново време е актуализиран интересот за овие две првенки и се настојува да се извлечат од заборавот, па се проследува и рецепцијата на нивната поезија на денешницата. Токму во таа насока, во поглавјето се настојува да се анализира севкупното достапно творештво на поетесите: двете стихозбирки на Д. Ручигај, спомнатата *Сребрени ноќни игри* и *Заробеници на ветрот* (1963, постхумно објавена), како и трите денес достапни

стихозбирки на Е. Шуплинова: *Грешница* (1960), *Таѝната на црвениоѿ каранфил* (1964) и *Неспокој* (2003). Интерпретацијата, херменевтичката анализа на песните и стиховите на обете поетеси ја нагласува нивната храброст: „во нивното сублимно, но присутно ослободување од тогашните предодредени општествени претстави за жената – ретките стихови од нивниот опус кои дефинитивно ја навестуваат новата жена, која пишува за себеси, за своето тело, своите страсти и за својата плодност. Главниот мотив во нивните песни е недвојбено љубовта, односно љубовната болка и тагата што ја предизвикува. Во нивните песни, телото (ако е присутно) најчесто служи како симбол за болка, сомнеж и ограничување, но се третира како дел од идентитетната кохезија што не е експлицитно изложена, туку скриена, со нивна посебна лирска „интима“. Минуциозниот продлабочен прочит на стиховите на Ручигај и Шуплинова во анализата на Вилчник, во спрега со аргументираната предожба на околностите и условите во кои творат и публикуваат е несомнено драгоцен прилог и за книжевно-научното и за културолошкото промислување на појавата и развојот на македонското женско писмо.

Третата глава, насловена „Возлетот на женскиот поетски глас“, ги проследува најнапред стиховите на три моќни поетеси, Светлана Христова-Јоциќ, Катица Ќулавкова и Лилјана Дирјан, коишто денес, секако, се вбројуваат во канонот на македонската современа поезија, иако веројатно и самите, во времето на нивната појава на книжевната сцена во седумдесеттите, се имаат соочувано со пречки како и нивните претходнички. Овие три поетеси се избрани не како единствено значајни и моќни во нивната генерација, впрочем, на секоја од нив, како и на други нивни современички би можело да им биде посветена засебна студија. Нивните иманентно-поетички особености во надоврзувањето на претходничките се анализирани, пред сѐ, како парадигматични примери кои се јавуваат во рамките на втората поетска генерација за разнообразното профилирање на женствениот поетски јазик вкотвен во телесноста и плотта. Притоа, предмет на анализа не се севкупните поетски опуси на овие поетеси. Во замислените методолошки рамки на мапирање на патеките на развојноста на македонското женско писмо, тоа и не би било можно. Анализирани се нивни песни и стихови коишто и до денес важат за амблематични за секоја од нив, како своевиден печат на особеноста на поетскиот глас на секоја од поетесите, а притоа секоја од нив се огласува од средиштето на сопствената плотност и оваплотеност во телото на жена. Во поезијата на Светлана Христова-Јоциќ, конкретно во стихозбирката „Еа“ (1984), своевидна космолошки конципирана поетска книга, се открива и се анализира примордијалниот мит за жената создателка, архетипот на „дивата жена“, прамајка и создателка, ослободена во творечкиот занес на сесоздателка, што е нагласено и во звучноста и примордијалноста на самото нејзино име. Во поезијата на К. Ќулавкова, херменевтичката анализа на нејзините стихови од осумдесеттите ги открива: сензуалноста, еросот, флертот, двосмисленоста, заведливоста на алузивноста на нејзиниот поетски јазик, игривоста, небаре ја открива метафоричната многуслојност на седумте вела на женското умеење на сензуалноста и заведувањето. Во поезијата на Лилјана Дирјан, В. Вилчник ги анализира аспектите на нејзината маѓепсничка „вештерска кујна“ (Гете). Во неа миризбите, боите, дрочноста на плодовите, сладострастието што го побудуваат во спрега со волшебничкото боење на просторот на песната со опојноста на тревките и мирудиите ги вовлекуваат читателот и читателката во магијата на една сензуалност и сензибилност, која, честопати потценувана, е котва на женската, примордијално женска (на хранителка и создателка), втемеленост во светот, а среде која Дирјан ја огласува поетската творечка моќ. Несомнено е дека и изборот на споменатите авторки и неговата елаборација во прочитот на стиховите се парадигматични и во функција на предочувањето на „возлетот на македонското женско писмо“, кон којшто на крајот од ова поглавје, кое истовремено го испишува канонот на современата македонска поезија, е приклучена и поезијата на Лидија Димковска, која Котеска ја вредува во третата поетска генерација, но според утврдувањето на кандидатката, поезијата на Димковска може да се појми и „(како мост помеѓу втората и третата генерација и како главната транзитна точка помеѓу третата и четвртата)“, (Вилчник 2026:202). Токму со оглед на нејзиното утврдување на „болскотната појава на

Димковска“, Вилчник ја анализира во сеопфатноста на нејзиниот досегашен поетски опус, притоа несомнено оправдано вбројувајќи ја во поглавјето насловено „Возлетот на македонското женско писмо“. Опстојната анализа на поетскиот опус на Димковска, како и на неговата рецепција од различни исходишни аспекти, подробно го доловува нејзиниот поетски дострел. Што се однесува, пак, до стожерниот предмет на интерес на овој докторски труд, самата кандидатка сожето во однос на поетското писмо на Димковска ќе резимира: „Лидија Димковска продолжува да ја преосмислува улогата на телото како активен лирски субјект (...) Телото станува место на протест, политичка позиција и средство за кршење на родовите стереотипи (...). Поетесата постојано јасно се движи од личното и интимното кон колективното и општественото искуство: индивидуалната перспектива се проширува во просторот на заедничките прашања и споделените трауми. Во таа насока, нејзината поетика може да се опише како изразено одговорна и ангажирана. “

Четвртата глава е насловена „Детабуизација на телото или телото на секојдневната во македонското женско поетско писмо во последните две децении на 21 век“ и ја истражува поетиката на најмладите генерации македонски поетеси. Станува збор за извонредно раздвижена и плодотворна четвртата (родени околу 1980 – 1990) и петтата генерација (родени меѓу 1990 и 2000: Ива Дамјановски, Моника Стојановска, Ивана Јовановска, Викторија Ангеловска, Софија Тодороска, Марија Велинова и сл.). Во однос на поезијата на четвртата поетска генерација се утврдува дека таа доминантно го артикулира секојдневието како критичка сцена за преговарање во однос на нормите за интимност, семејство, партнерство, работа и грижа, се движи помеѓу исповедноста и дистанцата, со иронија, минимализам или прецизна сликовитост, и со засилена интертекстуалност кон поп-културата и урбаниот дискурс. За доминантната одлика на петтата поетска генерација на родени во деведесеттите, Вилчник ќе утврди: „Во поезијата на овие авторки се истакнува јасен отклон од стереотипот за *пристојна* женска сексуалност, каде што женскиот ерос и телото не се објекти, туку извор на говор и самосознание; лирскиот субјект се враќа во својата материјалност, станува свесен за себе, и телесното станува место на самоспознавање и автономија. Токму ваквите примери потврдуваат дека мотивот на телото и телесноста во последните две децении е клучна стратегија за нормализација на женската желба како глас и право, а не табу.“

Во **заклучните согледувања,** кандидатката ги резимира сознанијата од истражувањето елаборирано во четирите глави, воедно подвлекувајќи дека добиените резултати го оправдуваат изборот на аспектот на тематско-мотивскиот комплкс на телото и телесноста за мапирање на развојот на женското писмо во современата македонска поезија. Воедно, таа истакнува сличности на македонското писмо од четвртата и петтата генерација со развојот на словенечкото женско писмо во 21 век, па посочува дека би било упатно натамошно пошироко истражување и во регионален или друг контекст.

1.1. Предмет на истражување е проследување/мапирање на развојот на македонското женско писмо во современата македонска поезија од аспект на тематско-мотивскиот комплекс на телото и телесноста.

1.2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата. Во рамките на македонистиката станува збор за одвај истражено подрачје кое допрва се наметнува како предизвик.

1.3. Краток опис на применетите методи. Проследувањето на развојот на женското писмо е рамка или контекст за херменевтичка анализа на избраните женски поетски писма, што од своја страна, родово аспектираниот предмет на истражување го поставува во поширок културолошки контекст и интерсекција на повеќе методи: дескриптивен, социолошки, гиноктирички итн.

1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето. Истражувањето ја оправдува својата цел, исцртувајќи ја особеноста на македонското женско писмо во неговата „другост“ или инаквост, воедно исцртувајќи ја мапата на неговиот развој во генерациски след.

2. Оцена на дисертацијата

2.1. Докторскиот труд на Винсент Вилчник претставува сериозен потфат и обемен труд на проследување на повеќедеценискиот развиток на македонското женско писмо, кој во текот на последните децении особено се интензивира со појавата на нови и бројни поетски гласови. Кандидатката успева во разнообразието на многугласието низ тематско-мотивскиот аспект на телото и плотта, да изнајде критериум за проследување сличности и разлики и воедно да ја посочи насоката на неговиот развој. Консултирана е релевантна теоретска и критичка литература, врз основа на којашто суверено го изнесува и сопствениот критички прочит.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Винсент Вилчник, со наслов: „Македонско женско поетско писмо“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

3. Исполнетост на законските услови за одбрана на докторскиот труд

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила во меѓународни научни списанија следниве авторски рецензирани истражувачки трудови:
- „Урбаното во македонското поетско женско писмо“, објавен: во Контекст 29, Списание за компаративна книжевност и културолошко истражување, 2024, Скопје: Институт за македонска литература, УКИМ, стр. 95 – 111.
- „Femme Fatale in motiv telesa v makedonski ženski poeziji“, објавен: Philological studies, Vol. XVIII, No. 1 (2025), Скопје: Институт за македонска литература, УКИМ, p. 97 – 113.
- Винсент Вилчник: «Женский голос в македонской поэзии»: онлайн-лекция словенского слависта Винсент Вилчник, 29.3.2022, достапно: https://www.youtube.com/watch?v=0Z_ts6KehrU&t=1s

Учество на меѓународни конференции
- „Motiv telesa v makedonski ženski poeziji 21. stoletja“, „8. Slavistični znanstveni premisleki, Poezija tukaj in zdaj: raziskave pesemskih diskurzov v slovanskih literarnih poljih 21. stoletja“ (21 – 23 мај 2025), Филозофски факултет, Универзитет во Марибор.
- „Храм на љубовта – поетското творештво на Даница Ручигај“. Меѓународна научна конференција „Книжевни проекции 2025: година на значајни јубилеи“ (25 – 25 септември 2025), Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје.
- „Пренесување на колективни и семејни психолошки трауми врз следните генерации во романот „Единствен матичен број“ на Лидија Димковска и „Простување“ на Кица Колбе“. Меѓународна научна конференција „Траумата во литературата“ (13 – 14 мај), Куќа на Европа, 2026.

1. Меѓународна мобилност

Кандидатката реализираше студиски престои:
- на Филозофскиот факултет во Марибор, во периодот од 13 до 23.6.2025;
- во Институтот за книжевност и уметност во Белград, во периодот од 20 до 30.4. 2026.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација на кандидатката м-р Винсент Вилчник, со наслов: „Македонско женско поетско писмо“, претставува истражување во интердисциплинарното подрачје на културолошките студии. Изработката на темата на оваа докторска дисертација несомнено го етаблира скудно истражениот аспект на македонско женско поетско писмо во рамките на македонистиката, надополнува актуелен, но пренебрегнат аспект на научно проследување и отвора простор за негово проследување во други контексти (поетички, културолошки, регионални и други). Резултатите од овој труд можат да поттикнат и други сродни истражувања во книжевно-научната област, но и во други родово ориентирани културолошки проучувања, а секако, некои од резултатите можат да послужат и како граѓа во едукативни цели.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Винсент Вилчник со наслов: „Македонско женско поетско писмо“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Соња Стојменска-Езесер, претседател, с.р.
Проф. д-р Наташа Аврамовска, ментор, с.р.
Проф. д-р Лорета Геогиевска-Јаковлева, член, с.р.
Проф. д-р Ана Мартиноска, член, с.р.
Проф. д-р Намита Субиото, член, с.р.